РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1351

Скопје, 15 април 2026 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1351 ОД 15 АПРИЛ 2026 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Коегзистирачки модели на домување во град. Типоморфолошка и социолошка анализа на градскиот ѕид и избрани примери од допирните станбени зони (студија на случај – Скопје XX/XXI век)** од **м-р Александар Зоранчо Петановски**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....7-15

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компаративен преглед на социоморфолошките карактеристики на станбените ансамбли од втората половина на XX век во Скопје: Од колективен до животоприемчив простор** од **м-р Ана Рафаиловска,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....16-28

3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора** од **м-р Димитар Крстески**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....29-37

4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Соларен потенцијал на изградени покривни површини за производство на електрична енергија и постигнување на одржливост во градските средини во Македонија** од **м-р Кире Тасе Ставров,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....38-51

5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Вертикалните форми на населување во македонските градови како просторен, социјален и конструктивен феномен – станбените кули од втората половина на XX век** од **м-р Марија Петрова**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....52-60

6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство** од **м-р Михајло Стојановски,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....61-71

7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991** од **м-р Теа Слободан Дамјановска**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје.....**72-82**

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛ ТЕТ

1. Реферат за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област геодезија и геоинформатика, на Градежниот факултет во Скопје (**ас. д-р Томе Геговски, ас. д-р Филип Петровски**).....83-102

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Серџан Зубер, Наталија Богдановска, Маја Димитриевска, Марија Илиеска, Виолета Попоска, Борјана Конеска**).....103

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на соработник асистент во научната област финансии, на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Горан Христовски**).....104-108

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Практикум по офталмологија** од група автори.....109-113

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проценка на изразеност на морфолошки и функционални нарушувања на срцето, детектирани со**

конвенционална и напредна ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2 од **д-р Љавдим Ибраими,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....114-126
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на вагиналните и цервикалните бактериски инфекции врз предвремените породувања на Клиничкиот универзитетски болнички центар на Косово, во Клиниката за гинекологија и акушерство** од **д-р Фисник Синани,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....127-137
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Асоцираност на FGF23 со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и со степенот на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 во раниот стадиум на хроничната бубрежна болест** од **д-р Наташа Недеска Минова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....138-146
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проспективна студија на постоперативно следење со прашалници по оперативен третман на хипоспадија** од **д-р Дефрим Кочинај**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....147-157

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Истражувачки нацрт со комбинирани методи: влијанието на раното детско образование врз емоционалната регулација, самоефикасноста, учењето и социјалните вештини кај ученици од прво одделение** од **м-р Албана Садику,** пријавена на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.....158-171
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Мимоза Хоти Колукај**).....172

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Влатко Токарев, м-р Никола Голубов**).....173

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден асистент по група предмети од наставно- научната област математика (1.01.00.01) на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**ас. м-р Стево Ѓоргиев**).....174-180
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Мултипараметарска карактеризација на земјоделските почви преку анализа на макро-и микроелементи и дитиокарбаматни пестициди** од **м-р Бојана Димовска Гоновска**, пријавена на на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....181-187

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите научни звања во наставно-научната област стоматолошка протетика, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Анета Ангеловска**).....188-202
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на протоколот на иригација врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники** од **м-р Емире Читаку**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....203-209

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Томе Несторовски**).....210

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Гоце Стеваноски**).....211

2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Андреј Цветковски**).....212

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) компјутерско инженерство, информатика и роботика, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Александар Тенев**).....213-227

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Даниела Петковска**).....228

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Роза Богдановиќ, Николина Мартиновска, Елена Ефремова**).....229

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Перцепциите на професионалците и на родителите на деца со развојни тешкотии кон раната интервенција во Косово**, од **м-р Ѓултене Реткоцери-Хоџа**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....230-236

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проценка на родителските вештини и компетенциите на наставникот за работа со деца со тешкотии и посебни образовни потреби во Косово** од **м-р Калтрина Османи Муртај,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....237-241

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Прифаќањето и практикувањето на македонскиот јазик од страна на македонското и другото население во Корча и Округот на Корча во првите децении на XXI век, Р Албанија од м-р Кристина Тодоровска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....242-251

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 5.08.00.05 – масовни комуникации, на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**ас. д-р Теа Конеска-Василевска**).....252-280

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во одделението за библиографија, документација, библиотека и информатика, при Институтот за македонска литература во Скопје (**н.с. д-р Тамара Ќупева**).....281-299

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот** (**од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм**) од **м-р Жарко Иванов,** пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје……300-308

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Македонската политичка емиграција (1962 – 1991): Движење за ослободување и обединување на Македонија** од **м-р Марјан Гијовски**, пријавена на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје……309-312
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Амир Јакупи**)……313

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД. ТИПОМОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ SИД И ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: СКОПЈЕ XX/XXI ВЕК)“

ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ЗОРАНЧО ПЕТАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петановски со наслов: КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД. ТИПОМОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ SИД И ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – СКОПЈЕ), во состав: проф. д-р Минас Бакалчев (претседател), проф. д-р Саша Тасиќ (ментор), проф. д-р Зорица Блажевска (член), проф. д-р Влатко Коробар (член) и проф. д-р Митко Хаџи Пуља (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петановски, со наслов: КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД. ТИПОМОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ SИД И ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – СКОПЈЕ), содржи 260 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12 точки, со референцирање во текст, 100 слики, 50 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретско-методолошката рамка. Истражувањето е насочено кон анализа на коегзистенцијата на различни модели на домување во централното урбано ткиво на Скопје, со цел развивање рамка преку која урбаната форма се интерпретира како синхрона конфигурација на дијахронски произведени просторни системи.

Градот се поставува како стратифициран морфолошки систем во кој структурите од различни историски периоди опстојуваат како паралелни слоеви. Домувањето се третира како примарен аналитички медиум, а станбените типологии како перзистентен сегмент што овозможува анализа на односот меѓу морфолошката перманентност и трансформацијата на социјалните практики, при што хетерогеноста се афирмира како конститутивен механизам на урбаната форма.

Како емпириски фокус е издвоено Скопје, со акцент на трансформациите по земјотресот од 1963 година, при што Градскиот sид се анализира како студија на случај.

Научниот проблем произлегува од јазот меѓу хомогените теоретски модели и емпириската реалност на слоевити урбани структури. Предметот е дефиниран како анализа на коегзистенцијата на модели на домување во периодот од почетокот на XX до почетокот на XXI век, преку интегриран типо-морфолошки, хронолошки и социопросторен пристап.

Хипотезата дека современиот град функционира како структурирана истовременост на различни модели на домување е разработена низ повеќе аналитички нивоа, со цел артикулирање на коегзистенцијата како структурен принцип и развој на применлива аналитичка рамка.

Во завршницата се истакнува научниот придонес на теоретско, методолошко и емпириско ниво. Воведот е јасно структуриран и обезбедува цврста основа за понатамошната разработка на трудот.

Првата глава од докторската дисертација, насловена „Коегзистенција: од концепт до теоретска основа во архитектурата“, ја поставува концептуалната и теоретската рамка на истражувањето преку разработка на поимот коегзистенција – од неговото етимолошко потекло до неговото артикулирање како аналитичка категорија во архитектонската и урбаната теорија.

Во почетниот дел коегзистенцијата се дефинира како состојба на истовремено постоење на различни ентитети во заеднички просторен контекст, при што се поставува како концепт за разбирање на односите меѓу просторните, социјалните и морфолошките структури.

Во понатамошниот тек, поимот се поврзува со клучни теоретски позиции од XX век, особено со типо-морфолошките теории на Алдо Роси (Aldo Rossi), Џанфранко Каница (Gianfranco Caniggia) и Џан Луиџи Мафеи (Gian Luigi Maffei), кои ја нагласуваат коегзистенцијата и трансформацијата на урбаните структури. Дополнително се разгледуваат позициите на Херман Херцбергер (Herman Hertzberger) и Јакоб Бакема (Jaap Bakema) за отворениот и релациски карактер на архитектонскиот простор, како и концептите на Колин Роу (Colin Rowe) и Фред Коетер (Fred Koetter) за градот како колаж и на Освалд Матиас Унгерс (Oswald Mathias Ungers) за град-архипелаг. Во поширок контекст се вклучени и Џејн Џејкобс (Jane Jacobs), Анри Лефевр (Henri Lefebvre) и Ричард Сенет (Richard Sennett), кои придонесуваат за разбирање на градот како динамична социопросторна структура.

Со оваа теоретска рамка, коегзистенцијата се операционализира како аналитичка категорија применлива во архитектонската анализа. Главата воспоставува кохерентна основа и јасен интерпретативен модел за понатамошното истражување на односите меѓу моделите на домување и урбаната морфологија на Скопје.

Втората глава, „Хронологија на трансформација на урбаниот центар на Скопје XX/XXI век“, претставува централно аналитичко поглавје во кое кандидатот ја реконструира морфолошката еволуција на урбаниот центар на Скопје низ клучните историски и планерски периоди. Градот се интерпретира како слоевит процес на коегзистенција на различни урбани логики, а не како линеарна низа интервенции.

Во воведот се воспоставува хронолошка рамка преку четири клучни периоди: плановите од 1914 и 1929 година, планот од поствоената реконструкција од 1948 година, постземјотресната реконструкција од 1965 година и постсоцијалистичкиот период, што овозможува трансформацијата да се чита како процес на надоврзување и преклопување. Концептот на урбан палимпсест е теоретски заснован на позициите на Алдо Роси (Aldo Rossi), Џанфранко Каница (Gianfranco Caniggia) и Џан Луиџи Мафеи (Gian Luigi Maffei).

Анализата на раната модерна фаза преку плановите на Димитрие Т. Леко и Јосиф Михајловиќ покажува дека радијалниот модел претставува реорганизација на постојната матрица, во согласност со принципите на Камило Зите (Camillo Sitte). Планот од 1948 година на Лудек Кубеш (Luděk Kubeš) означува премин кон линеарен модел и модернистичка функционалистичка логика, поврзана со CIAM и Атинската повелба.

Периодот на постземјотресната обнова, од 1963 година, се анализира како клучна трансформативна фаза, при што конкурсот за централното градско подрачје од 1964 до 1965 година, воведува нови урбанистички парадигми. Во морфолошка смисла се истакнува синтезата на линеарни и концентрични принципи, артикулирани преку концептите „Градска порта“ и „Градски ѕид“ како носечки структурни елементи.

Во завршниот дел се покажува дека урбаниот центар на Скопје се развива преку акумулација и преклопување на различни урбани модели, при што современата морфологија се интерпретира како урбан палимпсест. Поглавјето поставува цврста основа за понатамошната анализа на Градскиот ѕид како модел на структурирање на домувањето.

Третата глава, „Градски ѕид, ексклузивна структура од постземјотресната обнова на градот Скопје (XX век)“, се фокусира на Градскиот ѕид како клучен просторен и типолошки елемент во реконструкцијата на централното подрачје. Кандидатот воспоставува теоретска и

историска рамка, поврзувајќи ја трансформацијата на домувањето со процесите на урбан развој и социјални промени.

Во делот за постземјотресната обнова се анализира долгорочната трансформација на урбаното ткиво, при што се покажуваат типолошките промени од едносемејни кон повеќесемејни структури. Овој процес е интерпретиран не само како типолошка, туку и како социопросторна трансформација, со јасно диференцирање на приватниот и колективниот домен. Земјотресот од 1963 година се анализира како пресвртна точка и урбан дисконтинуитет, при што реконструкцијата се разгледува како процес на „произведување на простор“ низ фази на привремено згрижување, проценка и планирање. Префабрицираните населби се издвојуваат како транзициска форма што обезбедува континуитет.

Следи анализа на меѓународниот конкурс за централното подрачје (1965), интерпретиран како клучна концептуална платформа, на новите урбани парадигми – од функционалистички и структуралистички пристапи до мегаструктурални и метаболистички визии. Даден е систематски преглед на авторските позиции, при што се нагласува судирот меѓу различни концепции на модерниот град – од функционализам и структурализам поврзани со Team 10, до мегаструктурални и метаболистички визии. Посебно се анализира проектот на Кензо Танге (Kenzo Tange), во соработка со Арата Исозаки (Arata Isozaki) и Садао Ватанабе (Sadao Watanabe), како радикална мегаструктурална визија. Во паралела се разгледуваат и пристапите на Радован Мишчевиќ (Radovan Miščević), Федор Венцлер (Fedor Wenzler), Јакоб Бакама (Jaap Bakema), Јоханес ван ден Брук (Johannes van den Broek), Едвард Равникар (Edvard Ravnikar), Александар Ѓорѓевиќ (Aleksandar Đorđević), Славко Брезовски (Slavko Brezovski), Луиџи Пичинато (Luigi Piccinato) и Морис Ротивал (Maurice Rotival).

Особено внимание е посветено на концептот на Танге, заснован на „Градска порта“ и „Градски sид“ како носечки елементи на новата урбана структура. Градскиот sид се интерпретира како линеарна станбена структура што функционира како морфолошка граница, инфраструктурен систем и носител на нов модел на урбано домување.

Во завршниот дел се анализира неговата реализација, при што се покажува трансформацијата од мегаструктура во сегментиран систем на блокови и кули со интегрирани колективни простори и јасна дистинкција меѓу сообраќајните домени.

Кандидатот аргументира дека Градскиот sид претставува реализиран сегмент од планот на Танге кој функционира како медијатор меѓу модернистичката визија и урбаната реалност, конституирајќи се како нов морфолошки тип и просторна матрица за коегзистенција на различни урбани модели во центарот на Скопје.

Во четвртата глава, „Градски sид, инклузивна структура во просторно-социјалниот контекст на градот (XX/XXI век)“, аналитичкиот фокус е насочен кон повторно читање на Градскиот sид како дел од хетерогениот урбан контекст и коегзистентните модели на домување. Кандидатот воспоставува структуриран пристап преку три рамки – типоморфолошка, историска и социолошка – кои овозможуваат поврзување на формата, времето и социјалната практика.

Типоморфолошката анализа овозможува прецизна декомпозиција на урбаната структура, додека историската рамка ги идентификува континуитетите и дисконтинуитетите. Социолошката перспектива, иако делумно индицирана, придонесува кон разбирање на односот меѓу просторот и секојдневните практики.

Анализата се базира на пет урбани сегменти од концентричниот прстен во контактната зона меѓу Градскиот sид и надворешниот град, кои заедно ја илустрираат дијалектиката меѓу планираниот модел и реалниот развој. Се покажува коегзистенцијата на предземјотресната матрица и модернистичките интервенции, како и програмската и функционалната хетерогеност на зоната. Отворените композиции и односот меѓу волумените и јавниот простор ја нагласуваат флексибилноста на модернистичките принципи, додека инфраструктурните и програмските адаптации ја реинтерпретираат првичната структура.

Контактната зона се интерпретира како интегрирана „архивска“ структура на морфолошки, програмски и социјални слоеви, што овозможува читање на урбаната трансформација како процес на континуирана адаптација.

Петтата глава, „Архитектонски тактики на интервенција: нови типологии на коегзистирачки модели на домување во градот“, претставува синтетички и проектантски ориентиран дел на истражувањето. Претходно развиената аналитичка рамка се трансформира во тактики на интервенција, при што Градскиот sид и неговите контактни зони се третираат како отворен и адаптибилен урбан систем. Истражувањето се реализира преку архитектонско студио на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кое служи како експериментална платформа за развој на нови модели на домување и јавен живот.

Суштинското прашање што го отвора студиото се однесува на проширување на методата на научното истражување преку примената на „истражување преку проект“ (research through design) како научен став, а не само како илустративен прилог. Во овој контекст, проектите не се третираат како примери, туку како оперативни инструменти преку кои се тестираат и артикулираат теоретските поставки за односот на Градскиот sид и неговите контактни урбани зони. Проектирањето се разбира како метод на истражување – процес на критичко тестирање на односите помеѓу континуитетот, фрагментираноста и можностите за трансформација на урбаната структура.

Во рамките на ова, се формулира таксономија на композиционите принципи и се разработуваат различни тактики – од воведување нови јавни програми и урбани оски, до трансформација и надградба на постојните структури и развој на нови типологии.

Со овој пристап се потврдува дека Градскиот sид не е само историски модернистички артефакт, туку отворен и адаптибилен урбан систем, способен за континуирана трансформација и интеграција на нови социјални и просторни програми, демонстрирајќи дека коегзистирачките модели на домување можат да служат како продуктивна основа за современиот град.

Во **завршниот дел** на трудот кандидатот ги синтетизира теоретските, аналитичките и проектантските резултати, формулирајќи ја тезата дека современиот град не е хомогена целина, туку слоевита структура во која различни морфолошки, типолошки и социопросторни модели коегзистираат паралелно. Наспроти линеарните интерпретации на урбаната трансформација, истражувањето покажува дека урбаното ткиво функционира како поле на истовременост, каде што историските слоеви, архитектонските типологии и различните модели на домување опстојуваат во заедничка просторна матрица, со што поимот коегзистенција се афирмира како конститутивен механизам на урбаната форма.

Особено значајна е анализата на принципиелниот елемент на постземјотресната обнова на урбаниот центар, Градскиот sид, кој се чита како динамичен дел од урбаната мрежа, каде што историските слоеви, новите интервенции и секојдневниот живот влегуваат во комплексна и променлива релација. Модернистичките урбани структури се покажуваат како отворени системи способни за адаптација и реинтерпретација.

Методолошки, трудот ги интегрира дијахроната и синхроната анализа на урбаната форма и ги поврзува морфолошката, типолошката и социопросторната перспектива, операционализирајќи го поимот коегзистенција како аналитичка категорија за разбирање на комплексноста на современиот град. Со ова, дисертацијата претставува значаен придонес кон истражувањата во архитектурата, урбаната морфологија и теоријата на домувањето, отворајќи нови можности за интерпретација и проектирање на слоевитите урбани структури.

<u>Предмет на истражување</u>

Предмет на ова истражување е односот на домувањето и градот на примерот на урбаниот центар на Скопје, согледано низ неговите типоморфолошки и социјални трансформации во периодот од почетокот на XX до крајот на XXI век. Истражувањето се фокусира на начинот на кој различни архитектонски модели на домување и урбани структури, произлезени од различни историски, идеолошки и планерски контексти, продолжуваат да опстојуваат и да функционираат истовремено во рамките на современиот град. Наместо да се третираат како последователни фази што се исклучува една со друга, овие модели се анализираат како коегзистирачки просторни системи.

Посебен аналитички фокус е насочен кон постземјотресната обнова на Скопје од 60-тите години на минатиот век, како клучна пресвртница во обликувањето на урбаниот центар. Во таа рамка, Градскиот sид се издвојува како доминантна станбена мегаструктура и како концентриран

израз на модернистичката визија на домување. Првично замислен како ексклузивна и репрезентативна структура со јасно дефинирана просторна и програмска логика, денес Градскиот ѕид се чита како составен дел на морфолошкиот палимпсест на градот, како структура која е во активна коегзистенција со историските слоеви и со различни типологии на домување од повеќе периоди. Токму оваа состојба на просторна и типолошка преклопеност го открива сложениот карактер на современото урбано ткиво и претставува потесен аналитички интерес на истражувањето.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Подрачјето во кое е поставена дисертацијата припаѓа на современата архитектонска и урбана теорија, во која доминираат преиспитувања на модернистичкиот дискурс и неговите ограничувања во однос на сложената урбана реалност. Поаѓајќи од кризата на модерниот проект, која станува особено видлива во втората половина на 20 век, се развива плуралистички корпус на теории и методолошки пристапи што го доведуваат во прашање концептот на градот како кохерентна, хомогена и целосно контролирана структура.

Во оваа теоретска рамка, урбаното ткиво сè повеќе се разбира како слоевита и диференцирана структура, составена од повеќекратни морфолошки, типолошки и социопросторни системи. Типоморфолошките истражувања, структуралистичките интерпретации, темата на местото и концептите што го третираат градот како отворен и динамичен систем воспоставуваат нов аналитички апарат, во кој истовременоста, хетерогеноста и релационалноста стануваат клучни категории.

Паралелно, современиот теоретски дискурс укажува на ограниченоста на линеарните модели на урбана трансформација, засновани на бришење и надминување на претходните состојби. Наместо тоа, се афирмира разбирање на градот како поле на коегзистенција, во кое различни историски слоеви и просторни логики опстојуваат и функционираат паралелно. Во таа смисла, коегзистенцијата се појавува не само како описен концепт, туку како конститутивен механизам на урбаната форма.

Истражувањето се позиционира токму во овој теоретски контекст, преку критичко преосмислување на постојните аналитички модели и нивна примена врз конкретни урбани ситуации. Со тоа, дисертацијата придонесува кон проширување на современиот теоретски дискурс, отворајќи можност за разбирање на архитектурата и урбанизмот не како системи на унификација, туку како практики на артикулација на комплексна, слоевита и коегзистирачка урбана реалност.

Краток опис на применетите методи

Методолошката рамка на истражувањето се заснова на интердисциплинарен пристап кој ги поврзува урбаната морфологија, архитектонската типологија и социопросторната анализа, со цел да се испита коегзистенцијата на различни модели на домување во централното урбано подрачје на Скопје. Урбаната структура се третира како слоевит систем во кој просторните форми, типологиите и социјалните практики се преклопуваат и меѓусебно влијаат. Пристапот се потпира на класичните школи на урбана морфологија и типологија, дополнети со интерпретативни модели поврзани со перцепцијата и користењето на просторот.

Истражувањето користи повеќеслојни аналитички алатки: морфолошко-типолошки матрици, историски секвенции и слоевити планови за реконструкција на урбаните трансформации, како и когнитивни и визуелни методи за анализа на просторната читливост. Дополнително, се применуваат социолошки инструменти – интервјуа, анкети и теренски набљудувања – преку кои се поврзуваат просторните структури со секојдневните практики.

Методолошкиот пристап има еволутивен и компаративен карактер, при што методите се развиваат и прецизираат во текот на истражувањето. Анализата се одвива на повеќе размери, овозможувајќи истовремено разгледување на конкретните просторни карактеристики и поширокиte урбани структури. Преку комбинирање на морфолошки, типолошки и социопросторни анализи, методологијата функционира не само како инструмент за опис, туку и како критичка алатка за интерпретација на коегзистенцијата како активен принцип на современиот град.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Истражувањето тргнува од прашањето за начинот на кој различни модели на домување коегзистираат во рамки на современиот град и како нивната просторна, типолошка и социјална логика се преклопува, судира и трансформира низ времето. Наместо да го третира градот како резултат на единствен и кохерентен планерски модел, трудот го разгледува како слоевит и хетероген просторен систем, во кој повеќе архитектонски урбани логики опстојуваат паралелно, често без целосна меѓусебна синхронизација. Резултатите од истражувањето покажуваат дека урбаниот центар на Скопје функционира како слоевита и повеќеслојна структура, во која различни историски, типолошки и социјални слоеви не се поништуваат, туку коегзистираат паралелно во рамките на заедничка просторна матрица. Наместо линеарен модел на урбана трансформација, се потврдува модел на истовременост, во кој раномодерните, модернистичките и транзициските конфигурации опстојуваат и се реартикулираат во актуелниот урбан контекст.

Во таа смисла, поимот коегзистенција се утврдува како клучна аналитичка категорија, преку која се објаснува комплексноста на градот. Истражувањето ја разработува оваа категорија преку три меѓусебно поврзани димензии: темпорална истовременост, која укажува на перзистентноста на морфолошките структури; морфолошка диференцијалност, која ја нагласува автономијата и релационалноста на различните типоморфолошки системи; и социопросторна продуктивност, која ја истакнува улогата на архитектонската форма како активен медиум на секојдневните практики.

Во рамките на оваа анализа, Градскиот ѕид се идентификува како репрезентативен пример на урбана структура способна да интегрира различни модели на домување и јавни функции. Тој не се чита како затворен модернистички систем, туку како отворена и адаптивна матрица, која овозможува вградување на нови просторни и програмски слоеви. Дисертацијата понатаму го демонстрира потенцијалот за архитектонски интервенции засновани врз принципите на надградување, доградување, трансформација и репрограмирање на постојните структури. Преку развој на конкретни проектантски тактики, се покажува како новите интервенции можат да функционираат не како замена, туку како артикулација на постојната урбана комплексност. На тој начин се потврдува дека урбаната морфологија и социјалната практика се во континуирана интеракција, а градот се разбира како динамичен систем отворен за постепена и повеќеслојна трансформација.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петановски, со наслов: КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД. ТИПОМОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ ЅИД И ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – СКОПЈЕ), претставува истражување во рамките на докторските студии по архитектура и урбанизам, кое тематски ги опфаќа архитектонските, урбаните и теориските аспекти на домувањето.

Изработката на оваа докторска дисертација има за цел да го теоретизира и операционализира поимот на коегзистенција како конститутивен механизам на современата урбана структура, како и да укаже на можностите за архитектонска интервенција во слоевити урбани средини. Очекуваниот научен придонес се состои во развој на интегративна аналитичко-проектантска рамка, како и во проширување на дисциплинарниот пристап кон домувањето преку поврзување на типоморфолошките и социопросторните аспекти на урбаната форма.

Докторската дисертација, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд и претставува релевантен придонес во рамките на архитектонската и урбаната теорија и практика, особено во доменот на домувањето.

Комисијата констатира дека работниот наслов на трудот може да се редуцира со изземање на делот во заграда (студија на случај – Скопје), со што насловот би се направил поконцизен, без да се наруши неговата суштина.

Предложената јазична редакција на насловот не претставува значително отстапување од работниот наслов, туку има за цел негово појасно и пократко формулирање, при целосно задржување на предметот и опсегот на истражувањето.

Во таа насока, согласно со член 59, став (1) од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии, со кој се уредува изработката на докторскиот труд, Комисијата предлага кандидатот да го предаде и брани докторскиот труд под следниов наслов: **КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД: ТИПООРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ ѕИД ВО СКОПЈЕ И НА ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ.**

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Наслов на трудот: **Lifestyle as a Habitat of Tomorrow. Coexisting Models of Housing in the City**.
Автори: Александар Петановски, Димитар Папастеревски, Гордан Петров.
Објавено во: South East Journal of Architecture and Design, Vol. 2020, Article ID 10055.
https://doi.org/10.3889/seejad.2020.10055

[2] Наслов на трудот: **The City of the New Normality: The Example of Skopje.**
Автори: Виолета Бакалчев, Саша Тасиќ, Минас Бакалчев, Александар Петановски.
Објавено во: 16th Annual International Academic Conference on European Integration – AICEI 2021, UACS, Skopje.
https://doi.org/10.5281/zenodo.7277569

[3] Наслов на трудот: **Megastructure as a Parergon for Urban Housing Coexistence: The Case of the Skopje City Wall.**
Автори: Александар Петановски, Марија Петрова.
Објавено во: 21. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија (MASE 2025), Охрид, 24–27 септември 2025.

[4] Наслов на трудот: **Episodes From the City Park.**
Автори: Виолета Бакалчев, Саша Тасиќ, Александар Петановски, Минас Бакалчев.
Објавено во: South-European History, Volume 14: Parks in the Balkan Capitals – Leisure, Urban Impact, Monuments, Stories and Significance. Peter Lang Publishing, 2023 (ISSN 2768-7562).

[5] Наслов на трудот: **Integrated Living Within the Forms of Architectural Housing Structures in the Period 1945–1970: The Case of Skopje.**
Автори: Саша Тасиќ, Александар Петановски, Марија Петрова.
Објавено во: South East Journal of Architecture and Design, Vol. 2024, eISSN 1857-9353.
https://doi.org/10.3889/seejad.2024.6045

[6] Наслов на трудот: **Fruit Trees in the City: The Example of Skopje.**
Автори: Виолета Бакалчев, Саша Тасиќ, Марија Петрова, Александар Петановски, Минас Бакалчев.
Објавено во: XXIII International Forum “Le Vie dei Mercanti”, Naples and Capri, 20–21 June 2025. Gangemi Editore International (ISSN 3035-5141).

Во периодот пред одбраната на докторскиот труд, кандидатот има реализирано меѓународна мобилност, предвидена во рамките на задолжителните активности на третиот циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам.

Оваа активност е реализирана на Докторската школа при Универзитетот ИУАВ во Венеција, Италија (Università Iuav di Venezia, Scuola di Dottorato in Culture del Progetto), во периодот од 13 мај 2023 до 23 мај 2023 година. Студискиот престој е остварен под менторство на професорот Армандо дал Фабро (Armando Dal Fabbro), координатор во областа на научната дисциплина архитектонска композиција (Coordinatore ambito scientifico Composizione Architettonica).

Извештајот за реализираната меѓународна мобилност, во кој е даден целосен преглед на активностите за време на престојот, разгледан и усвоен е на 20. седница на Советот на студиската програма на трет циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, при што е донесена одлука за негово прифаќање на 29.1.2024 година.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се: теоретското артикулирање на поимот коегзистенција како аналитичка категорија во архитектонската и урбаната теорија; развојот на интегриран методолошки пристап што ги поврзува типоморфолошката, хронолошката и социопросторната анализа; систематската реконструкција на морфолошката еволуција на урбаниот центар на Скопје како слоевит и кумулативен процес; како и интерпретацијата на Градскиот ѕид како динамична урбана структура и модел на коегзистенција на различни типологии на домување. Посебен придонес претставува и трансформацијата на аналитичките резултати во проектантски стратегии и архитектонски тактики на интервенција.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: применливост во архитектонското и урбаното проектирање и анализа, особено во контекст на модернистички и постсоцијалистички урбани структури, со ограничувања поврзани со фокусот на конкретен случај и делумната емпириска разработка на социопросторните аспекти.

Можните понатамошни истражувања се: проширување на анализата на други урбани контексти и компаративни студии на сродни модернистички структури; подлабока емпириска разработка на социопросторните практики и начини на користење на просторот; како и понатамошен развој на проектантските модели и нивна примена во реални урбани и архитектонски интервенции.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Александар Петановски** со наслов:

КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД: ТИПОМОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ ЅИД ВО СКОПЈЕ И НА ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател, с.р.
Проф. д-р Саша Тасиќ, ментор, с.р.
Проф. д-р Зорица Блажевска, член, с.р.
Проф. д-р Влатко Коробар, член, с.р.
Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА СОЦИОМОРФОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТАНБЕНИ АНСАМБЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК ВО СКОПЈЕ: ОД КОЛЕКТИВЕН ДО ЖИВОТОПРИЕМЧИВ ПРОСТОР“ ОД М-Р АНА РАФАИЛОСКА, ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Рафаилоска со наслов: „Компаративен преглед на социоморфолошките карактеристики на станбените ансамбли од втората половина на XX век во Скопје: Од колективен до животоприемчив простор“, во состав: проф. д-р Влатко П. Коробар (претседател), проф. д-р Слободан Велевски (ментор), проф. д-р Мирослав Грчев (член), проф. д-р Јасмина Сиљаноска (член) и проф. д-р Дивна Пенчиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Рафаилоска, со наслов: „Компаративен преглед на социоморфолошките карактеристики на станбените ансамбли од втората половина на XX век во Скопје: Од колективен до животоприемчив простор“, содржи 321 страница компјутерски обработен текст во фонт Verdana, со единичен проред и големина на букви од 12 точки, со 188 библиографски единици, кои содржат научни трудови, книги, статии, планови, архивски документи и интернет-ресурси. Библиографијата е поделена тематски според клучните теми на истражувањето и тоа: во делот „Станбен ансамбл“ наведени се 31 единица, во делот „Станбена единица“ наведени се 30 единици, а во делот „Споделен простор и животоприемчивост“ наведени се 35 единици. Делот во кој се наведени извори кои се поврзани со архитектурата и урбанизмот во Скопје и во Југославија наведени се 50 библиографски единици. Со оглед на природата на истражувањето, кандидатката посебно ги навела користените планови и плански документи, вкупно 32, како и користените архивски документи кои содржат 10 единици. Во делот „Референци“ наведени се 116 дела кои се посочени или цитирани во трудот. Цитирањето е „во текст“, според APA стандардот. Трудот содржи 19 табели, 63 слики и 78 табли кои се однесуваат на аналитичкиот дел на трудот, како и на примената на предложениот метод на евалуација на станбените ансамбли.

Трудот е структуриран во три глави, и вовед во истражувањето, дискусија и заклучни согледувања, очекуван научен придонес, и примената на резултатите од истражувањето. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, се изложени предметот и целите на истражувањето, работните хипотези, истражувачките прашања, теоретската рамка и прегледот на достигнувањата во научно-истражувачката област поврзани со предметот на истражувањето, како и методологијата на истражувачкиот процес.

Уште на самиот почеток на трудот кандидатката укажува на фактот дека станбените ансамбли, како преовладувачки елемент во урбаните целини, го детерминираат квалитетот на урбаниот живот преку слоевитата меѓузависност на физичката форма и социјалната динамика. Како содржател на активностите надвор од становите, а како критична точка во станбените ансамбли, таа го посочува јавниот неизграден простор чија функционалност и перцепција се условени од морфолошката структура на станбениот ансамбл.

Таа констатира дека во практиката на урбанистичкото планирање, но и во најголемиот дел истражувања, постои изразен степен на редукционизам во пристапот, кој воведува аспект на поделеност и ја занемарува системската поврзаност на „обликовните карактеристики и социопросторните исходи“. Кандидатката смета дека оваа епистемолошка поделеност

оневозможува целосно разбирање на каузалните врски помеѓу урбаната форма, просторната логика и секојдневното користење на урбаниот простор. Во вака дефинираниот недостаток на практиката и истражувањата кандидатката го лоцира својот истражувачки интерес стремејќи кон дефинирање на конзистентна методологија што ќе овозможи процена на определена просторна диспозиција, во однос на нејзиниот капацитет, форма, густина и просторна организација, да создаде услови за појава на кохезивна и континуирана социјална активност.

Во врска со ова, во истражувањето таа го воведува терминот „позаедничување“, како македонски еквивалент на англискиот збор „commoning“. Всушност, како еден од најзначајните аспекти на животоприемчивоста на еден урбан простор, таа го издвојува остварувањето на потенцијалот на позаедничување. Според кандидатката, потенцијалот на позаедничување е условен од „заедничките ресурси“, односно res communis, концепт преземен од римското право кој означува добра кои не можат да се приватизираат, а по својата природа им стојат на располагање на сите, од што произлегува можноста сите да ги користат, но и сите да ги одржуваат.

Во рамките на трудот, концептот на заеднички ресурси, односно res communis се третира како просторен ресурс, кој во случајов е јавниот неизграден простор во рамки на станбените ансамбли, кој е достапен за колективно користење и кој не е сведен на индивидуално сопственички или комерцијализиран отворен простор. При потполна приватизација и комодификација на неизградениот простор, дури и кога неговите просторни особености упатуваат на висок потенцијал за комуникација и заеднички активности, јавниот живот се маргинализира, што ја нагласува клучната важност на заедничките ресурси.

Повикувајќи се на Ставридес, кандидатката ја потенцира разликата помеѓу јавниот и заедничкиот простор, при што јавниот простор е дефиниран како пасивен, управуван одгоре-надолу, додека заедничкиот простор е активен, кокреиран од самите корисници што создава чувство на припаѓање и одговорност. Во овој контекст, улогата на урбанистичкото планирање е да создаде просторни предуслови во кои може да се реализира заеднички простор кој ќе ги поттикнува, олеснува и одржува практиките на споделување и заедничка грижа за неизградените простори во станбените ансамбли. Затоа истражувањето се насочува кон просторната релација помеѓу објектите, односно како нивниот просторен распоред, меѓусебната поврзаност и нивниот однос кон неизградениот простор кои во различна мерка можат да создадат предуслови за манифестирање на заедништвото.

Трудот ја истакнува релативната трајност на просторните структури од една страна и непостојаноста на социјалните практики кои се во постојан процес на менување, од друга страна, што придонесува основната просторна диспозиција на изградените структури од различен обликовен тип да ги условуваат можностите за реализација на секојдневните животни процеси во текот на подолг временски период. Поаѓајќи од статусот на станбените ансамбли како доминантни просторни урбани единици, тие во трудот се користат за развивање на модел преку кој се вреднува потенцијалот на определена просторна конфигурација да овозможи создавање на животоприемчиви простори во кои се стимулираат пристапот, интеракцијата и споделувањето на просторот помеѓу корисниците.

По воведот, следува **првата глава** насловена **Просторни социоморфолошки карактеристики на станбените ансамбли.** Во неа се дефинираат клучните поими и концепти во истражувањето, а главата е поделена во пет точки насловени: 2.1. Станбен ансамбл, 2.2. Станбена единица, 2.3. Неизградени градски простори, 2.4. Споделен пејзаж и 2.5. Животоприемчив простор.

Во делот посветен на станбените ансамбли, кандидатката го дефинира поимот „станбен ансамбл“ како просторно-организирана агломерација од една или повеќе типологии на колективно домување интегрирани преку структуриран јавен неизграден простор и споделена инфраструктура. Таа ги поврзува станбените ансамбли со периодот на реконструкција и изградба на градовите по Втората светска војна, кога тие се појавуваат како соодветна и широко применета просторна формација за задоволување на нараснатите станбени потреби.

Нивните почетоци таа ги следи уште од почетокот на XX век, во чија основа лежат принципите востановени од CIAM кои овозможуваат висока концентрација на жители без компромитирање на просторниот комфор, преку стратешки поставени јавни и колективни функции во отворениот план, при што особено значење се дава на формирањето на зелени површини како интегрален дел на ткивото на станбените ансамбли. Со оглед на широко

распространетата изградба што се темели врз овие принципи, таа подетално разгледува повеќе примери, првенствено реализирани во Европа, во кои иницијалната идеја е надградена со објекти од т.н. социјална инфраструктура кои програмски ги поврзуваат овие ансамбли „со повисоките цели на социјална рамноправност и функционална интеграција“. Накратко, кандидатката се осврнува и на југословенското искуство и особено на станбени ансамбли изградени по Втората светска војна во Скопје, кои се темелат на модернистичките принципи во урбанистичкото планирање. Во трудот кандидатката ги третира станбените ансамбли како „материјална манифестација на колективниот живот [...] претворајќи го станбениот комплекс од технички волумен во социјален кондензатор“.

Точката 2.2. посветена на станбената единица издвојува еден од најзначајните концепти поврзани со станбената изградба во XX век, единицата на соседство на Кларенс Пери од 1929 година. Со неа домувањето од чисто урбанистичко-архитектонски дискурс се претвора во дискурс кој отвора значајни прашања за социјалните аспекти на организацијата на просторот на една заедница во рамките на градот. Иако се појавува пред Атинската повелба и нејзиниот графички приказ не го одразува ставовите на Модерната, идејата за единица на соседство станува клетката преку која се моделира новото секојдневие во рамките на домувањето во XX век. Во Југославија, во подоцнежните фази, единицата на соседство се трансформира преку идејата за месна заедница како простор во кој се реализира самоуправувањето на местото на домување, станувајќи истовремено и административно-територијална единица и основен урбанистички елемент во оформувањето на градовите.

Во точката 2.3. се третира еден од важните аспекти врз кој се темели трудот, односно неизградените градски простори. Овие простори во станбените ансамбли се планирани како јавни простори наменети да ѝ служат на заедницата како места за одвивање на нејзините социјални, економски и културни активности. Овие простори кои имале значајни димензии, во подоцнежните периоди на XX век се претвориле во значаен ресурс за трансформација на станбените ансамбли во градот, притоа најчесто резултирајќи во нивно намалување. Кандидатката констатира дека овие процеси пратени и со „сегрегација на физичкиот простор, а со тоа и на социјалните групи, имаат значително влијание врз достапноста и пристапноста на неизграденият простор“ со што се отежнува „процесот на градење заедница и чувството на заедништво“.

Натамошно продлабочување на аспектите третирани во претходната точка, добива свое место во точката 2.4. насловена „Споделен пејзаж“. Поимот споделен пејзаж не се поврзува „само со физичка отвореност и заедничка достапност на просторот, туку и (со) сложена мрежа на односи, практики и значења преку кои просторот се користи, присвојува и одржува...“ што води кон раздвојување на јавниот и колективниот простор и нивно дефинирање, во првиот случај како „формално достапен простор“ и во вториот случај како „социјално произведен простор“. Ова раздвојување всушност ја отвора расправата за тоа како просторот функционира, кому му припаѓа и како се користи. Преку бројните теоретски трудови кои се поврзани со аспектите на јавниот простор, кандидатката детално ги разгледува различните придонеси на М. Кармона, Ф. Маки, К. Фремптон, С. Ставридес, Т. Авермете, М. де Анхелис и А. Лефевер кон овој дискурс. Врз оваа основа, кандидатката доаѓа до констатацијата дека „колективниот простор не е претходно даден, туку се појавува на пресекот помеѓу просторната конфигурација, степенот на јавност и социјалната активација“. Таа заклучува дека јавниот простор е предуслов, а колективниот простор е резултат.

Точката 2.5. го третира прашањето на животоприемчив простор, односно простор кој го прифаќа одвивањето на различните животни активности. Овој концепт е од поново време и во англиската стручна терминологија одговара на „liveable space“, иако и во минатото постоеле истражувања на сегменти на овој концепт. Кандидатката ги цитира Џ. Џекобс и Д. Еплјард, кои меѓу аспектите кои придонесуваат за оформување на пријатна, функционална и жива средина ги вбројуваат следните меѓусебно поврзани елементи: животоприемчивоста и густината, мешовитата намена и јавните простори, човечкиот размер и разновидноста, јавната контрола и приоритетот на пешаците, и интеграцијата на приватните и јавните простори. Дополнително елаборирајќи ги овие аспекти, кандидатката констатира дека животоприемчивоста се дефинира преку планирање и обликување на градовите што промовираат човечка интеракција,

разновидност и јавен живот, а притоа успеваат и да ја одржат рамнотежата меѓу густината и функционалната интеракција на просторите и активностите.

Во **втората глава,** насловена **Морфогенеза на станбениот пејзаж на градот Скопје во XX век и појава на станбените ансамбли,** кандидатката детално го разгледува прашањето на урбаниот развој и станбените структури на примерот на град Скопје, од кои ќе произлезат примерите врз кои таа ќе го тестира методот кој го развива за вреднување на степенот на животоприемчивост на различните станбени ансамбли од повеќе карактеристични развојни периоди на градот. Заради важноста на оваа глава, таа е структурирана во седум точки, од кои седмата, која се однесува на развојот на станбениот ансамбл во периодот од 1945 до 1991 година, добива шест потточки.

Точката 3.1. го разгледува урбанистичкиот развој и станбените структури во Скопје до 1912 година. Како што укажува и неговиот поднаслов, овој дел се однесува на предмодерната морфологија и т.н. маалска логика. Предмодерниот урбан модел на Скопје до 1912 година, кое се развивало под доцната османлиска административна власт, создал силни локални заедници, висок ниво на секојдневна интеракција и морфолошка кохерентност. Сепак, и покрај овој доминантен тренд, во овој период се јавува првото маало кај кое се забележува појасна регулација на парцелите и модифицирана ортогонална мрежа, но без значајно влијание врз целината на градот.

Точката 3.2. се однесува на периодот од 1912 до 1939 година, кој е определен како фаза на воведување на модерна регулација и блоковска логика. Заради променетите општествено-политички услови се менува и улогата на државата во уредувањето на градовите, преку воспоставување на правила и донесување на регулациони планови. Овие документи го воведуваат урбанистичкиот блок како доминантна просторна единица во новите делови на градот и вршат јасна поделба меѓу јавниот и приватниот простор. Овој период претставува пресвртница во развојот на градот кога Скопје се придвижува од органски модел на развој кон структурирана урбанистичка морфологија, како подготовка за промените кои ќе настанат по Втората светска војна.

Точката 3.3. го третира периодот по Втората светска војна до 1965 година, чија суштина е определена со насловот – ран социјализам и рационализација на станбената изградба. Овој период означува целосно нова фаза во развојот на градот, тесно поврзана со тектонските општествено-политички поместувања. Кандидатката го дели овој период на две целини, првата од 1945 до 1949 и втората од 1949 до 1965 година. Првиот период е поврзан со ургентната обнова на градот и радикалната трансформација на сопственичките односи. Иако се во употреба предвоените закони за урбанистичко планирање, декретите и законите за национализација и експропријација на земјиштето имаат огромно влијание врз урбанистичкото планирање и изградбата на станбени објекти. Во изградбата доминира брзото задоволување на станбените потреби со минимални стандарди кои обезбедуваат основни услови за живеење на нараснатиот број на жители. Генералниот урбанистички план од 1948 година изработен од тим раководен од Лудјек Кубеш ја зацврстува позицијата дека станбените делови треба да се градат согласно со принципите на модерниот урбанизам.

Периодот од 1949 до 1965 година претставува период на значајни општествени и законодавни промени во кои се донесуваат првите закони за урбанистичко планирање и се воведува системот на работничко самоуправување. Во сферата на урбанистичко планирање се воведува хиерархија на планските документи, при што деталните планови имаат клучна улога во концептуализирањето на станбените ансамбли. Во Скопје се појавуваат првите поголеми станбени ансамбли, кои сè уште немаат артикулирана нормативна и програмска структура, но тие ја претставуваат основата за подоцнежните развојни трансформации на постземјотресните станбени ансамбли преку кои ќе се истражуваат новите форми на нивна просторна артикулација.

Точката 3.4 се однесува на урбанистичкиот развој и станбените структури во периодот од 1965 до 1985 година, оквалификуван како период на постземјотресна реконструкција, модернистичка експанзија и утврдување на станбениот ансамбл. Овој период има неколку фази кои се меѓусебно различни и се движат од т.н. „златно доба“ на планирањето до фаза во која и покрај богатата планска активност, населбите од крајот на овој период остануваат често недовршени што ја најавува кризата на осумдесеттите години.

Точката 3.5., насловена „Урбанистички развој и станбени структури во Скопје од 1985 година натаму“, главно се однесува на постсоцијалистичката транзиција и дисконтинуитетот на планерските активности. Клучниот пресврт се случува во 1991 година кога Република Македонија се осамостојува, при што тектонските општествено-политички промени водат не само кон политички и економски трансформации, туку и кон реорганизација на системот на планирање и на неговата природа. Основна карактеристика на овој период е слабеењето на контролните механизми, растот на пазарно-ориентирани градежни активности и фрагментирани интервенции без кохерентна и долгорочна стратегија.

Точката 3.6. носи наслов: „Континуитети и дисконтинуитети“ и претставува сублимат од претходните глави во кој се констатира дека ниту еден урбанистички модел не исчезнува целосно, туку продолжува да постои како морфолошки и социјален слој иако во одредени случаи само во изолирани фрагменти. Во точката е поместен Преглед на издвоени карактеристики од морфогенезата на станбениот пејзаж во Скопје претставен по периоди низ осум аналитички категории.

Во точката 3.7., станбениот ансамбл се третира како опросторено политичко рацио во целиот период 1945 – 1991, во кој тој претставува материјална објективизација на специфичен историски момент во кој државата, преку инструментите на планирањето, настојува да го кодифицира секојдневниот живот како колективна практика. Заради посебното значење на станбениот ансамбл за трудот во оваа глава детално се разгледуваат прашањата за: социјалистичкиот модел на управување и станбениот ансамбл; месната заедница како планерска единица и концепциска основа за станбениот ансамбл; интеграцијата на ансамблите во посложени административни формации; национализацијата како просторен предуслов и јавниот простор на станбениот ансамбл меѓу правото и формата; политиката за екстензија на животниот простор, станбениот ансамбл како проширено поле на домувањето, и политики на хиерархија на мобилноста и пешачката логика како морфолошки принцип.

Третата глава е насловена **Од колективен до животоприемчив простор: Компаративно аналитичко согледување на станбените ансамбли,** и во неа е поместен најзначајниот дел од трудот во кој се прават прегледи на студиите на случај и се операционализира предложениот модел. Во точката 4.1. се анализира станбениот ансамбл во СФРЈ од аспект на институционализирање на концептот на позаедничување. Во овој дел, јасно се разграничува современиот концепт на позаедничување и состојбата со самоуправното организирање на местото на живеење, при што месната заедница се третира како институционализиран компромис меѓу автономија и контрола, како посредно ниво кое ја артикулира колективната волја во однос на секојдневниот простор и неговото користење. Според кандидатката, од аспект на теоријата на позаедничување, токму ова посредно ниво е критично, бидејќи без правила и институционална рамка заедничкото добро се распаѓа, а со прекумерна државна контрола истото се празни од практика и се сведува на формален режим. Во текстот е поместена табела која ги споредува концептот на позаедничување и станбениот ансамбл преку петнаесет аналитички категории.

Точката 4.2. се однесува на операционализација на методот која се темели на систематска евиденција, квантитативна обработка и морфолошка компарација на 44 станбени ансамбли од Скопје. Операционализацијата на методот е спроведена во две фази заради постепено продлабочување на аналитичката рамка. Избраните ансамбли припаѓаат и се поделени на три временски периоди (50-тите – 60-тите, 70-тите – 80-тите и 90-тите – 00-тите). Податоците кои се акумулирани се однесуваат на морфолошката конфигурација, површината на блоковите, покриеноста со градби, развиената станбена површина и индикаторите на густина. Формалната категоризација на ансамблите е направена во три групи насловени како линиска, кластерска и композитска формација.

Во втората фаза, од анализираните, селектирани се девет ансамбли како студии на случај врз основа на следниве критериуми: временската репрезентативност (три примери од секој период), морфолошката разновидност (по еден пример од трите морфолошки формации), степенот на урбана трансформација и релевантност во однос на индикаторите поврзани со „општото добро“ и теоријата на позаедничување кои се предмет на детална анализа. Избраните ансамбли се Партизанска 1, 13 Ноември, Карпош 1 и 2, Капиштец, Скопје Север (северен дел), Јане Сандански, Скопјанка, Расадник и Реонски центар Аеродром. Овие девет случаи се предмет на

детална морфолошка, просторна и социопрограмска анализа, преку трипартитна матрица која ги содржи следните нивоа: формациска густина, формациски образец и искуствени аспекти на формацијата, структурирана низ седум операционализирани индикатори.

Додека првата фаза обезбедува широка квантитативна основа, втората фаза овозможува длабинска интерпретација каде што квантитативните параметри се доведуваат во релација со историскиот контекст, урбаниот модел од времето на социјализмот и постсоцијалистичките трансформации. Така, методот ги интегрира хронолошката анализа, типолошката компарација, квантитативната морфолошка обработка и теориска реинтерпретација во однос на позаедничувањето. Овој пристап обезбедува премин од описна евиденција кон критичка интерпретација, поврзувајќи ги просторните структури со нивниот потенцијал за позаедничување.

При анализирањето на 44-те станбени ансамбли тие се поделени според наведените три временски периода, при што во првиот влегуваат вкупно 18 (11 со линиска, 3 со кластерска и 4 со композитска формација; во вториот период исто така влегуваат 18 (8 со линиска, 6 со кластерска и 4 со композитска формација); додека во третиот влегуваат вкупно 8 (4 со линиска, 3 со кластерска и 1 со композитска формација. Во вкупниот збир по формации доминира линиската со 23 примери, потоа следува кластерската со 12 примери и на крај е композитската со 9 примери.

Во понатамошниот текст, детално се анализирани деветте избрани примери, при што анализата генерално се однесува на урбанистичката конфигурација, квантитативните показатели, мобилноста, третманот на земјиштето и архитектонската материјализација што овозможува нивна компарација. На крајот од анализата на секоја група од три различни формации од ист временски период, поместена е синхрониска компарација на разгледуваните студии на случај. Евалуацијата на секој пример се врши според трите столба на методот: профил на густина, индекс на образец и оценка на искуство, за на крајот да се добие сумарен профил со збирна оценка на потенцијалот за позаедничување.

Профилот на густина содржи седум индикатори: густина на изградено ткиво, густина на јавен неизграден простор, густина на население, густина на станбени единици, густина на пешачка мрежа, густина на автомобилска мрежа и густина на намени различни од домувањето. Секој индикатор добива вредност од 0 до 2, каде што највисоката оценка е најповолна, што е случај и со индикаторите во двата следни аспекти на евалуацијата.

Индексот на образец ги содржи следните седум индикатори: урбан образец, структура на урбанистичкиот блок, фасаден интерфејс, пешачка пристапност, просторна хиерархија, образец на мрежата на колски движења и образец на „зеленият“ простор.

Оценката на искуство ги содржи следниве седум индикатори: физичка отвореност, дефинираност на просторот, пристапност, разновидност, човечки размер, тактилни/сетилни квалитети и социјална читливост.

Оваа сложена група на индикатори е конципирана врз основа на аспекти кои се директно поврзани со капацитетот на ансамблот за позаедничување и тие треба да овозможат мерлива вредност на капацитетот, изразен со вредност која произлегува од оценките кои се добиваат за секој индикатор одделно. Така, овие три „столба“ со по седум индикатори, секој од кои може да добие максимум два поена доведува до максимален број од 42 што го претставува максималниот капацитет за позаедничување.

При синхрониската компарација, спроведена за трите дефинирани периоди, кај првиот период највисока оценка постигнува кластерската формација „13 Ноември“ со 31 поен што ја става во групата со висок потенцијал за позаедничување. Во вториот период, од евалуацијата на трите репрезентативни примери, највисока оценка постигнува населбата „Јане Сандански“ со 39 поени, што е, исто така, оценето како висок потенцијал за позаедничување, додека во третиот период, највисока оценка има Реонскиот центар Аеродром со 26 поени, но таа е најниска во споредба со најдобрите примери од другите два периода, заради што е оценета со умерен потенцијал за позаедничување.

По синхрониската следува дијахрониска компарација, која ги евалуира историските обликовни типови од трите временски периоди. При евалуацијата на линеарните формации, највисока оценка добива населбата Капиштец со 33 поени, кај кластерските формации највисока оценка добива населбата 13 Ноември со 31 поен, додека кај композитските формации највисока оценка добива населбата Аеродром со 39 поени.

Во трудот, логиката зад овој сложен процес на оценување е образложена за секој пример одделно, со што на нумеричката вредност ѝ се додава опис кој ја образложува и поткрепува сумарната вредност изразена преку евалуацијата. Кандидатката, во завршните делови на трудот, прави осврт на предностите и ограничувачките аспекти на методот, но спроведената анализа на 44, а потоа и деталната евалуација на 9 станбени ансамбли ја потврдува генералната операбилност на методот.

Во дискусијата и заклучните согледувања, кандидатката констатира дека потенцијалот за позаедничување не произлегува автоматски од социјалниот состав или институционалниот контекст, туку е длабоко условен од формациската структура, која е повлијаена од густината, образецот и искуството. Оваа трипартитна матрица ги поврзува урбаната морфологија и теоријата на позаедничување. Таа покажува дека потенцијалот за заедничко дејствување не е само прашање на социјална кохезија или политичка волја, туку е длабоко вписан во просторната организација, при што просторот не е едноставно сцена на која се одвиваат општествените процеси, туку нивна структурна претпоставка.

Токму оваа матрица и нејзината операционализација претставува еден од клучните придонеси на докторскиот труд. Со нејзина примена може да се процени капацитетот на одреден ансамбл за позаедничување, без притоа да се западне во просторен детерминизам, зашто високата сумарна оценка директно не гарантира позаедничување на просторите, како што всушност ниту една формација не го гарантира тоа, но одредени ансамбли се поврзани со повисока веројатност од нејзино појавување.

Треба да се одбележи и воведувањето на нови концепти како морфолошка густина која се третира како комплексен однос меѓу изграденост – неизграденост, мрежна структура и програмска разновидност. Индексот на образец, ја нагласува просторната артикулација низ повеќе аспекти нагласувајќи ја „социјалната читливост“ која го претвора просторот во разбирлив, предвидлив и лесен за ориентација. Искуствените аспекти на формациите ја вклучуваат телесната, перцептивната и тактилната димензија на просторот кои се често занемарени во традиционалните урбанистички анализи. Преку интеграција на густината, образецот и искуствените аспекти на формацијата, се воспоставува тројна аналитичка матрица што ја поврзува материјалната структура со перцептивната реалност, ја интегрира квантитативната метрика со квалитативната интерпретација и го третира обликовниот тип како динамичен, а не статичен концепт. Со нејзина помош се отвора можност да се интервенира во постојните станбени ансамбли без да се нарушат нивните морфолошки дадености.

Предмет на истражување

Поширокаата област на истражувањето е определена со урбанистичката практика при планирањето и обликувањето на станбените ансамбли, при што истражувачкиот интерес се насочува кон генеративниот потенцијал на планерските алатки за обликување на изградениот и неизградениот простор во рамки на станбените ансамбли.

Потесниот фокус на истражувањето е насочен кон неизградениот простор на станбените ансамбли, при што токму неизградениот просторот кој го дефинираат зградите претставува примарна сфера на истражувањето.

Како предмет на истражувањето се издвојуваат станбени ансамбли што се поврзани со различни просторни обрасци кои се појавуваат низ неколкуте периоди на дваесеттиот век кои истражувањето ги определува врз основа на особеностите на поширокиот општествен контекст во кој тие настануваат. Различните појавни форми на станбените ансамбли низ разгледуваните периоди се толкуваат не само како резултат на „формална трансформација, туку и како промена на социјалната граматика на просторот“.

Истражувањето поаѓа од ставот дека физичкото обликување на просторот не е неутрално, туку тоа придонесува кон олеснување или отежнување на можноста за социјална интеракција и во крајни консеквенции влијае на формирање на заедница, односно влијае врз нејзината кохезија. Оттука, станбените ансамбли се третираат како материјална рамка на колективниот живот, преку која се откриваат начините на кои таа го обликува колективното искуство, претворајќи го станбениот ансамбл „од технички волумен во социјален кондензатор“.

Со цел што подетално да навлезе во предметот на истражување, кандидатката прави екстензивна анализа на повеќе од четириесет станбени ансамбли во Скопје од втората половина

на XX век преку која ги издвојува клучните особености кои понатаму служат како архива на податоци кои ја презентираат типоморфолошката и морфосинтаксичката разновидност на станбените ансамбли.

Фокусирајќи се на јавниот неизграден простор во станбените ансамбли кој произлегува од обликовниот тип на ансамблите, кандидатката го третира обликовниот тип како структурен апарат што произведува специфични можности за позаедничување и артикулација на колективниот живот во станбените ансамбли овозможувајќи продлабочено проникнување во предметот на истражување.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Комплексите за колективно домување претставуваат најзначаен и најраспространет сегмент во градовите и се предмет на многубројни проучувања, но овие проучувања не се ниту територијално, ниту тематски рамномерно дистрибуирани. Од друга страна, аспектите поврзани со нив, кои се нудат како предмет на истражување, покриваат исклучително широк дијапазон на интереси и теми кои овозможуваат постојано нови и релевантни научни сознанија.

Кандидатката прави насочен, но богат преглед на истражувањата во подрачјето во кое е работена дисертацијата. Притоа, таа прави преглед и анализа на референтни меѓународни автори и дела, но истовремено посветува исклучително внимание на растечкиот број студии кои го истражуваат ова подрачје во рамките на просторот на поранешна Југославија. Авторите и делата кои се поврзани со историјата и актуелните трансформации на станбените простори на територијата на поранешна Југославија имаат особено значење за трудот бидејќи овозможуваат компарирање на состојби кои во еден долг период на дваесеттиот век биле условени од исти или слични општествено-политички, економски и социјални околности.

Следејќи ја траекторијата на поновите истражувања, презентирани во делата на релевантни автори како Д. Харви, Р. Ролник, Н. Бренер и Ф. Урбан, кандидатката го констатира возобновениот интерес кон проучување на комплексите за колективно домување, но и нагласената тенденција за поместување на фокусот во анализата од чисто функционалистички прагматизам кон софистицирана типолошка и социополитичка дијагностика. Овие истражувања истовремено укажуваат на негативните тенденции за комодификација на наследените ансамбли за колективно домување, но и за огромниот потенцијал кој тие го имаат да ја задржат својата релевантност и денес доколку не им се пристапи исклучиво од аспект на нивната архитектонско-урбанистичка конфигурација, туку се набљудуваат во контекст на новите социјални практики кои го фаворизираат граѓанскиот активизам, односно ангажманот на самите жители и корисници во присвојувањето на непосредниот животен простор.

Во оваа смисла посебно треба да се посочи расправата иницирана во „Атласот на позаедничување“, која има најмногу допирни точки со истражувањето во докторскиот труд. Имено, ова дело, наспроти вообичаениот третман на станбените ансамбли, воведува радикално нов пристап преку концептот на позаедничување, каде ансамблите се редефинираат како динамично „заедничко добро“ , во кое изградениот простор може да понуди „споделени инфраструктури“ и меѓупростори, кои би ја поттикнале партиципацијата и заедничкото управување првенствено со јавниот неизграден простор.

Набљудуван во овој контекст, докторскиот труд претставува истражувачки потфат во истата насока кој има тенденција да ги операционализира овие концепти во смисла на востановување на метода за евалуација на капацитетот на еден јавен неизграден простор за позаедничување, посочувајќи ги критичните точки во трипартитната конфигурација на методот.

Иако студии во поширокото истражувачко подрачје постоеле и во времето на Југославија, интересот за него е особено изразен во пост-социјалистичкиот период кој критички го оценува наследството од претходниот период. Основната критика во Југославија поврзана со ансамблите за колективно домување била насочена кон фактот што во најголем број случаи реализацијата на урбанистичките планови доведувала до постоење на „недовршени населби“, односно населби во кои воопшто или многу споро се реализирале објекти од „социјалната инфраструктура“, а јавните неизградени простори останувале недовршени во процепот помеѓу несоодветната ангажираност на задолжените институции за нивно оформување и одржување и недоволниот ангажман на локалното население низ востановените самоуправни механизми.

Големиот број на студии на оваа тема кои се појавија во ексјугословенскиот простор, предизвикаа значаен интерес и на меѓународната научна јавност. Во овој контекст треба да се спомнат истражувањата на М. Мрдуљаш, Б. Кулиќ, Б. Ле Норман, Л. Благојевиќ и студиите на случај на В. Кукоч, Ј. Борота, Е. Блау, И. Рупник и Л. Сканси.

Бројот на трудови од понов датум, кои ја разгледуваат темата на станбените ансамбли во Скопје, е ограничен и се движат во распонот од евалуација на значењето на модернистичкото наследство (А. Ивановска), преку анализа на планскиот развој на градот, а со тоа и на станбените населби (Д. Пенчиќ) или на поединечни градски делови (З. Блажевска, М. Бакалчев, Ј. Ивановски), до документирање на општите податоци и состојби на станбените населби (Ј.Сиљаноска, В. П. Коробар).

Докторската дисертација на Ана Рафаиловска, во однос на постојната научна продукција кај нас, зазема самостојна позиција од аспект на подрачјето на интерес и резултатите кои произлегуваат од неа, отворајќи нови можности за натамошни продлабочувања.

Краток опис на применетите методи

Методолошкиот пристап во дисертацијата е, генерално, поделен во две големи целини. Едната треба да обезбеди широк преглед и општи квалитативни податоци за темата на истражувањето, додека другата се фокусира на акумулирање податоци кои ќе бидат примарната база за истражување на издвоените примери врз кои ќе се демонстрира операбилноста на предложениот модел.

Примената на историскиот метод овозможува знаење кое се стекнува преку анализа на архивски материјали, планови и сведоштва за разгледуваните периоди кои се црпат од разновидни извори, а преставуваат основа за воспоставување на дијахрониската рамка.

Применетите методи на квалитативна евалуација обезбедуваат целовит увид во особеностите на различните типови ансамбли кои опфаќаат просторно-временски, социолошки и културолошки аспекти.

Користењето на корелативни методи овозможува варијабли од интерес за трудот да се набљудуваат и мерат во прецизно дефинирани рамки и зададени параметри и дијахрониски и синхрониски.

Постапките применети во докторската дисертација следат јасно поставен план во кој постапно се минува низ следниве фази:

- „Читање“ на морфогенезата и типолошко декодирање која опфаќа: 1. подредување и критичко разгледување на архивскиот материјал; 2. подредување на студиите на случај; 3. наративен историски и графички преглед на студиите на случај.
- „Пишување“ преку аналитички и компаративен дискурс кое опфаќа: 1. изградба на таксономска структура за морфометриска анализа; 2. морфометриска анализа на избраните студии на случај; 3. компаративно согледување на студиите на случај по дијахрониска и синхрониска линија низ призмата на животоприемчивоста; 4. дискусија и согледувања врз основа на наодите.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во заклучните согледувања, кандидатката констатира дека појдовната позиција во истражувањето која ја третираше формата како активен медијатор на општествените односи, постепено се трансформира во конечна и „поамбициозна теза“ дека обликовниот тип не е неутрална просторна категорија, туку структурен апарат што произведува специфични можности за позаедничување.

Наспроти вообичаените пристапи во оценување на модернистичкото станбено наследство каде што морфолошката структура се зема како пасивна заднина, докторската дисертација воведува нов пристап во кој морфологијата, односно манипулацијата на густината, образецот и искуствената структура се клучниот механизам преку кој просторот акумулира и губи капацитет за колективни практики.

Клучниот поим кој го овозможува ова репозиционирање е формациската густина, која ја третира густината како релационен показател на просторна интеракција и претставува индикатор на просторен интензитет и потенцијал за социјална активност.

Трите востановени обликовни типа не се третираат преку нивните формални разлики, туку како различни режими на распределба на густината кои обезбедуваат различни механизми на артикулација на заедничкиот простор, што ја поместува дебатата од ниво на нормативна критика кон ниво на структурна анализа.

Истражувањето не застанува на нивото на теоретското рамниште туку се развива во конкретен аналитички инструмент, тридимензионална морфолошка матрица составена од профил на густина, индекс на образец и оценка на искуствени аспекти на формациите, преку чија синтеза се конструира сумарниот профил и се валоризира потенцијалот за позаедничување.

Профилот на густина ја анализира распределбата на населението, изградената структура и неизградениот простор како релациска целина, при што нив не ги третира како одвоени параметри, туку ја мери нивната меѓузависност.

Индексот на образецот ја квантифицира структурната логика на ансамблот преку степенот на повторливост, модуларност, просторна хиерархија, континуитетот на јавните површини и мрежната поврзаност и ја детектира стабилноста или фрагментарноста на формата.

Искуствените аспекти на формациите го надминуваат редукционизмот на чисто формалната анализа, воведувајќи ја димензијата на перцепираниот простор преку визуелната пропустливост, читливоста, микроморфолошката комфорност, степенот на полујавност и симболичката идентификација.

Синтезата на овие три индикатори овозможува формирање на сумарен профил кој претставува структурна дијагноза, а утврдениот потенцијал произлегува од меѓусебната динамика на густината, образецот и искуството. Методолошкиот придонес на оваа тричлена матрица овозможува компарација меѓу различни ансамбли, зачувувајќи ја нивната специфичност. Наместо редуцирање на разликите, матрицата ги прави видливи структурните дисбаланси.

Истражувањето и неговите резултати отвораат можност за поширока применливост на резултатите, особено во валоризацијата на станбените ансамбли во постсоцијалистичките градови.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Рафаиловска, со наслов: „Компаративен преглед на социоморфолошките карактеристики на станбените ансамбли од втората половина на XX век во Скопје: Од колективен до животоприемчив простор“, претставува истражување во научното потполе урбанизам и неговите научни области. Докторската дисертација во целост ги постигна поставените цели на почетокот на истражувањето поврзани со сложените релации на неизградениот и изградениот простор во рамки на станбените ансамбли и воспостави методолошка рамка преку која можат да се вреднуваат различните типови на станбени ансамбли и нивниот капацитет да понудат простор кој наместо да биде инертен јавен неизграден простор ќе се манифестира како колективен простор кој го поседува капацитетот за нагласена социјална интеракција и кохезија.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Рафаиловска, според мислењето на Комисијата за оцена, во целост и компетентно ги исполнува условите и стандардите за подготовка на докторски труд. Таа претставува релевантна научна основа за збогатување на начините на вреднување на јавните неизградени простори во рамките на станбените ансамбли, која резултира во оригинален метод за нивно толкување и евалуација како простори со различен капацитет за артикулација на колективниот живот. Понудениот метод е алатка која може да се користи во евалуацијата на постојните состојби при интервенциите и обновувањето на изградените станбени ансамбли, но и како алатка која може да понуди дополнителен увид во квалитетите на неизградени простори во процесот на нивно планирање.

Трудот нуди висок степен на елаборација на предметот на истражувањето и ја потврдува способноста на кандидатката да спроведе научно истражување во сфера која од неа бара пронаоѓање на нови начини на толкување на постојни, навидум затворени истражувачки прашања. Обемноста на пристапот кон предметот на истражување зборува за нејзините познавања и подготвеноста да воспостави широк контекст во кој најважните аспекти поврзани со предметот на истражување ќе бидат целосно отворени и третирани, како предуслов за негова сеопфатна анализа.

Увидот во актуелните достигнувања во светот и кај нас во потесното подрачје на истражување ѝ овозможува суверено да се движи низ темата, откривајќи и воспоставувајќи нови релации помеѓу веќе постојните предмети на досегашните истражувања. Резултатот на трудот не претставува само теоретски одговор на поставената тема, туку низ воспоставувањето на тридимензионалната морфолошка матрица, претставува и практична алатка која може да се користи при реартикулацијата на постојните станбени ансамбли. Посебно треба да се одбележат авторските графички прилози, кои претставуваат интегрален дел на трудот и ги илустрираат и потврдуваат ставовите изнесени во трудот, а се препознатлив и нужен дел на овој вид научни истражувања.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: Ana Rafailovska, Elena Andonova, наслов на трудот : „Understanding Public Space Dynamics in Mass Housing Neighborhoods: the Case of Kapishtec, Skopje“, објавен: The DOCONF/2025, Facing Post/Socialist Urban Heritage Proceedings, 2025,

[2]. Автори: Ana Rafailovska, Blagoja Bajkovski, Slobodan Velevski, наслов на трудот: „Designing by Participation with Giancarlo de Carlo“, објавен: Writingplace: Repository, 49 Methods and Assignments for Writing Urban Places, 5, 2023

Кандидатката во текот на студиите остварила меѓународна мобилност во периодот од 17.4. до 26.4.2023 година на Техничкиот универзитет во Делфт, Холандија, во рамки на проектот Writing Urban Places – COST Action CA18126.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд ја претставува кандидатката м-р Ана Рафаиловска како изграден истражувач кој може компетентно да ги анализира и елаборира комплексните особености и проблеми на изградениот простор. Докторскиот труд сведочи за нејзината подготвеност да отвора нови теми на истражување кои досега биле игнорирани или едноставно биле вон ракурсот на актуелниот научен интерес. Содржината на нејзината дисертација докажува дека таа е способна да открива нови методолошки патеки преку кои се отвораат можности за менување на постојната практика и создавање на нови аналитички и планерски алатки.

Главните научни придонеси на кандидатката се:

- Предложената формациска тријада – линеарната, кластерската и композитската преку нејзиниот третман и интеграција во предложениот метод, претставува суштински теоретски придонес преку кој рамката на Маки се трансформира од дескриптивна типологија во оперативен аналитички модел.
- Урбаната морфологија се репозиционира од дисциплина првенствено ориентирана кон опис и класификација, во интегративна и проективна рамка способна да го информира урбанистичкото планирање и во аналитичката и во планерската фаза.
- Воспоставувањето на трипартитната матрица за евалуација на станбените ансамбли овозможува споредливост и дијагностика која го открива капацитетот на станбениот ансамбл за натамошна артикулирана трансформација во рамките на иницијалната структурна матрица.
- Проширување на обемот на информации за планирањето во однос на видовите зафати кои се посакувани и ќе ја поддржат адаптацијата, колективната употреба и резистентноста на постојните станбени ансамбли.

Покрај во делот на научните истражувања, значајна е и примената на резултатите во стручната практика, каде што предложената метода на евалуација на станбените ансамбли претставува можна алатка за структурна дијагностика, пред сè на модернистичките станбени ансамбли. Таа овозможува препознавање на три урбани состојби кои бараат различен пристап и интервенција: морфолошки интегрирани средини со висок капацитет за позаедничување, стабилни, но структурно недовршени ансамбли со латентен потенцијал и згуснати, но дезинтегрирани простори што генерираат просторна фрагментација, на кои состојби кореспондираат реставрирачки, реорганизациски или трансформативни зафати.

Посебна примена востановениот метод може да најде во рамките на сè поприсутното партиципативно планирање каде што би се појавил како мост помеѓу експертската анализа и корисничката перцепција.

Потенцијалните ограничувања се најизразени во сферата на искуствените аспекти, кои претставуваат најделикатен сегмент на трипартитната матрица заснован врз професионална проценка на разгледуваните индикатори, а не на податоци добиени од корисниците на просторот. Затоа, примената на методот бара внимателно користење кое ќе се темели на негово целосно разбирање, како на предностите, така и на потенцијалните слабости, пред да се пристапи кон негово користење.

Можните понатамошни истражувања се лоцираат првенствено во продлабочено дефинирање на индикаторите, поврзано со вредностите кои им се припишуваат, како и толкувањето на сумарните резултати особено кога иста сумарна вредност произлегува од различни оценки низ трите столба, при што таквата состојба мора подетално да се истражи и образложи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ана Рафаиловска** со наслов: **Компаративен преглед на социоморфолошките карактеристики на станбените ансамбли од втората половина на XX век во Скопје: Од колективен до животоприемчив простор.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател, с.р.
Проф. д-р Слободан Велевски, ментор, с.р.
Проф. д-р Мирослав Грчев, член, с.р.
Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.
Проф. д-р Дивна Пенчиќ, член, с.р.

Скопје, 3. 4. 2026 год.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА СТОПАНСКИТЕ ДВОРОВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРОСТОРНИТЕ ПРОМЕНИ ВО СЕЛАТА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА“ ОД М-Р ДИМИТАР КРСТЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 24. седница одржана на 24.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Крстески со наслов: „Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора“, во состав: проф. д-р Горан Мицковски (претседател), проф. д-р Александар Радевски (ментор), проф. д-р Митко Хаџи Пуља (член), проф. д-р Елизабета Касапова (член) и проф. д-р Димитар Папастеревски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Крстески, со наслов: „Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора“, содржи 201 А4 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 73 слики, 20 табели и 63 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, и интернет-ресурси. Користената литература е од понов датум, актуелна и релевантна за темата на докторскиот труд.

Трудот е структуриран во 6 меѓусебно поврзани глави, вовед, заклучок и користена литература. Главите се поставени така што аргументацијата на трудот се движи од воведната и истражувачка рамка, преку преглед на знаењето за темата и изградбата на аналитичките алатки, кон емириска проверка, интерпретација и применливи просторно-планерски мерки. Ваквата композиција на главите не претставува само формална поделба на материјалот, туку логика на целиот доказен тек на дисертацијата, односно од поставување на проблемот, кон развој на објаснувачки модел, до негово тестирање и преведување во практични насоки за рурален развој. Секоја глава има јасна функција во рамките на целокупниот истражувачки процес и придонесува за разбирање на предметот на истражување. Главите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатот ја воспоставува влезната рамка на истражувањето. Во него се изложени структурата, актуелноста и значењето на темата, истражувачкиот проблем, предметот и целите на истражувањето, хипотезата и истражувачките прашања, применетата методологија на истражувањето и очекуваниот научен придонес. Кандидатот дава јасно структурирана рамка за истражувањето на проблематиката на стопанските дворови и просторните промени во руралните средини.

Во **првата глава** на докторската дисертација, насловена **Преглед на научните истражувања за руралната архитектура – македонски и компаративен контекст**, направена е систематизација на научните и стручните истражувања поврзани со руралната архитектура во Македонија, со аналитички фокус на стопанскиот двор како просторна и функционална единица што посредува помеѓу домаќинството и морфолошката структура на селото. Прегледот на литературата и достигнувањата во научноистражувачката област се спроведени од страна на кандидатот со цел да се утврди историскиот придонес на домашниот научноистражувачки корпус, да се извлечат применливи методолошки постапки за типолошка и морфолошка анализа и да се идентификуваат празнините во знаењето што ја оправдуваат поставката на истражувањето во овој докторски труд. Поради нерамномерниот континуитет на истражувачката продукција и ограничената бројност на директни научноистражувачки студии за стопанските дворови на Скопска Црна Гора, прегледот има поширока рамка која ги вклучува и

истражувањата за стопанските дворови и селската архитектура во Македонија и е структуриран во два периода, од 1945 до 1991 година, социјалистички период, и од 1991 до 2026 година, постсоцијалистички период. Како дополнување на малиот број научни истражувања во Македонија, во прегледот кандидатот вклучува и компаративни истражувања од Србија и Словенија. Овие истражувања се релевантни поради заедничкиот општествено-политички контекст во поранешната држава СФР Југославија и поради методолошките модели кои можат да се извлечат од нив во однос на типологизација на селата, принципи на организација и реконструкција на стопанските дворови и подлога за интерпретација на руралната трансформација и креирање на правилен развоен образец. Прегледот опфаќа и селектирани европски истражувања релевантни за разбирањето на руралната трансформација. Вклучувањето на овој поширок европски корпус овозможува не само споредбена типолошка и морфолошка перспектива, туку и извлекување на методолошки модели за интерпретација на трансформациите и за формулирање на соодветни развојни насоки. Во целина, прегледот покажува дека руралната архитектура во Македонија е релативно добро документирана и типолошки обработена на ниво на селска куќа и традиционални елементи. Додека стопанскиот двор како морфогенетска единица е недоволно истражен, особено во современи услови и на ниво на системска анализа. Токму оваа празнина го дефинира научниот фокус на докторскиот труд: создавање на современа емпириска база за типологизација на стопанските дворови и моделирање на трансформациските траектории со интерпретација на нивното влијание врз морфолошките промени во селата на Скопска Црна Гора.

Во **втората глава**, насловена **Теоретско-методолошка рамка**, кандидатот разработува концепциски јасна научна структура на истражувањето, преку артикулирање на врската помеѓу: предметот на анализа, стопанскиот двор како просторна и функционална единица; теориските сознанија преку кои се чита неговата форма и трансформација; и методолошка постапка преку која добиените сознанија стануваат споредливи, проверливи и аргументирани во однос на просторните промени во селото. Најнапред е дефиниран поимот стопански двор. Стопанскиот двор, во смисла на просторна организација, во истражувањето е третиран истовремено како архитектонски и урбанистички проблем. Архитектонски е поради организацијата на изградените објекти и секојдневните практики на домување и работа, а урбанистички е поради начинот на кој стопанските дворови ја формираат селската текстура, границите меѓу јавното и приватното и морфологијата на селските блокови и улиците. Токму ваквото двојно читање на стопанскиот двор е клучно за да се оправда преминот од анализа на двор кон анализа на село. Во оваа смисла, понатаму, во главата е прикажан поимот рурална морфологија, кој подразбира читање на формата на селото преку неговите составни единици и нивните релации. Притоа во трудот, за основни единици се сметаат: куќата, стопанскиот двор и уличната мрежа, а клучните релации се: пристапите, границите и просторните секвенци што ги поврзуваат приватните и полуприватните зони со јавниот простор. Ова читање не е само дескриптивно туку напротив, неговата цел е да објасни како повторливи просторни односи се одржуваат или трансформираат под влијание на социоекономски, инфраструктурни и културни промени. Во продолжение се разработуваат факторите и целите на одржливиот развој. Во оваа рамка, концептот на одржлив развој се подразбира како поле на компромиси, а не како една мерка. Одржливоста не е третирана како апстрактен идеал, туку како интерпретативна рамка што овозможува просторните промени во руралните средини да се оценат преку нивните социјални, економски и еколошки последици. Ваквото поимање е важно бидејќи трансформациите на стопанските дворови можат да произведат парадоксални исходи: да го подобрат домувањето, но да ги намалат локалните производни ресурси; да ја зголемат приватноста, но да ја прекинат соседските врски; да внесат нови материјали и комфор, но да создадат инфраструктурен и просторен притисок. Со оваа глава се обезбедува цврста и јасна подлога за емпириските анализи во трудот и се воспоставува логична поврзаност меѓу теоријата и предметот на истражување.

Третата глава на трудот, насловена како **Типологија на стопански дворови и нивна трансформација**, претставува емпириско-типолошко јадро на дисертацијата. Во оваа глава се образложени критериумите за избор на студиите на случај, кои вклучуваат: морфолошка репрезентативност на различни висински појаси, демографска диференцијација како морфолошки фактор, функционална разновидност и типолошка комплементарност. Како три студии на случај се избрани селата Кучевиште, Горњане и Бродец, по што следува поединечна

сеопфатна анализа на истите. Во секое од овие села се читаат историјата, морфолошката структура, факторите на одржливост и типологијата на стопанските дворови. Поглавјето завршува со компаративна типолошка синтеза и со тоа се создава споредлива база врз која понатаму можат да се интерпретираат трансформациските механизми.

Во **четвртата глава**, **Влијанијата на стопанските дворови врз просторните промени во селата**, разработена е врската меѓу стопанскиот двор и просторните промени во селата. Стопанскиот двор се чита како клучен морфогенетски елемент на селската матрица, се дефинира дворната матрица како концептуалната рамка за читање на руралните трансформации, се анализираат типовите на дворови и нивните трансформациски механизми, а трите села се интерпретираат преку двојниот клуч „тип на рурална средина“ и „тип на ширење“. На крај е направена и компаративна синтеза на профилите на просторна еволуција. Со тоа, петтото поглавје го претставува аналитичкото јадро во кое микротрансформациите се поврзуваат со макроморфолошките исходи.

Во **петтата глава** на трудот, **Дискусија**, резултатите од претходните поглавја се дискутираат низ поширок просторен контекст и се проверуваат преку концептот „дворна матрица“ – систем на просторни правила преку кои стопанскиот двор ја организира парцелата и ја поврзува со селскиот контекст, како и преку двојниот клуч за споредливост. Тука се формулираат и научните придонеси на трудот, како и условите на важност, границите на генерализација и можностите за трансферибилност на предложениот пристап во други рурални контексти. Научните придонеси се теориски, методолошки и емпириски, а моделот е трансферибилен во слични рурални контексти. Главата завршува со подготовка за следниот чекор — инструментализација на резултатите во конкретни просторно-планерски мерки, следејќи ја морфогенетската секвенца: индикатор – механизам – исход – мерка. На тој начин, шестото поглавје не додава нов емпириски материјал, туку ја затвора интерпретативната логика на истражувањето и го отвора патот кон применливи просторно-планерски мерки.

Шестата глава на трудот, **Просторно-планерски импликации и мерки**, ги преточува добиените сознанија во просторно-планерски импликации и мерки. Тоа е замислено како поглавје со јасна архитектонско-урбанистичка логика односно најнапред се поставува основен пакет мерки за трите села, а потоа се развиваат профилирани мерки за секое село одделно според нивниот морфолошки карактер и модус на просторна еволуција. Завршниот дел од ова поглавје е насочен кон следење на мерките, со што целината добива и практичен, проверлив и операционален карактер. Токму затоа, ова поглавје претставува најдиректен премин од анализа кон насочување на идниот развој.

Во **заклучните согледувања** се синтетизираат главните резултати, се даваат експлицитни одговори на истражувачките прашања, се потврдува главната хипотеза и се сумираат теориските, методолошките, емпириските и применливите придонеси на трудот. Со тоа, заклучокот функционира како завршен синтезен хоризонт на целото истражување, во кој стопанскиот двор конечно се утврдува како важен елемент за читање на просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето на докторскиот труд се стопанските дворови и нивните трансформации како двигатели на просторните промени во руралните средини на Скопска Црна Гора. Во рамките на трудот, стопанскиот двор не е третиран како дополнителен простор околу традиционалната селска куќа, туку како структурна просторна единица која има сопствена организациска логика, свои типолошки варијанти и морфолошки правила, чија промена е читлива на микониво (парцела и двор) и акумулативно видлива на макониво (селска матрица). Токму затоа, предметот не е стопанскиот двор како општ поим, туку стопанскиот двор како морфогенетски механизам: сет на просторни односи преку кои се уредува врската меѓу релацијата парцела – куќа – стопански двор и релацијата селска матрица – јадра – улична мрежа. Во таа смисла, предметот на истражувањето не се исцрпува во каталогизирање на форми, туку во читање на правила, трансформациски механизми и нивни исходи: како измените во структура на стопанскиот двор (компресија/згуснување, редукција и пренамена на стопански објекти, парцеларна сегментација, промени на пристапи и на односот двор – улица) произведуваат

предвидливи морфолошки последици врз континуитетот на селското ткиво, формирањето/слабеењето на селските јадрата и моделите на раст.

Просторниот опфат на предметот на истражување е прецизно лоциран во селата на Скопска Црна Гора, при што емпириската основа е организирана како компаративна студија на случај на три села. Овој избор го дефинира предметот двојно: како регионално-специфична анализа на трансформациите на стопанските дворови во рамките на Скопска Црна Гора, и како моделска проверка на истата аналитичка рамка во три различни морфолошки и развојни контексти.

Временската рамка на предметот на истражување е поставена како долг период на поствоени и постсоцијалистички трансформации, со периодизација што ја следи и структурата на дисертацијата: 1945 – 1991 (социјалистички период) и 1991 – 2026 (постсоцијалистички период). Овој временски распон не се користи за историски наратив сам по себе, туку како аналитичка рамка што овозможува да се разберат различни режими на промена (економски, демографски, инфраструктурни и плански услови) и нивното материјализирање во дворната и селската морфологија. Во рамките на предметот, временската димензија е важна затоа што трансформацијата се чита како последователност (процес) и како објаснувачка врска (механизам) — односно не само што се изменило, туку како и преку кои просторни операции се произведува таа измена.

Предметот на истражување е јасно ограничен при што трудот не настојува да изведе целосна социоекономска историја на селата, ниту да ги третира сите аспекти на руралниот развој независно од морфолошката структура. Демографските, инфраструктурните и институционалните фактори се вклучуваат како контекст и услови на трансформацијата, но централна аналитичка точка останува просторната логика на стопанскиот двор и неговата улога во креирање на морфолошки исходи. Во таа смисла, предметот е истовремено конкретен (три студии на случај во Скопска Црна Гора) и методолошки пренослив (репликативен протокол за читање на дворни трансформации како генеративни механизми на рурална морфологија).

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Прегледот на досегашната литература укажува дека во македонската архитектонска и наука постои значајна документациска и типолошка база посветена на селската куќа и на руралната архитектура воопшто. Теренските снимања, етнолошките описи и историските прегледи на традиционалното домување создаваат стабилна референтна рамка за разбирање на селската архитектура и нејзините регионални варијанти. Меѓутоа, оваа рамка е методолошки нерамномерна: најголемиот дел од истражувањата остануваат фокусирани на куќата како основна аналитичка единица, додека стопанскиот двор најчесто се третира само како придружен опис, ситуациски прилог или дел од амбиентот — а не како самостоен аналитички предмет. Постсоцијалистичкиот период дополнително ја задлабочува оваа состојба, бидејќи континуитетот на систематските теренски истражувања е ослабен токму во времето кога руралните средини влегуваат во нов и забрзан циклус на просторни трансформации.

Суштинска научна празнина во македонскиот контекст е отсуството на јасно разработена архитектонско-урбанистичка анализа на стопанскиот двор сфатен како автономна просторна единица со сопствени организациски правила. Иако стопанскиот двор во традиционалната рурална средина очигледно ги обединува функциите на домување, продуктивна работа, движење, разграничување и однос кон јавниот простор, тој ретко е третиран како носител на просторна логика. Наместо тоа, тој најчесто е подреден на куќата или се чита исклучиво како остаток од аграрната програма. На тој начин останува недоразвиено токму она аналитичко ниво кое е клучно за разбирање на стопанскиот двор: неговата улога во формирањето на внатрешната организација на парцелата, релацијата меѓу приватното и колективното, и конституирањето на поширокото ткиво на руралното населено место. Втората идентификувана празнина се однесува на карактерот на досегашните толкувања на руралните промени. Промените во македонските села најчесто се опишуваат преку општи категории — депопулација, стагнација, напуштање, неконтролирано ширење, фрагментација или спонтана градба. Ваквите описи имаат евидентна документарна вредност, но се недоволни за научно објаснување на просторните процеси, бидејќи регистрираат што се случува, без да покажат преку кои внатрешни просторни механизми тоа се случува. Во таа смисла, во литературата недостига објаснувачки модел кој ќе ги поврзе конкретните трансформации на стопанскиот двор — неговата редукција, пренамена, сегментација или

реконфигурација — со поширокиот морфолошки исход на ниво на населба. Не е доволно само да се констатира дека селото се згуснува, периферизира или распрснува; научниот придонес бара да се покаже преку кои промени на парцелата, на дворното зонирање, на системот на пристапи, на граничните елементи и на односот двор – улица, овие процеси стануваат просторна реалност. Третата идентификувана празнина е методолошка по природа. Во домашниот научноистражувачки корпус недостига репликативен аналитички пристап кој ќе овозможи стопанските дворови да не се третираат само како збир на поединечни случаи, туку како споредливи просторни типови и трансформациски профили. Иако постојат корисни документи и описни класификации, а компаративните истражувања од поширокиот југословенски и европски контекст покажуваат дека стопанските дворови можат успешно да се анализираат преку функционални зони, морфолошки варијанти, однос кон теренот и логика на организација, во македонски контекст сè уште недостига систем во кој типологијата нема да биде само каталог на форми, туку аналитичка алатка преку која можат да се читаат подлабоките морфолошки логики на селската трансформација. Со други зборови, недостига концептуален јазик кој ќе овозможи стопанскиот двор да се споредува, а не само да се опишува.

Истражувањето е позиционирано токму помеѓу јазот од горенаведените научни празнини. Неговиот истражувачки проблем не е само да утврди какви стопански дворови постојат во селата на Скопска Црна Гора, туку да објасни како нивните трансформации се прелеваат во поширок морфолошки промени на селото.

Краток опис на применетите методи

По дефинирањето на проблемот, предметот, целите и хипотезата, кандидатот јасно поставува и методолошката рамка на истражувањето. Во трудот воспоставената методологија не е применета како технички прилог одвоен од истражувачката теза, туку како врска меѓу теоретската поставка и емпириската проверка. Основна задача на воспоставената методологија е да обезбеди конзистентно читање на стопанскиот двор како морфогенетски елемент, споредливост меѓу избраните села и јасен доказен пат од микроскалата на парцелата до макроскалата на селската матрица. Истражувањето е поставено како компаративна студија на случај на три села на Скопска Црна Гора. Изборот на овој пристап овозможува истиот аналитички механизам да се тестира во различни морфолошки и развојни контексти, без да се изгуби специфичноста на секое село. Со тоа трудот избегнува две чести слабости на руралните анализи: прво, редукција на трансформацијата на општи наративи како ширење, опаѓање или напуштање без внатрешна просторна логика, и второ, премин од опис кон заклучок без експлицитно покажан механизам на промена.

Во методолошката рамка како клучна задача е поставена операционализацијата на основните поими. Притоа, клучната операција на истражувањето е концептот „дворна матрица“ кој не останува на ниво на општ опис, туку се преведува во аналитички јазик составен од јасно набљудливи и споредливи индикатори, кои се распоредени во неколку меѓусебно поврзани групи: просторни индикатори, кои го следат односот изградено – неизградено, бројот и положбата на стопанските објекти и промените на пристапите; функционални индикатори, кои ја читаат редукцијата, интеграцијата или пренаменатa на стопанските функции и зони; релациски индикатори, кои го следат односот двор – улица, поврзаноста со јадрото и појавата на микројадра; и хронолошки индикатори, преку кои се препознаваат фазноста на градењето, периодите на напуштање и хибридните состојби на просторот.

Методолошката рамка може да се сумира како обид да се воспостави репликативен аналитички протокол што ги поврзува единиците на анализа, индикаторите, механизмите и морфолошките исходи во еден јасен и проверлив систем. Методолошката рамка е така поставена за да обезбеди двојна функција: од една страна, да обезбеди научна строгост во читањето на руралната трансформација; од друга страна, да овозможи резултатите од анализата подоцна да се преведат во применливи просторно-планерски предлози. Оттука, методологијата не е само средство за опис,_туку инструмент за објаснување, споредување и насочување на просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Применливата вредност на трудот произлегува од фактот што резултатите не остануваат затворени во аналитичката рамка, туку се преведуваат во просторно-планерски решенија и мерки. Дисертацијата покажува дека дворната матрица не е само интерпретативен поим, туку и инструмент преку кој може рано да се препознаат ризиците од фрагментација, периферизација, губење на јадрата и нарушување на односот меѓу приватното и колективното. Ова овозможува од научен увид да се премине кон правила и мерки што дејствуваат на три поврзани нивоа: стопански двор, улица и селска матрица. Токму затоа, трудот има директна вредност за архитектонско-урбанистичко планирање, за локална самоуправа, за заштита и ревитализација на руралното наследство, како и за идни развојни стратегии што треба да ги усогласат домувањето, производствените функции, инфраструктурата и морфолошката читливост на селата.

Особено значајно е и тоа што трудот ја покажува границата на постојниот институционален дискурс. Урбанистичко-планереската и нормативната документација го препознава стопанскиот двор како програмска и регулативна единица, но не ја разработува доволно неговата морфогенетска улога. Дисертацијата токму тука прави значаен исчекор и покажува дека преку трансформацијата на стопанскиот двор можат да се објаснат процесите на згуснување, периферно ширење, реконфигурација на парцелата и преобликување на селската матрица. На тој начин, трудот не само што го дополнува постојното знаење, туку и го прави попрецизно употребливо во средини каде што руралниот развој се движи меѓу наследената аграрна логика и новите облици на живеење и работа.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Крстески, со наслов: „Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора“, претставува истражување во научната област: архитектонско проектирање.

Поставената цел на докторскиот труд е да развие објаснувачки и репликативен аналитички модел преку кој ќе се покаже како трансформацијата на стопанските дворови влијае врз просторната еволуција на селата во Скопска Црна Гора. Тоа значи дека трудот има задача да ја помести анализата од ниво на затечена состојба кон ниво на генеративна логика, односно не само да покаже какви дворови постојат и како изгледаат, туку и да објасни преку кои просторни правила и трансформациски механизми тие учествуваат во создавањето на поширокатa селска матрица. Во таа смисла, клучна намера на истражувањето е стопанскиот двор да се утврди како аналитички автономна, но морфолошки посредувачка единица, способна да ја поврзе микроскалата на парцелата со макроскалата на селото.

Научната оправданост на докторскиот труд не произлегува само од тоа што обработува тема што е недоволно систематизирана во домашната архитектонско-урбанистичка литература, туку пред сè од тоа што ја менува самата точка на влез во читањето на руралната трансформација. Наместо селото да се опишува преку општи категории како депопулација, стагнација или фрагментација, трудот го поставува стопанскиот двор како примарна аналитичка единица преку која стануваат видливи внатрешните механизми на просторната промена. Во таа смисла, дисертацијата не додава само нов емпириски материјал, туку предлага нов начин на објаснување на руралната морфологија, во кој микропромените на парцелата се поврзуваат со макроисходите на селската матрица. Научниот придонес на дисертацијата може да се формулира на три нивоа: прво, теориски, трудот го редефинира стопанскиот двор како морфогенетски елемент и ја воспоставува „дворната матрица“ како објаснувачка рамка за руралната морфологија. Второ, методолошки, трудот развива репликативен аналитички протокол што ги поврзува единиците на анализа, индикаторите, механизмите и морфолошките исходи во дисциплинирана морфогенетска секвенца, и трето, емпириски, трудот нуди компаративна претстава на просторните траектории во селата на Скопска Црна Гора и покажува дека тие можат да се профилираат, споредуваат и преведат во применливи правила. Во таа смисла, дисертацијата не функционира само како интерпретативен модел, туку и како аналитичка основа за архитектонско и планерско делување.

Комисијата сака посебно да истакне неколку квалитативни карактеристики на докторската дисертација на м-р Димитар Крстески кои, сами по себе, говорат за научниот придонес на кандидатот во елаборацијата на оваа проблематика. Прво, во докторскиот труд

комплексно, опстојно и продлабочено се испитува темата на руралната архитектура и руралните населби. Второ, докторскиот труд има јасно идентификуван и дефиниран научен проблем, предмет и цели на истражување, логична структура и методолошка конзистентност, при што успешно се поврзани теоретските согледувања со емпириската анализа и со резултатите и изведените заклучоци. Трето, кандидатот покажува високо ниво на упатеност во современата литература од областа и успешно ги систематизира најрелевантните теоретски постулати и концепти, кои понатаму успешно ги применува во анализата на конкретниот идентификуван научен проблем и предмет на истражување. Четврто, емпириските дел од докторскиот труд е изработен врз основа на релевантни податоци и со соодветен избор и во соодветно поставена и иновативна методолошка рамка. Петто, добиените резултати се јасно интерпретирани и логично поврзани со поставените хипотези и цели. Шесто, заклучоците се аргументирани, конзистентни и произлегуваат директно од спроведената анализа, а докторскиот труд има значаен практичен придонес. Седмо, трудот има висока научна и практична релевантност, бидејќи покрај теоретскиот придонес, кандидатот нуди и конкретни научно засновани препораки за креирање стратегии насочени за развој на руралните населби во Македонија. Сите овие карактеристики на докторската дисертација го потврдуваат високиот квалитет на истражувањата на кандидатот м-р Димитар Крстески.

Врз основа на горенаведеното, докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Крстески, со наслов: „Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, врз основа на резултатите од своите истражувања, ги објавил следниве истражувачки трудови и трудови во зборници од конференции, со што ги исполнил законските услови за одбрана на докторската дисертација:

1. Dimitar Krsteski, Aleksandar Radevski, Goran Mickovski, Agricultural yards in rural areas in the context of sustainable development – The example of Brodec village, Proceedings of the International Conference Synergy of Architecture and Civil Engeneering 2025 – Vol. 1, 11-12. September 2025
2. Dimitar Krsteski, Aleksandar Radevski, Goran Mickovski, Agricultural yards in rural areas in the context of sustainable development – The example of Gornjane village, South East European Journal of Architecture and Design – Vol. 11 No. 1, 24. October 2025

Кандидатот Димитар Крстески има реализирано меѓународна мобилност во рамки на Докторската школа при Универзитетот ИУАВ во Венеција (Universita Iuav di Venecia, Scuola di Dottorato in Culture del Progetto), Република Италија, во периодот од 13 до 23 мај 2023 година. За време на краткотрајниот престој остварил индивидуални истражувачки активности и учество во дискусии на докторските студии на Универзитетот ИУАВ во Венеција.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Крстески е методолошки засновано и содржински релеватно истражување кое обработува актуелна проблематика, која досега беше слабо истражена. Кандидатот преку изработката на докторската дисертација ја докажа својата способност за самостојно научно истражување и критичко размислување, како и примена на теоретски и емпириски модели, при што резултатите се јасно интерпретирани и поврзани со поставените цели и хипотези. Имајќи ги предвид сите аспекти на дисертацијата, може да се заклучи дека станува збор за вреден научен труд кој отвора нови перспективи во областа на руралната архитектутра и руралните населби.

Клучен резултат на дисертацијата е развивањето на концептот „дворна матрица“ како систем на повторливи просторни правила преку кои стопанскиот двор ја организира парцелата и влијае на формирањето на морфологијата на селските населби. Во рамки на истражувањето, дворната матрица не се подразбрана како стилска или формална шема, туку како организациска структура составена од: граници, пристапи, внатрешни патеки, зонирање, однос меѓу куќата и стопанските објекти и однос меѓу дворот и улицата. Трудот покажа дека токму кога оваа организациска структура се одржува, се адаптира или контролирано се трансформира, селската морфологија останува читлива и стабилна. Обратно, кога таа се брише преку фрагментација, преголемо згуснување, промена на програмата без просторен ред или периферно распрснување, почнува да се распушта и поширокиот морфолошки поредок на селото.

Посебна аналитичка вредност има типолошкиот дел од трудот. Дисертацијата покажува дека типот е научно продуктивен само тогаш кога не се третира како каталог на форми, туку како код на организациска логика. Типологијата на стопанските дворови овозможува тие да се читаат како просторна структура со сопствени правила на составување и трансформација. Интегралните, дисперзираните, компактните и фрагментираните типови на стопански дворови не се важни само како описни категории, туку како аналитички алатки преку кои се следи дали дворната логика се задржува, редуцира, хибридизира или распушта. Со тоа, типологијата станува средство за читање на транзиции и механизми, а не само на затечени состојби.

Компаративната синтеза на трите студии на случај ја потврди суштинската научна вредност на трудот: просторното читање на селото се пренасочува од општи наративи кон конкретни генеративни механизми; се покажува дека трансформациите на стопанските дворови не се еднообразни, туку произведуваат различни профили на просторна еволуција зависно од потесниот морфолошки и функционален контекст; се потврдува дека руралната трансформација не може да се разбере само како прашање на пораст или опаѓање на изграденоста, туку како промена на правилата што го организираат просторот. Со тоа, трудот ја поместува анализата од форма како статична слика кон форма како израз на активна просторна логика. Особено значајно е што трудот го покажува јазот меѓу институционалната препознатливост на стопанскиот двор и неговото научно објаснување. Во документарниот и нормативно-плански корпус, стопанскиот двор е препознаен како програмска и функционална единица, но не е целосно разбран како механизам што генерира морфолошки последици. Овој труд ја пополнува токму таа празнина. Тој покажува дека преку трансформацијата на стопанскиот двор се продуцираат различни просторни промени како: згуснување, периферно ширење, функционална пренамена, реконфигурација на парцелата и постепено преобликување на селската матрица. Со тоа, дисертацијата ја проширува расправата од нивото на нормативно препознавање кон нивото на морфолошко објаснување.

Трудот јасно ги препознава и сопствените граници, кои се дел од заклучните наводи. Предложениот модел е најсилен таму каде што стопанскиот двор историски функционира како организациски носител на продуктивна програма и како посредник меѓу приватното и колективното. Тој не треба да се разбира како универзален рецепт, туку како аналитички јазик што бара внимателна калибрација кога се применува во контексти со радикално изменета продуктивна логика или со поинаква историја на парцеларна организација. Токму затоа, трансферибилноста на пристапот не се темели на сличност на формите, туку на сличност на правилата. Суштинската методолошка порака на дисертацијата е дека она што може да се пренесе од еден рурален контекст во друг не е каталогот на облици, туку начинот на кој просторот се организира, трансформира и чита.

Насоките за понатамошно истражување произлегуваат директно од истражувањето се: прво, пристапот треба да се тестира и во други рурални региони на Македонија за да се провери колку дворната матрица останува читлива во различни природно-географски и културни средини, второ, потребни се подлабоки анализи што ќе ги поврзат морфолошките промени со подолги временски серии, вклучително и со дигитални картографски и сателитски алатки, трето, дополнително може да се разработи односот меѓу трансформација на стопанските дворови и демографските, економските и социјалните состојби во селата, особено во услови на стареење на населението, сезонско користење и развој на туризам, и четврто, од резултатите на истражувањето може да се развие пооперативен проектантски прирачник за интервенции во руралните средини, со визуелни модели и правила што директно ќе им служат на архитектите, урбанистите и локалните самоуправи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Димитар Крстески** со наслов: **Анализа на стопанските дворови и нивното влијание врз просторните промени во селата на Скопска Црна Гора.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Горан Мицковски, претседател, с.р.
Проф. д-р Александар Радевски, ментор, с.р.
Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, член, с.р.
Проф. д-р Елизабета Касапова, член, с.р.
Проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОЛАРЕН ПОТЕНЦИЈАЛ НА ИЗГРАДЕНИ ПОКРИВНИ ПОВРШИНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПОСТИГНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАДСКИТЕ СРЕДИНИ ВО МАКЕДОНИЈА“

ОД М-Р КИРЕ ТАСЕ СТАВРОВ,
ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 24. седница одржана на 24.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **м-р Кире** Тасе **Ставров** со наслов: **Соларен потенцијал на изградени покривни површини за производство на електрична енергија и постигнување на одржливост во градските средини во Македонија**, во состав: проф. д-р Димитар Папастеревски (претседател), проф. д-р Страхиња Трпевски (ментор), проф. д-р Ана Тромбева Гавриловска (член), проф. д-р Огнен Марина (член) и проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Кире** Тасе **Ставров**, со наслов: Соларен потенцијал на изградени покривни површини за производство на електрична енергија и постигнување на одржливост во градските средини во Македонија“, содржи 214 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12 типографски точки со 10 типографски точки фусноти, 10 типографски точки библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 6 глави, вклучувајќи ги воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Како користена литература се наведени вкупно 117 библиографски единици. Во дисертацијата се презентирани 22 табели, 138 слики и дијаграми, со кои се објаснуваат постапките на истражувањето и се презентираат добиените резултати.

Во општиот дел, дадени се кратко резиме на македонски и на англиски јазик. **Воведот** е **нумериран како прва глава на трудот**, во кој се изложени во конзистентна форма истражувачките позиции теоретската рамка со методите на истражување, како и предметот и целите на истражувањето, хипотезата и истражувачките прашања. Кандидатот укажува дека со истражувањето посветено на определувањето на соларниот и енергетскиот потенцијал на покривните површини во градските средини во Македонија се постигнува сеопфатна научна студија која ја разгледува интеракцијата помеѓу изградената средина, обновливите извори на енергија и современите податочни технологии. Во овој контекст, изградената средина – и особено покривните површини – се идентификуваат како значајни, но недоволно валоризирани просторно-енергетски ресурси чија трансформација може суштински да придонесе кон енергетска автономност на домаќинствата и градовите. Поттикнато од поволната географска позиционираност на земјата и растечките потреби за енергетска независност, истражувањето ја развива методолошката рамка потребна за идентификација, квантификација и анализа на соларниот потенцијал на кровните структури од станбени објекти во повеќе градски опфати. Предметот на истражувањето се однесува на определување на соларниот, фотоволтаичниот и енергетскиот потенцијал на покривните површини во градските средини, при што се анализираат нивните геометриски, ориентациски и енергетски карактеристики. Целта е да се развие интегрирана, научно валидна методологија базирана врз прецизни просторни податоци и напредни дигитални техники, со која ќе се квантифицира производствениот

капацитет на покривите и ќе се утврди дали тие можат да ја задоволат, делумно или целосно, годишната потрошувачка на електрична енергија на домаќинствата. На овој начин, трудот не се ограничува на технички мерења, туку развива поширок модел на просторно-енергетска процена.

Методолошкиот пристап е базиран на три системски поврзани сегменти: детално документирање на покривните површини, симулација на влијанието на сончевите зраци и емпириска енергетска анализа. Документацијата ги користи просторните податоци добиени од LiDAR-технологијата, обезбедени од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, со што се овозможува добивање густ облак од точки, прецизно класифицирање на површините и изработка на растерски DSM модели. На основа на овие податоци се идентификуваат наклонот, ориентацијата и геометриските параметри на кровните површини – фактори кои директно влијаат на соларниот енергетски капацитет. Примената на геопроцесирачки алатки, модели за длабоко учење и компјутерски симулации овозможува јасна сегментација на корисната површина, отфрлање на несоодветни делови (прекумерен наклон, засенчување, северна ориентација) и определување на површините со највисок потенцијал Почетните претпоставки вклучуваат дека Македонија има доволен соларен потенцијал за значајно производство на електрична енергија; дека покривните површини можат да се третираат како активни енергетски елементи; и дека со примена на LiDAR-податоци, ГИС-алатки и аналитички модели може да се развие прецизна методологија за определување на соларниот капацитет. Така обмислен, воведот ја нагласува значајноста на темата – актуелна и недоволно обработена во македонскиот контекст – и ја поставува дисертацијата како истражување со јасен научен и апликативен придонес: развивање методологија која може да се користи за соларни катастри, архитектонско проектирање, урбани политики и долгорочни енергетски стратегии.

Втората глава, со наслов „Преглед на достигнувањата во дадената научна област поврзани со предметот, целите на истражување, работните хипотези и тези“, претставува еден од најобемните и најкритичните сегменти од докторската дисертација. Таа е составена од десет концепциски дефинирани поглавја, кои обезбедуваат методолошка, теоретска и проблемска основа без која понатамошниот развој на истражувањето не би бил можен. Поглавјата се јасно структурирани и меѓусебно поврзани, и со тоа обезбедуваат стабилен аналитички контекст во кој се формулираат предметот, хипотезите, целите и научните очекувања на трудот.

Контекстот на истражувањето се поставува преку три фундаментални ентитети: архитектонски простор, енергија и податок. Авторот го интерпретира покривот не само како обвивка со морфолошки карактеристики, туку и како термодинамички и енергетски активен елемент – површина која поради наклонот, ориентацијата и експонираноста природно апсорбира сончева радијација. Овој пристап претставува значајно отстапување од традиционалната архитектонска перцепција и ја воведува концепцијата за „третата природа“ на покривите – нивната енергетска функција. Користењето на LiDAR-технологијата е оправдано како најсовремен метод за добивање високопрецизни просторни податоци, преку кои се овозможува идентификација на наклон, ориентација и геометриски карактеристики на покривите со максимална точност. Ова позиционирање на дисертацијата во рамките на глобалниот дигитален истражувачки дискурс претставува силна почетна основа за понатамошниот развој на трудот .

Во ова поглавје, систематски се разработени трите главни групи проблеми: **просторни проблеми**, кои произлегуваат од морфолошката комплексност на покривите, нивната материјалност, присуството на инсталациски елементи и динамичните сенки; **енергетски проблеми**, поврзани со разликите меѓу директна, дифузна и рефлектирана радијација и нивното независно влијание врз енергетскиот биланс; **податочни проблеми**, особено недостигот на точни податоци за број на домаќинства, потрошувачка и јавни бази со унифицирани просторни информации. Авторот ги препознава сите релевантни технички ограничувања – од рефлективност, преку засенувања и материјални аномалии, до променлива осветленост – и

демонстрира способност да ги интегрира во методолошката рамка. Сегментот има критички тон, но е конструктивно ориентиран, бидејќи ја оправдува потребата од развој на нова интегрирана методологија .

Предметната рамка е јасно дефинирана и го опфаќа тријадниот однос: покривите како геометриски и конструктивни просторни површини, сончевата радијација како природен енергетски ресурс и домаќинствата како крајни енергетски потрошувачи. Изборот на пет различни македонски урбани средини (Гевгелија, Градско, Неготино, Пехчево и Скопје) овозможува компаративна анализа низ разновидни климатски, демографски и морфолошки услови. Со тоа се создава цврста база за просторна и енергетска диференцијација помеѓу различни урбани типологии. Предметната дефиниција успешно ја поврзува морфологијата, енергијата и социодемографските параметри во единствен аналитички корпус .

Целите се поставени логично и последователно, опфаќајќи:документирање на покривите, пресметување на сончевиот потенцијал, анализа на техничките својства на фотоволтаичните системи, квантификација на станбените единици, визуелизација на сложени податочни структури, процена на локална енергетска автономност. Овие цели создаваат интегративен методолошки пат од податок – до анализа – до енергетска процена. Концептот за „корисна покривна површина“ е особено значаен, бидејќи претставува клучен индикатор за реалната применливост на ФВ-системите во урбан контекст.

Трите основни тези се развиени врз јасни научни принципи: важноста на LiDAR-податокот како основа за точна просторна анализа; климатскиот потенцијал на македонските урбани средини; значењето на емпириската анализа во валидирањето на енергетските модели. Хипотезите се меѓусебно логички поврзани и истовремено тестибилни, што ја засилува научната валидност на трудот. Главната хипотеза – точноста на определување на односот меѓу производство и потрошувачка – ја дефинира основната научна траекторија на истражувањето.

Методолошкиот пристап е развиен во четири фазни компоненти: законодавна анализа, документација, симулација и емпириска анализа. Овој структуриран модел обезбедува висока кохерентност и нормативна усогласеност со глобалните и европските директиви за обновлива енергија. Документацијата со LiDAR обезбедува техничка прецизност, симулацискиот дел демонстрира способност за обработка на климатски и геометриски променливи, а емпириската анализа ги поврзува просторните, енергетските и демографските податоци во единствен модел за процена на локална енергетска автономност. Придобивките се тројни: **научни** – воведување унифицирани критериуми за корисна покривна површина и соларен катастар; **апликативни** – директна примена во урбанистичко планирање, архитектонско проектирање и локални енергетски стратегии, и **општествени** – намалување енергетска зависност, поттикнување одржливост и растеретување на мрежата.

Прегледот на литературата е обемен, систематизиран и ги следи глобалните и локалните научни практики. Опфатени се централизирани и децентрализирани системи, глобални GIS-истражувања, различни видови просторни податоци (сателитски снимки, дронски снимки, ортофотографии, облаци од точки), методи на документирање и напредни техники од машинско и длабоко учење. Особено значајно е тоа што се издвојуваат јасни празнини во постојната литература – недоволна унификација на просторни податоци, ограничена локална научна база и недостаток на интегрирани методологии – со што дисертацијата го оправдува својот научен и практичен придонес. Глава 2 претставува методолошки столб на целата дисертација. Таа ја позиционира темата во глобален научен контекст, ги дефинира проблемите, го артикулира предметот, ги логички структурира целите и хипотезите, и создава научна потреба за развој на интегрирана методологија за соларен и енергетски потенцијал. Поглавјето е конзистентно, аргументирано и научно релевантно, со што обезбедува стабилна основа за сите понатамошни анализи и резултати во дисертацијата.

Глава 3 го претставува централниот методолошки столб на докторската дисертација, во кој авторот ги разработува применетите научни методи и го дефинира начинот на работа преку кој се воспоставува целокупната аналитичка рамка на истражувањето. Структурно, ова поглавје интегрира четири меѓусебно зависни методолошки компоненти: законодавна анализа, документација на покривни површини, методи за определување на сончев и енергетски потенцијал и емпириски истражувања. Нивната меѓусебна кохерентност и строгост претставуваат една од најсилните точки на дисертацијата.

Во дисертацијата методолошки се поставува законодавството како фундамент за развивање на научните пристапи, третирајќи го како вредносно-нормативен слој кој ја одредува рамката на енергетската транзиција и интеграцијата на фотоволтаичните системи во изградената средина. Анализата се развива на три нивоа: **(1) глобално**, преку SDG-агендата, Женевската повелба и документите на ОН, со посебен акцент на SDG 11 и неговата релевантност за одржливи градови; **(2) европско**, со детална елаборација на EPBD-директивата, Европскиот зелен договор, Новиот европски Баухаус и директивата за јавни податоци – сите третирани не декларативно, туку преку нивното директно влијание врз архитектонската обвивка, реновирањето и соларните системи; **(3) национално**, со анализа на законите за енергетска ефикасност, енергетика, градење, обновливи извори и индикаторите за домаќинствата.

Вториот дел претставува најтехнички детализираниот сегмент на поглавјето и ја поставува основата за сите последователни пресметки. Авторот ја разработува употребата на **LiDAR-податоците** како единствен и најпрецизен извор за геометриско документирање, истакнувајќи ги нивните предности: висока густина (2–5 точки/m²), точност, територијална опфатност и можност за креирање високо резолуциски просторни модели. Процесот е методолошки јасно поделен на неколку чекори:

- **класификација на облак од точки** (разграничување тло – покрив – шум),
- **интерполација** (создавање DEM и DSM-растерски модели),
- **растеризација и векторизација** (извлекување чиста основа на покривите),
- **сегментација** (определување наклон и ориентација).

Со ова се презентира системска хиерархија во која секој чекор претставува предуслов за следниот — од филтрирање на шумови, преку растерско моделирање, до аналитичко дефинирање на покривните рамнини. Методологијата е научно транспарентна, технички прецизна и репликабилна, што ја прави една од најсилните методолошки целини во трудот .

Во сегментот за определување на сончевиот и фотоволтаичен енергетски потенцијал се развива енергетско-аналитичкиот дел од истражувањето. Авторот ги претвора геометриските модели во технички енергетски параметри преку обработка на: **соларната физика** (директна, дифузна, рефлектирана радијација; соларна константа; албедо), **климатските фактори на Македонија**, **ГИС-симулациите** (ArcGIS Pro – Area Solar Radiation) и **техничките својства на ФВ-системите** (ефикасност, загуби, температура, ориентација). Методолошки особено значајно е определувањето на корисната покривна површина, каде што се редуцираат сегментите со неповолна ориентација, наклон или ниска радијација. Со тоа се обезбедува реална, а не теоретска процена на соларниот капацитет.

Делот за производство на електрична енергија ги синтетизира техничките параметри со податоците за просечната годишна потрошувачка на македонските домаќинства (6,80 MWh), овозможувајќи непосредно мерење на енергетската автономност. Овој дел претставува прецизно поврзување на просторната и енергетската анализа и покажува висок степен на техничка компетентност.

Емпириските истражувања се финалната, синтетичка методолошка целина. Тие опфаќаат: **работа со податоци** (растерска сегментација, Zonal Statistics, Python алгоритми), **квантифицирање на просторните и енергетските вредности**, **визуелизација** преку хордов, столбести и санки дијаграми, со што истражувањето

трансформира сложени геопросторни и енергетски модели во кохерентни нумерички резултати.

Овој дел ја потврдува валидноста на целокупната методологија, покажува способност да се обработат големи податочни множества и го претвора дисертацискиот модел во практично применлив аналитички инструмент. Глава 3 претставува балансирана и интегрирана методолошка конструкција, во која законодавните, техничките, енергетските и емпириските пристапи се поврзани во единствен, строго аргументиран истражувачки модел. Со тоа се демонстрира високо ниво на интердисциплинарност, техничка длабочина, методолошка строгост и аналитичка зрелост. Поглавјето е едно од најсилните во дисертацијата, поставувајќи ја основата за сите понатамошни резултати и научни заклучоци.

Глава 4 се однесува на резултатите, Глава 5 на примена на резултатите од истражувањето и можни насоки за натамошно истражувања и Глава 6 – Заклучок. Коментарите за содржината во овие глави се содржани во понатамошниот текст од извештајот.

Предмет на истражување

Предметот на истражувањето е насочен кон анализа на влијанието на сончевите зраци врз наклонетите покривни површини и утврдување на можностите за производство на електрична енергија во рамките на станбените објекти во Македонија. Покривните површини се разгледуваат како клучен дел од архитектонската обвивка и како критични простори за геопросторно документирање и термодинамичка анализа. Истражувањето се спроведува врз основа на податоци од облак од точки, добиени преку воздушно ласерско скенирање од Агенцијата за катастар, со чија примена се дефинираат двете основни геометриски карактеристики: наклонетиот агол и правецот на покривните планови.

Просторниот опфат вклучува изградени покривни површини во Гевгелија, Градско, Неготино, Пехчево и Скопје. Локациите се избрани според критериуми како густина на изграденост, климатска зона, број на домаќинства и типологија на домување, што овозможува репрезентативен пресек на различни урбани морфологии во Македонија. Документирањето на покривите претставува комплексен процес кој започнува од точката како основна мерна единица, а завршува со кохерентен просторен модел погоден за енергетска анализа.

Покрај геометриската димензија, предмет на истражување е и сончевата радијација како енергетски потенцијал. Анализата ги опфаќа и директното влијание на сончевите зраци врз наклонетите покривни површини и трансформацијата на апсорбираната сончева енергија во електрична, во зависност од технолошките карактеристики на фотоволтаичните системи. Фокусот е ставен на квантифицирање на сончевата енергија и на пресметка на потенцијално произведената електрична енергија за секоја документирана површина.

Истражувањето ги поврзува просторните и енергетските параметри со станбените карактеристики на анализираните објекти. Преку утврдување на бројот на станбените единици во секој објект, произведената електрична енергија се доведува во однос со реалната потрошувачка на домаќинствата. На тој начин, истражувањето воспоставува функционална рамка која обединува геометриски документарни процеси, соларни и енергетски анализи и демографски параметри, овозможувајќи сеопфатна процена на потенцијалот за енергетска автономност преку покривните фотоволтаични системи

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Анализата на постојните истражувања во дисертацијата претставува обемна, систематизирана тематска област која се однесува на сончевиот, фотоволтаичниот и енергетскиот потенцијал на покривните површини. Авторот успева да постави солидна

теоретска рамка, да ги прође сите доминантни истражувачки пристапи и да ги групира во десет јасно дефинирани тематски целини. Ова поглавје има двојна функција: од една страна обезбедува научна основа врз која се гради целата методологија на трудот, а од друга страна претставува критичка синтеза на глобалните, регионалните и локалните практики за анализа на соларниот потенцијал. Прегледот е богат, интернационален, структуриран и методолошки конзистентен, што го прави овој дел силна подлога за понатамошните истражувачки чекори.

Во почетниот сегмент се обработува литературата за **централизирани и децентрализирани енергетски системи**, претставувајќи аналитички пристап кон тоа како електричната енергија се произведува, дистрибуира и троши. Прегледот на централизирани системи ги посочува нивните силни страни – висока моќност и технолошка конзистентност – но и слабостите како големи загуби, просторни барања и негативно влијание врз животната средина. Наспроти нив, децентрализираните системи (покривни ФВ-системи, микромрежи, соларни заедници) се дефинираат како флексибилни, адаптивни и особено погодни за урбана интеграција, што ја оправдува фокусната ориентација на дисертацијата кон покривните површини како активни енергетски структури.

Вториот дел е посветен на **георeференцираните истражувања**. Прикажани се примери на глобално, национално и локално ниво — од 11 светски региони, преку Австралија, Еквадор, Куба и Швајцарија, до урбани анализи како Сингапур, Торино и Александрија. Авторот прецизно ја нагласува улогата на ГИС-системите, далечинското сондирање и напредните алатки како ArcGIS, PVGIS и CityJSON во симулирањето на радијацијата, мапирањето на покривите и пресметката на енергетските потенцијали. Овој сегмент ја демонстрира глобалната релевантност на темата и ја усогласува дисертацијата со најсовремените методолошки трендови во урбаното енергетско моделирање.

Потоа следува детален преглед на **начините на прибирање просторни податоци**, што е особено важно за труд кој се темели на LiDAR-податоци. Анализирани се главните категории извори: сателитски снимки (Sentinel), ортофотографии, дронски снимки со висока прецизност, фотографии од улично ниво и облаци од точки. Авторот ја нагласува разликата во нивната резолуција, точност и применливост, со што убедливо го оправдува изборот на LiDAR-податоците како најпрецизен и најсоодветен метод за документирање покриви. Овој дел ја истакнува технолошката компетентност на изборот и ја позиционира дисертацијата во сферата на современата дигитална архитектура.

Во делот за **документирање на покривните површини**, прегледот опфаќа напредни методи од машинско и длабоко учење, семантичко сегментирање, невронски мрежи, па сè до автоматско моделирање со облаци од точки. Вклучувањето на LoD2 и LoD3-стандардите, генерирачки модели и алгоритми за класификација ја покажува ширината на технолошките решенија што веќе постојат во светската практика. Посебно се вреднува тоа што се вклучува и македонски пример (Скопје, Струмица), со што се создава мост меѓу глобалните методи и локалната научна средина.

Клучниот сегмент – **определување на сончевиот, фотоволтаичниот и енергетскиот потенцијал** – е мошне темелно обработен и теоретски силен. Авторот прави систематизација на сите влијателни параметри: типови сончева радијација (директна, дифузна, рефлектирана), материјали и албедо, оптимални агли (15° – 50°), ориентации, засенчување (загуби до 80 %) и динамични фактори како снег и нечистотија. Посебно значајни се глобалните процени за корисна покривна површина (60 – 68 % во различни земји) и дневната радијација, што ја потврдува меѓународната важност на проблематиката.

Поглавјето дополнително се продлабочува со истражувања за **производство на електрична енергија**, ФВ-системи, модули и ќелии. Се обработуваат параметрите за ефикасност, материјализација, деградација, топлински влијанија, дефекти и мониторинг. Овој дел демонстрира високо техничко знаење и прецизна научна интеграција, особено преку референцирањето на модерни технологии како

перовскитни келии, длабоко учење за дијагностика и софтвери како Pvsyst, MATLAB и SCAPS-1D.

Прегледот завршува со истражувања за **производство на електрична енергија во станбени објекти**, каде што се покажува дека покривните површини можат да покријат голем дел од годишната потрошувачка (до 77 % кај повеќесемејни згради), што директно го поддржува фокусот на дисертацијата. Последните тематски единици – визуелни дијаграми, сценарија на иден развој и идентификувани недостатоци во литературата – додаваат длабочина и критичка свесност за празнините во истражувањата, особено во доменот на интегрирање податоци, квалитетот на јавните бази и потребата од унифицирани методологии.

Во делот на клучни недостатоци во претходните истражувања, се идентификуваат неколку кои ја оправдуваат потребата од нов, интегриран и методолошки унифициран пристап. Најпрво, забележлива е ниската кохерентност меѓу различните видови просторни податоци — сателитски снимки, ортофотографии, LiDAR-облаци и јавно достапни податоци — што често резултира со неусогласени анализи и ограничена меѓусебна споредливост. Различниот квалитет, резолуција и степен на георeференцирање доведуваат до тешкотии во примена на резултатите на локално ниво и го отежнуваат развивањето на универзално применлива методологија. Понатаму, постојната литература на глобално и регионално ниво е богата, но најчесто дисперзно организирана, при што различните студии користат неусогласени параметри, мерења и критериуми за процена на соларниот и фотоволтаичниот потенцијал. Ова создава ограничувања во создавање споредбени модели применливи во урбани средини со различна густина на изградба. Се забележуваат и методолошки недостатоци поврзани со класификацијата, интерполацијата и документирањето на покривните површини, особено поради отсуството на јасно дефиниран концепт за „корисна покривна површина“, која е суштинска за реалните процени на ФВ-потенцијалот.

Во енергетскиот домен, претходните истражувања ретко нудат целосно интегриран пристап кој истовремено ги зема предвид сончевата радијација, технолошките параметри на ФВ-системите, годишната динамика на сончевите влијанија, загубите од сенки и архитектонските карактеристики на покривите. Сите овие фактори најчесто се третираат изолирано, што резултира со нецелосни или преценети процени на енергетскиот потенцијал.

Особено значајна празнина е ограниченият број истражувања во Македонија. Иако постои достапен LiDAR-материјал, недостасува развиен соларен катастар, како и унифициран метод за енергетска анализа во архитектонски и урбанистички контекст. Законската рамка постои, но научната и инженерската практика сè уште не ја следи соодветно, што создава јасна празнина помеѓу нормативните цели и применливите истражувачки модели. Овие недостатоци укажуваат на силна потреба од научна интервенција која ќе обезбеди сеопфатна, стандардизирана и локално адаптирана методологија. Ваквите празнини ја оправдуваат релевантноста на дисертацијата и го потенцираат нејзиниот придонес кон воспоставување унифициран систем за определување на соларниот и енергетскиот потенцијал на покривните површини во македонскиот урбан контекст. Трудот има потенцијал да ја пополни најкритичната разлика меѓу глобалните научни практики и локалните потреби, создавајќи нова методолошка основа од значење за архитектурата, урбанизмот и енергетската транзиција.

Краток опис на применетите методи

Методолошката поставка на истражувањето претставува интегриран, повеќеслоен и интердисциплинарен систем на научни постапки чија цел е прецизно да се документираат покривните површини во урбаните средини на Македонија, да се квантифицира сончевиот потенцијал и да се утврди енергетскиот капацитет на објектите за интеграција на фотоволтаични системи. Методологијата се темели на четири комплементарни основи: нормативно-концептуелна рамка, технолошки

засновани просторни методи, модели за сончева и енергетска симулација и емпириски анализи. Во првата методолошка компонента, законодавната рамка е анализирана на глобално, европско и национално ниво, со цел дефинирање на структурните ограничувања и обврските од политиките што го детерминираат пристапот кон обновливите извори, енергетската ефикасност, реновирањето и дигиталната достапност на податоци. Овој нормативен сегмент служи како основа за методолошкото поставување, обезбедувајќи легитимитет и усогласеност со директивите EPBD (2024), Европскиот зелен договор, Новиот европски Баухаус и националните закони за енергетска ефикасност, градење, енергетика и обновливи извори.

Втората методолошка компонента се заснова на **LiDAR-технологијата**, користејќи облак од точки со висока резолуција (2–5 точки/m²) како примарен извор на просторни податоци. Податоците, доставени од Агенцијата за катастар, се georeferенцирани и обработени преку ГИС-платформата ArcGIS, што овозможува нивно структурирање во DEM и DSM растерски модели за потребите на просторната анализа. Постапките опфаќаат автоматска класификација на LAS/LAZ податоци, разграничување на точки од тло и покрив, филтрирање на шумови и интерполација на растерски површини. Истражувањето применува агресивен алгоритамски метод за селекција на покривни точки (>2 m над тло; >10 m²), со што се обезбедува висок степен на прецизност и репродуцибилност на резултатите .

Во третата методолошка фаза се спроведува **векторизација на покривните површини**, преку растеризација на класифицираните точки, извлекување на границите на покривните основи и корекција на геометриски неправилности. Понатаму, преку сегментација на DSM-моделот се пресметуваат наклонот и ориентацијата на покривните рамнини – параметри што се неопходни за реална процена на сончевата експозиција и создавање на корисна покривна површина.

Четвртата методолошка компонента се однесува на **квантифицирање на сончевиот и енергетскиот потенцијал**. Примената на ArcGIS „Area Solar Radiation“ алатката овозможува пресметка на директна, дифузна и рефлектирана радијација, со интеграција на засенување, топографија и ориентација. Поставени се критериуми за избор на површини со потенцијална енергетска продуктивност: наклон <45°, радијација >800 kWh/m² годишно, ориентација надвор од северниот сектор . Производството на електрична енергија се пресметува врз основа на трансформациски фактори (18 % ефикасност на ФВ-панели, 25 % системски загуби), што овозможува реални и применливи резултати за секој објект.

Емпириската и аналитичка компонента вклучува статистичко-табеларна обработка (ArcGIS Zonal Statistics as Table), визуелизација преку столбести, хордов и санки дијаграми, како и интеграција на демографски податоци од Катастарот со цел пресметка на енергијата по станбена единица и определување на односот производство – потрошувачка. На тој начин, методологијата овозможува целосно преобразување на сурови просторни податоци во функционални енергетски индикатори на урбаните сегменти.

Во целина, применетата методологија претставува кохерентен, технички оправдан и научно валидиран систем на постапки кој обезбедува висока просторна прецизност, енергетска релевантност и аналитичка длабочина, со директна применливост во планирањето на соларни стратегии, политики за енергетска ефикасност и развој на соларни катастри во Македонија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Врз основа на анализата на прикажаните резултати, може да се заклучи дека истражувањето претставува методолошки доследна, научно аргументирана и емпириски валидна студија која значајно придонесува во областа на енергетската трансформација, одржливото планирање и архитектонско-урбанистичките анализи во Република Македонија. Резултатите се добиени преку јасно дефинирани и прецизно имплементирани истражувачки процеси кои комбинираат напредни ГИС-техники, LiDAR-податоци, сончеви симулации и квантитативни енергетски пресметки, што го

прави трудот репрезентативен и високо релевантен во научен и практичен контекст. Истражувачката компетентност во обработката и интерпретацијата на просторните параметри е на високо ниво. Од деветте анализирани урбани сегменти, во вкупен опфат од 580 архитектонски објекти, прецизно се дефинирани покривните геометрии, корисната површина за фотонапонски системи и морфолошките карактеристики на изградената средина. Методолошката постапка е воспоставена во последователен тек, со опсервации што укажуваат на исклучително високо ниво на деталност и точност при трансформацијата на LiDAR-податоци во аналитички модели. Овој сегмент претставува значаен научен придонес, бидејќи втемелува прецизна методологија за систематско документирање на покривните површини, што е суштествено за национални и локални енергетски политики. Ваков тип на прецизност не беше откриен досега во анализата за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата.

Резултатите од сончевата радијација и квантификацијата на сончевиот потенцијал се добиени низ методолошка комплетност. Симулациите се применети кон сите урбани сегменти, со јасно дефинирани критериуми за елиминација на неподобни површини. Вредностите на сончевата енергија (од 6.022 MWh до 22.814 MWh годишно по сегмент), презентирани во различни интервални категории, укажуваат на структурирана, аналитички веродостојна распределба и покажуваат дека Македонија поседува значаен и систематски неискористен соларен ресурс.

Пресметката на финалната електрична енергија претставува најуверлив научен сегмент во дисертацијата. Примената на параметри како ефикасност на ФВ-системи, преносни загуби и сезонски влијанија овозможува добивање реални и практично применливи вредности (од 431,41 MWh/год. во Дебар Маало до 3.139,23 MWh/год. во Градско). Овие резултати овозможуваат квантитативно разбирање на генерирачките капацитети на покривите и претставуваат значаен придонес за енергетската планирачка практика и остварување на долгорочната цел за енергетска самостојност на објектите.

Вклучувањето на демографските состојби преку анализа на бројот на станбени единици – што драматично варира од 6 до над 1.200 – претставува важен аналитички сегмент што дозволува да се оценува пер-капита енергетската добивка. Параметарот „електрична енергија по станбена единица“ е особено силен индикатор кој овозможува темелно оценување на енергетската автономност и нејзината изводливост во различни урбани структури. Резултатите покажуваат дека во низински и опфати со ниска густина (Гевгелија, Неготино, Градско), произведената енергија ја надминува потребната годишна потрошувачка, додека во густите урбани сегменти во Скопје (Дебар Маало, Капиштец) автономноста е ограничена на 10 – 30 %. Овој контраст претставува силен научен аргумент за ревидирање на енергетските urban design стратегии.

Конечно, параметарот „однос помеѓу производство и потрошувачка на електрична енергија“ е најсилниот индикатор за процена на енергетската автономност. Вредностите значајно варираат, но се целосно конзистентни со урбанистичките, морфолошките и социјалните карактеристики на сегментите. Евидентен е висок потенцијал за енергетска независност во Гевгелија (149 %), Градско (118,96 %) и Неготино, што ги позиционира овие средини како кандидати за пилот-проекти за енергетска транзиција. Истовремено, резултатите од Дебар Маало (29,05 %), Карпош (27,61 %) и Капиштец (11,44 %) укажуваат на потреба од хибридни решенија, структурни енергетски интервенции и развој на колективни енергетски заедници.

Презентираните резултати јасно демонстрираат дека авторот ги овладал методите и алатките за современа просторна, сончева и енергетска анализа на урбани средини. Трудот успешно создава валидна научна основа за формирање соларен катастар, развој на локални енергетски политики и планирање на интегрирани обновливи системи во архитектонската пракса. Особено значаен е придонесот во разликувањето на енергетските капацитети кај различни урбани морфологии, што носи практични импликации за стратешко позиционирање на инвестициски и регулаторни мерки.

Може да потврди дека резултатите се методолошки исправни, научно аргументирани, практично применливи и претставуваат значаен придонес во доменот на одржливата архитектура, енергетската ефикасност и урбаната соларна трансформација. Дисертацијата ги исполнува академските стандарди и дава основа за понатамошен развој на научни и практични политики во национален контекст.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кире Тасе Ставров, со наслов: „Соларен потенцијал на изградени покривни површини за производство на електрична енергија и постигнување на одржливост во градските средини во Македонија“, претставува истражување во научното подрачје **инженерство и технологија**, научно поле: **градежништво**, научно потполе: **архитектура**, научна област: **архитектонско инженерство**. Изработката на темата на оваа докторска дисертација претставува сеопфатно, методолошки конзистентно и научно иновативно истражување насочено кон определување на соларниот, фотоволтаичниот и енергетскиот потенцијал на изградените покривни површини во градските средини во Македонија. Авторот успева да го воспостави трудот како значаен научен придонес во областите на архитектонското инженерство, урбаната енергетика и применетата дигитална геопросторна анализа, интегрирајќи дисциплини кои традиционално функционираат одвоено – архитектонско проектирање, урбанистичко планирање, енергетика и геоинформатички технологии.

Врз основа на дефинираните цели на истражувањето за утврдување на степенот на енергетска автономност на градските средини преку квантифицирање на сончевиот и енергетскиот потенцијал на покривните површини – трудот демонстрира висока систематичност и логичка кохерентност. Авторот развива методолошка рамка која се темели на три клучни методи: документација, симулација и емпириска анализа. Овие методи не се претставени формално, туку се интензивно операционализирани и меѓусебно поврзани, со што трудот ги надминува традиционалните ограничувања на еднодимензионални архитектонски истражувања.

Поставените цели во трудот јасно се дефинирани, логички поврзани и целосно остварени преку примената на конзистентна и технички напредна методологија. Првата цел – прецизно документирање на покривните површини – е реализирана со исклучителна методолошка дисциплина. Употребата на LiDAR-податоци, нивната обработка во ГИС-средина и примената на последователни постапки за класификација, интерполација, векторизација и екстракција на геометриските параметри (наклон и ориентација) претставуваат пристап компатибилен со највисоките меѓународни стандарди. Овој дел од трудот демонстрира висок степен на техничка зрелост и претставува значително надградување на досегашните истражувачки практики во национален контекст. Втората цел – квантифицирање на влијанието на сончевата радијација – е постигната преку примена на дигитални алатки за симулација на директна, дифузна и рефлектирана сончева енергија, со земање предвид на сезонските промени, засенувањата и топографијата. Со тоа, сончевото влијание е третирано како динамична и контекстуално чувствителна вредност. Ова резултира со прецизна термодинамичка карактеризација на покривните површини, што претставува суштински предуслов за реална процена на нивниот енергетски потенцијал. Третата цел е определување на потенцијалот за производство на електрична енергија, која е реализирана со интегрирање на технолошките параметри на фотоволтаичните системи (ефикасност, загуби), што овозможува реална проценка на енергетската продуктивност наместо теоретски максимуми. Овој пристап ја зголемува применливоста на резултатите и овозможува нивна директна трансформација во планерски и проектантски алатки. Определување на односот меѓу производство и потрошувачка на електрична енергија е четвртата цел и претставува најсилниот аналитички сегмент на трудот. Поврзувањето на просторните и енергетските параметри со демографската структура (број на станбени единици и густина на население) резултира со емпириски заснована пресметка на енергетската автономност на урбаните сегменти. Ваквата трансформација од геометриска во функционална енергетска анализа овозможува јасно

разграничување меѓу сегментите што можат да обезбедат енергетски суфицит и оние кај кои постои системски дефицит. Овие резултати имаат директни импликации врз урбанистичкото планирање, политиките за енергетска ефикасност и процесите на декарбонизација. Во целина согледано, реализацијата на поставените цели е темелна, технички поткрепена и научно валидна. Авторот демонстрира висок степен на истражувачка компетентност и обезбедува резултати што претставуваат значаен придонес во развојот на просторно-енергетската анализа во македонскиот контекст.

Научниот придонес на трудот е повеќеслоен и релевантен како за националната архитектонска и урбана практика, така и за поширокиte интердисциплинарни истражувања. Посебно се издвојуваат неколку аспекти.Трудот развива оригинална и во голем дел иновативна методологија за документирање и анализа на покривните површини во Македонија. Комбинирањето на LiDAR-податоци, ГИС-алатки и соларни симулации форма на задоволување на национален контекст. Методолошката поставка не е само применета туку и системски развиена, со што трудот поставува модел кој може да послужи како основа за изработка на **национален соларен катастар**, што претставува клучен придонес со долгорочно значење. Трудот го надминува класичниот архитектонски пристап и воведува концепт на **просторно-енергетско планирање**. Идејата дека покривните површини се третираат како активни термодинамички ентитети претставува современо и научно валидно преосмислување на архитектонската обвивка, во согласност со европските политики за енергетска транзиција Преку утврдување на бројот на станбени единици и нивното поврзување со производните капацитети, трудот обезбедува нов аналитички инструмент за мерење на **енергетската автономност** на урбаните сегменти. Ова претставува научен исчекор, бидејќи овозможува интерпретација на енергијата не како техничка апстракција, туку како функционална компонента на домувањето. Исто така, трудот нуди реални сценарија за практична имплементација: предавање на вишок енергија во електромрежата, складирање во батериски системи и редефинирање на урбанистичко планирање со соларни индикатори. Овие сценарија се рационални, технички валидни и оперативно применливи.

Презентираните резултати јасно демонстрираат дека авторот ги овладал методите и алатките за современа просторна, сончева и енергетска анализа на урбани средини. Трудот успешно создава валидна научна основа за формирање соларен катастар, развој на локални енергетски политики и планирање на интегрирани обновливи системи во архитектонската пракса. Особено значаен е придонесот во разликувањето на енергетските капацитети кај различни урбани морфологии, што носи практични импликации за стратешко позиционирање на инвестициски и регулаторни мерки. Резултатите се методолошки исправни, научно аргументирани, практично применливи и претставуваат значаен придонес во доменот на одржливата архитектура, енергетската ефикасност и урбаната соларна трансформација. Дисертацијата ги исполнува академските стандарди и дава основа за понатамошен развој на научни и практични политики во национален контекст.

Докторската дисертација на кандидатот м-р **Кире** Тасе **Ставров**, со наслов: **Соларен потенцијал на изградени покривни површини за производство на електрична енергија и постигнување на одржливост во градските средини во Македонија**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1[. Stavrov, K., Trpevski, S., Papasterevski, D., Draganovski, D., Remote sensing methodology for estimating solar potential in historic buildings – case study in Gradsko, Macedonia. Proceedings of Energy Efficiency in Historic Buildings EEHB, Krems, October 2024.

[2] Stavrov, K., Trpevski, S., Tasheva, A., Internal and external influences in the design development process of the building skin. Global village - Shelter for resilient living Conference, Belgrade, November, 2023, pp. 66-71.
[3]. Stavrov, K., Trpevski, S., Tasheva, A., The Influence of the Thermal Conduction and Detail Development Process in Architecture. Civil Engineering and Architecture Vol. 11(1), pp. 207 - 216, 2023. ISSN 2332-1091. DOI: 10.13189/cea.2023.110117.

Кандидатот Кире Ставров има реализирано меѓународна мобилност на Универзитетот Кремс во Австрија, при Факултетот за архитектура и животна средина (Department of Building and Environment), во временскиот период од 1 до 28.2.2023 (признаена со Одлука бр. 1703-17/41 од 25.4.2025 година). Едномесечниот студиски престој за време на мобилноста е дел од меѓународната програма CEEPUS. Истражувањата и академските активности за време на мобилноста беа организирани во рамки на центарот за архитектонска физика и климатско инженерство. За време на студискиот престој, кандидатот учествува во наставниот и истражувачки процес во потесните активности на институтот и пошироко во рамки на гостинскиот универзитет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација претставува темелно разработено научно истражување со висока релевантност за современите архитектонски, урбанистички и енергетски практики. Авторот успешно воспоставува интердисциплинарна аналитичка рамка, во која геометриските, енергетските и демографските параметри се интегрираат во единствен методолошки модел за процена на соларниот и енергетскиот потенцијал на изградените покривни површини во урбаните средини на Македонија. Развиената методологија, комбинирањето на LiDAR-податоци со ГИС-техники, симулацијата на сончевата радијација и емпириската процена на производството и потрошувачката на електрична енергија претставуваат значајна новина во националниот научен контекст.

Главните научни придонеси се состојат во развивање и тестирање на интегрирана методологија за документирање, симулација и квантификација на покривни површини, со што се воспоставува основа за создавање национален соларен катастар. Придонесот е двостран: методолошки и применлив. Развиен е оперативен модел за работа со LiDAR-податоци, кој ги надминува постојните ограничувања во обработката на просторни податоци преку детална класификација, интерполација и сегментација на облак од точки. На овој начин, прецизно се дефинираат наклонот, ориентацијата и корисната покривна површина – клучни параметри за пресметка на соларниот потенцијал. Трудот дава значителен придонес во квантифицирањето на сончевиот и фотоволтаичниот потенцијал преку прецизни симулациски модели што ја разгледуваат директната, дифузната и рефлектираната радијација, сезонските варијации и засенувањата. Овие модели претставуваат научно валиден систем за увид во реалните услови на соларност во урбаните средини. Дисертацијата воспоставува нов емпириски модел за процена на енергетската автономност на урбаните сегменти преку поврзување на производствениот капацитет со бројот на станбени единици и нивната потрошувачка. Овој модел овозможува да се идентификуваат средини со висок потенцијал за енергетска независност (Гевгелија, Градско, Неготино, Пехчево), како и сегменти со изразен енергетски дефицит (Дебар Маало, Капиштец, Карпош, Ново Лисиче, Скопје Север). Со тоа се создава аналитичка структура од значење за националните развојни и енергетски политики. Во целина, придонесите ја позиционираат дисертацијата како значајно теоретско-применето истражување што ги надминува ограничувањата на досегашните национални практики и воспоставува научно валиден модел за просторно-енергетска анализа.

Применливоста на резултатите е широка и опфаќа архитектонско проектирање, урбанистичко планирање, енергетско планирање и национални политики за обновливи извори на енергија. Моделот може да се имплементира во: анализи на одржливост на населби и градови; подготовка на урбанистички планови и архитектонски проекти со интегрирани ФВ-системи; креирање соларни катастри на ниво на општини или држава; планирање на локални енергетски заедници и процена на енергетска сиромаштија и стратешко насочување на субвенции.

Ограничувањата произлегуваат, главно, од квалитетот и достапноста на просторните и енергетските податоци во Македонија. Фрагментирани, неунифицирани или делумни податочни сетови (покривна геометрија, број на станбени единици, потрошувачка на електрична енергија) влијаат врз прецизноста на резултатите. Исто така, густата урбана морфологија и присуството на висококатни структури во Скопје го ограничуваат потенцијалот за корисна покривна површина и го намалуваат односот производство – потрошувачка. Технолошките ограничувања се однесуваат на деградација на ФВ-модулите со текот на времето и потребата од редовно одржување, додека економските ограничувања се поврзани со високите иницијални инвестиции и ограничената пристапност кај социјално ранливите групи.

Понатамошните истражувања логично произлегуваат од предложената методологија и идентификуваните ограничувања. Најзначајните насоки се:

- развој на национален соларен катастар, кој ќе ги интегрира просторните, енергетските и демографските податоци во унифицирана платформа;

- автоматизација и усовршување на методите за анализа преку примена на машинско и длабоко учење, со што би се забрзала и прецизирала обработката на покривни површини;
- проширени студии во високо урбанизирани сегменти, особено за истражување на фасадни ФВ-системи, хибридни решенија и потенцијал за вертикална енергетска продукција;
- развој на модели за складирање на енергија (батериски системи, микромрежи) со цел постигнување континуирана енергетска автономност;
- анализа на економската изводливост и регулаторни потреби со цел интеграција на резултатите во националното законодавство;
- идни истражувања за енергетска сиромаштија, кои би ја поврзале соларната продукција со социјалните политики за ранливи домаќинства.

Дисертацијата претставува значаен научен придонес и обезбедува силна аналитичка основа за развој на соларните политики, урбаното планирање и енергетската автономност во Македонија. Комбинацијата на прецизна методологија, јасно артикулирани придонеси, прецизно дефинирани ограничувања и насочени препораки ја прави студијата релевантна, применлива и перспективна за понатамошен научен и практичен развој.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р** Кире Тасе Ставров со наслов: **Соларен потенцијал на изградени покривни површини за производство на електрична енергија и постигнување на одржливост во градските средини во Македонија.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Страхиња Трпевски, ментор, с.р.
Проф. д-р Ана Тромбева Гавриловска, член, с.р.
Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЕРТИКАЛНИТЕ ФОРМИ НА НАСЕЛУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ КАКО ПРОСТОРЕН, СОЦИЈАЛЕН И КОНСТРУКТИВЕН ФЕНОМЕН – СТАНБЕНИТЕ КУЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК“

ОД М-Р МАРИЈА ПЕТРОВА, ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 24.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Петрова со наслов: ВЕРТИКАЛНИТЕ ФОРМИ НА НАСЕЛУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ КАКО ПРОСТОРЕН, СОЦИЈАЛЕН И КОНСТРУКТИВЕН ФЕНОМЕН – СТАНБЕНИТЕ КУЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК, во состав: проф. д-р Зорица Блажевска (претседател), проф. д-р Минас Бакалчев (ментор), проф. д-р Горан Марковски (член), проф. д-р Димитар Папастеревски (член) и проф. д-р Ана Ивановска Дескова (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Петрова, со наслов: ВЕРТИКАЛНИТЕ ФОРМИ НА НАСЕЛУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ КАКО ПРОСТОРЕН, СОЦИЈАЛЕН И КОНСТРУКТИВЕН ФЕНОМЕН – СТАНБЕНИТЕ КУЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК, содржи 375 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единаечен (single) проред и големина на букви 12 типографски точки, од кои 108 страници се во рамки на графичкиот прилог; трудот содржи: 162 слики, 49 табели и 193 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во вовед, три глави, заклучок и графички прилог. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Ваквата поставеност на текстот покажува дека трудот е конципиран постепено и аргументирано: од воведно определување на проблемот и теориската рамка, преку методолошкото и документарно истражување, до аналитичка обработка, синтеза и заклучни согледувања.

Во **воведот** на трудот изложени се образложението на темата, предметот на истражувањето, целите и задачите, работните хипотези и тези, методологијата на истражувањето, научниот придонес, како и можностите за примена на резултатите. Во овој дел кандидатката укажува на тоа дека станбената кула, како вертикална форма на населување на градовите, не треба да се разгледува единствено како архитектонски објект, напротив, таа е просторен, социјален и конструктивен феномен во рамки на урбаната структура на македонските градови. Од тука, вертикалните форми на населување имаат значајна улога во обликувањето на градската силуета, но и во трансформацијата на социјално-културната матрица на градот. Воведот го дефинира предметот на истражување – станбените кули од втората половина на XX век во македонските градови, со исклучок на Скопје и неопходноста за нивна документација, ревалоризација и интерпретација во поширокиот контекст на урбаниот развој во Македонија. Всушност, воведот ја дефинира научната мотивација на ова истражување: отворање на темата за соодветно вреднување на станбените кули во македонските градови, кои долго време се просторно и социокултурно маргинализирани, и нивно препознавање како значаен сегмент од македонското архитектонско наследство. Оттука, формулирани се трите работни хипотези кои го водат истражувањето: прво, дека масовната изградба на станбени кули промовира нова архитектонска типологија и урбана морфологија, со што тие стануваат ексклузивен и дистинктивен просторен, конструктивен и социјален феномен; второ, дека разликата помеѓу историските кули и модерните станбени кули не е само хронолошка, туку структурална во типолошки, морфолошки и социјален поглед; и трето, дека се можни нови прототипови на вертикални форми на населување, како трета

типологија, врз основа на продлабочена анализа и синтеза на искуствата од историските претходници и станбените кули од втората половина на XX век. Воедно, целта на истражувањето е дефинирана на три плана: документарен – преку систематско евидентирање на сите станбени кули; теоретски – преку дефинирање на кулите како просторен, конструктивен и социјален феномен; преку поставување на методолошка рамка за читање на посебностите и различностите на кулите, која треба да преставува цврста основа за идни истражувања на урбаните вертикали.

Првата глава од докторската дисертација е насловена **Вертикални форми на населување**. Оваа глава ја воспоставува теориската основа на истражувањето и претставува значајна концептуална подлога за понатамошната анализа. Во неа се разгледува вертикалноста како повеќеслоен феномен, кој истовремено има симболична, просторна и социокултурна димензија. Врз основа на избрани примери, кандидатката го отвора прашањето за генезата и значењето на вертикалните структури во различни историски и културни контексти. Особено е значајно што оваа глава не останува на ниво на општа теориска елаборација, туку постепено ја насочува дискусијата кон кулата како специфичен архитектонски и урбан ентитет. Во оваа глава, кандидатката ја објаснува концептуалната дистинкција помеѓу Вавилонската кула – како симбол на вертикалата во смисла на прекумерност, раздвојување и космички нарушен ред – и Велигденските кули – како вертикала на ослободување, заедништво и ритуална тела-архитектура. Оваа двојна симболичка рамка го збогатува теоретскиот дискурс и воспоставува основа за разбирање на вертикалноста не само како физичка, туку и како социокултурна категорија. Во рамки на ова поглавје е разработен и хронолошкиот развој на пет модели на урбани вертикали, со што се овозможува пошироко разбирање на местото што станбените кули го заземаат во развојот на современиот град. По направениот преглед на петте модели на урбани вертикали: (1) традиционалниот модел на урбани вертикали, (2) моделот на урбани вертикали на преминот XIX – XX век, (3) модерниот модел на урбани вертикали, (4) современиот модел на урбани вертикали и (5) можниот модел на урбани вертикали; концизно е лоциран истражувачкиот вакум во недостатокот од една сеопфатна анализа на урбани вертикали во македонските градови. Хронолошкиот преглед на овие модели на урбани вертикали се протега од традиционалните примери на средновековните кули во Кратово и Кочани, преку раните облакодери на преминот од XIX во XX век, модерниот модел со делата на Ле Корбизје и референтни примери од Скопје, па сè до современиот модел и можниот модел на урбани вертикали инспириран од концептот на групна форма на Фумихико Маки. На тој начин, првата глава ја формира рамката на истражувањето, како и основната терминолошка, историска и теориска основа врз која понатаму се чита и анализира македонскиот пример.

Втората глава, **Историски развој на кулите во македонските градови**, е насочена кон методолошката поставеност на истражувањето и претставува клучен премин од теориското кон емпириското ниво на трудот. Во овој дел, кандидатката детално ја образложува применетата истражувачка постапка, која се темели врз серија квалитативни методи. Јасно е посочено дека истражувањето е спроведено низ неколку меѓусебно поврзани степени на собирање, проверка и обработка на информации, со цел идентификација и документирање на сите станбени кули во македонските градови. Во методолошка смисла, се издвојуваат архивското истражување на литература и техничка документација, разговорите и интервјуата со жители, набљудувањето и теренското документирање, како и синтензниот, односно компаративниот пристап преку кој се систематизираат сознанијата и се проверува работната хипотеза. Во следниот дел од оваа глава е поместена систематска презентација на станбените кули од втората половина на XX век од поединечни градови. Истражувањето опфаќа сто триесет и шест станбени кули во седумнаесет градови: **Велес, Неготино, Кавадарци, Свети Николе, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Дебар, Кичево, Охрид, Струга, Струмица, Битола, Прилеп, Гостивар, Тетово и Куманово**. Овие градови се поединечно разработени со засебен осврт кон секоја од кулите. Оттука, втората глава добива особено значење бидејќи ја обезбедува методолошката валидност на трудот и го поставува истражувањето на цврста научна и документарна основа.

Третата глава е насловена **Компаративни согледувања** и го претставува централниот аналитички сегмент на дисертацијата. Во оваа глава, собраниот и претходно презентиран материјал го подложува на систематска споредбена обработка преку неколку главни аналитички категории. Најнапред ја разгледува **хронологијата**, односно временскиот тек и

интензитетот на градењето на станбените кули, како општо, така и според конкретни места во изградените контексти. Потоа, градежната офанзива на станбените кули ја поставува во четири јасно разграничени развојни етапи. Првата етапа (1956 – 1965) е пионерска и нискоинтензивна фаза во која се изградени 18 кули, главно во регионалните индустриски центри (Велес, Штип, Охрид, Струмица, Прилеп, Куманово). Втората етапа (1966 – 1975) бележи експанзија и институционализација на моделот, со изградба на 34 кули со подеднаква дистрибуција низ годините, вклучувајќи градови со различна големина и обем на индустрија. Третата етапа (1976 – 1985) претставува период на најголема продукција од 64 кули, при што кулминацијата е достигната во 1979 година кога се изградени дури 18 кули во една единствена година. Четвртата етапа (1986 – 1995) сведочи за драстично опаѓање на продукцијата на само 20 кули, а по 1991 година практично нема градежна активност поврзана со домување во вертикала, што се совпаѓа со распаѓањето на СФР Југославија и почетокот на периодот на транзиција.

Потоа, кандидатката ја анализа **височината** на станбените кули, преку која се согледува процесот на градење во височина во временска и просторна перспектива. Анализата на височината ја открива еволуцијата на вертикалната димензија на кулите низ четирите периоди. Во пионерската фаза, висините се движат од седумнаесет метри (П+4) до триесет и осум метри (П+11), со средна вредност од дваесет и шест метри. Во вториот период, максималната височина расте до четириесет и седум метри (П+14), а средната вредност се зголемува на триесет и три метри. Кулминацијата во третиот период го поместува максимумот на педесет и осум метри (П+18), со средна височина од триесет и девет метри. Во последниот период се регистрира пад и на максималните и на средните вредности, во согласност со намалениот интензитет на градење.

Во делот за **морфологија,** акцентот е ставен врз урбаната интеграција и интензитетот на типот на урбана диспозиција, односно врз начинот на кој кулите се вклучуваат во поширокаta урбана матрица. Во однос на морфологијата, во трудот се диференцирани три основни категории на урбана интеграција на кулите: самостојни кули (кои се перцепираат како урбани поенти), кули во низа (пунктуелно поставени во оска) и кули во група (кластери во рамки на станбени ансамбли). Хронолошкиот развој покажува транзиција од репрезентативни солитери во првиот период, преку линеарно подредување по уличните фронтови во вториот период, до групирање во модернистички станбени квартови во третиот период, и дооформување на затечените урбани контексти во последната етапа.

Понатаму, во рамки на **типологијата,** кандидатката преку елаборација на развојот и класификацијата на комуникациските јадра, обликот на станбениот кат и расчленувањето на основата, овозможува прецизно типолошко читање на станбените кули. Во типолошката анализа посебно внимание му посветува на сразмерот на ефикасност на станбениот кат, дефиниран преку процентуалното учество на комуникациското јадро во вкупната површина на основата. Во првиот период, комуникациските јадра се рационални и зафаќаат од 7,5 до 15 % од компактната основа, со доминација на по еден лифт и една скалишна вертикала обезбедувајќи присап до мал број на станови. Во следните периоди јадрата се усложнуваат, со воведување на противпожарни скали во кулите со поголеми височини, втор лифт (патнички и товарен), а ходниците за пристап се разгрануваат и водат до шест, па и до осум станбени единици. Во третиот период, процентуалното учество достигнува до 24 %, а во четвртиот до 25 %, што укажува на зголемените површини на катовите и нивната композициска расчленетост, но и на зголемената катност на станбените кули.

На **социјалните аспекти** на домувањето во трудот им е посветено соодветно внимание, со оглед на тоа што станбените потреби како дел од социјалните потреби на човекот, значајно придонесуваат за социјалниот развој на општеството. Во рамките на овој дел, кандидатката го отвора прашањето за станбениот стандард, испитан преку површината на станот и бројот на станарите во него, како и развојот на стандардизираната станбена единица од типот на едносoбен, двособен и трисобен стан. Во овој домен од истражувањето е прикажана состојбата на густина на населеност на станбената единица и нејзината еволутивност во различните временски периоди. Така, во првиот период, стандардот е само 8,0 m² по станар, како одраз на лошата економска состојба на државата, големиот број на членови на семејството и градбата на претежно мали станови. Тоа е, всушност, период на решавање на основното право на секој човек, поседување на сопствен дом. Имено, станот со масовната продукција на повеќесемејните станбени згради во втората половина на XX век, меѓу кои и станбените кули, за прв пат станува социјална одговорност и социјална грижа. Во подоцнежните временски периоди поради целите

на социјалната политика за подобрување на квалитетот на домувањето, постепено се зголемуваат површините на становите, а со тоа се зголемуваат и квадратните метри површина по станар. Во овој дел од трудот, кандидатката ја истражува и стандардната станбена единица – станот како просторно-програмска единица, на ниво на архитектонско-типолошки модел. Анализата се однесува на три типа станови застапени во општествената продукција на станбените кули, и тоа: еднособниот, двособниот и трисобниот. За секој тип на стан е избран референтен пример од соодветниот период на развој, проследен со информации за нето површините на станот, m^2 по станар, неговата содржина и функционална организација. На крајот од овој дел на трудот, кандидатката констатира дека анализата на развојот на станбените единици покажува дека социоправните рамки директно рефлектираат различни просторни стандарди на населување во вертикалните форми: од минимална постворна единица, преку стандардизација на станбените капацитети, до високо развиени единици, кои сепак ќе се редуцираат во рамки на новата пазарна логика од крајот на XX век.

Посебно значаен е **конструктивниот дел**, каде што се анализираат конструктивните системи, вертикалните и хоризонталните носиви елементи, како и темелите, со што трудот добива и техничко-архитектонска димензија. Оваа анализа утврдува дека сите обработени станбени кули се изведени исклучиво во монолитни армиранобетонски системи, кои се среќаваат во три основни варијанти: рамковен (скелетен) систем, систем од армиранобетонски ѕидови и мешовит систем. Развојот на конструктивните системи е тесно поврзан со еволуцијата на прописите за товари и сеизмичко проектирање: Привремените технички прописи за товари (ПТП2, 1948–1963), Правилникот за привремени технички прописи за градење во сеизмички подрачја (ПТПГСП, воведен по скопскиот земјотрес од 1963 година) и подоцнежните усовршени прописи. Трудот покажува дека катноста и актуелните прописи имале одлучувачка улога во изборот на конструктивниот систем – од раните рамковни системи со умерена катност и мала хоризонтална отпорност, до сложените мешовити системи и системи од армиранобетонски ѕидови кај повисоките кули од подоцнежните периоди.

На крај, анализиран е односот помеѓу **проектирањето и градењето** на кулите преку презентација на архтектите, проектантските бироа и градежните фирми кои учествуваат во реализацијата на станбените кули. Во рамки на анализата на проектирањето и градењето, кандидатката го анализира авторскиот белег на домашните архитекти во доменот на проектирање станбени кули. Посебно се издвојуваат архитектите кои водат кон формирање на „локални школи“ во проектирањето и афирмираните архитекти со поширок територијален опфат кои придонесуваат за надградување на станбената типологија на регионално ниво.

Со спроведените компаративни согледувања, четвртата глава успева да ја надмине чисто формалната анализа и да ја поврзе архитектонската продукција со пошироки социјални, економски и институционални процеси. Во рамки на третата глава, во завршниот **синтезен преглед** кандидатката не ги задржува наодите од компаративните согледувања како изолирани податоци, туку ги собира во заокружена интерпретативна целина. Врз основа на компаративната анализа, станбената кула се дефинира како своевиден „архив на знаења“ на проектанти, градители, локални школи и градежна оператива. На тој начин, синтезниот дел ја зацврстува тезата дека станбените кули имаат важно место во македонскиот архитектонски дискурс и дека нивната вредност треба да се чита и на просторно, и на конструктивно, и на социјално ниво.

Во **заклучните согледувања** се сумирани основните резултати од истражувањето и се потврдува главната истражувачка поставка на трудот. Кандидатката заклучува дека пејзажот на македонските градови во текот на втората половина на XX век претрпува забрзана трансформација, а станбените кули се еден од главните актери на оваа промена. Тие се толкуваат како израз на технолошкиот напредок во градењето, но и како резултат на модернистичката трансформација на домувањето преку воведување нова типологија на урбано населување. Воедно, во заклучокот е присутна и јасна критичко-рефлексивна нота: во денешното ткиво на македонските градови овие структури се појавуваат како траги од некогашни просторни модели и идеали, односно како „наследство од застарената иднина“. Со ова, заклучната глава не само што ги резимира наодите, туку и ја отвора можноста за идни истражувања во областа на: **архитектонското проектирање**, **архитектонските конструкции** и **историјата на архитектурата**.

На крајот од докторската дисертација сместен е **графичкиот прилог** во кој се прикажани сите анализирани станбени кули од втората половина на XX век во македонските градови. Овие прилози најпрво се систематизирани на ниво на поединечни градови, илустрирани преку фотографија во вид на градска панорама и мапа на кој се лоцирани станбените кули во урбаното ткиво. Понатаму, за секоја кула е подготвена лична карта која содржи: општи информации (година на проект/изградба, архитект(и), инвеститор, проектантско биро, изведувач и исечок од мапата – ситуација), просторна документација (фотографија од кулата, аксонометриски прикази на кулата и на нејзиниот конструктивен систем), технички цртежи (основа на конструктивен систем, основа на карактеристичен станбен кат, пресек низ скалишно јадро, изглед на кула) и детали (карактеристични детали во основа и пресек со опис на применетите градежни материјали).

Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација се вертикалните форми на населување во македонските градови, со исклучок на Скопје. Ваквата поставеност овозможува насочување кон недоволно истражуваниот сегмент од македонската архитектура, односно кон појавата, развојот и последователната стагнација на станбените кули надвор од главниот град, сфатени како заокружен процес на нивна интензивна имплементација и понатамошно позиционирање во архитектонскиот, урбаниот и општествениот контекст.

Истражувањето е фокусирано на вкупно 136 станбени кули од втората половина на XX век, евидентирани во 17 македонски градови, при што овој број го претставува вкупниот фонд на постојни објекти од наведениот период во рамки на истражуваниот простор. Во таа смисла, анализираниот материјал не претставува селектиран примерок, туку целосен и исцрпно утврден корпус на објекти, што му дава на истражувањето карактер на анализа со целосен опфат. Овој пристап обезбедува високо ниво на научна релевантност, доверливост и репрезентативност на добиените резултати.

Вертикалните структури се разгледуваат како израз на технолошкиот напредок во градењето, но и како манифестација на воведување нови типологии на домување и трансформацијата на урбаната матрица.

Со оглед на нивните просторни, типолошки и конструктивни карактеристики, станбените кули се третираат како препознатлива и значајна архитектонска категорија, која заслужува сеопфатен научен преглед и анализа. Во таа насока, трудот поставува јасен и релевантен истражувачки фокус, позиционирајќи ја темата во поширокиот контекст на урбаната модернизација и архитектонскиот развој во Македонија.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Станбените кули од втората половина на XX век во македонските градови претставуваат значаен феномен на урбаната модернизација и типолошка иновација, но нивната научна обработка досега е ограничена и фрагментирана. Досегашните истражувања главно се однесуваат на поединечни аспекти на архитектонската типологија, конструктивните системи и историјата на модерната архитектура во доменот на социјалистичкиот модернизам, додека интегрална и систематизирана анализа на овој просторен, социјален и конструктивен феномен недостасува. Со оглед на ова, дисертацијата го покрива научното подрачје со висока релевантност, обезбедувајќи оригинален и систематизиран увид во феномен кој досега е третиран само фрагментарно.

Сегашната социјална маргинализираност и недоволната интеграција на станбените кули во урбаното ткиво контрастира со нивната оригинална функција како иновативен модел на градско домување, што ја мотивира темата на истражувањето. Целта на дисертацијата е да се изведе интегрална анализа на станбените кули во просторен, историски и типолошки контекст, со посебен фокус на нивниот придонес кон развојот на нови модели на населување и нивната улога во трансформацијата на македонските градови. Со систематското идентификување и оценување на вредностите на кулите, трудот обезбедува сигурна основа за соодветен пристап кон нивната заштита, управување со средината и интеграција во идниот урбан развој, што го истакнува неговото научно и практично значење.

Во таа смисла, истражувањето се реализира како интегрален процес кој опфаќа документарно ниво, преку систематско евидентирање на сите присутни станбени кули и нивните

просторни, типолошки и конструктивни карактеристики; теоретско ниво, преку анализа на архитектонските, социјалните и урбанистичките вредности на кулите како дел од модерната урбана реформа; како и методолошко ниво, преку воспоставување на интегриран пристап кој ги комбинира архивските податоци, теренската документација и компаративната анализа, со што се зајакнува доверливоста и репрезентативноста на добиените резултати.

Краток опис на применетите методи

Во трудот се применува интегриран методолошки пристап заснован на квалитативни истражувачки методи, насочени кон проверка и потврдување на поставените работни хипотези. Истражувањето се одвива низ повеќе меѓусебно поврзани фази на прибирање, обработка и систематизација на податоци, со цел целосна идентификација и анализа на станбените кули во македонските градови. Применети се низа последователни методи на истражување, меѓусебно надополнувачки и логички поврзани. **Архивското истражување** опфаќа анализа на релевантни историски извори, стручна и научна литература, како и достапна проектна и техничка документација, при што се овозможува евиденција и попис на постојниот градежен фонд на станбени кули од втората половина на XX век и увид во нивните типолошки, конструктивни и урбанистички карактеристики. **Теренското истражување** преку интервјуа, реализирано преку разговори со жители и релевантни актери во избрани македонски градови, придонесува за идентификација и мапирање на објекти за кои не постојат доволни или достапни архивски податоци. **Набљудувањето и теренската документација** вклучуваат директно снимање, визуелна анализа и документирање на идентификуваните објекти, со што се овозможува дополнување на недостасувачката техничка и просторна документација, како и проверка на состојбата на терен. **Синтезата и компаративната анализа,** засновани врз систематизацијата на собраните податоци, овозможуваат споредбено разгледување на објектите, издвојување на типолошки модели и просторни и социјални обрасци, како и формулирање на релевантни заклучоци во однос на поставената истражувачка хипотеза.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Презентираните резултати од истражувањето претставуваат значаен и релевантен научен придонес во областа на архитектурата, технологијата на градење и просторните аспекти на македонските градови. Со евидентирањето на 136 станбени кули во 17 градови, трудот воспоставува досега најсеопфатна и систематизирана база на податоци за оваа типологија надвор од Скопје, со што значително се надминува постојниот степен на фрагментирано познавање. Посебна вредност на истражувањето претставува интегративниот пристап, кој преку документарна, аналитичка и компаративна постапка овозможува повеќеслојно согледување на феноменот, опфаќајќи хронолошки, типолошки, морфолошки, социјални и конструктивни аспекти. Ваквата систематизација создава цврста основа за понатамошна научна елаборација и теоретска надградба.

Резултатите убедливо укажуваат дека станбените кули претставуваат значаен сегмент од архитектонската продукција во втората половина на XX век и дека нивната појава и развој се тесно поврзани со процесите на урбаната модернизација, воведувањето на нови модели на домување и примената на современи конструктивни системи. Притоа, трудот јасно го истакнува придонесот на македонските архитекти во обликувањето на овие структури, позиционирајќи ги во поширокиот контекст на архитектонските текови од периодот. Како целина, резултатите претставуваат солидна основа за понатамошни истражувања и истовремено отвораат можности за нивна реафирмација и критичко вредносно преиспитување во рамки на архитектонското и урбаното наследство на Македонија.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Петрова, со наслов: ВЕРТИКАЛНИТЕ ФОРМИ НА НАСЕЛУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ КАКО ПРОСТОРЕН, СОЦИЈАЛЕН И КОНСТРУКТИВЕН ФЕНОМЕН – СТАНБЕНИТЕ КУЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК, претставува истражување во рамките на докторските студии по архитектура и урбанизам во тематските области на архитектонското проектирање и архитектонското инженерство со посебен акцент на станбената типологија, конструктивните

системи и процесите на модернизација во македонските градови. Изработката на темата на оваа докторска дисертација обезбедува систематизиран и интегриран увид во феноменот на станбените кули од втората половина на XX век, кој досега е третиран претежно фрагментарно. Трудот ги истражува просторните, социјалните и конструктивните аспекти на кулите, воспоставувајќи целосен корпус на објекти и обезбедувајќи научна основа за нивна типолошка, историска и конструктивна анализа. Со тоа, дисертацијата дава значаен придонес кон теоретската и практичната обработка на македонската модерна архитектура и отвора нови перспективи за истражување и вредносно преиспитување на станбените вертикални форми на населување.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[3]. Автори: Marija Petrova & Teodora Mihajlovska „Living among the clouds: From tower to texture“, објавен: Structures and Architecture A Viable Urban Perspective, Vol. 2: 481-482, 2021; ISBN: 978-0-367-90281-0 (Hbk), ISBN: 978-1-003-02355-5 (eBook), DOI: 10.1201/9781003023555

[4]. Автор: Marija Petrova „Reviving vertical living: Development of residential towers in Macedonian cities“, објавен: Proceedings of the 20th International symposium of MASE, pp. 1075-1086, 2023; ISBN 978-608-66946-3-0

[5]. Автор: M. Petrova, “THE FUTURE PROSPECTS OF THE RESIDENTIAL TOWERS IN THE MACEDONIAN CITIES”, објавен: Proceedings of the 8th International Academic Conference, pp. 267-276, 2023; ISBN 978-86-7924-343-0

[6]. Автор: M. Petrova, “THE MACEDONIAN TOWERS OF THE 20TH CENTURY AS A LEGACY OF AN OUTDATED FUTURE - A CASE STUDY OF KOCANI”, објавен: Proceedings of the 10th International Academic Conference, pp. 92, 2025; ISBN 978-86-7924-381-2

Во периодот пред одбраната на докторскиот труд, кандидатката има реализирано меѓународна мобилност, предвидена во рамките на задолжителните активности на третиот циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам. Оваа активност е реализирана на Докторската школа при Универзитетот ИУАВ во Венеција, Италија (Università Iuav di Venezia, Scuola di Dottorato in Culture del Progetto), во периодот од 13 мај 2023 до 23 мај 2023 година. Студискиот престој е остварен под менторство на професорот Армандо дал Фабро (Armando Dal Fabbro), координатор во областа на научната дисциплина архитектонска композиција (Coordinatore ambito scientifico Composizione Architettonica). Извештајот за реализираната меѓународна мобилност, во кој е даден целосен преглед на активностите за време на престојот, разгледан и усвоен е на 20. седница на Советот на студиската програма на трет циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, при што е донесена одлука за негово прифаќање на 29.1.2024 година.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатката м-р Марија Петрова се согледуваат во повеќе меѓусебно поврзани аспекти. Докторската дисертација дава значаен придонес кон истражувањето на вертикалните форми на населување во македонските градови, со акцент на станбените кули од втората половина на XX век, преку конструкција на исцрпен и репрезентативен корпус на објекти, нивна систематизација и интеграција според просторните, типолошките, морфолошките и конструктивните карактеристики, како и преку воспоставување научна основа за вредносна оцена на овие структури како значаен сегмент од македонската модерна архитектура.

Во таа насока, трудот значително го проширува теоретското знаење за историско-хронолошкиот развој на вертикалните форми на населување, како и архитектонското разбирање на модерното градоградителство и појавата на станбените кули како специфични урбани структури. Истовремено, дисертацијата утврдува посебности и различности на вертикалните форми како типо-морфолошки ентитети во изградените средини, како и референтните социјални политики што влијаат врз развојот на стандардот на станбената единица.

Понатаму, трудот ги анализира карактеристиките и потенцијалите на применетите конструктивни системи, разгледувајќи ја нивната рефлексија врз можниот понатамошен развој на станбените кули како урбани вертикални форми. Дополнително, дисертацијата ја открива и ја афирмира улогата на авторството на поединечните станбени кули, истакнувајќи го значењето на архитектонското творештво во процесите на македонскиот модернизам и овозможува подлабоко разбирање на комплексните и често противречните процеси на урбаната модернизација.

Конечно, теоретската позиција на кандидатката, според која архитектурата претставува дејствување врз постојната просторна, социјална и конструктивно-материјална супстанца, при што ги преосмислува и репроцесира животните енвиронменти во населените места, претставува концептуална основа од која произлегуваат можните подрачја на примена на резултатите од дисертацијата, опфаќајќи теоретски, практични и просторни аспекти на архитектонското и урбаното проектирање.

Подрачјето на примена на резултатите од дисертацијата се согледува во повеќе меѓусебно поврзани домени. Во областа на **архитектонското проектирање**, систематизацијата и класификацијата на станбените кули според типологијата на станбените катови, станбените единици, комуникациските јадра и висинските параметри на објектите претставува основа за нивна критичка примена во проектирањето на идни вертикални форми на населување. Во областа на **урбанистичкото планирање и проектирање,** анализите на интерполацијата на станбените кули во реалните физички и социокултурни контексти, како и нивната класификација во различни модели на организација, обезбедуваат вредна насока за нивна натамошна критичка примена во урбанистичките планови, при што се афирмира нивната улога како значаен семантички и социокултурен елемент во формирањето на идентитетот на градот. Во областа на **архитектонските конструкции**, утврдувањето на карактеристиките и потенцијалите на носивите конструктивни системи применети кај станбените кули претставува основа за понатамошен развој на градежната технологија, особено во контекст на нивна реконструкција и регенерација. Во областа на историјата на архитектурата, систематизираните информации за архитектонската продукција на станбените кули од втората половина на XX век придонесуваат кон продлабочен увид и анализа на модерната архитектура, афирмирајќи ги овие објекти како репрезентативен сегмент на македонската архитектонска историја.

Предностите, но и ограничувањата на истражувањето, произлегуваат од неговото јасно дефиниран територијален и хронолошки фокус, кој од една страна овозможува продлабочена и концентрирана анализа на поставената тема, а од друга страна остава простор за понатамошни интегрални истражувања преку вклучување на Скопје и/или проширување на временскиот опфат кон современите феномени на вертикалните структури.

Можните понатамошни истражувања се согледуваат во повеќе меѓусебно поврзани аспекти. Прво, тие се однесуваат на развојот на нови можни вертикални форми, како трета типологија на вертикалните структури, која претставува своевидна синтеза и поврзување на

искуствата од историските предходници, како прва типологија, и на станбените кули од втората половина на XX век, како втора типологија, при што се потенцира важноста на континуитетот и еволуцијата на архитектонската типологија во урбаните контексти. Второ, истражувањето укажува на можноста за осовременување на станбените кули од втората половина на XX век преку нивно рехабилитирање и регенерирање од социјален, просторен, материјален и програмски аспект, овозможувајќи нивна актуелизација и практична примена во современиот архитектонски и урбан контекст. Трето, се истакнуваат посебностите на станбените кули како авторски архитектонски остварувања, што создава основа за понатамошни истражувања за можните „локални школи“ во архитектурата, како и за компаративни студии на регионалните особености на модерната архитектонска продукција.

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство констатира дека докторската дисертација ВЕРТИКАЛНИТЕ ФОРМИ НА НАСЕЛУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ КАКО ПРОСТОРЕН, СОЦИЈАЛЕН И КОНСТРУКТИВЕН ФЕНОМЕН – СТАНБЕНИТЕ КУЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК, изработена од кандидатката м-р Марија Петрова, по својот обем, содржина и методологија, според вредноста на документацијата и структурата, како и според идеите и основните резултати од истражувачкиот проект, наполно ги исполнува поставените задачи и претставува самостојно научно дело.

Со особена чест и големо задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати рецензијата на докторската дисертација **ВЕРТИКАЛНИТЕ ФОРМИ НА НАСЕЛУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГРАДОВИ КАКО ПРОСТОРЕН, СОЦИЈАЛЕН И КОНСТРУКТИВЕН ФЕНОМЕН – СТАНБЕНИТЕ КУЛИ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX ВЕК** од кандидатката **м-р Марија Петрова** и да одреди термин за нејзина одбрана.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зорица Блажевска, претседател, с.р.
Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор, с.р.
Проф. д-р Горан Марковски, член, с.р.
Проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КРИТИЧКА ИСТОРИЈА И ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА АЕРОДРОМ ВО СКОПЈЕ КАКО ПРИМЕР НА ДОЦНОМОДЕРНО АРХИТЕКТОНСКО НАСЛЕДСТВО“ ОД М-Р МИХАЈЛО СТОЈАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 24. седница одржана на 24.2.2026 година, со Одлука бр. 08-6/37 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Михајло Стојановски со наслов: „Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство“, во состав: проф. д-р Елизабета Касапова (претседател), проф. д-р Ана Ивановска Дескова (ментор), проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска (член), проф. д-р Влатко П. Коробар (член) и проф. д-р Јован Ивановски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Михајло Стојановски, со наслов: „Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство“, содржи 228 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви од 12 типографски точки, со 60 фусноти, 83 слики и цртежи и 249 библиографски единици, меѓу нив 69 книги, 34 глави од книги, 15 архивски материјали, 75 периодика, 26 дневен печат, 26 интернет-извори и 4 документарни филмови, како и 3 прилози.

Трудот е структуриран во 4 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, преглед на достигнувањата во дадената научна област, образложение на работните хипотези, користената методологија, очекуваниот научен придонес и примената на резултатите од истражувањето. Кандидатот м-р Михајло Стојановски поаѓа од основната претпоставка дека предметот на истражување – избраниот сегмент од населбата Аеродром во Скопје претставува значајна просторна и временска етапа во развојот на градот, во рамки на втората половина на XX век. Со вкупен предвиден обем од преку 80 000 жители, станбената населба претставува најамбициозниот планерски зафат за раст и развој на градот Скопје во неговата понова архитектонска историја.

Поаѓајќи од оваа претпоставка, кандидатот ја дефинира својата втора хипотеза која има за цел да потврди дека успешноста на планирањето на населбата е резултат на (1) егзактни и квантитативно изразени истражувања врзани со квалитетите кои изградениот животен простор треба да ги обезбеди за своите жители и (2) идејата дека планирањето претставува значајно општествено прашање. Интердисциплинарноста во пристапот и вклученоста на бројни експерти во различните фази на концептуализација, развојот на идејата, сè до конечната реализација, во конкретниот случај резултира со изграден простор со високи квалитети.

Оттука, третата работна хипотеза е насочена кон докажување на вредноста и трајноста/отпорноста на населбата во денешниот контекст, во кој притисокот на капиталот агресивно ги загрозува, пред сè, зелените и неизградени јавни простори. Во таа смисла, преку препознавање и потврдување на вредностите подеднакво на изградениот и неизградениот простор (просторот-помеѓу) на една планирана просторна целина, овој труд значително ќе придонесе кон читањето, разбирањето и вреднувањето на доцномодерното наследство на градот Скопје.

Првата глава од докторската дисертација е насловена **Домувањето, заедницата и групната форма**. Во неа се анализирани светските примери на населби за колективно домување

паралелно со архитектонските и урбанистичките теории и парадигми кои ја поставуваат мисловната рамка на која се подредува реализацијата. На почетокот, кандидатот го објаснува терминот „заедница“, кој покрај своите културолошки карактеристики и социјалните релации врз кои се гради, најопипливо може да се прикаже низ изградената форма. Заедницата како „населба за колективно домување“ во суштина подразбира резултат на односот помеѓу архитектурата, планирањето и вклученоста на државата во политиките на домување. Појаснети на овој начин, овие структури не се одредени преку нивната конкретна физичка форма, архитектонски јазик или периодот на настанување, туку преку идеолошката заднина и обемот на производство на станбени единици. Ваквата „соработка“ на архитектурата и општествената идеологија резултира со честопати „утописки визии“, во кои преку станбените ансамбли се пренесува пораката за подобар живот на човекот во општеството. Во последните децении, ваквите населби минуваат низ интензивен процес на (пре)вреднување каде што впечатокот се движи помеѓу двата радикално спротивни/спротивставени пола – од екстремно неприфаќање (како непотребни, неприфатени и непопуларни), до нивно активно вреднување и препознавање како вредно историско/градителско наследство.

Кандидатот м-р Михајло Стојановски, во понатамошната елаборација, дава хронолошко согледување на развојот на концептот на населби за колективно домување, враќајќи се назад до индустриската револуција и промените во домувањето кои настапуваат како нејзина директна последица. Временската рамка во која е направена теориската анализа ја дели на три периоди: 1. од крајот на XIX век до Првата светска војна, 2. меѓу двете светски војни, и 3. по Втората светска војна. Широкиот пресек на историски и теориски модели ги опфаќа концептот на „Град-градина“ на Ебенезер Хауард (Ebenezer Howard), „единицата на соседство“ на Клеренс Пери (Clarence Perry), влијанието на модерното движење врз архитектурата и планирањето преку влијанието на ЦИАМ (CIAM), Ле Корбизје (Le Corbusier) и „Атинската повелба“, сè до доцномодерниот плурализам на архитектонската мисла обележан со критиката на модерната и функционалистичкиот град. „Новата“ генерација на модерни архитекти активни во втората половина на XX век, со својот човекоцентричен поглед, предлагаат четири нови категории („куќа“, „улица“, „четврт“ и „град“), кои идејата за градот ја поврзуваат со егзистенцијалните, асоцијативните и феноменолошките аспекти на човековиот живот (Smithson). Новите парадигми кои ја нагласуваат идејата за човекомерност на просторот и говорат за взаемниот еволуциски однос помеѓу формата на изградениот простор и заедницата (Bakema), придобивките на општеството од квалитетното решавање на станбеното прашање на работникот (Woods), потребата архитектурата постојано и одново да ги (пре)открива човечките квалитети и нив да ги преточува во изграден простор (van Eyck) и др., претставуваат солидна теоретска подлога за понатамошниот тек на истражувањето. Како што нагласува кандидатот, изборот на претставените теории е направен врз основа на два критериума – од една страна, обемниот преглед на литература прави пресек на еволуцијата на архитектонската мисла врзана со развојот на градовите и населбите за колективно домување; од друга страна, нуди можност за препознавање на идеолошки, концептуални и просторни сличности помеѓу претставените теории и предметот на истражување.

Втората глава, насловена **Југословенскиот контекст,** го обработува регионалниот контекст на Југославија, преку преглед на нејзината продукција и мисла во полето за населби за колективно домување. Доколку се споредат обрасците на општествената трансформација по Втората светска војна и нивните импликации врз урбаниот станбен простор во земјите од западна Европа и во Југославија, објективна е констатацијата за регионалното доследно и речиси симултано следење на авангардните теории и практики.

Во продолжение, кандидатот се осврнува на југословенската градежна продукција во втората половина на XX век, најпрво преку претставување на контекстот на Југославија, нејзиниот политички систем и моделите на управување во текот на XX век (Mrduljaš, Kulić). Неколку пати претходно спомената како одговор на контекстот во кој настанува, југословенската архитектура и урбанизмот се еден од начините на репрезентација на државната идеологија. Со новото државно уредување, модернизмот со себе носи утописки идеал за еманципација на работничката класа, а новите станбени населби стануваат одлика на новото општество. Користејќи ги можностите на индустриското производство, како и актуелните парадигми на професијата, методот на експеримент во концептуално-идејните и конструктивно-изведбените решенија станува модел за

новиот просторен развој на земјата. Согледано низ оваа перспектива, разгледуваните примери на Нов Белград, Нов Загреб, Сплит 3 и Церак Виногради на средината на минатиот век ја репрезентираат југословенската социјалистичка идеологија како отворен, модерен и прогресивен поредок со планерски и архитектонски реализации слични на другите европски и светски центри.

Промената на фокусот и парадигмите во архитектурата и планирањето во втората половина на XX век свој одраз наоѓаат и на просторите на поранешна Југославија. Доцномодерното движење се насочува кон културолошките, социолошките и асоцијативните потреби на човекот во неговиот животен простор. Идејата за човекомерни населби кои преку изградениот простор ќе се обидат да внесат и специфичен просторен идентитет, прашањето на колективната форма, како и идејата за населба како повеќе-програмска целина стануваат редовни согледувања за југословенската архитектонска сцена (Skansi). Посочувајќи неколку населби од југословенскиот простор во кои може да се препознаат новите тенденции, кандидатот се доближува и до конкретниот предмет на истражување на докторскиот труд.

Третата глава, насловена **Аеродром и модерната архитектура и урбанизам на дваесеттиот век,** зазема централно место во дисертацијата и е насочена кон документирање и анализа на развојот на населбата Аеродром во XX век. Во овој сегмент од докторскиот труд, кандидатот м-р Михајло Стојановски се осврнува на урбанизацијата и развојот на градот Скопје во XX век низ неколку хронолошки етапи: 1. меѓу двете светски војни; 2. од 1948 до скопскиот земјотрес во 1963; 3. по земјотресот до конкурсот во 1974; 4. од 1975 до 90-тите години на XX век.

Најпрво, во оваа глава, се појаснува еволуцијата на идејата за ширење и раст на градот Скопје кон исток, каде што територијално припаѓа населбата Аеродром – главниот предмет на истражувањето. Пробивањето на современите планерски практики по земјотресот од 1963 година и конкретната примена на воспоставените насоки за идното домување во градот се од особено значење за понатамошниот развој на трудот. Изборот на локацијата за новото ширење на градот кандидатот ја појаснува преку употребата на „теоријата на прагови“ на Козловски (Kozlowski), додека работата на Доксијадис (Doxiadis) и Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје (ЗУАС) ги препознава како основа за идните политики на домување. Во симулацијата на Доксијадис на конкретен дел од населбата Аеродром јасно ги препознава принципите на Екистиката, како и начелата на Пери врзани со организацијата на единицата на соседството.

Потврда за присуството на новите теории во планирањето, кандидатот м-р Михајло Стојановски пронаоѓа и во конкурсот за идејно решение на станбената населба Аеродром од 1974 година. Првонаградениот труд, дело на Југословенскиот институт за урбанизам и домување – ЈУГИНУС, се надоврзува на идејата за пешачка улица како носечки елемент на концептот на населбата. Преку темелно документарно истражување на пронајдената архивска документација, примарни и секундарни извори, следење на периодиката од конкретниот период и теренска истражувачка работа, кандидатот прави компарација на планираната и реализираната состојба, но и анализа на населбата низ различни просторни мерила – од мерилото на целината, преку морфологијата на населбата, анализа на изградениот и неизградениот простор, сè до нивото на поединечни изградени градби и нивни карактеристични делови.

Овој дел од докторскиот труд изобилува со богат графички материјал што е авторски обработен и дигитализиран од оригинална архивска граѓа, која кандидатот успеа да ја обезбеди од архиви, надлежни институции и поединци во неколкугодишно ангажирање.

Четвртата глава, насловена **Современиот контекст на населбата Аеродром,** ги обединува знаењата стекнати од претходните, насочувајќи ги кон критичко и објективно вреднување на населбата Аеродром во Скопје, во релација со нејзиниот општествен, историски, архитектонско-планерски и културолошки контекст. Овој дел претставува значаен аналитички сегмент, кој ги согледува трансформациите на населбата во услови на длабоки општествени, економски и идеолошки промени, настанати по 1991 година. Транзицијата од социјалистички кон постсоцијалистички систем е претставена како процес кој остава видливи последици врз урбаната форма. Авторот го појаснува судирот помеѓу два различни пристапи кон планирањето и просторот: централизирано и интегрално државно планирање во кое е вградена идејата за колективниот интерес, наспроти фрагментарните интервенции водени од пазарната логика кои честопати водат кон намалување на јавниот простор, деградација на зелените површини, слабеење на социјалната интеракција итн., што ја засилува тезата дека квалитетот на домувањето не може да се мери исклучиво преку квалитетот на изградениот станбен простор.

Особена вредност на оваа глава претставува преминот кон синтеза, односно поставувањето на критериумите за вреднување. Потпирајќи се на истражувањата и теориите на релевантни меѓународни организации (Совет на Европа, УНЕСКО, ДОКОМОМО), авторот развива јасен и применлив систем кој ги опфаќа историскиот, урбанистичко-архитектонскиот и социолошко-културолошкиот контекст и овозможува повеќеслојно и аргументирано вреднување.

Заклучните согледувања на трудот ја афирмираат населбата Аеродром како сложена и високо вреднувана урбанистичка и архитектонска целина, чија концептуализација и развој претставуваат резултат на континуиран дијалог помеѓу меѓународните, регионалните и домашните планерски практики. Вредноста на населбата е утврдена преку повеќеслојна анализа на историските, просторните, социјалните и културолошките аспекти.

Во таа смисла, како еден од најголемите и најконзистентни урбани зафати во поновата историја на градот Скопје, населбата Аеродром се издвојува во своето мерило, во јасната концептуална поставеност, но и во квалитетот на процесот кој води до незиното планирање и реализација. И покрај делумната изградба, таа претставува најголема станбена целина во Скопје, со изразена морфолошка и програмска кохерентност, како и просторна организација заснована врз балансиран однос помеѓу изграденото и неизграденото. Системот на станбени блокови, пешачки комуникации и зелени површини не само што обезбедува висок стандард на домување, туку и активно поттикнува социјална интеракција и создавање на заедница со изразен локален идентитет. Вака препознаените квалитети населбата Аеродром ја стават во релација со пошироките доцномодерни тенденции на југословенската и европската сцена. Дополнително, населбата Аеродром се издвојува како последен реализиран пример на колективно домување во ваков обем, што ѝ дава дополнителна историска вредност. Авторот заклучува дека нејзината просторна структура досега покажала висок степен на отпорност кон современите урбани притисоци, што претставува уште еден важен критериум при нејзиното вреднување.

Предмет на истражување

Поширокатa рамка на истражување на овој докторски труд се однесува на прашањето на станбената населба како просторна единица на градот – нејзините територијални граници и елементите кои ја обликуваат, додека непосредна тема на истражувањето претставува еден просторен сегмент од населбата Аеродром во Скопје, кој е карактеристичен за населбата и ја оформува, во најголем дел, со негово мултиплицирање.

Населбата Аеродром е најголемиот урбанистички потег кој го дефинира источниот дел на градот и претставува специфична етапа во неговиот урбан развој од втората половина на XX век. Развојот на населбата започнува по скопскиот земјотрес и се одвива низ повеќе етапи, одликувани со дистинктивна урбана морфологија. Докторскиот труд на кандидатот м-р Михајло Стојановски се однесува на просторниот сегмент чија замисла започнува кон средината на 60-тите години, а се реализира од средината на 70-тите години, сè до средината на 90-тите години од минатиот век. Настанат во време кога глобалните архитектонски и планерски парадигми се насочени кон интензивна критика на функционалистичкиот град и модернистичкиот начин на планирање и изградба, овој урбан фрагмент во себе носи поинаков пристап кон планирањето, насочен кон идејата за различните мерила на градскиот простор, изградба на човекомерен простор со изразен социјален карактер и задоволување на феноменолошките потреби на човекот.

Интересот за истражување на просторен сегмент од населбата Аеродром е резултат на согледувањето на неговите квантитативни и квалитативни одлики. Со урбанистичкиот план од 1965 година, екстензијата на населбата Аеродром претставува најголемиот градски резиденцијален сегмент кој треба да вдоми близу 80 000 жители. Иако реализација на овој дел од населбата не е во целост остварен, тој сè уште останува најголемата обликовно хомогена целина во градот. Урбаната морфологија на населбата Аеродром е уште една одлика која ја прави единствена и дистинктивна во просторната организација на градот. Врската помеѓу изградениот и слободниот простор формира нераскинлива целина која го дава единствениот начин за автентично доживување на просторното искуство на населбата. Токму ваквата целост, согледана низ повеќе истражувачки наоди, заедно со разбирањето на архитектонските идеи од времето кога населбата настанува, отвораат можност за нејзино толкување низ призмата на доцномодерните планерски парадигми.

Преку своето истражување, кандидатот м-р Михајло Стојановски настојува да создаде целовита критичка историја на населбата Аеродром и да ги вреднува, од една страна, морфологијата и карактеристиките на нејзиниот просторен склоп, а од друга страна, социолошкиот концепт и феноменолошките карактеристики кои се резултат на серија на планерски и архитектонски одлуки и начинот на кој населбата живее.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Докторскиот труд на кандидатот м-р Михајло Стојановски претставува научно издржан и насочен труд, кој низ теориско и емпириско истражување третира актуелна и мошне предизвикувачка архитектонска и урбанистичка проблематика. Прегледот на достигнувањата во научноистражувачката област, кандидатот опширно го проследува низ неколку тематски сегменти.

Населбите за колективно домување со облик и карактер каков што ги разгледува овој труд претставуваат значаен типолошки модел во рамки на модерното движење и дел од поширокатa светска архитектонска историја. Во последните децении, ваквите населби се предмет на засилен научен интерес, што се потврдува преку активностите на DOCOMOMO, објавувањето на тематски публикации и организирањето на меѓународни конференции. Истражувањата ги разгледуваат овие урбани формации од различни перспективи – социјални, културолошки и географски – нагласувајќи ја нивната повеќеслојност и релевантност и во современиот контекст (Post war mass housing. 2008, High density. 2014, Housing reloaded. 2016, Housing for all. 2021, Middle class mass housing. 2023).

Објавени се тематски книги и атласи што даваат сеопфатен преглед на станбената продукција (Towers and Slabs: Histories of Global Mass Housing. 2012, Mass Housing: A Global History. 2021), како и студии што ги анализираат овие урбани формации во однос на општествените слоеви (European Middle-Class Mass Housing: Past and Present of the Modern Community. 2023) за кои се наменети или во контекст на политичките и економските системи што влијаеле врз нивното функционирање (Mass Housing in the Socialist City. Heritage Values and Perspectives. 2019). Истражувањето и вреднувањето на овие населби е дополнително афирмирано преку научни собири, на кои се разгледува нивната улога во различни културолошки и географски контексти (DOCONF, PT+ итн.).

Сепак, и покрај обемната литература, ваквите населби во контекст на постсоцијалистичките градови, а особено во Скопје, не се доволно систематски анализирани како интегрални просторни и социјални целини. Ова ја наметнува потребата за истражување што ќе ги поврзе глобалните теоретски поставки со конкретниот локален контекст. Во таа насока, населбата Аеродром се препознава како релевантен пример што овозможува вакво истражување, при што постојните научни сознанија претставуваат основа за нивна понатамошна контекстуализација и критичка интерпретација.

Досегашните академско-архитектонски истражувања кои се направени во контекстот на населбата Аеродром се однесуваат на одделни теми, обработени близу до периодот кога нејзината изградба е сè уште актуелна (Чепреганов et al., 1983; Јакимовска, 1984; Трпевски, 1988; Димков, 2005). Надоврзувајќи се на временскиот контекст, дистанцата од повеќе од педесет години од зародишот на концептот за овој дел од населбата Аеродром претставува доволна временска дистанца за објективно вреднување на неговите просторни (материјални) и културно-социолошки (нематеријални) одлики од позиција на критичка историја. Промената на контекстот денес, од оној во кој населбата е замислена и реализирана, претставува тест за трајноста на идеите на кои таа се темели (Aillaud, 1975).

Краток опис на применетите методи

Доминантни методи употребени во оваа дисертација, чија примарна област е историја на архитектурата, се **документирање и истражување** на архивски материјал од примарен и секундарен карактер, **набљудување** на современата состојба, **интервју** и прототипирање како начин за споредба на нереализирани модели на населби – **метод на компарација**.

Истражувањето за развојот на населбата Аеродром доминантно припаѓа во областа на историја на архитектурата. Со оглед на тоа што ова истражување има за цел да воспостави

критички преглед на нејзиниот развој и да ја вреднува врз основа на соодветни контекстуални критериуми, толкувањето на просторните карактеристики на населбата се одвива доминантно користејќи **квалитативни методи**. Дополнително, со оглед на големината и демографската важност на оваа градска целина, историската позиција на истражувањето е поткрепена со теоретска и планерска основа. Ваквата потреба се движи во насока на формирање појасна слика и сеопфатно повеќеперспективно согледување на наративот и влијанијата кои придонеле кон планирање, изградба и развој на населбата Аеродром во Скопје.

Основната истражувачка граѓа на која се темели овој труд се **архивските материјали**. Пронајдените графички и пишани наоди зборуваат за идејата на која е изградена населбата. Историските истражувања, покрај квантитетот на собрани материјали, вклучуваат и потреба за нивно толкување соодветно на тогаш актуелната теоретска мисла. Во тој поглед, обединувањето и пионерското читање на архивскиот материјал е почетна позиција врз која се поставува понатамошното историско истражување.

Способноста на едно место соодветно да го издржи тестот на времето претставува негова најзначајна карактеристика, па поаѓајќи од идејата дека и сегашноста е најновиот момент на историјата, истражувачки метод кој се надоврзува на архивските материјали е **набљудувањето,** што цели кон создавање слика за современата состојба на населбата. Во контекст на населбата Аеродром, како централен фокус на истражувањето, методот на набљудување се употребува како начин на покажување на просторно волуменскиот континуитет кој се задржува од почетните форми за идејата за населбата, до денес. Дополнително, набљудувањето овозможува споредба на духот на местото, карактерот на социјалните односи и атмосферата која оваа просторна целина во својата идејна и изворна форма тежнее да ги оствари, со истите состојби приспособени на современиот контекст на живеење.

Настанувањето и развојот на населбата Аеродром е дел од поновата историја на Скопје. Согледувајќи го временскиот контекст, во прилог на темелно истражување на предвидениот просторен сегмент од населбата, употребен е и **методот на интервју**. Дел од архитектите, планерските куќи и градежните претпријатија кои земале директно учество во процесот на настанување на оваа градска целина сè уште се активни. Ваквата состојба претставува можност за разговор со лица чија директна или индиректна вклученост во работниот процес за населбата Аеродром обезбедува дополнително откривање на оригинални и автентични наоди за овој дел од градот.

Во насока на аргументирано вреднување на разгледуваниот просторен сегмент на населбата Аеродром, што излегува од позицијата на самореферентен пример во Скопје, студијата на случај е споредена со други населби со сличен карактер од регионот (**метод на компарација**). Ваквиот пристап е насочен кон препознавање на општите и посебните сличности помеѓу различни градски целини кои се поврзуваат низ своите формални, културолошки или идејни одлики. Препознавањето на еден општо прифатен/генерален модел или пристап во планирањето на ваквите населби на регионално ниво, овозможува населбата Аеродром да се препознае како дел од воспоставено „правило“, а не како исклучок и случајна реализација во рамките на Југославија.

Тежнеејќи кон рационално согледување на целината и подобро разбирање на односот помеѓу изградениот и неизградениот простор, изработени се **аналитички цртежи и тродимензионални модели.** Ваквите модели ќе овозможат набљудување на прочистена реплика на сегменти од населбата кои целат кон нивно јасно читање и согледување.

Комбинираната употреба на методите тежнее кон обелоденување на суштинските аспекти кои овој дел од населбата Аеродром го прават соодветен за живеење (анг. livable), како и урбано-морфолошки вреден дел од градот.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Темелното истражување спроведено низ докторскиот труд ни испорачува низа значајни релевантни научни резултати во областа на историјата на архитектурата, урбанизмот и заштитата на градителското наследство. Првенствено, се занимава со домувањето како глобален феномен на дваесеттиот век. Во рамки на поширокиот општествен, технолошки и политички контекст, анализирани се релевантни современи теории и реализирани примери кои го дефинираат. Преку критичка анализа на архитектонската мисла и пракса, трудот ја следи нивната еволуција, при што

нив ги препознава и интерпретира во контекст на населбата Аеродром. На тој начин, локалниот пример се поставува во релација со глобалните архитектонски и урбанистички текови.

Во регионален контекст, трудот дава преглед на архитектонската и планерската сцена во рамки на СФР Југославија. Ова овозможува подлабоко разбирање на развојот на архитектонската мисла и продукција во општествениот систем во кој е настаната и населбата. Анализата покажува постепена трансформација на формата и карактерот на станбените ансамбли, како резултат на промени во парадигмите и поместување од функционалистичките кон човекоцентричните парадигми. Доцномодерните влијанија делуваат истовремено на двете мерила (глобално и регионално), при што се препознаваат нови просторни елементи – пешачки улици, променади, полујавни дворови – кои го артикулираат хуманиот карактер на населбите.

Трудот го прикажува развојот на населбата како континуиран, сложен однос помеѓу планерските визии, демографските процеси и потребата за обезбедување повисок стандард на живеење, кој во најголем дел од случаите е успешно постигнат. Хронолошкиот преглед на градската експанзија кон исток ја следи обликовната трансформација на Скопје, условена од различни контекстуални влијанија, како што се елементарно унапредување на станбениот стандард, промени во културолошките сфаќања за домувањето и одговор на состојба на итност.

Во целиот период на развој се издвојуваат две клучни етапи како особено значајни за научното истражување. (1) Постземјотресниот план за проширување на градот кон исток, изработен од Доксијадис и соработниците во соработка со Заводот за урбанизам и архитектура на град Скопје; (2) општојугословенскиот конкурс за идејно урбанистичко решение за населбата Аеродром. Овие две етапи се хронолошки поврзани и парадигматски блиски, па може да се разберат како континуитет на идејата за современа станбена форма во градот.

Конкурсот за населбата Аеродром претставува најзначајната етапа во хронолошкиот развој на источниот станбен сегмент на градот, со оглед на тоа што првонаграденото решение е речиси идентично пресликано во реализираната форма на населбата. Во период кога водечките југословенски планерски институции се фокусирани на Скопје, трудот ги анализира пристигнатите конкурсни решенија и ги поврзува со релевантни авангардни идеи и реализации актуелни во времето на неговото спроведување. Преку оваа анализа се воспоставува јасна паралела меѓу три планерски нивоа: (1) локалното македонско, (2) регионалното југословенско и (3) глобалното.

Во завршните делови, трудот дава преглед на реализираниот дел од населбата. Истражувањето на овој просторен сегмент е спроведено во различни мерила, движејќи се од анализа на урбаната морфологија до темите на влезовите и улогата на урбаната опрема во градењето на локалниот идентитет.

Заокружувањето на хронолошкиот преглед на населбата се прави со преглед на современиот контекст и дијалогот помеѓу автентичниот дел на населбата Аеродром со новите интервенции, својствени за време и општествени околности според кои градот се развива во дваесет и првиот век. Преку просторниот и културолошкиот судир на двете изградени форми, се забележуваат вредностите на делот од населбата Аеродром подигнат во дваесеттиот век, што го отвора прашањето за вреднување на населбата Аеродром како пример на доцномодерно архитектонско наследство на Скопје.

Трудот за прв пат воспоставува сеопфатна хронолошка рамка од толкав обем, што ги опфаќа различните фази на развој на градот во овој правец. Анализата на графичките и текстуалните извори покажа дека и покрај варијациите во формалните решенија, основната идеја за организирано, рационално и социјално ориентирано домување останува константна. Ова укажува дека населбата Аеродром не претставува изолиран пример, туку резултат на долгорочен и систематски развој на архитектонската и урбанистичката мисла.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Михајло Стојановски, со наслов: „Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство“, претставува истражување во научното подрачје инженерство и технологија, научна област: историја на архитектура и уметност, со силно нагласени елементи од заштита на градителско наследство. Докторската дисертација претставува сериозно, методолошки конзистентно и научно релевантно истражување, кое ги поврзува развојот на

современиот град, архитектонската историографија и континуираната потреба од промислување и ревалоризација на изградената средина, со специфичен фокус врз населбите за колективно домување како значајни урбани феномени.

Основната цел на трудот е продлабочено архитектонско и урбанистичко истражување на населбата Аеродром во Скопје, со намера таа да се интерпретира како специфична просторна и социо-културна целина. Дополнително, трудот има за цел да воспостави објективна и применлива рамка за вреднување на населбата како потенцијално доцномодерно архитектонско наследство, надминувајќи го пристапот во кој архитектонската вредност претежно се препознава преку вредноста на поединечните објекти.

Трудот се одликува со јасно поставена и доследно спроведена методологија, која комбинира архивско истражување, анализа на планерска документација, теоретска интерпретација, обемен графички материјал, како и теренски набљудувања. Очекуваниот научен придонес се препознава на неколку нивоа. Прво, трудот воспоставува целовита критичка историја на населбата Аеродром, позиционирајќи ја во рамки на локалните, регионалните и глобалните архитектонски и урбанистички текови. Преку оваа интерпретација, населбата се препознава како дел од поширок корпус на доцномодерни станбени ансамбли, што ја надминува нејзината локална димензија и ѝ дава пошироко научно значење. Преку темелна реконструкција на развојот на идеите за раст и ширење на градот кон исток, авторот го прикажува развојот на урбаната форма како континуиран процес на надградување и трансформација на планерските концепти. Обемната и детално обработена документација создава сериозна научна подлога за понатамошни истражувања во оваа област.

Понатаму, особено значаен придонес претставува напорот за вреднување на населбата Аеродром како доцномодерно архитектонско наследство. Во услови кога дисциплината на заштита на културното наследство постојано ги проширува своите рамки – како во однос на хронолошкиот праг, така и во однос на различните типологии и мерилото на опфат на градбите и местата – препознавањето на населбите за колективно домување од втората половина на 20 век како вредно наследство на градовите претставува актуелна и меѓународно релевантна тема. Имајќи го предвид бројот на ваквите населби, нивниот обем и територијата што ја зафаќаат, како и различните стадиуми на трансформација и/или деградација во која се наоѓаат, објективното согледување на состојбата, читањето на вредностите и градењето на правилни политики за управување со овие територии се прашања од суштинско значење за идниот урбан развој.

Конечно, трудот дава придонес во појаснувањето на квалитетите кои не се содржани исклучиво во изградените структури, туку во нивната релација со јавните и полујавните простори, зелените површини, пешачките патеки и други елементи на урбаното ткиво. Овие аспекти се неизоставни при вреднувањето на квалитетот на домување кој еден простор го нуди. Со ваквиот пристап, истражувањето ја надминува формалната анализа и ја вклучува социолошката и културолошката димензија на архитектурата.

Врз основа на севкупната анализа, може да се заклучи дека докторската дисертација на кандидатот м-р Михајло Стојановски со наслов: „Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство“, претставува значаен научен придонес, кој успешно ги поврзува теоријата, историјата на архитектурата и урбанизмот и современите прашања. Според мислењето на Комисијата за оцена, тој во целост ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот м-р Михајло Стојановски, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил како прв автор следниве рецензирани истражувачки трудови на меѓународни конференции:

[7]. Автори: Mihajlo Stojanovski, Ana Ivanovska Deskova. “Buildings, Parks and Humans: The Case of Aerodrom Neighborhood”, објавен: DOCONF 2023/ Facing Post-Socialist Urban Heritage – Proceedings, Department of Urban Planning and Design, Faculty of Architecture Budapest University of Technology and Economics (BME), pp. 350-363, 2023; ISBN: 978-963-421-932-3, (e-proceeding on http://doconf.architect.bme.hu/)

[8]. Автори: Mihajlo Stojanovski, Vlatko P. Korobar. “Liveability and the Population Dynamics: The Case of Urban Municipalities in North Macedonia”, објавен: 9th International Academic Conference on Places and Technologies – Proceedings, 2024, University of Pecs, Faculty of

Engineering and Information Technology, pp. 345-356, Pecs 2025; ISBN: 978-963-626-395-9, (e-proceeding on http://sites.google.com/view/places-and-technologies/publishing)

РЕАЛИЗИРАНА МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ

Во периодот од 20.9 до 9.10.2022 година, кандидатот м-р Михајло Стојановски реализираше меѓународна мобилност на Техничкиот универзитет Оствестфален-Липе (Technische Hochschule Ostwestfalen-Lippe), Универзитет за применети науки и уметности во Детмолд, СР Германија. Мобилноста беше спроведена во рамки на меѓународниот научноистражувачки проект „Рехабилитација на соседства за колективно домување како придонес кон социјалната еднаквост“, поддржан од програмата на Германскиот сервис за академска размена (DAAD) – „Дијалози Исток–Запад“. Проектот се реализираше како соработка помеѓу TH OWL (Германија) како носител на проектот, Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград и Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во текот на мобилноста, кандидатот спроведе теоретски истражувања за колективното домување, реализираше интервјуа со истражувачи, учествуваше на академски презентации и работеше на научен труд. Ова искуство на кандидатот му овозможи запознавање со нова академска средина, пристап до релевантна литература и воспоставување контакти за понатамошна научноистражувачка работа.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд на кандидатот м-р Михајло Стојановски претставува значаен и повеќеслоен научен придонес во областа на архитектурата, урбанизмот и историјата на современиот град, со специфичен фокус врз населбите за колективно домување и нивното вреднување како доцномодерно наследство.

Еден од најзначајните придонеси на трудот е воспоставувањето на **целовита критичка историја на населбата Аеродром.** Преку систематско користење на архивски материјали, планерска документација, периодика и теренски истражувања, авторот создава сеопфатен и јасно структуриран хронолошки преглед на развојот на источниот дел од Скопје, со особен фокус врз периодот од 70-тите до 90-тите години на минатиот век. Реконструирајќи го континуитетот на планерските идеи, авторот овозможува читање на развојот на урбаната форма како историски процес, а не како збир на поединечни интервенции. Обемот и деталноста на приложената документација, трудот го позиционира како валидна референтна основа за идни истражувања.

Понатаму, трудот дава значаен **придонес во интерпретацијата на населбата како дел од глобалните и регионалните архитектонски текови**. Преку претставување на избрани светски и југословенски примери, трудот воспоставува јасна паралела помеѓу локалната реализација и актуелните доцномодерни планерски парадигми. На тој начин, населбата се интерпретира како дел од „поголемо семејство“ на станбени ансамбли, што ја надминува нејзината локална рамка и ја вклучува во меѓународниот дискурс за (доцно)модерното домување.

Особено важен научен придонес на трудот претставува **системот на критериуми за вреднување на доцномодерното архитектонско наследство**, приспособени на специфичниот контекст на населбите за колективно домување. Овие критериуми се потпираат на меѓународните рамки (Совет на Европа, DOCOMOMO итн.), но се дополнително разработени преку анализа на четири клучни контексти: историски, урбанистичко-архитектонски, социолошко-културен и современ контекст. Ваквата систематизација овозможува објективно и повеќеслојно вреднување на комплексни просторни целини. Потпирајќи се врз нив, трудот ја аргументира тезата дека **населбата Аеродром е релевантен пример на доцномодерно архитектонско наследство**, каде што вредноста не е лоцирана во поединечните градби, туку во целината како интегрален систем на изграденият и слободниот простор. Анализата убедливо покажува дека токму интеграцијата на зелените површини, системот на пешачки површини и станбените објекти е носител на квалитетот на домувањето, со што се надминува чисто функционалната интерпретација на архитектурата и се отвора простор за нејзино разбирање и толкување и преку социолошки и културолошки димензии.

Подрачјето на примена на трудот е повеќеслојно и опфаќа неколку дисциплини. Првенствено, резултатите се релевантни за **архитектонската теорија и историја**, особено во доменот на проучување на модерната и доцномодерната архитектура. Воспоставената методологија може директно да се примени во анализа на други населби за колективно домување, како во регионален, така и во поширок европски контекст. Дополнително, трудот има примена и во областа на заштитата на културното наследство бидејќи нуди рамка за **вреднување и заштита на доцномодерните станбени населби** како вредни градски целини. Во таа смисла, трудот може да послужи како теоретска подлога за формулирање на понатамошни институционални политики и стратегии за заштита. Развиените критериуми и аргументацијата за вредноста на населбата Аеродром може да се применат и на други сродни примери во Македонија и поширокиот регион.

Фокусот на истражувањето, ставен врз еден конкретен просторен сегмент (населбата Аеродром во Скопје), може да се сфати како своевидно ограничување бидејќи изведените заклучоци, иако аргументирани и релевантни, не можат целосно да се генерализираат без дополнителни споредбени анализи. Дополнително, динамичниот карактер на современиот урбан развој и новите интервенции, кои се одвиваат парцијално и без јасна кохерентна визија, во иднина би можеле да влијаат врз првичните квалитети на населбата. Конечно, социолошките и културолошките аспекти, иако доследно елаборирани, содржат и компоненти кои се тешко емпириски мерливи. Ваквото ограничување е својствено за истражувања кои, покрај мерливи/квантитативни, содржат интерпретативни и феноменолошки пристапи.

Резултатите од трудот отвораат и бројни можности за понатамошни истражувања. Прво, природно продолжение би била можноста за компаративно истражување на слични населби за колективно домување на регионално (во рамки на територијата на поранешна Југославија) и меѓународно ниво. Извлекувањето на хронолошките, морфолошките и типолошките паралели би овозможило продлабочено разбирање на варијациите на доцномодерните модели и нивната адаптација во различни контексти. Во рамки на можните натамошни истражувања, се отвора и значаен потенцијал за продлабочување на темата од аспект на заштита на доцномодерното архитектонско наследство. Во таа насока, идните студии би можеле да ја развијат и применат воспоставената рамка за вреднување врз поширок спектар на станбени населби, со цел нивно систематско препознавање и валоризација како значајни урбани целини. Ваквиот пристап може да послужи како основа за формулирање на институционални политики и стратегии за заштита, но и како алатка за нивна практична имплементација. Конечно, трудот отвора простор за интердисциплинарни истражувања кои ќе ги поврзат архитектурата и урбанизмот со социологијата и културните студии. Ваквиот пристап би овозможил поцелосно разбирање на населбите за колективно домување како комплексни социопросторни системи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонски факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Михајло Стојановски** со наслов: **Критичка историја и вреднување на населбата Аеродром во Скопје како пример на доцномодерно архитектонско наследство.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Касапова, претседател, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ментор, с.р.
Проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член, с.р.
Проф. д-р Влатко П. Коробар, член, с.р.
Проф. д-р Јован Ивановски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АРХИТЕКТУРА И МЕСТО: МОДЕРНИЗАМ, РЕГИОНАЛИЗАМ И АРХИТЕКТУРАТА НА ОХРИД 1948 – 1991“ ОД М-Р ТЕА СЛОБОДАН ДАМЈАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 24. седница одржана на 24.2.2026 година, формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Теа** Слободан **Дамјановска** со наслов:

АРХИТЕКТУРА И МЕСТО: МОДЕРНИЗАМ, РЕГИОНАЛИЗАМ И АРХИТЕКТУРАТА НА ОХРИД 1948 – 1991,

во состав: проф. д-р Мери Батакоја (претседател), проф. д-р Јован Ивановски (ментор), проф. д-р Марија Мано Велевска (член), проф. д-р Ана Ивановска-Дескова (член) и проф. д-р Бојан Каранаков (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Теа** Слободан **Дамјановска**, со наслов: **Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991**, содржи 207 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со вкупно 123 користени извори, составени од библиографски единици, интернет-извори, интервјуа и проектна документација, од кои 95 се библиографски единици, организирани како странска и домашна литература (книги, статии, научни истражувања и др.). Трудот содржи и 115 илустрирани прилози и 2 табели. На крајот од трудот се поставени и дополнителни прилози од архивски материјали од истражувањето.

Трудот е структуриран во пет глави, вклучувајќи ги воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Воведот, нумериран како прва глава, претставува интегриран теоретско-методолошки темел на трудот, во кој се поставени основните истражувачки позиции, концептуалната рамка и аналитичкиот пристап. Во него прецизно се дефинирани предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања и почетните претпоставки, како и методологијата и применетите методолошки алатки, со што се обезбедува јасна и конзистентна насока на понатамошната разработка.

Во однос на методолошката поставеност, трудот се одликува со јасно дефиниран и повеќеслоен истражувачки пристап, кој комбинира теоретска анализа, архивско истражување, интерпретативна анализа и емпириска обработка на архитектонскиот материјал. Особено значајно е што методот на набљудување е проширен кон перцептивно и искуствено читање на просторот, засновано на непосредната релација на авторката со градот Охрид, што претставува методолошка предност и овозможува подлабоко разбирање на феноменолошките квалитети на местото.

Особено значаен сегмент од големото воведно поглавје е потглавата **Преглед на истражена литература,** која претставува разработка на теоретските основи на односот помеѓу архитектурата и местото, при што кандидатката го следи развојот на оваа проблематика почнувајќи од феноменолошките стојалишта, па сè до концептот на критички регионализам. Феноменолошкиот пристап се третира како сознајна рамка, насочена кон разбирање на местото како доживеан, перцептивен и егзистенцијален простор, во кој архитектурата се впишува преку искуството, атмосферата и значењето. Наспроти тоа, критичкиот регионализам се разработува како оперативно теоретско тело, кое произлегува од овие основи, но ги преведува во конкретни архитектонски стратегии, преку кои се воспоставува критичка позиција кон универзалистичките тенденции на модернизмот.

Во таа смисла, трудот јасно ја артикулира релацијата помеѓу овие два теоретски слоја – феноменологијата како основа за разбирање на местото и критичкиот регионализам како

инструмент за негово архитектонско артикулирање – поставувајќи ја нивната комплементарност како клучна рамка на истражувањето.

Делот **Преиспитување на модернизмот во југословенскиот контекст** го прикажува југословенскиот простор на архитектонско делување, не како пасивен примач на влијанија, туку како активна сцена што воспоставила и одржувала суштински контакт со јадрата на модернистичкиот дискурс. Тие јадра, пред сè, се поврзани со влијателното дејствување на Ле Корбизје (Le Corbusier) и со конгресите на ЦИАМ (CIAM – Congrès Internationaux d'Architecture Moderne).

Особено вреден придонес на потпоглавјето претставува идентификацијата на конкретни југословенски архитекти и начините на кои тие воспоставуваат директни професионални и образовни релации – преку работа во студиото на Ле Корбизје, учество на конгресите на ЦИАМ, вклучително и организацијата на ЦИАМ 10 на југословенски простор, во Дубровник, како и преку директна комуникација со претставници на Тим 10 (Team X). Потпоглавјето ја скицира оваа возбудлива мрежа на директни влијанија, потврдувајќи ја свесната припадност на југословенското архитектонско делување кон модерното движење, разбрано како еволутивен процес што континуирано ги преиспитува и трансформира сопствените стојалишта.

Паралелно, посредните влијанија се воспоставуваат преку списанија („Arhitektura“, „Čovjek i prostor“, „Arhitektura urbanizam“), манифести (Zemlja, EXAT-51), изложби и регионални и меѓународни конкурси, кои овозможуваат континуирана циркулација и критичка артикулација на архитектонските идеи. Преку оваа двојна структура на трансфер – директен и посредуван – југословенскиот контекст се артикулира како исклучително динамично поле на глобални, регионални и локални интеракции, преку кои модернистичкиот дискурс континуирано се адаптира и реинтерпретира.

Во **Поставките на регионалниот модернизам во Македонија**, направен е обид за целовита мобилизација на македонската архитектонска мисла во однос на регионалните приклонувања на универзалниот модернизам, преку мноштво автори чии трудови го третираат односот помеѓу архитектурата, традицијата и местото. Во овој контекст, јасно се издвојуваат две најсилни комплементарни линии на размислување.

Првата линија се однесува на истражувањата на традиционалната архитектура, претставени преку делата на Јурај Најдхарт и Душан Грабријан, како и Бранислав Којиќ, кои ја анализираат вернакуларната архитектура како систем на просторно, типолошко и културно знаење. Нивните истражувања ја афирмираат традиционалната градителска практика како активен носител на принципи релевантни за современото архитектонско проектирање, особено во однос на организацијата на просторот, односот со климатските услови и вкоренетоста во локалниот контекст. Во македонскиот контекст, клучна фигура која потекнува од оваа линија, и ѝ се приклонува, е Борис Чипан. Трудот јасно покажува дека Чипан не е само локален истражувач, туку автор чие проучување на старогрдската архитектура во Охрид влегува во истиот интелектуален хоризонт со југословенските истражувања на вернакуларната архитектура; токму преку него оваа линија добива своја македонска артикулација. Тоа се поткрепува и со фактот дека Чипан е експлицитно присутен со дела како „Стара градска архитектура во Охрид“, „Архитектура на нашето време“ и „Одјеци градительског наслеђа у сувременој македонској архитектури“. Брезоски, пак, се вклучува кон оваа линија, преку раниот текст „За нашиот архитектонски израз и традициите“ и преку својот осврт кон книгата на Чипан за Охрид, во кој таа е квалификувана како прво целосно методско-научно разгледување на старата градска архитектура во Македонија и се доведува во релација со Којиќ и Грабријан.

Втората линија се однесува на поширокиите теоретски и културолошки интерпретации на архитектурата, кога архитектурата се разбира како медиум на културен израз, меморија и идентитет. Овие позиции, кои го отвораат прашањето за односот помеѓу модерноста и културно-историскиот контекст, како и за можноста архитектурата да дејствува како носител на симболички и идентитетски слоеви, тука, во рамките на македонскиот контекст, се елаборирани преку теоретскиот ангажман на Живко Поповски. Тој е присутен преку повеќе текстови, како и преку неговата уредничка и програмска улога во првата изложба „Македонска архитектура“, во која вредносните слоеви на минатото се поставуваат рамо до рамо со смелите реализации на модерното време. Со текстот „Охридска (архитектонска) школа“, тој се појавува како еден од

најексплицитните гласови што настојуваат да ја мобилизираат македонската архитектонска мисла околу прашањето на идентитетот и местото.

Кај помладите генерации на југословенски архитекти (родени во триесеттите години на дваесеттиот век), на кои им припаѓа и Живко Поповски, прашањето за местото и архитектурата, е поврзано и со внатрешната реформа на модерното движење во рамки на ЦИАМ, под влијание од групата Тим 10 (Team X), која ја доведува во прашање догматската функционалистичка парадигма и повторно ги актуализира концептите на хабитат, соседство и асоцијативни структури како основа на урбанистичкото и архитектонско мислење.

Преку сите овие гласови, традиционалната архитектура на македонското тло се препознава како дел од поширок балкански културен модел, но истовремено и како специфична просторна и културна матрица која има потенцијал да се избори за свој регионален израз, достоен за глобалните текови на критичкото преосмислување на модернизмот. Дополнително, во рамки на овие размислувања во македонски контекст, Охрид се издвојува како најилустративен и податлив пример за можностите на ваквата синтеза помеѓу глобалното и локалното, традиционалното и модерното.

Во поставената **Теоретска рамка**, кандидатката развива сопствен модел за читање на односот архитектура – место, структуриран преку пет комплементарни критериуми:

- однос кон природните физички и еколошки аспекти на местото,
- однос кон изградените аспекти на местото,
- однос кон аспектите на структура, материјалост и тектоника,
- однос кон корисниците на местото, и
- однос кон современото разбирање на концептот „дух на местото“ како синтезна категорија.
-

Трансформацијата на истражената литература во овој функционален аналитички инструмент не е директна, ниту буквална, туку резултат на синтетичко читање на различни теоретски позиции разработени во претходната глава, при што секој од нив кореспондира со специфични аспекти на феноменологијата, критичкиот регионализам и нивната интерпретација во рамки на југословенскиот и македонскиот архитектонски дискурс. На пример, критериумот „однос кон природните физички и еколошки аспекти на местото“ произлегува од критичкиот регионализам кој ја нагласува вкоренетоста на архитектурата во топографијата, климата и пејзажот. Во југословенскиот и македонскиот контекст, ова се поврзува со истражувањата на традиционалната архитектура, каде што односот кон теренот и природните услови претставува основен генератор на формата. Критериумот „однос кон изградените аспекти не местото“ се надоврзува на анализите на вернакуларната архитектура кај автори како Којиќ, Грабријан и Чипан, каде што архитектонските форми се разбираат како резултат на долготрајна културна и програмска еволуција. Овој пристап е во согласност и со критичкиот регионализам, кој ја вреднува трансформацијата на традиционалните типови во современ архитектонски јазик. Критериумот „однос кон корисниците на местото“ произлегува од феноменолошкото разбирање на просторот како искуствена и секвенцијална категорија, но и од современите интерпретации на архитектурата како социјална практика. Критериумот „однос кон аспектите на структура, материјалност и тектоника“ се темели врз феноменолошката чувствителност кон материјалноста и тактилноста на архитектурата, како и врз критичкиот регионализам кој ја нагласува важноста на локалните материјали и техники како медијатори помеѓу глобалното и локалното. Во рамки на југословенскиот контекст, ова се поврзува и со специфичните модернистички интерпретации на материјалот како носител на израз. Критериумот „однос кон современото разбирање на концептот *дух на местото* како синтезна категорија“ произлегува од феноменолошката перспектива и нејзиниот современ превод во асоцијативни карактеристики на пејзажот, односно во перцептивните, искуствените и значенските аспекти на местото и начините на кои физичките елементи се поврзуваат со нематеријални значења. Овие аспекти се разгледуваат низ неколку категории: идентитет (препознатливост и емоционална врзаност), ориентација (разбирливост на просторните односи), хармонија (усогласеност меѓу форма, функции и контекст), транспарентност (видливост на процесите и активностите), читливост/семиотика (комуникација на значења преку форма и материјал), виталност (поддршка на човечките биолошки и сензорни потреби) и ориентација во времето (поврзаност со минатото, сегашноста и иднината).

Критериумот ја оценува способноста архитектурата да ги интегрира овие димензии во кохерентен и значенски богат однос со местото. Во таа смисла, петте критериуми овозможуваат интегрално и нередукционистичко согледување на архитектурата како дел од поширок систем на релации, функционирајќи како **тоталитетен модел на местото.**

Со тоа, воведното поглавје не само што ја поставува теоретската и методолошката основа на трудот, туку и јасно ја дефинира аналитичката позиција од која се изведува понатамошната разработка, овозможувајќи продлабочено и повеќеслојно читање на архитектонското творештво во Охрид во периодот 1948 – 1991 година на релацијата архитектура – место.

Втората глава, насловена **ОХРИД: МЕСТО И КОНТИНУИТЕТ**, ги анализира историските, просторните и морфолошките основи на градот Охрид како предуслов за разбирање на неговата модерна архитектонска трансформација. Во неа се разработуваат кратката историја на градот, морфологијата на стариот град и карактеристиките на староградската архитектура, при што особено се истакнува улогата на природниот пејзаж, езерото и топографијата како клучни фактори во формирањето на градската структура и во трајноста на неговиот просторен идентитет. Понатаму, преку потпоглавјата **Модернизациски процеси во Македонија во рамките на Југославија** и **Модернизациски процеси во градот Охрид**, кандидатката ја поставува поширокаата политичка, општествена и културна рамка на истражувањето, објаснувајќи го периодот 1948 – 1991 како време на интензивен модернизациски развој, урбано ширење и воспоставување на нови функции, инфраструктура и институционални капацитети. Особено значајни се потпоглавјата **Регионален план на Охридското Езеро** и **Директивна регулациона основа за развој на градот Охрид**, преку кои се анализира улогата на модернизациските урбанистички планови од југословенскиот период како клучен инструмент во трансформацијата на Охрид од традиционален во модерен град.

Почнувајќи од планерските интервенции на Владо Антолиќ од 1948 година, трудот убедливо покажува дека овие планови не се третираат само како технички документи, туку како носители на нова развојна логика. Преку нив се воведуваат принципи на систематска организација на просторот, функционална диференцијација, инфраструктурна опременост и контролирана урбана експанзија. Притоа, јасно се согледува нивната улога во проширувањето на градот кон низинските делови, интегрирањето на крајбрежјето на езерото во современиот урбан развој и позиционирањето на Охрид како регионален центар. Особено значајно е што кандидатката прецизно ја дефинира временската рамка на истражувањето, поставувајќи ја 1948 година – со стапувањето во сила на Директивниот регулационен план на Антолиќ – како почетна точка, а 1991 година – како крај на социјалистичка Југославија и премин кон нов политички и економски систем – како крајна граница на анализата. На тој начин, архитектонскиот развој на Охрид се чита во јасно дефиниран историски контекст. Значајно е да се издвојат и ставовите на Владо Антолиќ за односот помеѓу старото и новото, кои покажуваат дека плановите за модернизација на Охрид не биле игнорантни кон постојната урбана ткаенина. Тој предложува три принципи за разрешување на „конфликтот“ помеѓу старото и новото:

- изолација – стариот дел на градот се зачувува како целина со сопствено мерило и живот, физички одделен од новите интервенции (најчесто преку зелени појаси или јасни просторни рабови);
- мешана поврзаност – новите објекти се вметнуваат во постојната структура, на слободни или реконструирани површини, при што конфликтите се ублажуваат преку транзициски простори (зеленило, јавни содржини);
- вградена поврзаност – новото се гради непосредно до старото, со усогласување на мерилото и силуетата, често преку меѓуелементи кои посредуваат помеѓу различните размери.

Со тоа, модернизацијата се поставува како процес на континуитет и адаптација, а не како раскин со постојното.

Трудот понатаму дава релевантна интерпретација на специфичната позиција на Југославија како геополитички и економски посредник помеѓу социјалистичкиот исток и капиталистичкиот запад. Во услови на самоуправен социјализам, оваа позиција овозможува пристап до различни пазари, технологии и инвестиции, поддржувајќи процеси на економски раст и модернизација, истовремено зачувувајќи ја политичката автономија. Овој контекст е успешно поврзан со

архитектонските и урбанистичките процеси, што му дава на трудот поширока интерпретативна рамка.

Посебен акцент во анализата е ставен на туризмот како еден од клучните модернизациски процеси во Југославија. Трудот укажува дека преку развојот на социјалниот туризам – поттикнат со воведувањето на платениот годишен одмор (1946) – туризмот станува масовен феномен, овозможувајќи широка достапност и генерирајќи значителна градежна активност преку изградба на работнички и младински одморалишта. Овој процес се препознава како особено значаен во контекст на Охрид, каде што токму преку туризмот градот се позиционира како една од клучните туристички дестинации во рамките на југословенскиот простор, со директно влијание врз неговиот урбан и архитектонски развој.

Третата глава, насловена **АРХИТЕКТУРАТА НА ОХРИД 1948 – 1991**, го разработува архитектонското творештво во периодот на модернизација на градот. Во потпоглавјето **Реализација на плановите и нивната архитектонска материјализација** се анализира степенот на спроведување на урбанистичките планови и нивното преточување во конкретни архитектонски интервенции, при што се согледува односот помеѓу планерските концепции и изградената структура на градот. Во овој контекст, клучен методолошки инструмент претставува инвентаризацијата на градежниот фонд, преку која се овозможува систематско евидентирање, класификација и анализа на реализираните објекти, како и следење на нивната просторна дистрибуција и типолошка разновидност. Преку оваа анализа се воспоставува јасна корелација помеѓу планерските поставки и архитектонската реализација, што овозможува критичко согледување на процесот на урбана трансформација на Охрид. Во потпоглавјето **Архитекти и влијанија во модернистичката архитектура на Охрид,** вниманието е насочено кон авторските позиции и поширокиte архитектонски влијанија, при што се анализира улогата на поединечни архитекти, нивните проектантски пристапи и трансферот на идеи во локалниот контекст. Преку ваквата двојна поставеност – помеѓу планот и реализацијата, како и помеѓу авторството и влијанијата – третата глава овозможува продлабочено разбирање на карактерот на модернистичката архитектура во Охрид и нејзината улога во формирањето на современиот урбан идентитет на градот.

Во рамки на оваа аналитичка рамка, систематската инвентаризација на вкупно 107 евидентирани реализации воспоставуваат цврста емпириска основа за издвојување на клучните протагонисти на охридската архитектонска сцена во периодот 1948 – 1991 година. Врз основа на квантитативната застапеност и континуитетот на авторските практики, се идентификува јадро на архитекти со значаен придонес во обликувањето на современиот урбан идентитет на градот, меѓу кои се истакнуваат Ѓорѓи Голев, Климент Заров, Павел Балабанов, Пантелеј Митков и Љубен Најденов. Нивното творештво опфаќа широк спектар на архитектонски типологии – од станбени комплекси и јавни институции до туристички капацитети – при што директно учествуваат во процесите на урбано проширување, функционална диференцијација и инфраструктурна консолидација на градот.

Паралелно со оваа група, се издвојуваат и автори со поизразен архитектонски и концептуален пристап, како Едо Михевц и Живко Поповски, чии остварувања придонесуваат кон нагласено авторска артикулација на модернистичкиот архитектонски јазик во специфичниот локален контекст на Охрид. Сепак, аналитичкиот ракурс не е насочен кон поединечните автори, туку кон архитектонската продукција во разгледуваниот период како целина, која се разгледува како комплексна мрежа на влијанија, трансфер на знаења и професионални практики, во која се преплетуваат локални искуства и поширокиjугословенски и меѓународни модернистички тенденции.

Мапирањето на овие реализации во интегрална урбана карта на Охрид овозможува дополнително согледување на просторната дистрибуција на модернистичката изградба, особено во однос на зоните со најинтензивни модернизациски притисоци. Дополнителна вредност на истражувањето претставува и исклучителниот фотографски материјал, кој преку архивски фотографии ги документира овие објекти во нивната изворна состојба.

Четвртото поглавје, под наслов: **КОН РЕГИОНАЛЕН МОДЕРНИЗАМ: СТУДИИ НА СЛУЧАЈ,** претставува централниот аналитички сегмент на трудот, во кој поставената теоретска рамка се операционализира преку систематска анализа на десет студии на случај од архитектонската продукција во Охрид во периодот 1948 – 1991 година.

Изборот на студиите на случај опфаќа различни типолошки категории, вклучувајќи:
• Основно училиште „Св. Климент Охридски“ – Павел Балабанов
• хотел „Палас“ – Едо Михевц
• Одморалиште на феријалниот сојуз „Младост“ – Борис Чипан
• ресторан и дискотека „Парк“ – Павел Балабанов
• хотел „Десарет“ – Пантелеј Митков
• хотел „Горица“ – Климент Заров (со подоцнежни интервенции од други автори)
• угостителски објект „Летница“ – Љубен Најденов
• Градски угостителски центар „Летница“ – Маргарита Трендафиловска-Хаџиева и Софија Мизова-Хаџиева
• Дом на пензионери – Живко Поповски
• Дом на културата „Григор Прличев“ – со повеќе фази и автори.

На тој начин се обезбедува репрезентативен пресек на архитектонските практики во истражуваниот период. Критериумите за избор на објектите се имплицитно, но јасно препознатливи: нивната репрезентативност во однос на модернизациските процеси, односот кон локалниот контекст, како и можноста преку нив да се следат различни модалитети на артикулација на односот архитектура – место. Избраните примери овозможуваат споредбена анализа и идентификација на разновидни архитектонски позиции во рамките на истата географска и културна рамка.

Секоја студија на случај се разгледува низ конзистентен сет на аналитички параметри, кои произлегуваат од теоретската рамка во првото поглавје: однос кон природните физички и еколошки аспекти на местото, однос кон изградените аспекти на местото, однос кон аспектите на структура, материјалост и тектоника, однос кон корисниците на местото, однос кон современото разбирање на концептот „дух на местото“ како синтезна категорија. Овој пристап, секогаш преку дефинирање на „односот“ кој архитектурата треба да го воспостави со местото, овозможува архитектонските дела да се читаат како просторни практики што посредуваат, воспоставуваат дијалог меѓу универзалните принципи на модернизмот и специфичностите на местото.

Особена вредност на поглавјето претставува фактот што анализите не остануваат на ниво на поединечни интерпретации, туку се надградуваат со јасно артикулирана синтеза, во која студиите на случај се групираат во различни архитектонски пристапи кон местото. Дел од пристапите ја следат нормативната логика на модернистичкиот јазик, други ја вградуваат специфичноста на пејзажот и традиционалните просторни матрици, додека трети функционираат како хибридни форми што ја посредуваат оваа тензија. Со ваквата синтетичка операција, поглавјето добива карактер не само на аналитички, туку и на генеративен дел од трудот, преку кој се формулираат различни модалитети на регионален модернизам во конкретниот контекст.

Дополнително, визуелните и графичките прикази на студиите на случај се резултат на темелно архивско и теренско истражување, но и на свесна аналитичка интервенција, при што објектите се прикажуваат во проширен контекст. Овој пристап е јасно методолошки позициониран и придонесува за подлабоко читање на односите меѓу архитектурата и местото.

Во целина, поглавјето успешно ја демонстрира способноста на кандидатката да ја трансформира теоретската рамка во аналитичка алатка и да изведе аргументирана синтеза, преку која се потврдува основната теза на трудот за сложениот и повеќеслоен однос помеѓу модернизмот и местото во архитектурата на Охрид.

Во заклучните согледувања, трудот ја позиционира архитектурата на Охрид како специфично поле во кое се преговара односот помеѓу универзалните модернистички принципи и локалните просторни и културни специфики. Наместо да се чита како еднонасочен процес на модернизација, архитектонската продукција од овој период се разбира како динамична и често тензична практика, во која различни концепции за местото се судираат, се преклопуваат и се трансформираат.

Преку анализираните примери се покажува дека архитектонските решенија не се резултат ниту на чисто формални, ниту на исклучиво контекстуални импулси, туку произлегуваат од сложено посредување помеѓу глобалните модели и локалните услови, при што местото не е даденост, туку активен конструкт кој се артикулира низ проектантската практика.

Во таа смисла, трудот придонесува кон преиспитување на архитектонската продукција од втората половина на XX век, афирмирајќи ја нејзината вредност како просторен, културен и историски слој, и отворајќи можност за нејзино поинакво читање и валоризација во современ контекст.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е односот помеѓу архитектурата и местото, разгледан преку анализата на архитектонската продукција во Охрид во втората половина на XX век, поточно во периодот од 1948 година – означен со стапувањето во сила на Директивниот регулационен план на Владо Антолиќ како почетна точка – до 1991 година, која се совпаѓа со распадот на социјалистичка Југославија и осамостојувањето на Македонија, како крајна граница на анализата. Истражувањето се фокусира на начинот на кој овој однос се артикулира преку конкретни архитектонски решенија и проектантски пристапи, во рамки на поширокиte модернистички текови.

Во таа насока, предметот опфаќа анализа на избрани студии на случај, со цел да се идентификуваат различните модалитети преку кои архитектурата воспоставува релација со локалниот контекст, вклучително природните, урбаните, социјалните и културните карактеристики на местото. Истражувањето ги разгледува овие процеси како дел од поширока архитектонска и општествена динамика, без да ги сведува на единствен или универзален пристап.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во македонскиот контекст, теориите на феноменологијата и критичкиот регионализам се присутни во архитектонскиот дискурс, но најчесто спорадично и фрагментарно, преку читања на поединечни дела и авторски позиции. Тие не се развиени како кохерентна теоретска рамка, ниту како систематски инструмент за анализа на македонската архитектонска продукција. Во таа смисла, овој труд ги мобилизира овие теоретски позиции, поставувајќи основа за еден вид на локално артикулирана теорија на регионализмот.

Истовремено, зградите на модернизмот во домашниот контекст најчесто се истражувани како изолирани архитектонски достигнувања, на ниво на поединечен објект, без нивно поврзување со поширокиte процеси од кои произлегуваат. Наспроти тоа, овој труд ги следи архитектонските реализации од нивната урбана генеза – во рамки на урбанистичките планови – па сè до нивната конкретизација како резултат на сложен и континуиран дијалог со местото.

Дополнително, до моментот на изработка на дисертацијата не постои систематски обработен, архивиран и научно интерпретиран фонд на реализирани објекти во Охрид од овој период, ниту нивно разгледување како целина во рамки на кохерентно истражување. Во таа смисла, дисертацијата претставува пионерски потфат кој, преку воспоставување на овој архивски фонд и негово аналитичко разгледување, овозможува ново, структурирано читање на модерната архитектура во Охрид како практика што генерира особени вредности во релација со местото, што е клучен авторски придонес на истражувањето.

Читањето на модерната архитектура во однос на местото често е обременето со однапред утврдени и поедноставени ставови, според кои модернизмот се интерпретира како инхерентно игнорантен кон контекстот. Овој догматски пристап најчесто не произлегува од детална анализа, туку од недоволно истражен материјал и непрепознавање на суптилните начини на комуникација помеѓу модерната архитектура и местото. Во таа смисла, трудот воведува продлабочено и понијансирано читање, кое ги прави видливи механизмите на оваа комуникација, откривајќи ја модерната архитектура како медиум низ кој местото се мисли, се интерпретира и повторно се конституира.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето се заснова на комбиниран методолошки пристап кој интегрира теоретска, историографска и емпириска анализа. Во неговата основа е прегледот и критичката анализа на релевантната научна литература, преку кои се дефинира истражувачката рамка и се идентификуваат клучните поими и позиции поврзани со архитектонскиот регионализам.

Методолошкиот пристап се надополнува со архивско истражување, теренско набљудување и интервјуа, преку кои се прибира, се систематизира и се интерпретира корпус на

податоци за реализирани објекти и нивниот контекст. Анализата се спроведува преку студии на случај, кои се разгледуваат со помош на однапред дефинирани критериуми, овозможувајќи нивно компаративно читање и вреднување.

Примената на синтезна и квалитативна анализа овозможува поврзување на поединечните наоди во поширок систем, во кој односот помеѓу архитектурата и местото се разгледува преку неговите просторни, морфолошки и културни аспекти.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Трудот јасно артикулира повеќеслоен научен придонес, кој се развива низ неколку меѓусебно поврзани аналитички рамнини.

На ниво на теоретска рамка, истражувањето систематично го мапира трансферот на концептот за „место“ во рамки на југословенскиот и македонскиот архитектонски контекст, преку институционални, образовни и лични канали. Овој пренос на идеи не се третира како еднонасочен процес, туку како динамична размена, при што концептот на место се адаптира, се трансформира и се реинтерпретира во различни локални услови.

На ниво на урбан развој, трудот ги анализира процесите на модернизација во Охрид, прикажувајќи ги преку планските документи и реализираните интервенции што ја отсликуваат трансформацијата на градот Охрид во модерен град. Овие процеси не се претставуваат само како физичка експанзија, туку како културна и идеолошка реконфигурација на просторот, при што и урбанистичките планови не се прочитани само како технички документи, туку како носители на поширок културни и идеолошки проекции.

Архивското истражување претставува значаен сегмент на трудот, овозможувајќи систематизација на обемен фонд на објекти и архитекти, со што се воспоставува релевантна база за понатамошни истражувања. Преку оваа документација се овозможува појасно разбирање на продукциските услови, авторските позиции и контекстуалните влијанија. Особено се истакнува вредноста на архивските фотографии, кои ги визуелизираат процесите на модернизација на Охрид, како и поединечните реализации и нивните контексти во нивната најизворна форма.

Конечно, преку десетте студии на случај, трудот овозможува продлабочено читање на различните дијалози помеѓу модерната архитектура и местото, при што се опфатени повеќе типолошки категории – од образовни и туристички објекти до културни институции.

Критичката евалуација на овие примери покажува дека односот архитектура – место не може да се сведе на единствен модел. Напротив, тој варира во зависност од архитектонскиот јазичен апарат, авторската позиција и степенот на интерпретација на контекстот. Во одредени случаи, местото се третира како формален ресурс, додека во други се препознава подлабоко разбирање и трансформација на неговите просторни, културни и симболички вредности.

Ова сознание ја проблематизира поедноставената теза за модернизмот како игнорантен кон контекстот, отворајќи простор за посуптилни читања на модерната архитектура како поле на различни, понекогаш контрадикторни, но продуктивни дијалози со местото.

Најважно, трудот не останува само на аналитичко ниво, туку воспоставува и јасна вредносна позиција. Преку својата аргументација, тој придонесува кон преиспитување на слојот на модерната архитектура во Охрид, афирмирајќи ја потребата од негово интегрирано читање и валоризација како составен дел од културното наследство.

Во таа смисла, односот архитектура – место се потврдува како суштинско прашање кое не произлегува од стилски определби, туку од интелектуална и културна позиција на архитектот. Токму во оваа позиција се манифестира нераздвоивоста на физичката структура и интелектуалната содржина како темел на идентитетот на местото.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Теа Слободан Дамјановска, со наслов: **Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991**, претставува истражување во научното подрачје **инженерство и технологија**, во научно потполе **архитектура** и во научната област **архитектонско проектирање**. Теориските поставки на архитектонското проектирање по својата природа се втемелени во поширокиот корпус на архитектонската и културната теорија, архитектонската историографија и континуираната потреба од промислување и ревалоризација на изградената средина. Во тој

контекст, дисертацијата успешно ги поврзува овие аспекти во кохерентна истражувачка рамка, третирајќи ја архитектурата како теоретски заснована практика.

Трудот придонесува кон продлабочување на разбирањето на односот помеѓу архитектурата и местото преку конкретниот пример на Охрид, истовремено позиционирајќи го истражувањето во рамки на пошироките современи дебати. Неговата вредност се огледува и во неговиот потенцијал да придонесе кон развојот на архитектонската мисла во образованието, особено во насока на поттикнување на чувствителен и одговорен однос кон местото како суштински аспект на архитектонското творење и културниот опстанок.

Докторската дисертација е насочена кон продлабочување на теориското и аналитичкото разбирање на односот помеѓу архитектурата и местото, преку истражување на архитектонската продукција во Охрид во периодот 1948 – 1991, како специфичен пример на преплет помеѓу принципите на модерната архитектура и локалниот контекст. Научниот придонес се состои во воспоставување на систематизирана аналитичка рамка за читање и вреднување на овој однос модерната архитектура – Охрид како место, како и во формирање на богат попис на реализирани објекти, кој претставува основа за понатамошни истражувања и критичка реваloризација на модерната архитектура како архитектонско наследство.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Теа Слободан Дамјановска, со наслов „Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991“, според мислењето на Комисијата за оцена, не само што ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд, туку ги надминува преку својата методолошка конзистентност, теориска заснованост и научна релевантност.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Теа Дамјановска, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[9]. Tea Damjanovska: „Architecture in Macedonia in the Second Half of the 20th Century: The Contribution of Boris Chipan“, објавен: 10th International Academic Conference on Places and Technologies – Proceedings/Book of Abstracts, May 2025.

[10]. Теа Дамјановска: „Хотел ʾПалацʻ во Охрид – олицетворение на просторниот, архитектонски и конструктивен модел на модерната“, објавен: 21. Симпозиум на ДГКМ – Градежно конструкторство – без ограничувања, Книга на трудови/апстракти, септември 2025.

Кандидатката Теа Дамјановска има реализирано меѓународна мобилност на Техничкиот универзитет Оствестфален-Липе (TH OWL) – Универзитет за применети науки и уметности, Детмолд, Германија, во периодот од 20.9 до 9.10.2022 година (признаена со Одлука бр. 1703 – 17/88 од 8.11.2023). Краткотрајниот престој за мобилност е дел од проектот „Рехабилитација на соседства за масовно домување како придонес кон социјалната еднаквост“, имплементиран преку програмата на ДААД - Дијалог помеѓу истокот и западот: Дијалог во високото образование со земји од Западен Балкан. Проектот е иницира од Техничкиот факултет (TH OWL) – Институт за стратегии за дизајн (IDS), Германија, во соработка со Универзитетот во Белград – Архитектонски факултет (UB-FA), Србија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Архитектонски факултет, Република Северна Македонија.

Заклучок и предлог

Трудот на кандидатката Теа Дамјановска претставува оригинален придонес кон архитектонската наука, чиј научен потенцијал се развива низ неколку меѓусебно поврзани аналитички рамнини.

Најнапред, воспоставува прецизна аналитичка рамка за читање на односот архитектура – место, структурирана преку пет меѓусебно поврзани критериуми, изведени од поставките на феноменологијата, критичкиот регионализам и нивните артикулации во југословенскиот и македонскиот архитектонски мисловен простор. Овие критериуми имаат за цел да го согледаат дијалогот архитектура – место во контекст на модернизмот во сета негова сложеност – како процес кој никогаш не е еднозначен, туку внатрешно разновиден и често противречен. Токму затоа, овој аналитички модел може да се разбере како тоталитетен модел за анализа на архитектурата и местото.

Понатаму, трудот ги разгледува процесите на модернизација во јасно дефинирана хронолошка и географска рамка – градот Охрид во периодот 1948 – 1991 година. Овие процеси не се интерпретираат само како физичка експанзија, туку како културна и идеолошка реконфигурација на градот, при што урбанистичките планови не се сведуваат на технички регулаторни инструменти, туку се читаат како носители на поширок општествени и културни проекции на тогашното социјалистичко општество.

Особено значаен сегмент на трудот претставува архивското истражување, преку кое се инвентаризира и систематизира обемен корпус на објекти и архитекти, со што за првпат се воспоставува систематизирана база за понатамошни истражувања на архитектонската продукција на градот Охрид.

Конечно, преку десетте студии на случај, трудот овозможува продлабочено читање на различните дијалози помеѓу модерната архитектура и местото, опфаќајќи широк спектар на авторски позиции и пристапи. Меѓу тие пристапи можат да се издвојат пристапи кои се движат од нагласено приклонување кон доминантните јазични матрици на модернизмот, преку оние што воспоставуваат поизразен дијалог со локалниот контекст и традиционалните просторни обрасци, до хибридни решенија што посредуваат меѓу овие две позиции, градејќи комплексни и често амбивалентни односи кон местото.

Критичката евалуација на овие примери ја укинува догмата за модернизмот како априори игнорантен кон контекстот и отвора простор за посуптилни читања на модерната архитектура како поле на различни, понекогаш контрадикторни, но продуктивни дијалози со местото. Затоа, овој труд ја афирмира потребата од интегрирано читање на модерната архитектура во Охрид и нејзина валоризација како еднакво вреден слој на архитектонското и културно наследство на градот.

Со сето наведено, резултатите од истражувањето се применливи, пред сè, во архитектонското проектирање како промислена практика, но и во теориите на проектирањето, историографијата и процесите на вреднување и интерпретација на модернизмот како наследство. Тие имаат значајна улога и во архитектонската педагогија, бидејќи развиваат одговорен и сочуствителен однос кон местото како носител на колективниот идентитет.

Трудот отвора повеќе насоки за понатамошни истражувања. Неговата методолошка рамка и широкиот модел за анализа на архитектурата и местото можат да се искористат за читање на други контексти. Базата од 107 попишани архитектонски реализации е вреден репозиториум за идни архивски истражувања. Овој докторски труд повикува на посуштествено читање на модерното наследство на Охрид и може да постане значаен потпора во процесите на негова актуализација и заштита. Дополнително, трудот отвора простор за нови истражувања во доменот на иновативни графички методи за прикажување на дијалогот помеѓу архитектурата и местото, кои го надминуваат документарниот пристап и се позиционираат како релевантни алатки и во аналитичката и во синтетичката фаза од процесот на проектирање.

Теа Дамјановска успева да ја афирмира охридската епизода на модерната архитектура во сета нејзина повеќеслојност, амбивалентност и недовршеност. Таа зрело, без романтизации, заклучува дека, покрај повиците за мобилизација на „охридска архитектонска школа“, оваа епизода претставува збир од индивидуални напори, инспирирани од интензитетот на духот на местото, а не формализирано и самосвесно колективно движење на македонската архитектонска сцена.

Сепак, преку овој докторски труд се потсетуваме дека разбирањето на архитектурата како достојно и трајно обележје на македонскиот идентитет не се артикулира преку декларативни и декоративни форми, туку токму преку вакви суштествени, одговорни и повеќеслојни препрочитувања на материјалните и нематеријалните карактеристики на конкретното место, што архитектурата ги материјализира.

Со оглед на наведеното, Комисијата ја има честа да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Теа** Слободан **Дамјановска** со наслов: **АРХИТЕКТУРА И МЕСТО: МОДЕРНИЗАМ, РЕГИОНАЛИЗАМ И АРХИТЕКТУРАТА НА ОХРИД 1948 – 1991.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Мери Батакоја, претседател, с.р.
Проф. д-р Јован Ивановски, ментор, с.р.
Проф. д-р Марија Мано Велевска, член, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.
Проф. д-р Бојан Каранаков, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОДЕЗИЈА И ГЕОИНФОРМАТИКА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 6.3.2026 година, за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.01.01.08 – *геодезија и геоинформатика* (Уредба за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области), Службен весник на РСМ бр. 91/2024), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2/95-57, донесена на 25.3.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Златко Богдановски, проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Лазо Димов, редовни професори на Градежниот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во научната област 2.01.01.08 – *геодезија и геоинформатика*, во предвидениот рок се пријавија д-р Томе Геговски, асистент на Градежниот факултет во Скопје и д-р Филип Петровски, исто така, асистент на Градежниот факултет во Скопје.

ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ Д-Р ТОМЕ ГЕГОВСКИ

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Томе Геговски е роден на 1.5.1993 година, во Гостивар. Основно и средно образование завршил во родниот град. Со високо образование се стекнал на студиите по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Во текот на студиите е стипендист на Градежниот факултет. Дипломирал во септември 2015 година, со просечен успех 9,81. Неговата дипломска работа е наградена од Комората на трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија, како најдобра дипломска работа за 2015 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот и хрватскиот јазик.

Во учебната 2015/2016 се запишал на втор циклус (магистерски) студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Во септември 2018 година ги завршил студиите со просечен успех 9,87, со одбрана на магистерскиот труд со наслов: *Примена на ГНСС за определување на 2Д-деформации кај јаловишни брани*.

Во септември 2021 г. се запишал на трет циклус студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Напредни InSAR-техники за следење на деформации на Земјината кора* ја одбранил на 23.2.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Златко Богдановски (ментор), проф. д-р Златко Србиноски, проф. д-р Лазо Димов и проф. д-р Игор Пешевски, сите редовни професори на Градежниот факултет во Скопје, и проф. д-р Зоран Сушиќ, редовен професор на Факултетот за технички науки при Универзитетот во Нови Сад, Република Србија. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

На 30.12.2020 година е избран во соработничко звање – асистент, а во септември 2023 година е повторно избран во звањето асистент по областите 20600 – нижа геодезија, 20602 – применета геодезија, 20604 – просторно планирање и уредување на населби, 20605 – виша геодезија и 20609 – друго, на Градежниот факултет во Скопје.

Важно е да се напомене стручното усовршување на кандидатот остварено за време на студирањето на третиот циклус студии по геодезија. Имено, во тој период остварува еднонеделен студиски престој на Факултетот за градежништво и геодезија при Универзитетот во Љубљана, каде што разменува стручни и научни искуства за современите InSAR-техники. Исто така, значајна е неколкудневната посета на Рапла, Република Естонија и остварените контакти со светски реномирани експерти од областа на InSAR-технологијата.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1228 од 15.12.2020 година и Билтенот бр. 1290 од 1.9.2023 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Градежен факултет – Скопје, кандидатот д-р Томе Геговски изведува вежби и теренска настава по повеќе предмети на прв и втор циклус студии на студиските програми: Геодезија и Геодезија и геоинформатика.

Кандидатот бил ангажиран во изведувањето на наставата во повеќе предмети на Катедрата за виша геодезија. Така, за време на студирањето на постипломските студии бил ангажиран како демонстратор по предметите: *Основи на геодезија, Геодезија 1* и *Просторно планирање.*

По магистрирањето, кандидатот бил ангажиран како надворешен соработник на Катедрата за виша геодезија по горенаведените предмети.

Од почетокот на неговиот ангажман на Катедрата за виша геодезија, кандидатот учествува во изведувањето на аудиторните и практичните вежби.

Покрај изведувањето на вежбите, во изминатиот период, кандидатот бил ангажиран и при изведување на летната практика по геодезија, по предметите *Геодетска пракса 1* и *Геодетска пракса 2* со студентите од студиите по геодезија, потоа при подготовката и прегледот на задачите за вежби, колоквиуми и испити, како и при контролата и примањето на програмските задачи по горенаведените предмети.

По изборот во соработничко звање – асистент на Градежниот факултет во Скопје во 2020 година, кандидатот, покрај вклучувањето во изведувањето на вежбите на погоре споменатите предмети од студиската програма од прв циклус студии по геодезија, треба да се истакне дека активно учествува и во аудиторните и практичните вежби по предметите: *Инженерска геодезија* и *Виша геодезија.*

Од учебната 2021/2022 година, кандидатот активно учествувал во аудиторните вежби на предметите *Применета геодезија* и *Далечинска детекција* на вториот циклус студии по геодезија.

Кандидатот, во изминатиот период, како техничко лице, активно учествувал во Комисијата за самоевалуација и советите за докторски студии по градежништво и геодезија на Градежниот факултет во Скопје.

Во 2023 година, кандидатот има учествувано на работилницата *New trends in geotechnical monitoring for slow – moving landslides subsidence risk analysis,* која е организирана на Градежниот факултет во Скопје, каде што го збогатува своето портфолио од примената на InSAR-концептот.

Кандидатот има учествувано заедно со група автори во изработка на интерна скрипта за предавања по предметот Далечинска детекција.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите негови активности во наставно-образовната дејност.

Научноистражувачка дејност

Д-р Томе Геговски од последниот избор има објавено вкупно 12 научни трудови од областа на геодезијата, од кои: еден труд во списание фактор на влијание, пет труда со оригинални научни резултати во меѓународни научни списанија, два труда објавени во зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и четири труда со оригинални стручни резултати објавени во зборник на трудови од стручен собир.

Д-р Томе Геговски бил учесник во еден национален научен проект.

Кандидатот имал учество на еден научен собир со реферат подржан со усна презентација. Исто така, има учествувано на три стручни собири со постер презентации.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите негови активности во научноистражувачката дејност.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во соработка со членовите на Катедрата за виша геодезија, д-р Томе Геговски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Градежниот факултет која опфаќа специфични проблеми од различни дисциплини на геодезијата.

Кандидатот учествува во изработка на проектна документација и елаборати од областа на геодезијата, учествува во изработката на техничка документација за капитални објекти од типот на брани, патишта, мостови итн.

За посебно истакнување е учеството на кандидатот во низа високостручни професионални активности на полето на геодетските оскултации на инженерските објекти. Исто така, искуството стекнато со работниот ангажман во приватниот геодетски сектор во периодот од 2016 до 2019 година, поточно во компанијата А-НЕТ од Гостивар, придонесуваат во остварување на стручни искуства поврзани со националниот катастарски систем.

Кандидатот д-р Томе Геговски остварил експертски активности во областа на геодезијата, при што учествувал во изработката на повеќе од 60 елаборати за различни типови геодетски мерења и оскултации.

Подетални информации за наведените активности се дадени во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Томе Геговски континуирано добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Градежниот факултет.

ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ Д-Р ФИЛИП ПЕТРОВСКИ

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Филип Петровски е роден на 24.3.1994 година, во Тетово. Основното и средното образование ги завршил во родниот град со одличен успех.

Во учебната 2012/2013 година се запишал на додипломски студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. За сето време на студирањето, кандидатот е стипендист на Градежниот факултет во Скопје.

Додипломските студии ги завршил во септември 2015 година, со просечна оценка 9,81 и со одбрана на дипломската работа под наслов: *Определување на трансформациски параметри за дел од течението на реката Радика – Гостиварска област,* при што се стекнал со стручниот назив дипломиран геодетски инженер.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на постдипломските студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просечна оценка 9,40, по што кандидатот пријавил магистерски труд од областа на вишата геодезија. Магистерскиот труд под наслов: *Споредбена анализа на пресметани базни вектори со комерцијални платформи за сателитско позиционирање,* го одбранил во април 2020 година. Самиот магистерски труд е изработен со високо ниво на студиозност и аналитички карактеристики, со што е вброен во најдобро изработените магистерски трудови при Катедрата за виша геодезија. Со одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнал со научниот назив магистер по технички науки од областа на геодезијата.

Кон крајот на 2020 г., кандидатот е примен по објавениот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје, како асистент во наставно-научните области: 20600 – нижа геодезија, 20602 – применета геодезија, 20604 – просторно планирање и уредување на населби, 20605 – виша геодезија и 20609 – друго. Во септември 2023 година е повторно избран во звањето асистент по претходно споменатите области.

Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

Во септември 2021 г. се запишал на трет циклус студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Примена на ГНСС-нивелман за одредување на локален геоид* ја одбранил на 19.2.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Златко Богдановски (ментор), проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Лазо Димов, сите редовни професори на Градежниот факултет во Скопје, проф. д-р Јован Јованов, редовен професор во пензија од Градежниот факултет во Скопје и проф. д-р Рамазан Алпај Абак, редовен професор од Техничкоти факултет во Конија, Република Турција. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

Важно е да се напомене стручното усовршување на кандидатот остварено за време на студирањето на третиот циклус студии по геодезија. Имено, во тој период остварил двонеделен студиски престој на Техничкиот факултет во Конија, Република Турција, каде што разменува стручни и научни искуства за методите на определување локален геоид и учествува во обемни гравиметриски мерења за добивање на локален геоид.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1228 од 15.12.2020 година и Билтенот бр. 1290 од 1.9.2023 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Од почетокот на неговиот ангажман на Катедрата за виша геодезија, кандидатот учествува во изведувањето на аудиторните и практичните вежби по предметите: *Основи на геодезија*, *Геодезија 1, Геодезија 2, Теорија на грешки* и *Геодетски израмнувања* на студиите од прв циклус по геодезија, а исто така има активно учество и на предметот *Геодезија* на студиските програми од прв циклус студии по градежништво и геотехничко инженерство. Исто така, кандидатот има активно учество во изведување на аудиторните вежби по предметот *Параметарски израмнувања* на вториот циклус студии по геодезија.

Покрај изведувањето на вежбите, во изминатиот период, кандидатот бил ангажиран и при изведување на летната практика по геодезија по предметот *Геодетска пракса 1* со студентите од студиите по геодезија, потоа при подготовката и прегледот на задачите за вежби, колоквиуми и испити, како и при контролата и примањето на програмските задачи по горенаведените предмети.

Во 2023 година, кандидатот има учествувано на работилницата *New trends in geotechnical monitoring for slow – moving landslides subsidence risk analysis,* која е организирана на Градежниот факултет Скопје, каде што го збогатува своето портфолио од примената на далечинската детекција.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите негови активности во наставно-образовната дејност.

Научноистражувачка дејност

Д-р Филип Петровски, од последниот избор, има објавено вкупно 10 научни трудови од областа на геодезијата, од кои: еден труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, еден труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен, но е индексирано во електронска база Ebsco; три труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор; еден труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на научниот комитет се од најмалку три земји и четири труда со оригинални стручни резултати, објавени во зборник на трудови од стручен собир.

Д-р Филип Петровски бил учесник во еден национален научен проект.

Кандидатот имал учество на еден научен собир со реферат поддржан со усна презентација. Исто така, има учествувано на три стручни собири со постер-презентации.

Во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите негови активности во научноистражувачката дејност.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во соработка со членовите на Катедрата за виша геодезија, д-р Филип Петровски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Градежниот факултет во Скопје која опфаќа специфични проблеми од различни дисциплини на геодезијата.

Кандидатот учествува во изработка на проектна документација и елаборати од областа на геодезијата, учествува во изработката на техничка документација за капитални објекти од типот на брани, патишта, мостови итн.

За посебно истакнување е учеството на кандидатот во низа високостручни професионални активности на полето на геодетските оскултации на инженерските објекти. Исто така, искуството стекнато со работниот ангажман во приватниот геодетски сектор во периодот од 2015 до 2020 година, поточно во компанијата „ДГКП Гео-Кат инженеринг” од Скопје, придонесува во остварување на стручни искуства поврзани со националниот катастарски систем. Дополнително, во период од една година, преку странската компанија „Озер Кардешлер”, има активно учество во изведба на објектот познат како „Diamond Mall”.

Кандидатот д-р Филип Петровски остварил експертски активности во областа на геодезијата, при што учествувал во изработката на повеќе од 50 елаборати за различни типови геодетски мерења и оскултации.

Подетални информации за наведените активности се дадени во Образецот 2, кој е составен дел на овој извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Филип Петровски континуирано добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Градежниот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ги вреднува и ги оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес на д-р Томе Геговски и д-р Филип Петровски. Двајцата кандидати се истакнати соработници и педагози на Градежниот факултет во Скопје, кои со својата научна и стручна дејност континуирано даваат исклучителен придонес во развојот на геодезијата во нашата земја и пошироко.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Томе Геговски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето *доцент* во научната област *геодезија и геоинформатика*.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Филип Петровски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето *доцент* во научната област *геодезија и геоинформатика*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, д-р Томе Геговски и д-р Филип Петровски да бидат избрани во звањето *доцент* во научната област *геодезија и геоинформатика*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Златко Богдановски, с.р.
Проф. д-р Златко Србиноски, с.р.
Проф. д-р Лазо Димов, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Томе Ефте Геговски**
Институција: **Градежен факултет – Скопје**
Научно подрачје: **инженерство и технологија**
Научно поле: **градежништво**
Научна област: **геодезија и геоинформатика – 2.01.01.08.**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,81. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,87.	**Да**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: геодезија и геоинформатика. Поле: градежништво. Подрачје: инженерство и технологија.	**Да**
3	Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**Да**
3.1.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Geodetski vestnik 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: *Advanced InSAR Monitoring of the Lisice Embankment Dam.* 4. Година на објава: 2026	**Да**
3.1.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Geodetski glasnik 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: *InSAR-based monitoring of slope instability: a case study from Selce, Tetovo region, North Macedonia.* 4. Година на објава: 2025	**Да**

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: *Scientific Journal of Civil Engineering* 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број – 24, Македонија – 6, Србија – 3, Црна Гора – 2, Хрватска – 1, Словенија – 2, Австрија – 1, Туркије – 1, Франција – 1, Холандија – 1, Италија – 1, Португалија – 1, Кина – 1, Данска – 1, Германија – 1, Чешка - 1 3. Наслов на трудот: *PSInSAR–based deformation analysis in the Skopje area* 4. Година на објава: 2024	**Да**
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: *Proceedings of the International Symposium on Engineering Geodesy* 2. Назив на меѓународниот собир: *Symposium on Engineering Geodesy – SIG2024* 3. Имиња на земјите: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Македонија, Германија, Австрија, Словачка, Грција, Швајцарија 4. Наслов на трудот: *Determination of the deformations of the Antonini column model in laboratory conditions* 5. Година на објава: 2024	**Да**
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик бр. 03-1715/2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 г.	**Да**
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**Да**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Златко Богдановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Златко Србиноски, член, с.р.
Проф. д-р Лазо Димов, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Томе Ефте Геговски
Институција: Градежен факултет – Скопје
Научно подрачје: инженерство и технологија
Научно поле: градежништво
Научна област: геодезија и геоинформатика – 2.01.01.08.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:		Поени
I	**Одржување на настава**		**90.15**
I.1	**Учебна 2015/2016**		**5.40**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
2	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
3	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.2	**Учебна 2016/2017**		**7.20**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.3	**Учебна 2017/2018**		**7.20**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.4	**Учебна 2018/2019**		**7.20**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.5	**Учебна 2019/2020**		**7.20**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.6	**Учебна 2020/2021**		**7.20**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.7	**Учебна 2021/2022**		**11.55**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80

2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
4	Инженерска геодезија	(3*15*0.03)	1.35
5	Геодетска пракса 2	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Применета геодезија	(3*15*0.04)	1.80
2	Далечинска детекција	(2*15*0.04)	1.20
I.8	**Учебна 2022/2023**		**9.30**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
2	Инженерска геодезија	(3*15*0.03)	1.35
3	Виша геодезија	(3*15*0.03)	1.35
4	Геодетска пракса 2	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Применета геодезија	(3*15*0.04)	1.80
2	Далечинска детекција	(2*15*0.04)	1.20
I.9	**Учебна 2023/2024**		**9.30**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
2	Инженерска геодезија	(3*15*0.03)	1.35
3	Виша геодезија	(3*15*0.03)	1.35
4	Геодетска пракса 2	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Применета геодезија	(3*15*0.04)	1.80
2	Далечинска детекција	(2*15*0.04)	1.20
I.10	**Учебна 2024/2025**		**9.30**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
2	Инженерска геодезија	(3*15*0.03)	1.35
3	Виша геодезија	(3*15*0.03)	1.35
4	Геодетска пракса 2	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Применета геодезија	(3*15*0.04)	1.80
2	Далечинска детекција	(2*15*0.04)	1.20
I.11	**Учебна 2025/2026**		**9.30**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Просторно планирање	(2*15*0.03)	0.90
2	Инженерска геодезија	(3*15*0.03)	1.35
3	Виша геодезија	(3*15*0.03)	1.35
4	Геодетска пракса 2	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Применета геодезија	(3*15*0.04)	1.80
2	Далечинска детекција	(2*15*0.04)	1.20
II	**Настава во школи и работилници**		**1.00**
1	*New trends in geotechnical monitoring for slow-moving landslides and subsidence risk analysis, Скопје, 2023*		1.00
III	**Консултации со студенти**		**4.92**
1	2460*0.002		4.92
IV	**Интерна скрипта од предавања**		**4**
1	Интерна скрипта од предавања за предметот Далечинска детекција		4
	ВКУПНО (НО)		**100.07**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
I	**Научно-стручни трудови**	**37.77**
I.1	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што е: Web of Science**	**7.47**
1	**Gegovski T.**, Bogdanovski Z. (2026), „*Advanced InSAR monitoring of the Lisiche dam in North Macedonia*”, Geodetski vestnik, volume 70, issue 1, ISSN: 0351-0271, e-ISSN: 1581-1328, **Accepted**	7.47
I.2	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што е: Ebsco**	**5.00**
1	**Gegovski T.**, Bogdanovski Z. (2025), „*InSAR-based monitoring of slope instability: A case study from Selce, Tetovo region, North Macedonia*”, Geodetski glasnik, volume 56, ISSN: 1512-6102, e-ISSN: 2233-1786	5.00
I.3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**	**14.50**
1	**Gegovski T.**, Bogdanovski Z., Kasapovski F. (2022), “*A review of InSAR technology for determination of surface deformation*”, Scientific Journal of Civil Engineering (SJCE), volume 11, issue 1.	4.00
2	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., **Gegovski T.**, Petrovski F. (2022), „*Transverse Mercator projection for the territory of Macedonia*”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 11, issue 2, ISSN: 1857-839X, e-ISSN: 2671-3926.	3.00
3	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., **Gegovski T.**, Petrovski F. (2023), „*Criteria and standards for selecting a new state cartographic projection*”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 12, issue 1, ISSN: 1857-839X, e-ISSN: 2671-3926.	3.00
4	**Gegovski T.,** Bogdanovski Z. (2024), „*PSInSAR – based deformation analysis in the Skopje area*”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 13, issue 2, ISSN: 1857-839X, e-ISSN: 2671-3926.	4.50
I.4	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**6.00**
1	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., **Gegovski T.**, Petrovski F. (2024), „*Determination of the Deformations of the Antonini Column Model in Laboratory Conditions*”, Proceedings of the International Symposium on Engineering Geodesy, SIG 2024, Zagreb, Croatia	3.00
2	Peshevski I., Jovanoski M., **Gegovski T.**, Kasapovski F., Bogdanovski Z. (2024) “3*D Rockfall simulation for zone of heritage civil hydraulic structure dam Matka near Skopje*”, EUROCK 2024, New challenges in Rock Mechanics and Rock Engineering, Spain	3.00

I.5	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	**4.80**
1	Богдановски З., Србиноски З., Касаповски Ф., **Геговски Т.**, Петровски Ф. (2021): „*Геодетска оскултација на браната Рашевска Река*”, Петти конгрес за високи брани организиран од Здружението „Македонски комитет за големи брани“ (ЗМКГБ), ISBN 978-608-65373-6-4, Струга, 2021	1.20
2	Богдановски З., Србиноски З., Касаповски Ф., **Геговски Т.**, Петровски Ф. (2022): „*Геодетски мерења за определување на невертикалност на столбови од Скопскиот Аквадукт*”, 19. Меѓународен симпозиум на ДГКМ	1.20
3	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., **Gegovski T.**, Petrovski F., „*Application of geodesy in crisis management*”, 16th Symposium of Croatian Chamber of Chartered Geodetic Engineers, Porec, 2023.	1.20
4	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., **Gegovski T.**, Petrovski F. „*Geodetic activities of the Chair of advanced geodesy for the preservation of the cultural-historic heritage*”, Scientific conference: 75 Anniversary of Faculty of civil engineering - Skopje, Skopje 2024.	1.20
II	**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**	**1.00**
1	**Gegovski T.**, „*Application of PSInSAR Technique for Monitoring Deformations in the City of Skopje*”, International Scientific Research Congress, 2024	1.00
III	**Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)**	**1.50**
1	19. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, 2021.	0.50
2	20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, 2023.	0.50
3	21. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, 2025.	0.50
IV	**Учесник на национален научен проект**	**3.00**
1	Примена на активните референтни GNSS мрежи во мониторинг на тектонските поместувања – учесник, национален научен проект финансиран од УКИМ, 2023.	3.00
	ВКУПНО (НИ)	**43.27**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
I	**Основни проекти, елаборати, ревизии, стручни мислења и проектни програми**	
1	Елаборат од нивелмански мерења на браната „Лисиче” – Велес, 2017	1.00
2	Елаборат од геодетска оскултација на брана „Матка” – Скопје, 2018 – 2025, 8*2.00	16.00
3	Елаборат од геодетски мерења за определување невертикалност на столбови од Аквадуктот во Скопје, Скопје, 2019	2.00
4	Елаборат од геодетските мерења за определување траекторија на одрон за десната страна на брана Матка, 2022	1.00
5	Геодетска оскултација на хидројаловишна брана „Тополница”, Рудник Бучим, Радовиш, 2018 – 2024, 7*2,00	14.00
6	Геодетска оскултација на оџакот и носачите на котелот во ТЕЦ „Осломеј” - Кичево, 2018, 2021, 2022, 3*2.00	6.00
7	Геодетска оскултација на брана „Глажња”, Куманово, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00

8	Геодетска оскултација на брана „Липково”, Куманово, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
9	Геодетска оскултација на брана „Подлес”, Градско, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
10	Геодетска оскултација на брана „Градче”, Кочани, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
11	Геодетска оскултација на брана „Калиманци”, Кочани, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
12	Геодетска оскултација на брана „Ратевска Река”, Берово, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
13	Геодетска оскултација на брана „Прилеп”, Прилеп, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
14	Геодетска оскултација на брана „Маркова Река”, Струмица, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
15	Геодетска оскултација на брана „Сушица”, Струмица, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
16	Геодетска оскултација на брана „Новоселка”, Струмица, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
17	Геодетска оскултација на брана „Иловица”, Струмица, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
18	Геодетска оскултација на брана „Турија”, Струмица, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
19	Геодетска оскултација на брана „Водоча”, Струмица, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
20	Геодетска оскултација на брана „Мавровица”, Свети Николе, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
21	Геодетска оскултација на брана „Паљурци”, с. Богданци, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
22	Геодетска оскултација на брана „Мантово”, Радовиш, 2018, 2023, 2024, 3*2.00	6.00
24	Геодетски проект за воспоставување на точките Куманово, Охрид и Валандово од Комбинираната геодетска мрежа	2.00
25	Премер на пасивната ГНСС мрежа МАКРЕФ (источна Македонија), (соработник), 2020	1.00
	ВКУПНО (СП)	**139.00**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ **ДОЦЕНТ**	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**100,07**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**43,27**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**139,00**
ВКУПНО	**282,34**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Златко Богдановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Златко Србиноски, член, с.р.
Проф. д-р Лазо Димов, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Филип Мирослав Петровски**
Институција: **Градежен факултет – Скопје**
Научно подрачје: **инженерство и технологија**
Научно поле: **градежништво**
Научна област: **геодезија и геоинформатика – 2.01.01.08.**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,40. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,81.	**Да**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: геодезија и геоинформатика. Поле: градежништво. Подрачје: инженерство и технологија.	**Да**
3	Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**Да**
3.1.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Geodetski vestnik 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: *Comparison of local geoid models in Western Macedonia determined by KTH and CSH methods.* 4. Година на објава: 2026	**Да**
3.1.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Geodetski glasnik 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: *Validation of satellite-only GGMs over the Western part of North Macedonia.* 4. Година на објава: 2025	**Да**

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Scientific Journal of Civil Engineering 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број – 24, Македонија – 6, Србија – 3, Црна Гора – 2, Хрватска – 1, Словенија – 2, Австрија – 1, Турқије – 1, Франција – 1, Холандија – 1, Италија – 1, Португалија – 1, Кина – 1, Данска – 1, Германија – 1, Чешка - 1 3. Наслов на трудот: *Local geoid determination in Western Macedonia by LSMSA method* 4. Година на објава: 2024	**Да**
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the International Symposium on Engineering Geodesy 2. Назив на меѓународниот собир: Symposium on Engineering Geodesy – SIG2024 3. Имиња на земјите: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Македонија, Германија, Австрија, Словачка, Грција, Швајцарија 4. Наслов на трудот: *Determination of the deformations of the Antonini column model in laboratory conditions* 5. Година на објава: 2024	**Да**
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик бр. 03-1743/2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 11.12.2020	**Да**
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**Да**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Златко Богдановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Златко Србиноски, член, с.р.
Проф. д-р Лазо Димов, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Филип Мирослав Петровски
Институција: Градежен факултет – Скопје
Научно подрачје: инженерство и технологија
Научно поле: градежништво
Научна област: геодезија и геоинформатика – 2.01.01.08.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:		Поени
I	**Одржување на настава**		**61.65**
I.1	**Учебна 2020/2021**		**3.60**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Геодезија (гр. и гт.)	(2*15*0.03)	0.90
2	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.2	**Учебна 2021/2022**		**7.65**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Геодезија 2	(2*15*0.03)	0.90
2	Геодезија (гр. и гт.)	(2*15*0.03)	0.90
3	Теорија на грешки	(4*15*0.03)	1.80
4	Геодетски израмнувања	(3*15*0.03)	1.35
5	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.3	**Учебна 2022/2023**		**10.80**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 2	(2*15*0.03)	0.90
3	Геодетска мерна технологија	(3*15*0.03)	1.35
4	Геодезија (гр. и гт.)	(2*15*0.03)	0.90
5	Теорија на грешки	(4*15*0.03)	1.80
6	Геодетски израмнувања	(3*15*0.03)	1.35
7	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.4	**Учебна 2023/2024**		**12.60**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Геодезија 2	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска мерна технологија	(3*15*0.03)	1.35
5	Геодезија (гр. и гт.)	(2*15*0.03)	0.90
6	Теорија на грешки	(4*15*0.03)	1.80
7	Геодетски израмнувања	(3*15*0.03)	1.35
8	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
I.5	**Учебна 2024/2025**		**13.50**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Геодезија 2	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска мерна технологија	(3*15*0.03)	1.35
5	Геодезија (гр. и гт.)	(2*15*0.03)	0.90
6	Теорија на грешки	(4*15*0.03)	1.80

7	Геодетски израмнувања	(3*15*0.03)	1.35
8	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Параметарски израмнувања	(2*15*0.04)	0.90
I.6	**Учебна 2025/2026**		**13.50**
	Вежби на прв циклус студии:		
1	Основи на геодезија	(4*15*0.03)	1.80
2	Геодезија 1	(4*15*0.03)	1.80
3	Геодезија 2	(2*15*0.03)	0.90
4	Геодетска мерна технологија	(3*15*0.03)	1.35
5	Геодезија (гр. и гт.)	(2*15*0.03)	0.90
6	Теорија на грешки	(4*15*0.03)	1.80
7	Геодетски израмнувања	(3*15*0.03)	1.35
8	Геодетска пракса 1	(6*15*0.03)	2.70
	Вежби на втор циклус студии:		
1	Параметарски израмнувања	(2*15*0.04)	0.90
II	**Настава во школи и работилници**		**1.00**
1	*New trends in geotechnical monitoring for slow-moving landslides and subsidence risk analysis, Скопје, 2023*		1.00
III	**Консултации со студенти**		**2.31**
	1156*0.002		2.31
	ВКУПНО (НО)		**64.96**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
I	**Научно стручни трудови**	**29.87**
I.1	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што е: Web of Science**	**7.47**
1	**Petrovski F.**, Bogdanovski Z. (2026), „*Comparison of local geoid models in Western Macedonia determined by KTH and CSH methods*”, Geodetski vestnik, volume 70, issue 2, ISSN: 0351-0271, e-ISSN: 1581-1328, **Accepted**	7.47
I.2	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што е: Ebsco**	**5.00**
1	Petrovski F. (2025), „*Validation of satellite-only GGMs over the Western part of North Macedonia*”, Geodetski glasnik, volume 56, ISSN: 1512-6102, e-ISSN: 2233-1786	5.00
I.3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**	**10.00**
1	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., **Petrovski F.** (2022), „*Transverse Mercator projection for the territory of Macedonia*”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 11, issue 2, ISSN: 1857-839X, e-ISSN: 2671-3926.	3.00

2	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., **Petrovski F.** (2023), „*Criteria and standards for selecting a new state cartographic projection*”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 12, issue 1, ISSN: 1857-839X, e-ISSN: 2671-3926.	3.00
3	**Petrovski F.,** Bogdanovski Z., Abbak R. A. (2024), „*Local geoid determination in Western Macedonia by LSMSA method*”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 13, issue 2, ISSN: 1857-839X, e-ISSN: 2671-3926.	4.00
I.4	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**3.00**
1	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., **Petrovski F.** (2024)**,** „*Determination of the Deformations of the Antonini Column Model in Laboratory Conditions*”, Proceedings of the International Symposium on Engineering Geodesy, SIG 2024, Zagreb, Croatia	3.00
I.5	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	**4.80**
1	Богдановски З., Србиноски З., Касаповски Ф., Геговски Т., **Петровски Ф**. (2021): „*Геодетска оскултација на браната Рашевска Река*”, Петти конгрес за високи брани организиран од Здружението „Македонски комитет за големи брани“ (ЗМКГБ), ISBN 978-608-65373-6-4, Струга, 2021	1.20
2	Богдановски З., Србиноски З., Касаповски Ф., Геговски Т., **Петровски Ф**. (2022): „*Геодетски мерења за определување на невертикалност на столбови од Скопскиот Аквадукт*”, 19. Меѓународен симпозиум на ДГКМ	1.20
3	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., **Petrovski F.**, „*Application of geodesy in crisis management*”, 16th Symposium of Croatian Chamber of Chartered Geodetic Engineers, Porec, 2023.	1.20
4	Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., **Petrovski F.** „*Geodetic activities of the Chair of advanced geodesy for the preservation of the cultural-historic heritage*”, Scientific conference: 75 Anniversary of Faculty of civil engineering - Skopje, Skopje 2024.	1.20
II	**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)**	**1.00**
1	**Petrovski F.**, „*Application of Global Geopotential Models and Digital Terrain Models for Determination of Local Geoid Model*”, International Scietific Research Congress, 2024	1.00
III	**Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)**	**1.50**
1	19. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, Р Македонија, 2021.	0.50
2	20. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, 2023.	0.50
3	21. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, 2025.	0.50
IV	**Учесник на национален научен проект**	**3.00**
1	Примена на активните референтни GNSS мрежи во мониторинг на тектонските поместувања – учесник, национален научен проект финансиран од УКИМ, 2023.	3.00
	ВКУПНО (НИ)	**35.77**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
I	**Основни проекти, елаборати, ревизии, стручни мислења и проектни програми**	**98.00**
1	Основен проект за крстосница на ул. „Скупи” со ул. „8-ми септември” со сите фази, 2015	1.00
2	Основен проект за пешачки мост на реката Вардар од кеј „Димитар Влахов” до кеј „13-ти ноември”, 2016	1.00
3	Проектна документација за рехабилитација на државен пат R1202 Маврови Анови – Жировница, 2016	1.00
4	Проектна документација за реконструкција на државен пат А1, секција Катлановo-Петровец, 2017	1.00
5	Проект за реконструкција на бул. „Крсте Петков Мисирков”, 2017	1.00
6	Проект за реконструкција на ул. „Лазар Личеновски” од бул. „Гоце Делчев” до ул. „Самоилова”, 2018	1.00
7	Проект за реконструкција на ул. „Павел Шатев” и ул. „Црниче” од крстосница со ул. „Јордан Мијалков” и ул. „Востаничка”	1.00
8	Основен проект за магистрален гасовод, секција 5: Скопје – Тетово – Гостивар, 2015 – 2019, 4*1.00	4.00
9	Елаборат од геодетските мерења за определување траекторија на одрон за десната страна на брана Матка, 2022	1.00
10	Геодетска оскултација на оџакот и носачите на котелот во ТЕЦ „Осломеј” – Кичево, 2021, 2023, 2*2.00	4.00
11	Геодетска оскултација на брана „Глажња”, Куманово, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
12	Геодетска оскултација на брана „Липково”, Куманово, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
13	Геодетска оскултација на брана „Подлес”, Градско, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
14	Геодетска оскултација на брана „Градче”, Кочани, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
15	Геодетска оскултација на брана „Калиманци”, Кочани, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
16	Геодетска оскултација на брана „Ратевска река”, Берово, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
17	Геодетска оскултација на брана „Прилеп”, Прилеп, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
18	Геодетска оскултација на брана „Маркова Река”, Струмица, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
19	Геодетска оскултација на брана „Сушица”, Струмица, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
20	Геодетска оскултација на брана „Новоселка”, Струмица, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
21	Геодетска оскултација на брана „Иловица”, Струмица, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
22	Геодетска оскултација на брана „Турија”, Струмица, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
23	Геодетска оскултација на брана „Водоча”, Струмица, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00

24	Геодетска оскултација на брана „Мавровица”, Свети Николе, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
25	Геодетска оскултација на брана „Паљурци”, с. Богданци, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
26	Геодетска оскултација на брана „Мантово”, Радовиш, 2023 – 2024, 2*2.00	4.00
27	Геодетска оскултација на хидројаловишна брана „Бучим”, Радовиш, 2024 – 2026, 3*2.00	6.00
28	Геодетски проект за воспоставување на точките Куманово, Охрид и Валандово од Комбинираната геодетска мрежа	2.00
29	Елаборат од геодетска оскултација на брана „Матка” – Скопје, 2021 – 2025, 5*2.00	10.00
	ВКУПНО (СП)	**98.00**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ **ДОЦЕНТ**	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**64,96**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**35,77**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**98,00**
ВКУПНО	**198,73**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Златко Богдановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Златко Србиноски, член, с.р.
Проф. д-р Лазо Димов, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ
Скопје, УКИМ - 565. седница на ннс од 25.3.2026г.

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Серџан Зубер, дипл.град.инж.	Оценка на звучно-изолациски својства на преградни гипскартонски sи дови	Assessment of sound insulation properties of gypsum board partition walls	Проф. д-р Тодорка Самарџиоска	03.4.2026 02/95-63
2	Наталија Богдановска, дипл. град. инж.	Примена на PDS уреди како современ пристап за подобрување на сеизмичкиот одговор на постоечки бетонски железнички мостови	Application of PDS devices as a modern approach for improving the seismic response of existing concrete railway bridges	Проф. д-р Горан Марковски	03.4.2026 02/95-60
3	Маја Димитриевска, дипл.инж.геотех.	Управување со геотехнички ризици кај површинските копови во цврсти карпи - споредба помеѓу националните регулативи и меѓународните практики	Geotechnical risk management of open pit mines in hard rock masses – Comparison of national regulations and international practices	Проф. д-р Игор Пешевски	03.4.2026 02/95-62
4	Марија Илиеска, дипл.геод.инж.	Интеграција на современи геодетски методи за документирање и заштита на културното наследство	Integration of modern geodetic methods for documentation and preservation of cultural heritage	Доц.. д-р Филип Касаповски	03.4.2026 02/95-59
5	Виолета Попоска, дипл.геод.инж.	Моделирање на теренот за планирање на ветерни паркови	Terrain modeling for wind farm planning	Доц.. д-р Филип Касаповски	03.4.2026 02/95-61
6	Борјана Конеска, дипл.град.инж.	Анализа на челична конструкција на згради со бетонско јадро	Analysis of steel structure for building with concrete core	Вонр. проф. д-р Миле Партиков	03.4.2026 02/95-58

Подготвила: В.С.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК АСИСТЕНТ, ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование (Службен весник на РС Македонија бр. 82/18 и 178/21) и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5.11.2018 година), а во врска со објавениот конкурс на 28.3.2026 година во весниците „Слободен печат“ и „Коха“, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 8.4.2026 година, донесе Одлука бр. 02-690/3 од 9.4.2026 година, со која е формирана Рецензентска комисија за избор на еден соработник асистент во научната област: финансии, во состав: проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, проф. д-р Елена Наумовска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по опстојното прегледување на севкупната доставена документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден соработник асистент во научната област: финансии (Катедра за финансии), во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат, м-р Горан Христовски. Во извештајот се изнесени позначајните биографски податоци за кандидатот, неговото образование, наставно-научни и стручни квалификации со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет во Скопје.

Биографски податоци и образование и наставно-научни и стручни квалификации

Кандидатот м-р Горан Христовски е роден на 10.8.1996 година во Битола. Во 2014 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирал во 2018 година на студиската програма Финансиски менаџмент со просечен успех 9,97 (Уверение бр. 09-10/165 од 28.6.2018 година), како втор најдобар студент на генерацијата 2017/2018. Во 2018 година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а магистрирал во 2021 година со просечен успех 10,00, на тема „Вишокот на ликвидност и нејзиното влијание врз поставеноста на монетарната политика – случајот на Република Северна Македонија“. Од октомври 2023 година, кандидатот е запишан на III циклус студии – Универзитетска школа за докторски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Економски науки, каде што работи на докторскиот труд на тема „Алтернативни инвестиции и диверзификација на ризик: теоретски и емпириски пристап“.

Во однос на работното искуство, м-р Горан Христовски бил демонстратор на Катедрата за финансиски менаџмент на Економскиот факултет во Скопје, од октомври 2018 до јуни 2020 година. Во 2020 година работел како брокер во Одделот за работа со хартии од вредност во ТТК банка АД – Скопје. Од март 2021 година, кандидатот м-р Горан Христовски работел во Народна банка на Република Северна Македонија, во Дирекцијата за статистика – Оддел за статистика на финансиски сметки. Од ноември 2023 година, кандидатот м-р Горан Христовски е вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на позицијата асистент на Катедрата за финансии. Претходно има волонтирано во Народна банка на Република Северна Македонија, во Дирекцијата за вонтеренска супервизија и лиценцирање (2017), во НЛБ Банка АД Скопје (2015), како и во Министерството за финансии, во Секторот за буџет и фондови (2017 – 2018).

Во рамките на своето работно ангажирање како асистент на Катедрата за финансии, одговорен е за подготвување и изведување вежби по предметите Алтернативни инвестиции и Избрани теми од финансии, Статистика за бизнис и економија и Основи на сметководство, учество во наставата во присуство на наставник, прием (консултации) на студенти, учество во научноистражувачки проекти, објавување научни и стручни трудови, учество во работни комисии на Факултетот и низа други активности.

Кандидатот има учествувано на бројни обуки, работилници и конференции. Меѓу позначајните се: EARLY-CAREER WINTER WORKSHOP, организиран од Turkish Academy of Management (TAOM) и Baskent University во Анкара, Турција (февруари 2026); студиски престој на Tallinn University, School of Governance, Law and Society, Естонија (август – септември 2025), во рамки на меѓународниот проект GETM4, финансиран од Horizon Europe – MSCA; Workshop on Financial Accounts во Brussels, Белгија (ноември 2022), организирана од Економската комисија на ОН за Европа, EFTA, Евростат, ЕЦБ и ММФ. Учествувал и на конференциите: 6th International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“ – Скопје (2025); 1st International Scientific Jean Monnet Conference – Загреб (2024); 5th International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“ – Скопје (2024); Conference on Economic Complexity – Будимпешта (2024); ERAZ 2024 – Лисабон (2024); 1th International Scientific Conference „Economic and Business Trends Shaping the Future“ – Скопје (2020).

Кандидатот е учесник во проектот ERASMUS+ „United for Cyber Safety – Up-Skilling High School Communities for Protecting Students“ (SHIELD), координиран од УКИМ (септември 2024 – август 2027), и во националниот научноистражувачки проект „Финансискиот сектор и неговото влијание врз растот на националната економија“, финансиран од интегративните средства на УКИМ (декември 2023 – во тек).

Кандидатот м-р Горан Христовски, самостојно и во коавторство, има објавено повеќе трудови во домашни и меѓународни списанија и зборници, кои се наведени подолу.

Трудови објавени во меѓународни списанија:

- Cvetkoska, V., Gockov, G., & Hristovski, G. (2025). Follow the money: A holistic investigation into economic agents responses to uncertainty shocks. International Journal of Banking, Risk and Insurance, 13(2).
- Hristovski, G., Gockov, G., & Merdzan, G. (2025). Bibliometric analysis of portfolio diversification focusing on alternative investments. Economic Annals, 70(245), 171–202.
- Gockov, G., Hristovski, G., & Mladenovska, S. M. (2023). The structure of financial instruments in financial systems in selected European countries – comparative analysis. KNOWLEDGE – International Journal, 61(1), 125–130.
- Gockov, G., & Hristovski, G. (2021). Precautionary versus involuntary excess liquidity in the Macedonian banking system. KNOWLEDGE – International Journal, 46(1).
- Gockov, G., & Hristovski, G. (2019). Determinants of liquidity and its relationship with profitability – the case of Macedonian banking sector. Asian Journal of Economics and Empirical Research, 6(1), 85–92.

Трудови во зборник на меѓународни конференции:

- Gockov, G., & Hristovski, G. (2025). Dynamic Connectedness of Eastern European Stock Markets: An Extended Joint Connectedness Approach. In Proceedings of the 6th International Conference Economic and Business Trends Shaping the Future 2025 (No. 003, pp. 46–60). Faculty of Economics – Skopje, UKIM.
- Gockov, G., Makreshanska Mladenovska, S., & Hristovski, G. (2025). Analyzing the snowball effect on public debt dynamics and its determinants: The case of North Macedonia. In ERAZ 2024: Conference Proceedings and Selected Papers.
- Gockov, Gj., Hristovski, G., & Jovanovski, K. (2025). Main determinants and challenges of income and price convergence of the Macedonian economy on the road to the EU. In Proceedings of the 1st International Scientific Jean Monnet Conference. Faculty of Economics & Business, University of Zagreb.

- Hristovski, G., Jovanovski, K., Gockov, G., & Naumovska, E. (2024). Analyzing the Dynamics Between Macroeconomic Variables and the Macedonian Stock Exchange Index. In Proceedings of the 5th International Conference Economic and Business Trends Shaping the Future 2024 (No. 029, pp. 274–286). Faculty of Economics – Skopje, UKIM.
- Parishev, A., Hristovski, G., Jolakoski, P., & Stojkoski, V. (2020). E-commerce impact on economic growth. In 1st International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future (pp. 188–198).
- Jolakoski, P., Parishev, A., Hristovski, G., Stojkoski, V., & Tevdovski, D. (2020). The ethical aspect of statistical research in the Republic of North Macedonia. In Proceedings of the Conference Challenges of Official Statistics (pp. 114–124). Skopje: State Statistical Office of the Republic of North Macedonia.

Трудови во годишници на Факултетот:

- Гоцков, Ѓ., & Христовски, Г. (2024). Структурна и секторска анализа на финансиските средства и обврски во македонската економија наспроти земјите од ЕУ. Годишник на Економски факултет – Скопје, Том 59, стр. 39-56.
- Гоцков, Ѓ., & Христовски, Г. (2022). Детерминанти на посакуваниот вишок на ликвидност во македонскиот банкарски систем. Годишник на Економски факултет – Скопје, Том 59, стр. 23-36.
- Христовски, Г., & Гоцков, Ѓ. (2019). Вреднување на македонскиот пазар на акции – Пазарни цени наспроти фундаментални вредности. Годишник на Економски факултет – Скопје, Том 54, стр. 329–342.

Статии во домашни списанија:

- Христовски, Г. (2020). „Убиецот на напредокот и на развојот на едно општество“. Економија и бизнис, бр. 258, стр. 53–56.
- Христовски, Г. (2019). „Потребни ли се финансиските показатели при инвестирањето во акции на Македонската берза?“. Економија и бизнис, бр. 250, стр. 66–70.
- Христовски, Г. (2019). „Профитабилност наспроти ликвидност – Македонија повторно лидер“. Економија и бизнис, бр. 248, стр. 79–81.

Во текот на работното искуство, кандидадот бил член на следните комисии и организациони одбори на Факултетот:

- секретар на Катедра за финансии на Економски факултет – Скопје (21.1.2025 – во тек);
- член на организационен одбор на 14. и 15. Меѓународна летна школа со наслов: „AI in Action: Students & Companies Co-Creating the Future“;
- член на организациски одбор за одбележување на јубилејот 75 години од основањето Економски факултет – Скопје;
- член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Економски факултет – Скопје, за 2024 и 2025 година;
- заменик-член на Комисијата за изрекување дисциплински мерки за направени дисциплински повреди, во периодот 29.3.2024 – 29.3.2026 година;
- член на Комисијата за управување со библиотечен фонд, во периодот 1.12.2025 – во тек.

Кандидатот м-р Горан Христовски има доставено Уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03-2591/2 од 16.12.2025 година, за познавање на англискиот јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатот поседува компјутерски вештини и способности за работа со компјутерска опрема и софтвери (Advanced Excel, Eviews, Stata, R, Basic SQL).

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија оцени дека кандидатот м-р Горан Христовски ги исполнува општите услови според член 170 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр. 82 од 8.5.2018 година), како и посебните услови предвидени во член 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5.11.2018 година). Притоа, Рецензентската комисија, земајќи ги предвид севкупните критериуми за избор во соработничко звање – асистент во научната област финансии, целокупната доставена документација и личното искуство и соработка со кандидатот, истакнува дека м-р Горан Христовски има постигнато солидни научноистражувачки резултати преку публикација на преку 15 (петнаесет) трудови со оригинални научни резултати како автор или коавтор, од кои се издвојуваат: 5 (пет) труда објавени во меѓународни научни списанија, од кои 1 (еден) во списание индексирано во базата Scopus, 6 (шест) труда во зборници на меѓународни научни конференции, 3 (три) труда во зборник на трудови на високообразовна установа и 3 (три) статии во домашни списанија. Исто така, кандидатот м-р Горан Христовски учествувал во реализација на два проекта и проактивно учествувал во сите активности на Катедрата и Факултетот, кои ги извршувал совесно, одговорно, професионално и навремено. Остварените резултати се јасен доказ за целосната академска посветеност и висок капацитет на кандидатот и неговото профилирање во научноистражувачките и наставните активности. Комисијата е убедена дека кандидатот може успешно да ги извршува наставно-научните задолженија од областа на финансиите.

Оттука, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје“, м-р Горан Христовски да биде избран за извршител во соработничко звање – асистент во научната област финансии.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.
Проф. д-р Елена Наумовска, с.р.
Проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ – м-р Горан Христовски

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: монетарна економија, финансии и банкарство.	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,97 (девет запирка деведесет и седум). Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 (десет запирка нула).	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: уверение бр. 03-2591/2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ 4. Датум на издавање на документот: 16.12.2025 година.	да

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОФТАЛМОЛОГИЈА“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XXVIII редовна седница на ННС, бр. 02-775/101 од 12.2.2026 год., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „Практикум по офталмологија“ од авторите: проф. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, доц. д-р Наташа Шекеринов, н. сор. д-р Ирина Богданова, насл. доц. д-р Христиан Дума, насл. доц. д-р Игор Исјановски, ас. д-р Ана Трпеска Бошкоска и ас. д-р Андријана Петрушевска од Катедрата за офталмологија и д-р Стефан Пандилов, наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, за предметот Офталмологија, избрани се проф. д-р Милена Голубовиќ и проф. д-р Страхил Газепов.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Практикум по офталмологија
Назив на предметната програма:	Офталмологија
Назив на студиската програма:	Интегрирани студии од I и II циклус (6-годишни), општа медицина – Медицински факултет
Фонд на часови и ЕКТС-кредити:	67 часа, 4 кредити
Предметот Офталмологија на Медицинскиот факултет, општа медицина, е задолжителен предмет со фонд на часови – 67, број на ЕКТС-кредити – 4 и се слуша во X семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 166 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 24 поглавја и литература, содржи 116 слики, 3 графикони и 2 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.
Проф. д-р Страхил Газепов, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МИЛЕНА ГОЛУБОВИЌ

Краток опис на содржината:	Практикумот е поделен на 24 поглавја и литература, и ги опфаќа основните знаења од областа на офталмологијата кои се потребни за студентите по општа медицина да ги совладаат основните практични вештини поврзани со оваа дисциплина. Во првото поглавје се опишани офталмолошката анамнеза, општите насоки за status praesens, како и базичните техники што се применуваат при рутински офталмолошки преглед. Од второто до петнаесеттото поглавје се прикажани анатомијата и основите на клиничкиот преглед на поединечните структури на окото и очните аднекси. На крајот од секое поглавје е прикажан пример за опис на нормален офталмолошки наод за соодветната структура. Во шеснаесеттото поглавје е објаснет начинот на одредување на видната острина и основите на рефракцијата, додека во седумнаесеттото поглавје се опишани методите за мерење на интраокуларниот притисок. Од осумнаесеттото до дваесет и првото поглавје се обработени специјалните офталмолошки испитувања. Во дваесет и второто и дваесет и третото поглавје е даден преглед на ургентните состојби и повреди во офталмолошката клиничка пракса, како и нивното примарно згрижување. Во последното, дваесет и четврто поглавје се опфатени рутинските терапевтски вештини и начинот на аплицирање на офталмолошката фармакотерапија. На крај е наброена користената литература која е соодветна и во склоп со прикажаниот текст од практикумот. Текстот е напишан на јасен, концизен и разбирлив јазик, со цел да биде лесен за читање и практична примена. Практикумот претставува водич за совладување на основните практични вештини во офталмологијата и е наменет за студентите на интегрираните студии (I и II циклус – шестгодишни студии) на Медицинскиот факултет.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Практикумот е во согласност со предметната програма за офталмологија за студентите по интегрирани студии од I и II циклус (6-годишни)-Медицински факултет.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Исполнети се критериумите за практикум.
Категоризација:	практикум

Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 166 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 24 поглавја и литература, содржи 116 слики, 3 графикони и 2 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како практикум по предметот Офталмологија, примарно наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 30.3.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СТРАХИЛ ГАЗЕПОВ

Краток опис на содржината:	Практикумот е структуриран во 24 поглавја и ги опфаќа основните знаења од областа на офталмологијата кои се неопходни за студентите по општа медицина да ги усвојат базичните практични вештини поврзани со оваа медицинска дисциплина. Содржината е систематски организирана со цел да им овозможи на студентите постепено и јасно совладување на основните принципи на офталмолошкиот преглед и клиничко размислување. Во првото поглавје се разработени основите на офталмолошката анамнеза, како и општите насоки за изведување на status praesens, при што се опишани и основните техники што се применуваат при рутински офталмолошки преглед. Во поглавјата од второто до петнаесеттото се презентирани анатомските карактеристики на поединечните структури на окото и очните аднекси, заедно со основните принципи на нивниот клинички преглед. Дополнително, на крајот од секое поглавје е даден пример за правилно формулиран опис на нормален офталмолошки наод за соодветната структура. Шеснаесеттото поглавје е посветено на методите за одредување на видната острина и на основните принципи на рефракцијата, додека во седумнаесеттото поглавје се обработени техниките за мерење на интраокуларниот притисок. Поглавјата од осумнаесеттото до дваесет и првото се фокусираат на специјалните офталмолошки испитувања што се користат во современата клиничка пракса. Во дваесет и второто и дваесет и третото поглавје, даден е осврт на најчестите ургентни состојби и повреди во офталмологијата, со посебен акцент на нивното иницијално препознавање и примарно згрижување. Дваесет и четвртото поглавје, кое е и последно поглавје во овој практикум, ги опфаќа рутинските терапевтски постапки и начинот на правилна апликација на офталмолошките медикаменти. На крај е опфатена користената литература, која е соодветна и во склоп со прикажаниот текст од практикумот. Текстот се одликува со јасен и концизен стил, што го прави лесен за читање и практична примена. Како таков, практикумот претставува корисен водич за стекнување на основни практични знаења и вештини од офталмологијата и е наменет за студентите по општа медицина на интегрираните

	шестгодишни студии (I и II циклус) на Медицинскиот факултет.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Практикумот е во комплетна согласност со предметната програма за офталмологија за студентите по општа медицина, интегрирани студии од I и II циклус (6-годишни) – Медицински факултет.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Практикумот во целост ги исполнува критериумите на практикум наменет за студентите по интегрирани студии по општа медицина од I и II циклус (6-годишни) – Медицински факултет.
Категоризација:	практикум
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 166 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 24 поглавја и содржи 116 слики, 3 графикони и 2 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како практикум по предметот Офталмологија, примарно наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 30.3.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Страхил Газепов, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНКА НА ИЗРАЗЕНОСТ НА МОРФОЛОШКИ И ФУНКЦИОНАЛНИ НАРУШУВАЊА НА СРЦЕТО, ДЕТЕКТИРАНИ СО КОНВЕНЦИОНАЛНА И НАПРЕДНА ЕХОКАРДИОГРАФИЈА КАЈ АСИМПТОМАТСКИ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС ТИП 2” ОД Д-Р ЉАВДИМ ИБРАИМИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата XXIX редовна седница одржана на 12.3.2026 год., а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторскиот труд на кандидатот д-р Љавдим Ибраими со наслов: Проценка на изразеност на морфолошки и функционални нарушувања на срцето, детектирани со конвенционална и напредна ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2.

Комисијата во состав: проф. д-р Маријан Бошевски, претседател, проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил (ментор), проф. д-р Емилија Антова (член), проф. д-р Лидија Попоска (член) и проф. д-р Саша Јовановска Мишевска (член), го разгледа доставениот материјал, го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатот д-р Љавдим Ибраими со наслов: „Проценка на изразеност на морфолошки и функционални нарушувања на срцето, детектирани со конвенционална и напредна ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2“ содржи 310 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman во македонска поддршка, со проред 1,5 и големина на букви 12, со вклучени 295 библиографски единици, 19 слики, 57 табели и 124 графикони.

Трудот е структуриран во: Вовед, Мотив, Цели, Материјали и Методи, Статистичка обработка, Резултати од истражувањето, Дискусија на добиените резултати, Ограничување на студијата, Заклучоци, Импликации за клиничка пракса, Референци, Изјави и Кратенки. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Трудот ги содржи сите составни компоненти на еден научноистражувачки проект. Трудот обработува мошне актуелна клиничко-дијагностичка проблематика, оправдана за истражување, како од клинички, така и од научен аспект. Докторскиот труд е напишан со прецизна научна мисла, со концизен и јасен стил, кој води до конструктивна дискусија и формирани заклучоци на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првиот сегмент од докторскиот труд, кандидатот приложува Апстракт на македонски и англиски јазик, по што следува содржина каде што систематски и последователно се набројани елементите кои се содржани во докторскиот труд.

Апстрактот е структуриран и во основите на проблемот е објаснета улогата на дијабетес тип 2 (ДМТ2) и преддијабетесот (пДМ) врз развојот на кардиоваскуларните заболувања (КВЗ). Притоа, истакнато е значењето на ехокардиографијата, како конвенционалната, така, особено, употребата на напреднатите техники во детекцијата на евентуалните морфолошки и функционални промени на срцето кои може да се јават како резултат на постоење на овие метаболитички заболувања. За реализација на целта да се утврди преваленцата и степенот на систолната и дијастолната дисфункција кај асимптоматски испитаници со пДМ и ДМТ2, како и предиктивните фактори за нивна

појава била изведена аналитичка, опсервациона, пресечна студија во која се регрутирани 203 асимптоматски испитаници од двата пола, дијагностицирани со пДМ или ДМТ2 во Центарот за дијабетес во ЈЗУ Општа болница – Куманово. Со конвенционална и напредна 2Д-ехокардиографска анализа биле проценети внатрешните димензии на кавитетите и дебелините на ѕидовите, мускулната маса, систолната и дијастолната функција, сегментната кинетика, како и лонгитудиналната, радијална и циркумферентна деформација на левата комора (ЛК), лонгитудинална деформација на левата преткомора (ЛП) и на слободниот ѕид на десната комора (ДК). Со цел идентификација на фенотип на срцева слабост со сочувана ЛК-ејекциона фракција (СС-СЕФ), кај сите испитаници било одредено нивото на NT-proBNP (pg/mL) во крвта. Во апстрактот се дадени накусо главните резултати од студијата, особено најновите параметри изведени од напредните ехокардиографски методи од кои произлезе и заклучокот дека кај испитаниците со пДМ и ДМТ2 се идентификувани рани структурни и функционални промени на срцето при постоење на сочувана левокоморна ејекциона фракција (ЛКЕФ%), но со присуство на супклиничка систолна и дијастолна дисфункција, поизразени кај испитаниците со ДМТ2. Примената на 2Д speckle tracking ехокардиографијата, особено параметрите на лонгитудиналната деформација на ЛК, ДК и ЛП-деформација, овозможило рана детекција на миокардно-преткоморно ремоделирање. Индексот на ЛП-крутост (LASI) се издвоил како силен и независен предиктор на дијастолна дисфункција, нагласувајќи ја неговата потенцијална клиничка улога во раната идентификација на дијабетично срцево заболување.

Во воведот на трудот, кандидатот најпрво ја објаснува поврзаноста на ДМТ2 со кардиоваскуларните заболувања, односно задолжителната проценка на десетгодишен ризик од КВЗ. Како најчеста и првична манифестација на КВЗ кај пациенти со ДМТ2 се издвојува СС-СЕФ, чија дефиниција е прикажана во табела 1. Натаму се објаснува поимот дијабетична кардиомиопатија во однос на историјатот на нејзиното откривање и, најново, нејзината дефиниција востановена од врвни професионални здруженија.

Натаму, детално се објаснети и илустрирани со слики претпоставените патофизиолошки механизми кои водат до оштетување на срцето кај испитаници со ДМТ2, во отсуство на други кардиоваскуларни ризик-фактори. Како најважни предложени механизми за негово настанување се набројуваат: миокардна липотоксичност и глукотоксичност, оштетување од гликозирани крајни производи и реактивни видови на кислород, нарушена калциумска хомеостаза, митохондријална дисфункција, активирање на ренин-ангиотензин-алдостерон системот, нарушено искористување на миокардниот енергетски супстрат и срцева автономна невропатија.

Во понатамошниот текст, кандидатот детално ги објаснува и ги поткрепува со цитирана литература структурните промени на срцето во рамки на дијабетична кардиомиопатија, во кои влегуваат: хипертрофија на срцето и миокардна фиброза, како и функционални нарушувања манифестирани како систолна и/или дијастолна дисфункција.

Натаму, во текстот, илустрирано се прикажани предлози за неколку подгрупи на дијабетична срцева болест од Fang и сор. и Maisch и сор. кои опишале четири стадиуми, при што секој нареден стадиум претставува понапредна форма на процесот на развој – започнувајќи од СС-СЕФ, па сè до срцева слабост со редуцирана ејекциона фракција (СС-РЕФ): Испитаниците со дијабетична срцева болест во стадиум 1 се асимптоматски и се карактеризираат со присуство на дијастолна дисфункција, стадиумите 2 и 3 се одликуваат со комбинирани абнормалности на дијастолната и систолната функција, а испитаниците во стадиум 4 имаат симптоматска срцева слабост, која се карактеризира со изразена фиброза и дилатација на срцето, како и со честа коегзистенција на коронарна артериска болест (КАБ). Во овој контекст се објаснува и процесот на востановување на дијагноза на дијабетична срцева болест со рестриктивен фенотип, односно со СС-СЕФ, кои најчесто се дебели и страдаат од ДМТ2, а како главни симптоми и знаци се јавуваат: отежнато дишење и отоци на потколениците. За поставување на дијагноза на дијабетична срцева болест со рестриктивен фенотип, односно со СС-СЕФ, неопходно е претходно исклучување на КАБ, значајна валвуларна болест,

инфилтративни заболувања и хипертензивна срцева болест. Присуството на овие состојби може сигурно да се исклучи со употреба на доплер ехокардиографија и коронарна ангиографија. Релативната важност на артериската хипертензија и ДМТ2 во процесот на ЛК-ремоделирање кај рестриктивниот фенотип или СС-СЕФ често пати е тешко да се утврди, бидејќи не е јасно дали набљудуваното концентрично ремоделирање на ЛК и ДД е резултат на систолното ЛК-преоптоварување предизвикано од артериска хипертензија или, пак, на метаболитичките нарушувања поврзани со ДМТ2. Со цел потврдување на рестриктивниот фенотип, односно СС-СЕФ кај дијабетична срцева болест, потребно е да се докаже присуство на: нормална ЛК-систолна функција, ЛК-дијастолна дисфункција и нарушување на метаболизмот на гликозата. Присуството на нормална ЛК-систолна функција и ЛК-дијастолна дисфункција може да се потврди согласно со препораките на Европското кардиолошко здружение (ESC) за дијагноза на СС-СЕФ. Нормалната ЛК-систолна функција се докажува со конвенционална ехокардиографија преку мерење на нормална ејекциона фракција на ЛК (≥50%), како и нормален индексиран краен дијастолен волумен на ЛК (≤97 mL/m2). Левокоморната дијастолна дисфункција може да се докаже со инвазивни или неинвазивни методи.

На крајот од воведниот дел, даден илустриран осврт на ехокардиографските методи кои се употребуваат за дијагноза и проценка на засегнатоста на срцето при постоење на пДМ и/или ДМТ2. Притоа, од најголемо значење е можноста за точна и прецизна проценка на левокоморната дијастолна дисфункција (ДД) која е почетна и воедно најчеста функционална абнормалност кај дијабетичната срцева болест, која најчесто ѝ претходи на појавата на систолна дисфункција. Затоа, осебено значајна е проценката на дијастолната функција кај асимптоматски испитаници со дијабетична срцева болест и сочувана ејекциона фракција на ЛК.

Според препораките на Американското здружение за ехокардиографија (ASE) и Европското здружение за кардиоваскуларна визуелизација (EACVI) од 2016 година, постојат четири главни варијабли за утврдување на присуството или отсуството на ЛК ДД. Четирите препорачани варијабли и нивните абнормални гранични вредности се: e’ брзини, измерени на ниво на митралниот прстен (септален e’<7 cm/s, латерален e’<10 cm/s); просечен однос E/e’>14; индексиран волумен на лева преткомора >34 ml/m²; и врвна брзина на трикуспидална регургитација >2.8 m/sec (41). Дијастолната функција на ЛК се смета за нормална доколку повеќе од половина од достапните варијабли не ги исполнуваат граничните вредности за абнормална функција. Присуството на ЛК ДД се потврдува кога повеќе од половина од достапните параметри ги исполнуваат овие критериумите. Испитувањето се смета за неубедливо во случај половина од параметрите да не ги исполнуваат граничните вредности. Поради постоење на потенцијални конфликтни резултати, направени се обиди за подобрување на класификацијата и ризик- стратификацијата на ДД, така што Tolvaj M и сор. во алгоритамот од 2016 година го замениле индексираниот ЛП волумен со наод од миокардна деформација на ЛП во фаза на резервоар (PALS) од <23%, при што ДД се дефинирала врз основа на присуство на
>50% од критериумите. И на крај, во најновите препораки на ASE за дијагноза на ДД од 2025 година, во дијагностичкиот алгоритам се инкорпорирани следниве варијабли: проценка на PALS% и односот E/A ≤ 0,8 или ≥ 2, додека врвната брзина на трикуспидна регургитација од > 2,8 m/sec е отстранета како една од главните дијагностички варијабли. Како една од најголемите придобивки во овој докторат се смета дека е анализирањето на параметрите на деформација и механичка поврзаност на левата преткомора во проценката на постоење на ДД. Од дводимензионалната speckle-tracking ехокардиографија (апикален четирикоморен пресек) се добиени: врвна преткоморна лонгитудинална деформација (PALS%), индексот на ЛП крутост (LASI) и индексот на левата преткоморно-коморна спојка (LACI). LASI се пресметувал како однос меѓу E/e′ и PALS% (LASI = E/e′ / PALS%), како показател на ригидноста на ЛП и индиректен маркер на покачени полнежни притисоци. LACI, пак, бил дефиниран како однос меѓу максималниот волумен на ЛП (LAVmax) и крајниот дијастолен волумен на ЛК (LVEDV) (LACI = LAVmax / LVEDV), претставувајќи маркер на механичко

спојување меѓу ЛП и ЛК. Овие индекси овозможуваат подобра проценка на интеракцијата меѓу ЛП и ЛК и овозможуваат рано откривање на ДД, дури и при нормални вредности на конвенционалните доплер-параметри.

Натаму, се објаснува улогата и значењето на миокардната деформација во раната дијагноза на дијабетичната срцева болест. Со оваа метода се детектираат промените во деформацијата на миокардот во трите оски: радијална, циркумферентна и лонгитудинална.

На крајот на воведниот дел се објаснува улогата на потенцијалните клинички биомаркери за постоење на дијабетична срцева болест и покрај нивната ограничена специфичност и сензитивност. Упатствата на Европското здружение за кардиологија (ESC), за дијагноза и третман на акутна и хронична СС од 2021, ја потенцираат важноста на плазма-концентрациите на натриуретичните пептиди (НП) како дијагностички тестови кај испитаници со симптоми поврзани со СС, со примарна цел исклучување на дијагнозата. Зголемените концентрации на НП ја поддржуваат дијагноза на СС, имаат прогностичка вредност и можат да дадат насока за понатамошни испитувања. Најчесто користени во клиничката пракса се B-type natriuretic peptide (BNP) и N-terminal pro-B-type natriuretic peptide (NT-proBNP). Зголемените нивоа на BNP и NT-proBNP се силни показатели за присуство на СС кај испитаници со миокардна хипертрофија. Кај испитаници со ДМТ2, дијастолната дисфункција – која се смета за референтен критериум за рана дијабетична срцева болест – е поврзана со значително повисоки серумски нивоа на BNP. Дополнително, серумскиот С-реактивен протеин (CRP) претставува чувствителен предиктор за појава на кардиоваскуларни збиднувања и значаен маркер во одредувањето на прогнозата и исходот од третманот. Зголемените нивоа на CRP претставуваат чувствителен серолошки тест за дијагноза на дијабетична срцева болест, бидејќи тие во одредена мера ја рефлектираат срцевата повреда и укажуваат на веројатноста за ко-инфекција кај овие испитаници, за разлика од оние со изолиран ДМТ2. Со цел правилна проценка на испитаниците со дијабетична срцева болест и поставување точна дијагноза, не се препорачува потпирање само на еден биомаркер; наместо тоа, се советува истовремена употреба на повеќе биомаркери.

Како мотив, кандидатот истакнува дека во последниве години се спроведени голем број научни студии насочени кон рано откривање на дијабетичната срцева болест, процена на прогнозата и определување на соодветна терапија. Достапноста на напреднати ехокардиографски техники, со посебен акцент на примената на глобалната лонгитудинална деформација (GLS%) на ЛК како значаен метод за рана детекција на болеста уште во нејзината супклиничка фаза, го детерминирала мотивот да се даде мал придонес преку споделување на здобиеното клиничко искуство и резултатите во нашата земја.

Во поглавјето Цели, кандидатот таксативно ги наведува следниве цели:

1. Да се утврди застапеност на ДД кај асимптоматските испитаници со пДМ и ДМТ2 со помош на ехокардиографските методи, нејзината изразеност и постоење на евентуална разлика меѓу двете групи на испитаници.
2. Да се утврди застапеност на систолна супклиничка дисфункција кај асимптоматските испитаници со пДМ и ДМТ2 со користење на миокардна деформација со помош на „speckle tracking echocardiography” (STE), нејзината изразеност и постоење на евентуална разлика меѓу двете групи на испитаници.
3. Да се утврди постоење на поврзаност на присуство на ДД, односно на секој од мерените параметри значајни за определување на ДД/дијастолна крутост со систолната супклиничка дисфункција.
4. Да се утврди постоење на поврзаност на присуство на ДД, односно со секој од мерените параметри значајни за определување на ДД/дијастолна крутост со биохемиските маркери на регулација на

гликемијата во серум.

5. Да се утврди застапеност на десносрцево нарушување (функција и/или деформација) и постоење на поврзаност со присуство на ДД и/или систолна супклиничка дисфункција.
6. Да се утврдат значајни предиктивни фактори на појава на дијастолна и/или систолна супклиничка дисфункција.
7. Да се утврди сензитивноста и специфичноста на маркерите на ДД и глобалната ЛК-деформација утврдени ехокардиографски.

Целите кои биле поставени се реални, јасно дефинирани, прецизни и, што е најважно, остварливи во целост.

Во заклучоците, резултатите обезбедуваат значаен придонес кон подобро разбирање на раните морфолошки и функционални промени на срцето кај асимптоматски пациенти со пДМ и ДМТ2, во услови на сочувана ЛКЕФ%. Идентификацијата на супклиничка систолна и ДД уште во раните фази на болеста укажува дека дијабетичното срцево заболување започнува многу пред појавата на клинички манифестна СС. Притоа, употребата на напреднатите ехокардиографски техники исклучително се покажуваат ефикасни во обезбедување на рана дијагноза.

Предмет на истражување

За реализација на оваа аналитичка, опсервациона пресечна студија (cross-sectional study), биле регрутирани 203 асимптоматски испитаници од двата пола, дијагностицирани со пДМ или ДМТ2 во Центарот за дијабетес во ЈЗУ Општа болница – Куманово. Регрутирањето било изведено користејќи ја методата на целно избирање по принципот на достапност. На секој од регрутираните испитаници, на почетокот од испитувањето, детално му била образложена целта на испитувањето и начинот на реализација на планираните контроли. Само испитаниците кои доброволно се согласиле да учествуваат и кои ја потпишале информираната согласност, биле вклучени во студијата, која претходно била одобрена од Етичката комисија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” Скопје. Испитаниците биле поделени во група на пДМ со 68 испитаници и група со ДМТ2 со 135 испитаници. Дополнително, испитаниците од двете групи биле поделени на еквивалентен начин во подгрупи во зависност од присуство или отсуство на артериска хипертензија, како најчеста придружна болест. Во студијата биле вклучени испитаници кои биле асимптоматски (без симптоми кои упатуваат на присутна СС и/или КАБ), имале „преддијабетес“ (лица кај кои нивото на гликозата во крвта не ги исполнува критериумите за дијабетес, но постои абнормален метаболизам на јаглени хидрати: присуство на нарушена гликемија на гладно од 5,6-6,9 mmol/L и/или нарушена гликозна толеранција од 7,8-11,0 mmol/L и/или HbA1c од 5,7-6,4%) и оние со дијагнозата на „дијабетес” (присуство на симптоми поврзани со дијабетес, придружено со покачена гликемија на гладно од ≥7,0 mmol/L и/или вредност на гликемија после 2ч тест на оптоварување со 75 g глукоза од ≥11,1 mmol/L и/или HbA1c>6,5%). Натаму испитаниците биле на возраст од 30 до 70 години, ЛКЕФ била од ≥50%, отсуствувала анамнеза за постоење на КАБ, и имале оптимален ехокардиографски прозорец. Како ексклузиони критериуми од студијата биле и испитаниците со следниве состојби: дијабетес мелитус кој не спаѓа во групата на ДМТ2; субоптимален ехокардиографски прозорец; значајна валвуларна срцева болест; перманентна преткоморна фибрилација; бубрежна слабост, дефинирана како eGFR<45 ml/min/1,73 m^2; присуство на животозагрозувачки коморбидитети; возраст под 30 и над 70 години; бремени жени и доилки; и испитаници кои не се способни да го разберат протоколот за работа и следење на истражувањето и кои не потпишале претходна писмена информирана согласност.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд

Дијабетичната кардиомиопатија се дефинира како присуство на абнормална структура и функција на миокардот кај лица со ДМТ2, во отсуство на други срцеви ризик- фактори. Концептот дека ДМТ2 може директно да предизвикува миокардна дисфункција датира од 1954 година, кога Лундбек (Lundbæk) забележал дека миокардната дисфункција е честа компликација кај дијабетични испитаници, присутна кај приближно две третини од постарите испитаници со ДМТ2. Тој потоа станал првиот истражувач кој предложил дијагноза на специфична кардиомиопатија поврзана со ДМТ2. Во 1972 година, Рублер и сор. го предложиле терминот „дијабетична кардиомиопатија” врз основа на нивното искуство кај возрасни испитаници со дијабетес кои страдале од конгестивна срцева слабост (СС), а кај кои беа исклучени присуство на КАБ, валвуларна или вродена срцева болест, хипертензија или алкохолизам.

Во 1974 година, Framingham Heart Study (FHS) која претставува голема проспективна студија, покажала повисока инциденца на СС кај жени со ДМТ2 за пет пати, и кај мажи со ДМТ2 за 2,4 пати, по исклучување на други ризик фактори како што се возраста, КАБ и хипертензија. Слично на тоа, и други современи кохортни студии сугерираат дека дијабетесот е независно поврзан со 1,7 до 2,5 пати поголем ризик од развој на СС.

Во 2013 година, Фондацијата „Американски колеџ за кардиологија“ (American College of Cardiology Foundation), Американското здружение за срце (American Heart Association) и Европското здружение за кардиологија (European Society of Cardiology), во соработка со Европското здружение за проучување на дијабетес (European Association for the Study of Diabetes), ја дефинираа дијабетичната кардиомиопатија како клиничка состојба на левокоморна дисфункција што се јавува во отсуство на коронарна атеросклероза и хипертензија кај испитаници со ДМТ2.

Предложени се неколку подгрупи на дијабетична срцева болест. Fang и сор. и Maisch и сор. опишале четири стадиуми, при што секој нареден стадиум претставува понапредна форма на процесот на развој – започнувајќи од СС со сочувана ејекциона фракција (СС-СЕФ), па сè до СС со редуцирана ејекциона фракција (СС-РЕФ).

Во последниве години се спроведени голем број научни студии насочени кон рано откривање на дијабетичната срцева болест, процена на прогнозата и определување на соодветна терапија. Достапноста на напреднати ехокардиографски техники, обезбедува рана и прецизна дијагноза на постоење на дијабетична кардиомиопатија што се манифестира и во најновите препораки на Американското здружение за ехокардиографија (ASE) за дијагноза на дијастолна дисфункција од 2025 година, каде што во дијагностичкиот алгоритам се инкорпорирани варијабли на лонгитудинална деформација на левата преткомора. Левокоморната дијастолна дисфункција долго време се сметала за почетна функционална промена на срцето кај испитаници со дијабетична срцева болест, врз основа на мерења добиени со доплер ехокардиографија. Со примена на speckle-tracking ехокардиографија, како понова и пософистицирана ехокардиографска техника, било откриено присуството на рана систолна дисфункција која ѝ претходи на појавата на дијастолната дисфукција на левата комора.

Упатствата на Европското здружение за кардиологија (ESC) за дијагноза и третман на акутна и хронична СС (2021), ја потенцираат важноста на плазма-концентрациите на натриуретичните пептиди (НП) како дијагностички тестови кај испитаници со симптоми поврзани со СС, со примарна цел – исклучување на дијагнозата. Зголемените концентрации на НП ја поддржуваат дијагнозата на СС, имаат прогностичка вредност и можат да дадат насока за понатамошни испитувања. Кај испитаници со ДМТ2, дијастолната дисфункција – која традиционално се смета за референтен критериум за рана дијабетична срцева болест – е поврзана со значително повисоки серумски нивоа на НП.

Краток опис на применетите методи

За сите испитаници биле регистрирани следниве информации: демографски карактеристики: име, презиме, пол, возраст и етничка припадност; присуство на симптоми и знаци за СС или КАБ: замор при минимален физички напор, малаксалост, диспнеа, градна болка, срцебиење, отоци по нозете; траење на ДМТ2, односно од поставување на дијагнозата до моментот на вклучување во студијата; била земана анамнеза за минати и придружни заболувања: артериска хипертензија, минатa или актуелна КАБ, системски заболувања, бубрежна слабост и малигни заболувања; фамилијарна анамнеза: присуство на кардиоваскуларни заболувања кај блиските членови на семејството; фармаколошка анамнеза: тековна антидијабетична терапија, како и евентуална терапија за друго придружно заболување; и лична анамнеза: брачен статус, број на деца, навики (пушење, консумација на кафе и алкохол, редовна или седентарна физичка активност).

Кај сите испитаници биле изведени антропометриски мерења: телесна тежина (kg), висина (cm), обем на струк, обем на колкови, однос помеѓу обем на струк и колкови, а бил пресметан и индексот на телесна маса – ИТМ. Физикалниот преглед бил изведен кај сите испитаници со целосен физикален преглед по системи, бил изменерн крвниот притисок (систолен и дијастолен) и пулсот.

По најмалку осумчасовно гладување, крвните примероци кај испитаниците биле земени во утринските часови, во седечка положба, со венепункција на антекубиталната вена. Од лабораториските параметри биле анализирани: комплетна крвна слика, ниво на гликемија на гладно, гликозилиран хемоглобин (HbA1c), инсулин, липиден профил: вкупен холестерол (ТС), липопротеини со висока густина (HDL), липопротеини со ниска густина (LDL), триглицериди (TG), уреа, креатинин, трансаминази, билирубински фракции, електролитен статус, hsCRP, тиреостимулирачки хормон (TSH), слободниот тироксин (Free T4), анализа на урината. Со цел идентификација на фенотип на СС-СЕФ, кај сите испитаници беше одредено нивото на NT-proBNP (pg/mL) во крвта.

При анализата на 12-канален електрокардиограм биле проценувани: срцевиот ритам (регулуларен/нерегуларен), срцевата фреквенција (удари/мин), знаци на притисочно и волуменско оптоварување (левокоморна хипертрофија, облик на напрегање), присуство на промени на ST-сегмент и Т-бран (промени во прилог на миокардна исхемија), нарушувања на спроводливоста (присуство на блок на АВ-јазол, блокови на гранките на Хисовиот сноп), како и ширината на QRS-комплексот.

Кај сите испитаници најпрвин била изведена 2Д-конвенционална трансторакална ехокардиографија со употреба на мултифреквентен трансдјусер на апарат GE-Vivid 7. За овозможување на off-line квантитативно оценување на ехокардиографските наоди, прегледот бил документиран/сниман во дигиталната меморија на ехокардиографскиот апарат, а потоа анализиран со користење на специјален софтвер. Ехокардиографскиот преглед бил изведуван во лева странична положба, со левата рака поставена под главата. Согласно со препораките на Американското здружение за ехокардиографија (ASE) и Европското здружение за кардиоваскуларна визуелизација (EACVI), биле изведени и проценувани следниве ехокардиографски параметри: левокоморни внатрешни димензии и волумени нормализирани за површината на телото; дебелини на sидовите; левокоморна маса индексирана со површината на телото, но и со телесната висина крената на 2.7 што има важност кај испитаници со повисока ИТМ; била определувана и релативната дебелина на sидовите (RWT); била проценувана глобалната ЛК систолна функција преку мерење на ЛКЕФ%, проценката на ударниот и минутен волумен индексирани за површината на телото, проценката на ЛК регионална функција во 17-сегментен модел и преку ткивната брзина на ниво на митралниот прстен во систола; ЛП била проценувана во однос на внатрешните димензии, волуменот индексиран со површината на телото и со телесна висина и истата крената на квадрат што има важност кај испитаници со повисока ИТМ, како и во однос на функцијата – одредување на ЛП ејекциона фракција; дијастолната функција на ЛК била проценувана врз основа на анализата на брзините на трансмитралниот

проток, ткивните брзини на ниво на митралниот прстен во рана и доцна дијастола и проценката на пулмоналниот венски проток; била проценувана и големината на десната преткомора, десната комора и пулмоналниот артериски притисок, како и систолната функција на десната комора преку промената на фракционата ареа (FAC), односно регионалната деснокоморна функција (систолната екскурзија на трикуспидниот прстен-ТАПСЕ и ткивна брзина на трикуспиден прстен во систола). Била извршена и анатомска и функционална проценка на срцевите залистоци и аортата.

Како значаен придонес на докторската дисертација се зема и користењето на напредната ехокардиографска проценка на лонгитудиналната, радијална и циркумферентна деформација на ЛК, лонгитудинална деформација на ЛП во фаза на резервоар и контрактилна фаза и лонгитудинална деформација на слободниот ѕид на десната комора (ДК). Проценката на миокардна деформација на ЛК, ЛП и ДК била извршена со користење на компјутерската програма за следење точки (speckle tracking software) од комерцијално достапна опрема (GE-Vivid 7) согласно со актуелните упатства на професионалните здруженија. Off-line анализа била извршена на сите дигитално запомнати слики со користење на стандардна компјутерска програма (EchoPAC PC 08: GE Healthcare).

Кај испитаниците со ЕКГ промени кои сугерираа евентуално постоење на КАБ, како и кај оние кај кои по изведување на трансторакална ехокардиографија биле евидентирани сегментни испади во кинетиката, а немаале контраиндикации, за исклучување на асимптоматска миокардна исхемија бил изведен коронарен стрес-тест со употреба на движечка лента по скалестиот протокол според Bruce.

Кај сите испитаници кај кои, по изведување на трансторакална ехокардиографија, коронарен стрес-тест, постоел висок сомнеж за асимптоматска миокардна исхемија, била изведена коронарна ангиографија за скрининг од постоење на КАБ.

Статистичката обработка на резултатите е изведена со користење на SPSS-компјутерската програма верзија 25.0 (IBM SPSS, Inc., Chicago, IL, USA) при што се применети современи и соодветни на целите статистички методи: споредби меѓу групи со континуирани (Student t-тест и Mann-Whitney U тест) и со категориски варијабли (Pearson Chi-square тест); корелации (Pearson и/или Spearman); мултиваријантна бинарна логистичка или линеарна регресиона анализа (во зависност од зависната варијабла) биле изведени за утврдување на улогата на поедини прогностички маркери во појавата на дијастолната дисфункција и/или систолната супклиничка левокоморна или систолната деснокоморна дисфункција; утврдување на сензитивност, специфичност и точност на употребените методи била изведена со помош на ROC (Receiver Operatinyg Characteristic) криви. Репродуцибилноста (интеробсервер варијабилност) на ехокардиографските мерења, поточно на мерењата на миокардната деформација на повеќе нивоа биле калкулирани со Intraclass Correlation Coefficient (ICC) преку проценка на 15 селектирани наоди во две различни времиња (прилики) од страна на два ехокардиографери (докторандот и менторот-супервизор). За сите тестови, вредноста на $p \leq 0,05$ се сметала за значајна.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во вкупната кохорта од 203 испитаници со ДМТ2 и пДМ со средна возраст од 54 години, половата распределба била приближно рамномерна, со благо доминирање на женскиот пол (54,2 %), особено во групата со пДМ (73,5 %). Повисоката возраст била значајно поврзана со понеповолен лабораториски профил, што укажува на прогресивна кардиометаболитичка и кардиоренална дисфункција со стареењето. Повисоката возраст се издвои и како независен предиктор за појава на ДД дефинирана било со препораките од 2016 и/или 2025 година, како кај пациентите со ДМТ2, така и кај оние со пДМ. Возраста од >52,5 години се појавила како гранична вредност над која значајно се зголемува ризикот од присуство на ДД кај испитаниците со пДМ.

Во испитуваната кохорта речиси 90 % од испитаниците имаале прекумерна телесна тежина или дебелина. Повисоки вредности на ИТМ кај пациенти со ДМТ2 биле

конзистентно поврзани со структурни промени на ЛК, како и со параметрите на миокардна деформација што укажува на присуство на супклиничко нарушување на систолната функција поврзано со телесната тежина. Оваа асоцијација, која се одржува и по корекција за крвен притисок и други хемодинамски фактори, ја потврдила директната врска помеѓу зголемената телесна тежина и супклиничната срцева ремоделираност. Поголемиот ИТМ бил значајно поврзан и со зголемени димензии на ДК и со ДК индексирана со нејзината должина, особено кај пациентите со пДМ, што укажува на структурни промени на ДК поврзани со прекумерната телесна тежина дури и во рани фази на нарушен гликозен метаболизам. Постоела значајна поврзаност на ИТМ и со параметрите кои ја дефинираат дијастолната функција на ЛК, како и со големината, волуменот и структурното ремоделирање на ЛП, како во целата кохорта, така и во двете анализирани групи на пациенти.

Од присутните ризик-фактори за КВЗ, најчесто биле застапени дислипидемијата и артериската хипертензија (ХТА). Резултатите ја потврдиле централната улога на ХТА како клучен модификатор на срцевите структурни и функционални карактеристики кај пациентите со ДМТ2, при што комбинираното дејство на хемодинамските и метаболитичките фактори доведува до ремоделирање, супклиничка систолна дисфункција и рани знаци на ДД.

Обемот на струкот и колкот, како и нивниот однос покажале дека се работело за популација со присутна абдоминална гојност. Односот на обемот на струкот и колкот се издвоил како моќен негативен предиктор на глобалната радијална деформација (GRS%) кај испитаниците со ДМТ2, укажувајќи дека централната дебелина е независно поврзана со супклиничка систолна дисфункција пред манифестното намалување на левокоморната ејекциона фракција (ЛКЕФ%).

Лабораториските анализи укажале на метаболитички абнормалности со субоптимална гликемиска контрола (HbA1c ≥7%) кај приближно една четвртина од испитаниците и лесно редуцирана бубрежна функција, додека воспалителните и срцевите биомаркери во најголем дел биле во референтни граници. Повисоките вредности на серумската гликемија, HbA1c, како и повисоките вредности на HbA1c > 7%, како маркер на недоволна гликемиска контрола, биле значајно асоцирани со поголемата дебелина на ЛК-ѕидови и ЛК-маса, со пониската ЛКЕФ% и поизразена ДД на ЛК, како и со поизразена супклиничка систолна дисфункција, биле значајно поврзани со рани супклинички нарушувања на ДК и ЛП-функција.

Од ехокардиографските испитувања, највисока преваленца на хипертрофија на ЛК, индексирана на висина кренатa на 2,7 ($ЛКМh^{2,7}$), била утврдена кај испитаниците со ДМТ2. Дебелините на ѕидовите и зголемената ЛК маса биле во корелација со нарушената гликемиска контрола.

Во однос на систолна функција на ЛК, ЛКЕФ% била сочувана, а индексираните вредности на ударниот и минутниот волумен, како и ткивната брзина на митралниот прстен во систола (ЛКs’TDI), биле во референтни рамки без значајни разлики меѓу двете подгрупи. Пониската ЛКЕФ% била во позитивна корелација со отсуството на ефикасна гликемиска контрола. Пониските вредности на ЛКs’TDI, измерени со ткивен доплер, во целата кохорта и кај испитаниците со ДМТ2 биле значајно поврзани со ДД дефинирана според ASE критериумите од 2016 и 2025 година, додека кај целата кохорта и кај испитаниците со пДМ била утврдена значајна асоцијација со ДД дефинирана според критериумите на Tolvaj и сор.

Во однос на супклиничката ЛК-систолна дисфункција, резултатите покажале дека глобалната лонгитудинална деформација (GLS%) на ЛК била во нормални граници како во кохортата како целина, така и кај пациентите поделени според присуство на ДМ или пДМ, но испитаниците со ДМТ2 имале значајно пониски вредности на GLS%. Била утврдена значајна корелација помеѓу параметрите на GLS% и повеќето ехокардиографски параметри на ДД, особено кога таа била дефинирана согласно со најновите ASE-критериуми од 2025 година, значи кога се земани вредностите на ЛП-деформација во фаза на резервоар (PALS%). Зголемената (патолошка) GLS% се појавила како значаен независен предиктор за ДД дефинирана согласно со Tolvaj и сор. од 2025

год. во целата кохорта и само кај пациентите со ДМТ2. Како независни значајни предиктори за влошувањето на ЛК GLS% и зголемување на бројот на сегменти со LS<13% и <5% се издвоија параметрите кои ја одразуваат интегрираната систолна функција на двете комори и функционалната состојба на ЛП како во целата кохорта, така и кај пациентите со ДМТ2 и пДМ.

Глобална радијална деформација (GRS%) во целата кохорта GRS% била над долната граница на нормалата, без статистички значајна разлика меѓу ДМТ2 и пДМ. Помалата GRS% била значајно поврзана со почесто присуство на ДД дефинирана по критериумите на ASE од 2025 год. за цела кохорта и само за пациентите со ДМТ2. Како значајни независни предиктори за влошувањето на ЛК GRS% се издвоиле односот обем струк/колк за цела кохорта и пациентите со ДМТ2 како одраз на кардиометаболитичко оштетување, ЛКЕФ% за цела кохорта, односно ЛК крајно-систолен волумен за пациентите со пДМ како одраз на физиолошката кохерентност и PALS од <18% само за пациентите со ДМТ2 како одраз на коегзистенција на ЛП и ЛК механичка дисфункција, односно глобално миокардно-преткоморно механичко нарушување.

Глобална циркумферентна деформација (GCS%) во целата кохорта била во рамки на референтните вредности на ниво на ендокардниот слој, додека на средниот и епикардниот слој била пониска кај испитаниците со ДМТ2, со статистички значајна разлика во однос на пДМ. Зголемената (патолошка) GCS% мерена на ниво на ендокард била значајно поврзана со почесто присуство на ДД дефинирана по сите три критериуми за целата кохорта и само за пациентите со ДМТ2; и со почесто присуство на вредности на PALS од <18% за целата кохорта и само за пациентите со ДМ, како и почесто присуство на вредности на LASI над 0,26 земено како просек од двата sида за цела кохорта и само за пациентите со ДМ. Зголемената (патолошка) GCS% мерена на ниво на миокард била значајно поврзана со почесто присуство на ДД дефинирана по критериумите на ASE 2016 год и Tolvaj и сор. од 2025 год за целата кохорта и само за пациентите со ДМТ2, додека дефинирана според ASE од 2025 год. почесто била присутна само во целата кохорта; со почесто присуство на пониски вредности на PALS за целата кохорта и само за пациентите со ДМТ2; со почесто присуство на пониски вредности на PACS само за пациентите со ДМТ2; како и почесто присуство на повисоки вредности на LASI за цела кохорта и пациентите со ДМТ , како и LASI над 0,26 земено како просек од двата sида само за пациентите со ДМТ2. Како значајни предиктори за зголемената (патолошка) GCS% на ниво на ендокард за целата кохорта се издвоиле: зголемен ИТМ, повисок однос на обемот на струкот и колкот, редуцирана ЛК e'lTDI, намалената ЛКЕФ% и намалена ДКs'TDI. За пациентите со пДМ како независен предиктор за зголемената (патолошка) GCS% на ниво на ендокард се појавила ЛК-маса индексирана за телесна висина кренатa на 2,7. И само за пациентите со ДМТ2 како независни предиктори се појавилеа: редуциран ЛК e'lTDI, намалена ЛКЕФ%, поголем однос обем на струк/колк и намалена ДКs'TDI. Како значајни предиктори за зголемената (патолошка) GCS% на ниво на миокард за целата кохорта се издвоиле: зголемен ИТМ, повисок однос на обемот на струкот и колкот, редуцирана ЛК e'lTDI, намалената ЛКЕФ% и намалена ДКs'TDI. За пациентите со пДМ како независен предиктор за зголемената (патолошка) GCS% на ниво на миокард се појавила ЛК-маса индексирана за телесна висина кренатa на 2,7. И само за пациентите со ДМТ2, како независни предиктори се појавиле: присутна ДД дефинирана согласно со ASE од 2016 год и присуство на вредности за PACS под средна нормална вредност. Како значајни предиктори за зголемената (патолошка) GCS% на ниво на епикард за целата кохорта и пациентите со ДМТ2 се издвоила присутна ДД дефинирана согласно со ASE од 2016 год.

Ехокардиографската проценка на големините и функцијата на ДК покажа средни вредности кои се наоѓале во референтни рамки, и не постоела нивна значајна разлика меѓу пациентите ДМТ2 и пДМ. Маркерите на недоволна гликемиска контрола, биле значајно поврзани со намалени вредности на TAPSE индексиран за должината на ДК и со патолошките вредности на ДК деформација како одраз на ДК супклиничка систолна дисфункција. Била утврдена значајна асоцијација помеѓу систолната дисфункција на ДК и присуството на дијастолна и/или супклиничка систолна

дисфункција на ЛК, најизразена кај испитаниците со пДМ. Индексираните параметри на TAPSE и ДК s’ TDI во однос на должината на ДК (TAPSEl и ДК s’l TDI) покажале подобри и поконзистентни корелации со параметрите на систолната и дијастолната функција на ЛК. ДК деформација на слободниот sид се појавила како значаен независен предиктор за ДД дефинирана според ASE од 2025 год само кај пациентите со ДМТ2. ДК врвна ткивна брзина регистрирана со ТДИ и нормализирана за должината на ДК се појавила како значаен независен предиктор за големината на ЛК GLS% и бројот на сегменти со LS <13% во целата кохорта, а ДК врвна ткивна брзина регистрирана со ТДИ се појавила како значаен независен предиктор за големината на ЛК GCS% мерена на ниво на ендокард во цела кохорта и кај пациентите со ДМТ2.

Средната вредност на димензијата на ЛП, како и ЛП волумен (ЛПВ), било индексиран според површината на телото (ЛПВи) или според телесната висина (ЛПВh) биле во референтни рамки. Но сепак, кај повеќе од две третини од испитаниците била констатирана дилатација на ЛП, особено кај женскиот пол, откако била направена индексација на ЛП волумен со квадратот на телесната висина (ЛПВh^2). ЛП деформацијата во фазата на резервоар (PALS%) била под очекуваната средна вредност, со статистички значајно пониски вредности кај испитаниците со ДМТ2 во споредба со оние со пДМ, додека ЛП деформацијата во фазата на контрактилна функција (PACS%) останала во нормални граници, без значајни разлики меѓу групите.

Користењето на телесната висина и висината на квадрат во индексирањето на левопреткоморниот волумен води до негова значајна рекласификација од нормален во дилатиран како кај пациентите со ДМТ2 и особено кај оние со пДМ. Ова зборува дека сегашниот стандарден метод на индексација може да го потцени постоењето на левопреткоморната дилатација и со тоа да не успее да идентификува пациенти со ДД и/или ризик од појава на идни несакани збиднувања.

Зголемените вредности на обата нови параметри на ЛП крутост (LASI) и индексот на левата преткоморно-коморна спојка (LACI) биле значајно поврзани со повисоката возраст, со поголемиот ИТМ во цела кохорта и пациентите со ДМТ2, додека само LASI мерен на ниво на обата sида или земен како просек бил значајно поврзан со параметрите на лошата гликемиска регулација. Зголемените вредности на LASI биле значајно поврзани со присуство на ЛК-систолна дисфункција мерена како s’TDI, со супклиничка дисфункција (GLS%, GRS%, GCS%endo и mid) во цела кохорта и кај пациентите со ДМТ2, а обата индекси (LASI, LACI) со бројот на сегменти со LS<13% и LS <5% во цела кохорта, односно во двете подгрупи. LASI се издвои како најзначаен независен предиктор за појава на ДД, дефинирана согласно со сите три применети дијагностички дефиниции во оваа студија.

Дијастолната функција на ЛК е оценета според ASE-препораките од 2016 и 2025 година, како и според критериумите на Tolvaj и сор. од 2025 година. Највисока преваленца на ДД била забележана според најновите ASE 2025 препораки, кај околу 20 % од испитаниците, со статистички значајни разлики меѓу двете подгрупи. Во оваа студија, индексот на левата преткоморно-коморна спојка (LACI) и особено индексот на ЛП крутост (LASI) се покажале како нови, клинички корисни и независни предиктивни параметри за идентификација на ДД кај испитаниците со ДМТ2. Во однос на дијастолната дисфункција дефинирана според ASE препораките од 2016 година, кај испитаниците со ДМТ2 како независни и статистички значајни предиктори се издвоиле постарата возраст, пониската ЛПЕФ%, полошата глобална циркумферентна деформација на епикардно ниво (GCSepi%) и зголемената преткоморна крутост, изразена преку индексот на преткоморна крутост (LASIav). Моделот покажал извонредна дискриминаторна способност (AUC = 0,927).

Во однос на дијастолната дисфункција дефинирана според критериумите на Tolvaj и сор. од 2025 година, кај испитаниците со ДМТ2 како независни и статистички значајни предиктори се издвоиле индексот на преткоморна крутост LASIav, пресметан како просек од двата sида, и GLS%. Моделот покажа извонредна дискриминаторна способност (AUC = 0,961).

Во групата на испитаници со ДМТ2, возраста, ЛК-маса индексирана за површината на телото (ЛКМи), ДК-GLS%, индексот на ЛП-крутост како просек од двата sида (LASIav) и GRS% се идентификувале како независни предиктори за ДД дефинирана според ASE-препораките од 2025 година. Комбинираниот модел покажал висока дискриминаторна способност (AUC 0,863).

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Љавдим Ибраими со наслов: „Проценка на изразеност на морфолошки и функционални нарушувања на срцето, детектирани со конвенционална и напредна ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2“ претставува истражување во подрачјето на клиничката медицина, односно нејзиното потесно подрачје – кардиологијата.

Резултатите од оваа докторска дисертација обезбедуваат значаен придонес кон подобро разбирање на раните морфолошки и функционални промени на срцето кај асимптоматски пациенти со преддијабетес и дијабетес тип 2, во услови на сочувана левокоморна ејекциона фракција. Идентификацијата на супклиничка систолна и дијастолна дисфункција уште во раните фази на болеста укажува дека дијабетичното срцево заболување започнува многу пред појавата на клинички манифестна срцева слабост. Дополнително, утврдените асоцијации помеѓу ехокардиографските деформациски параметри и биохемиските маркери на гликемиска регулација ја нагласуваат улогата на метаболитичкиот дисбаланс како клучен патофизиолошки механизам во развојот на раното срцево оштетување. Од клинички аспект, резултатите ја истакнуваат важноста на интегрирањето на левокоморните индекси на деформација и левопреткоморните механички перформанси во современата проценка на дијастолната функција, со употреба и на неопходната и препорачана индексација на миокардната маса, преткоморни волумени и деснокоморни перформанси, што укажува на промена на парадигмата од чисто доплер-базирана евалуација кон посеопфатна механичка карактеризација на дијастолните перформанси. Вредноста на резултатите за секојдневната клиничка практика произлегува и од можноста за рана и подобрена стратификација на кардиоваскуларниот ризик кај пациенти со преддијабетес и дијабетес.

Докторскиот труд на кандидатот д-р Љавдим Ибраими со наслов „Проценка на изразеност на морфолошки и функционални нарушувања на срцето, детектирани со конвенционална и напредна ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2“, според мислењето на Комисијата за оцена, претставува квалитетен научноистражувачки труд, кој од формален, суштински и етички аспект ги исполнува условите и стандардите за финален докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот д-р Љавдим Ибраими, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Ibraimi L., Janev N., Bajdevska M., Shabani-Misini L., Antova E., Georgievska-Ismail Lj. Glycemic control and left atrial function assessed by strain-based echocardiography. *Acad Med J* 2025;5(3):41-50. doi:10.53582/AMJ255341i
2. Ibraimi L., Janev N., Bajdevska M., Shabani-Misini L., Antova E., Georgievska-Ismail L. Left atrial volume indexation in prediabetes and type 2 diabetes: why height matters. *Acta Medica Balkanica*. 2025;10 (19-20):216-225. doi:10.62792/ut.amb.v10.i19-20.p3116
3. Ibraimi L., Bajdevska M., Shabani-Misini L., Todorovska E., Andova V., Georgievska-Ismail Lj. Right ventricular systolic dysfunction in prediabetes and type 2 diabetes mellitus: the role of metabolic control and left ventricular–right ventricular interaction. *Physioacta*. 2025;15(2):13-27. UDK:616.123-073.432.19:616.379-008.64

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатот се состојат во демонстрирањето на тесната поврзаност помеѓу супклиничката систолна дисфункција, дијастолната дисфункција и левопреткоморно ремоделирање, што го поддржува концептот на глобално миокардно-преткоморно механичко нарушување кај метаболитички оптоварени пациенти. Дополнително, утврдените асоцијации помеѓу ехокардиографските деформациски параметри и биохемиските маркери на гликемиска регулација ја нагласуваат улогата на метаболитичкиот дисбаланс како клучен патофизиолошки механизам во развојот на раното срцево оштетување.

Особено значаен клинички придонес претставува идентификацијата на индексот на левопреткоморната крутост (LASI) како силен, независен и конзистентен предиктор на дијастолна дисфункција, дефинирана согласно со различни современи дијагностички критериуми. Овој параметар има потенцијал да стане дел од клиничките алгоритми за рана детекција на дијабетично срцево заболување и фенотипот на срцева слабост со сочувана левокоморна ејекциона фракција, особено кај асимптоматски пациенти

.

Можните натамошни истражувања на ова поле би можеле да бидат:

Резултатите од оваа студија можат да послужат како основа за идни проспективни и клинички насочени истражувања насочени кон рана превенција, навремено терапевтско интервенирање и персонализиран пристап кај пациенти со преддијабетес и дијабетес тип 2, со цел намалување на инциденцата на срцева слабост и други кардиоваскуларни компликации.

Најденото засегање на функција на десната комора преку редукција на лонгитудиналната миокардната деформација на нејзиниот слободен ѕид и/или редукција на деснокоморна врвна ткивна брзина во систола при постоење на левокоморна систолна дисфункција, односно левокоморна дијастолна дисфункција кај пациентите со преддијабетес, ја поддржува концепцијата на функционално опаѓање на повеќе кавитети (multichamber functional decline) предизвикано од рани метаболитички и микроваскуларни промени пред да се појави манифестен дијабетес мелитус тип 2 или значајна хипертрофија. Ова забележување особено отвора поле за идни истражувања во однос на коморната интерзависност што сугерира дека дијастолната дисфункција во дијабетот не е само строго „дијастолен“ феномен, туку е дел од глобалното миокардно механичко нарушување.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факулет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатот д-р Љавдим Ибраими со наслов: „Проценка на изразеност на морфолошки и функционални нарушувања на срцето, детектирани со конвенционална и напредна ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2 “.

КОМИСИЈА ЗА ОДБРАНА
Проф. д-р Маријан Бошевски, претседател, с.р. Проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил, ментор, с.р.
Проф. д-р Емилија Антова, член, с.р.
Проф. д-р Лидија Попоска, член, с.р.
Проф. д-р Саша Јовановска Мишевска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ВАГИНАЛНИТЕ И ЦЕРВИКАЛНИТЕ БАКТЕРИСКИ ИНФЕКЦИИ ВРЗ ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПОРОДУВАЊА НА КЛИНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ БОЛНИЧКИ ЦЕНТАР НА КОСОВО, ВО КЛИНИКАТА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО“ ОД Д-Р ФИСНИК СИНАНИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXIX редовна седница одржана на 12.3.2026 година, а по предлог на Советот за студиската програма за докторски студии по медицина, и врз основа на член 73 од Статутот на Медицински факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019 г.), и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторска дисертација од д-р Фисник Синани со наслов: **Влијанието на вагиналните и цервикалните бактериски инфекции врз предвремените породувања на Клиничкиот универзитетски болнички центар на Косово, во Клиниката за гинекологија и акушерство,** во состав: проф. д-р Ана Данева Маркова, претседател, проф. д-р Јадранка Георгиевска, ментор, проф. д-р Горан Димитров, член, проф. д-р Весна Ливринова, член, и проф. д-р Иво Ќаев, член.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Фисник Синани, со наслов: **Влијанието на вагиналните и цервикалните бактериски инфекции врз предвремените породувања на Клиничкиот универзитетски болнички центар на Косово, во Клиниката за гинекологија и акушерство,** содржи 125 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, 68 библиографски единици, меѓу нив научни трудови и книги. Трудот ги содржи сите елементи според утврдените критериуми за изработка на докторски труд: апстракт на македонски и англиски јазик, вовед, мотив, цели на трудот, материјал и методи, резултати , дискусија и литература. Сите содржински сегменти на докторскиот труд се соодветно систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што е обезбедено лесно и јасно следење на материјата која е предмет на истражувањето. Насловот на трудот е прецизен и одговара на содржината на трудот.

Во апстрактот на докторскиот труд, изложени се предметот на докторскиот труд, мотивот, целите, материјалопт и методи, добиените резултати и заклучоците.

Во воведот е презентирана дефиницијата за предвремено породување, епидемиологијата, етиологијата на предвремено породување, со посебен акцент

на влијанието на цервикалните и вагиналните бактериски инфекции во патогенезата на предвремените породувања.

Мотив за изработка на овој труд е проучување на врската меѓу вагиналните и цервикалните бактериски инфекции со предвремените породувања, како и нивното влијание врз акушерските и неонаталните исходи.

Целта на трудот е да се одреди преваленцата на вагиналните и цервикални бактериски инфекции, како и инфекциите со Chlamydia trachomatis и Trichomonas vaginalis кај пациентки со предвремено породување и нивната врска со предвремено породување кај пациентки породени предвреме од 28-мата до 37-мата гестациска недела во Клиничката универзитетска болница на Косово, во Клиниката за гинекологија и акушерство во Приштина, во периодот од 1.1.2024 до 31.12.2024 година.

Материјалот и методите во изработка на трудот се соодветно прикажани. Студијата е проспективна и опсервациска. Типот на кохортна студија е избран затоа што многу добро ја прикажува симултаната дистрибуција меѓу изложеноста и здравствениот настан кај популацијата. При изработка на студијата поставена е хипотеза дека постои статистичка врска меѓу бактериската вагинална и цервикална инфекција и предвременото породување. Статистичката обработка и анализа на податоците е направена во статистичкиот програм SPSS for Windows 25,0. За статистички сигнификантни беа земени вредностите на $p<0.05$.

Резултатите од студијата покажуваат дека постои статистички сигнификантна поврзаност помеѓу бактериските вагинални и цервикални инфекции со предвремено породување. Добиените резултати од студијата покажуваат дека постои позитивна врска помеѓу присуството на инфекции со кламидија и трихомонијаза кај бремените жени и предвременото породување.

Во заклучоците се истакнува дека овие резултати се значајни за медицинската пракса бидејќи третманот на бактериските инфекции може да помогне за намалување на ризикот од предвремено породување, како и намалување на неонаталниот морбидитет и морталитет.

Во првата глава – воведниот дел на докторскиот труд се истакнува дека предвременото породување претставува еден од најзначајните јавноздравствени проблеми во современата акушерска и неонатолошка пракса. Според податоците на Светската здравствена организација, предвременото породување се јавува кај 10 – 11 % од сите бремености на глобално ниво, што одговара на повеќе од 13 милиони предвремено родени новороденчиња годишно. Предвременото породување е водечка причина за неонатален морталитет и една од главните причини за смртност кај децата под петгодишна возраст, особено во земјите со низок и среден доход. Понатаму, во воведниот дел се изнесени причините за предвремено породување од страна на мајката или плодот.

Од економски аспект, предвременото породување претставува значителен товар за здравствените системи. Трошоците поврзани со продолжена хоспитализација, неонатална интензивна нега, рехабилитација и долгорочно следење се исклучително високи, особено кај екстремно и многу предвремено родените новороденчиња. Предвременото породување претставува и важен индикатор за квалитетот на мајчинско-детската здравствена заштита. Оттука, намалувањето на стапките на предвремено породување претставува приоритетна цел на глобалните и националните здравствени политики. И покрај обемните истражувања, етиологијата на предвременото породување останува сложена и мултифакторска. Факторите асоцирани со ризик од

предвремено породување се делат на: 1. мајорни фактори: мултипла бременост, абдоминална хирургија за време на бременоста, полихидрамнион, конгенитални аномалии на матката (септум на матка), или фиброиди, историја за претходна конизација на грло на матка, анамнеза за повеќе од еден аборус во втор триместар претходно, цервикална дилатација поголема од 1 cm во 32-мата Г.Н., скратување на грлото на матката (помало од 1 cm во 32-мата Г.Н.); 2. минорни фактори: покачена телесна температура за време на бременост, претходна историја за пиелонефритис, пушење на повеќе од 10 цигари на ден, повеќе од две неуспешни бремености во првиот триместар, вагинална бактериоза. Кај мултипара, на пример, ризикот од предвремено породување под 32-мата гестациска недела се движи до 3 %, додека при присуство на три фактори, ризикот се зголемува до 50 %.

Современите концепти го дефинираат предвременото породување како синдром со повеќе патофизиолошки патишта, во кои генетските фактори, хормоналните нарушувања, механичките причини, васкуларните абнормалности и, особено, инфекциите и воспалителните процеси имаат клучна улога.

Понатаму, во воведниот дел е истакната дефиницијата на предвременото породување, како и класификацијата. Предвременото породување се дефинира како породување кое се случува по 20-тата гестациска недела и пред навршени 37 гестациски недели, односно пред 259-тиот ден од бременоста, сметано од првиот ден на последната менструација. Оваа дефиниција е прифатена од Светската здравствена организација и претставува стандард во клиничката пракса, епидемиолошките анализи и научните истражувања, овозможувајќи унифицирано споредување на податоците меѓу различни земји и популации. Согласно со меѓународно прифатените препораки, предвременото породување се класифицира според гестациската возраст при раѓање во неколку категории:

- екстремно предвремено породување – породување пред 28 гестациски недели (20-22 - 27+6 гестациски недели)
- многу предвремено породување – породување помеѓу 28+0 и 31+6 гестациски недели
- умерено предвремено породување – породување помеѓу 32+0 и 33+6 гестациски недели
- доцно предвремено породување – породување помеѓу 34+0 и 36+6 гестациски недели.

Во воведниот дел се истакнати патофизиолошките механизми на предвременото породување, дека претставува резултат на сложена интеракција помеѓу мајчините, феталните и плацентарните фактори и не може да се објасни со единствен патофизиолошки механизам.

Еден од најзначајните и најдобро документирани механизми во патофизиологијата на предвременото породување е инфекциско-инфламаторниот пат, особено кај спонтаното предвремено породување и предвременото прскање на плодовите обвивки. Бактериските инфекции, било клинички манифестни или супклинички, можат да иницираат локален или системски воспалителен одговор кој води кон предвремена активација на породувањето. Микроорганизмите најчесто навлегуваат во интраутеринатa средина преку асцендентен пат од долниот генитален тракт. Нивното присуство или присуството на нивни компоненти доведува до активација на имунолошките

клетки и ослободување на проинфламаторни цитокини, како интерлеукин-1β, интерлеукин-6, интерлеукин-8 и тумор-некротизирачки фактор. Под влијание на инфламаторните цитокини, се зголемува синтезата на простагландин E_2 и простагландин $F_2\alpha$ во децидуата, хориоамнионските мембрани. Овие медијатори доведуваат до засилена маточна контрактилност, цервикално зреење и руптура на плодовите обвивки.

Предвремено родените новороденчиња се изложени на значително зголемен ризик од акутни неонатални компликации, особено оние родени со многу мала или екстремно мала гестациска возраст. Најчести компликации вклучуваат респираторен дистрес-синдром, апнеа, интравентрикуларни хеморагии, некротизирачки ентероколитис, сепса и ретинопатија на прематуритет. Покрај акутните компликации, предвременото породување е поврзано и со долгорочни последици кои можат да се манифестираат во детството, адолесценцијата и зрелата возраст. Овие вклучуваат невроразвојни нарушувања, церебрална парализа, когнитивни дефицити, нарушувања во учењето, хронични респираторни заболувања и зголемен ризик од метаболитички и кардиоваскуларни заболувања. Жените кои доживеале предвремено породување имаат зголемен ризик од акушерски компликации, како постпартална инфекција, хеморагија и пролонгирана хоспитализација, особено во случаи каде што предвременото породување е поврзано со инфекција или воспалителен процес.

Резултатите од ова истражување можат да имаат значајни практични импликации за секојдневната акушерска пракса, преку подобрување на раната детекција на инфекциите, оптимизација на терапевтските пристапи и намалување на ризикот од неповолни перинатални исходи. Во поширок јавноздравствен контекст, студијата може да придонесе кон подобро разбирање на детерминантите на предвременото породување и да послужи како основа за идни истражувања и политики насочени кон намалување на глобалниот товар од оваа состојба.

Со оглед на сето наведено, оваа докторска дисертација е оправдана и релевантна од научен, клинички и јавноздравствен аспект. Таа претставува логичен чекор кон подлабоко разбирање на комплексната етиологија на предвременото породување и улогата на бактеријалните инфекции како потенцијално клучен фактор во неговото настанување.

Литературата укажува дека широк спектар на микроорганизми може да биде поврзан со предвременото породување. Најчесто идентификувани се анаеробни бактерии и микроорганизми поврзани со бактериската вагиноза, но исто така се опишани и инфекции предизвикани од *Ureaplasma urealyticum*, *Mycoplasma hominis* и други условно патогени микроорганизми. Вагиналните инфекции се најчестиот облик на урогенитални инфекции во бременоста. Тие вклучуваат бактериска вагиноза, вагинална колонизација со анаеробни бактерии и други нарушувања на нормалната вагинална микрофлора. Како што е претходно истакнато, бактериската вагиноза е најистражуваната состојба во контекст на предвременото породување и е поврзана со зголемен ризик од спонтано предвремено породување, особено кога е присутна во раната бременост. Инфекциите на цервиксот имаат посебно значење поради неговата улога како анатомска и функционална бариера помеѓу вагината и интраутеринатa средина. Цервикалните инфекции можат да доведат до локално воспаление, деградација на колагенската структура и предвремено цервикално зреење, што го зголемува ризикот од спонтано предвремено породување. Предвременото прскање на плодовите обвивки (PPROM) претставува значаен

клинички ентитет во акушерството и е тесно поврзано со инфекцијата и воспалителниот одговор. PPROM се дефинира како руптура на плодовите обвивки пред навршени 37 гестациски недели и пред појавата на регуларни контракции на матката. Литературата конзистентно укажува дека инфекцијата игра клучна улога во патогенезата на оваа состојба и претставува еден од најважните фактори кои ја поврзуваат PPROM со предвременото породување. Затоа, современите дијагностички стратегии вклучуваат комбинација од клинички, лабораториски и микробиолошки иследувања. Лабораториските параметри на воспаление, како што се зголемени нивоа на С-реактивен протеин и леукоцитоза, се користат како индиректни маркери на инфекција, но нивната специфичност е ограничена. Од друга страна, детекцијата на проинфламаторни цитокини, особено интерлеукин-6 во амнионската течност или серумот, се покажала како посензитивен показател за интраамнионска инфекција и ризик од предвремено породување. Микробиолошките анализи, вклучително и вагинални и цервикални брисеви, имаат значајна улога во идентификацијата на нарушувањата на вагиналната микрофлора и присуството на патогени микроорганизми.

Во втората глава – мотивот на докторскиот труд е да се испита поврзаноста помеѓу вагиналните и цервикалните бактериски инфекции со предвременото породување, како и нивното влијание врз акушерските и неонаталните исходи.

Во третата глава – целите на научноистражувачката работа, кандидатот ги изнесува целите на докторскиот труд, кои се јасни и кореспондираат со резултатите на докторскиот труд. Главната цел на ова истражување е да се утврди преваленцата на вагинални и цервикални бактериски инфекции со (Esherichia coli, Enterobacteria, Streptococcus gr. B, Staphilocossus aureus etc.), Mycoplasma, Chlamydia trachomatis и Trichomonas vaginalis и да се испита улогата на бактериските вагинални и цервикални инфекции во настанувањето на предвременото породување и нивното влијание врз клиничките и неонаталните исходи, преку систематска анализа на клиничките, лабораториските и микробиолошките параметри кај бремени жени со предвремено породување. Понатаму, јасно се дефинирани специфичните цели:

- да се утврди преваленцата на вагинални и цервикални инфекции кај бремени жени со предвремено породување;
- да се идентификува микробиолошкиот спектар на бактеријалните инфекции кај пациентките со предвремено породување;
- да се испита поврзаноста помеѓу бактеријалните инфекции и гестациската возраст при породувањето;
- да се анализира односот помеѓу присуството на инфекција и клиничката манифестација на предвременото породување, вклучително и спонтано предвремено породување и предвремено прскање на плодовите обвивки;
- да се процени влијанието на бактеријалните инфекции врз неонаталниот исход, преку анализа на родилната тежина, потребата од неонатална интензивна нега и појавата на неонатални компликации.
- да се испита поврзаноста помеѓу лабораториските параметри на воспаление и присуството на бактеријална инфекција кај пациентките со предвремено породување;

- да се утврди потенцијалната прогностичка вредност на микробиолошките и лабораториските наоди за предвидување на клиничкиот тек и исходот на предвременото породување.

Врз основа на теоретските сознанија и прегледот на релевантната литература, во ова истражување поставени се следните работни хипотези:

1. Постои значајна поврзаност помеѓу присуството на вагинална и цервикална бактериска инфекција и појавата на предвремено породување.
2. Постои значајна поврзаност на инфекција на бремена жена со Chlamydia trachomatis и Trichomonas vaginalis со предвремено породување.

Во четвртата глава, даден е детален опис на **материјалот и методите** кои се користени во истражувањето. Опишани се дизајнот на студијата, местото и времето на изведување на истражувањето и која е испитуваната популација. Јасно се дефинирани инклузионите и ексклузивните критериуми за студијата. Се работи за описна, проспективна кохортна студија, која се одвиваше на Гинеколошко-акушерската клиника во Приштина, Косово, во временскиот период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година. Испитуваната популација ја сочинуваат трудници со предвремено породување, кај кои породувањето се случило во период од **28+0 до 36+6 гестациски недели**, пресметани според датумот на последната менструација.

Сите испитанички биле следени од првиот контакт со здравствената установа до моментот на раѓањето на новороденчето. Во студијата биле вклучени трудници кои ги исполнувале следниве критериуми: гестациска возраст од 28+0 до 36+6 недели, единечна бременост, присуство на клинички сомнеж или лабораториски докази за вагинална или цервикална инфекција и согласност за учество во студијата.

Од студијата биле исклучени пациентки со: возраст под 18 години, употреба на антибиотици во период од две недели пред земање на брис, повеќеплодова бременост, употреба на токолитична терапија за време на бременоста, артериска хипертензија третирана со антихипертензивни лекови, инсулин-зависен дијабетес, хронични бубрежни заболувања и хронични срцеви заболувања.

За утврдување на присуство на бактериска вагинална и цервикална инфекција биле земени брисеви со користење на стерилен спекулум со стерилно стапче од грлото на матката и ѕидовите на вагината. Следи микробиолошка анализа на земените примероци. Анализите се направени со 4 брисеви: 1 за вагинален брис, 1 за цервикален брис, 1 за кламидија и 1 за микоплазма и уреаплазма.

Вагинални и цервикални размаски биле култивирани на три хранливи подлоги. 1, ендоагар – Грам-негативен, 2, крвен агар – Грам-позитивен, 3 саборо – кламидија по инкубација од 24 до 48 часа. Кламидија била тестирана со специјални хумани тестови. Микоплазмата и уреаплазмата биле тестирани во специјални тестови за генитална инфекција по инкубација од 24 до 48 часа. Лабораториската анализа кај трудниците ги вклучувала следнивте параметри: хемоглобин (HGB), хематокрит (HCT), леукоцити (WBC), еритроцити (RBC), тромбоцити (PLT) и С-реактивен протеин (CRP). Акушерските параметри вклучуваат: гестациска возраст при породување и тип на предвремено породување. Неонаталните параметри вклучуваат: пол, родилна тежина,

должина, обем на главата, Апгар скор на 1 и 5 минута и лабораториски параметри (HGB, HCT, WBC, RBC, PLT, CRP).

Статистичката обработка и анализа на податоците е направена во статистичкиот програм SPSS for Windows 25,0. За тестирање на нормалноста во дистрибуцијата на податоците беа користени Kolmogorov-Smirnov и Shapiro-Wilks's W тест. Квалитативните белези се прикажани со апсолутни и релативни броеви. Квантитативните белези со симетрична дистрибуција се прикажани со аритметичка средина и стандардна девијација, со асиметрична дистрибуција со медијана и интерквартилен ранг. За споредување на квалитативните белези беа користени Chi-square и Fisher exact тест, за споредување на квантитативните белези беа користени Student t-тест и Mann-Whitney U тест. Податоците од интерес се прикажани табеларно и графички. За статистички сигнификантни беа земени вредностите на $p<0.05$. Истражувањето е спроведено во согласност со етичките принципи на медицинските истражувања, кое беше одобрено од Медико-етичката комисија при Медицинскиот факултет во Приштина, Косово. Податоците се обработувани анонимно, со целосна заштита на личните информации на пациентките.

Во петтата глава – резултатите на докторскиот труд, се гледа дека во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Приштина, Косово, во текот на 2024 година имало 6 457 раѓања, од кои 819 раѓања или 12,50 % биле предвремени породувања. Од вкупно 819 анализирани пациентки со предвремено породување, кај 647 пациентки било детектирано присуство на бактеријална инфекција, што претставува преваленца од 79 % во испитуваната популација. Леукоцитите биле значајно повисоки кај пациентките со бактериска инфекција. Воспалителниот маркер CRP бил сигнификантно повисок кај пациентките со бактериска инфекција. Телесната тежина на новороденчињата од мајки со бактериска инфекција беше сигнификантно пониска наспрема мајките без бактериска инфекција. Новороденчињата од мајки со бактериска инфекција имаа сигнификантно понизок Апгар скор во првата минута од новороденчињата од мајки без бактериска инфекција. Значајно повисоки леукоцити биле регистрирани кај новороденчињата од мајки со бактериска инфекција. Новороденчињата од мајки со бактериска инфекција имале сигнификантно повисок CRP од новороденчињата од мајки без бактериска инфекција. Во кохортата на пациентки со бактериска инфекција, највисока преваленца имака Chlamydia trachomatis, изолирана кај 26,27 % пациентки, следено со Ureaplasma urealyticum (15,61 %), Mycoplasma hominis (15,15 %), Streptococci Beta-hemolyticus (11,59 %), Streptococcus agalactiae (11,44 %), Enterococcus spp (11,28 %), Gardnerella vaginalis (9,43 %), Trichomonas vaginalis (8,5 %), Staphylococcus aureus (7,26 %), Esherichia Coli (6,8 %), Proteus spp и Klebisiella (4,02 % поединечно), Pseudomonas spp (2,78 %), Staphylococcus haemolyticus (0,77 %) и Neisseria gonorrhoeae (0,15 %). Пациентките со инфекција имаат за околу 75 пати поголема шанса од пациентките без инфекција да се породат помеѓу 28 – 31,6 гестациска недела. Пациентките породени помеѓу 28 – 31,6 гестациска недела сигнификантно почесто од пациентките породени помеѓу 32 – 36,6 гестациска имале инфекција со Gardnerella vaginalis, инфекција со Klebisiella, инфекција со Streptococci Beta-hemolytic, инфекција со Streptococcus agalactiae, инфекција со Staphylococcus aureus, инфекција со Trichomonas vaginalis, инфекција со Chlamydia trachomatis, инфекција со Mycoplasma hominis и инфекција со Ureaplasma urealyticum.

Просечната телесна тежина на новороденчињата родени помеѓу 32 – 36,6 гестациска недела изнесувала 2405.3 ± 576.7 г, новороденчињата родени помеѓу

28 – 31,6 гестациска недела имале просечна телесна тежина 1449.3 ± 239.4 г, а разликата од просечни 956 г била статистички сигнификантна. Новороденчиња родени помеѓу 28 – 31,6 гестациска недела биле со значајно пониска родилна телесна тежина. CRP имало сигнификантно повисоки вредности кај пациентките со инфекција со Chlamydia trachomatis и Mycoplasma и Ureaplasma, Trichomonas vaginalis наспроти пациентките без инфекција.

Во шестата глава – дискусија е направена споредба на добиените резултати и сознанија со тие од досега објавените слични студии во достапната библиографија. Еден од најзначајните и најрепрезентативни наоди од ова истражување е високата преваленца на бактериски инфекции кај испитуваната популација. Бактериска инфекција била докажана кај 647 пациентки, што претставува преваленца од 79 %. Овој резултат укажува дека инфекцијата претставува доминантна придружна состојба кај пациентките со предвремено породување и ја нагласува нејзината потенцијална улога во патофизиолошките механизми кои водат кон предвремено активирање на породувањето.

Микробиолошкиот профил во оваа кохорта, со доминација на *Chlamydia trachomatis, Ureaplasma urealyticum* и *Mycoplasma hominis*, е во согласност со литературата.

Зголемената стапка на царски рез кај инфицираните пациентки треба да се интерпретира во контекст на клиничката тежина на состојбата.

Седма глава – заклучоци на докторскиот труд

Во кохортата од 819 пациентки, бактериска инфекција била докажана кај 647, односно преваленцата на бактериски инфекции била 79 %.

Пациентките со/без бактериска инфекција не се разликувале сигнификантно во однос на националност, образование и вработеност. Леукоцитите и CRP биле сигнификантно повисоки кај пациентките со бактериска инфекција. Новороденчињата од мајки со бактериска инфекција имале сигнификантно понизок Апгар скор во првата и петтата минута од новороденчињата од мајки без бактериска инфекција, а сигнификантно повисоки леукоцити и CRP. Пациентките со бактериска инфекција значајно почесто се породиле со царски рез, споредено со спонтано породување. Во кохортата на пациентки со бактериска инфекција, највисока преваленца имала Chlamydia trachomatis, изолирана кај 26,27 % пациентки, следено со Ureaplasma urealyticum (15,61 %), Mycoplasma hominis (15,15 %), Streptococci Beta-hemolyticus (11,59 %), Streptococcus agalactiae (11,44 %), Enterococcus spp (11,28 %), Gardnerella vaginalis (9,43 %), Trichomonas vaginalis (8,5 %), Staphylococcus aureus (7,26 %), Esherichia Coli (6,8 %), Proteus spp и Klebisiella (4,02 % поединечно), Pseudomonas spp (2,78 %), Staphylococcus haemolyticus (0,77 %) и Neisseria gonorrhoeae (0,15 %). Предвремено породување помеѓу 32 – 36,6 недела од бременоста било регистрирано кај 199 (24,30 %) пациентки, а предвремено породување помеѓу 28-31+6 недела од бременоста кај 620 (75,7 %) пациентки. Бактериска инфекција сигнификаннто почесто имале мајки породени помеѓу 28-31+6 недела (99,5 % vs 72,42 %). Новороденчиња родени помеѓу 28 – 31,6 гестациска недела биле со значително пониска родилна телесна тежина од новороденчињата родени помеѓу 32 – 36,6 гестациска недела. Инфекцијата кај гравидните пациентки со Chlamydia trachomatis, Mycoplasma hominis, Ureaplasma urealyticum, Trichomonas vaginalis, Staphylococcus aureus, Streptococcus agalactiae,Streptococci Beta-hemolyticus и Gardnerella vaginalis била сигнификантно асоцирана со начинот на породување, односно со завршување на бременоста со царски рез.

Во осмата глава – литература, цитирани се 68 референци од понов датум, релевантна литература за темата на докторскиот труд.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е поврзаноста помеѓу вагиналните и цервикалните бактериски инфекции со предвременото породување, како и нивното влијание врз акушерските и неонаталните исходи. Главната цел на менаџментот на предвременото породување вклучува рана идентификација на вагиналната и цервикалната инфекција како ризик-фактори за предвремено породување и адекватен третман што би помогнало во редукција на прематуритетот, морбидитетот и морталитетот на новороденчињата.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Наодите од докторскиот труд се во согласност со претходни истражувања кои покажуваат значајна поврзаност помеѓу инфекциите на долниот генитален тракт и спонтаното предвремено породување и демонстрираат дека бактериската вагиноза значително го зголемува ризикот од предвремено породување, особено пред 34-тата гестациска недела.

Краток опис на применетите методи

За утврдување на присуство на бактериска вагинална и цервикална инфекција биле земени брисеви со користење на стерилен спекулум со стерилно стапче од грлото на матката и sидовите на вагината. Следувала микробиолошка анализа на земените примероци. Анализите се направени со четири брисеви: еден за вагинален брис, еден за цервикален брис, еден за кламидија и еден за микоплазма и уреаплазма.

Вагинални и цервикални размаски биле култивирани на три хранливи подлоги: 1. ендоагар – Грам-негативен, 2. крвен агар – Грам-позитивен, 3. саборо – кламидија по инкубација од 24 до 48 часа. Кламидијата била тестирана со специјални хумани тестови. Микоплазмата и уреаплазмата биле тестирани со специјални тестови за генитална инфекција по инкубација од 24 до 48 часа. Кндидатот детално ги опишува лабораториските мерења.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од ов0ј докторски труд покажуваат силна поврзаност помеѓу бактериските вагинални и цервикални инфекции и предвременото породување, особено многу раното предвремено породување. Во рамките на анализата на гестациската возраст при завршување на бременоста, пациентките биле поделени во две клинички релевантни групи: група со предвремено породување помеѓу 32 и 36+6 гестациска недела, која опфатила 199 пациентки (24,30 %), и група со рано предвремено породување помеѓу 28 и 31+6 гестациска недела, која опфатила 620 пациентки (75,7 %). Оваа распределба укажува дека најголемиот дел од предвремените породувања во испитуваната кохорта се случиле во пораната гестациска фаза, што носи повисок ризик од сериозни неонатални компликации.

Анализата на присуството на бактеријална инфекција во однос на гестациската возраст при породување покажа исклучително силна и статистички високо сигнификантна асоцијација. Во групата на новороденчиња родени помеѓу 28 и 31+6 гестациска недела, речиси сите мајки (99,5 %) имале докажана бактеријална инфекција. Наспроти тоа, во групата на породувања помеѓу 32 и 36+6 гестациска недела, инфекцијата беше присутна кај 72,42 % од мајките. Дополнително, анализата покажа дека пациентките со бактеријална

инфекција имаат приближно 75 пати поголема веројатност да се породат помеѓу 28 и 31+6 гестациска недела во споредба со пациентките без инфекција. Овој исклучително висок однос на ризик претставува еден од најсилните докази во оваа студија дека бактеријалната инфекција е клучен и доминантен фактор во настанувањето на раното предвремено породување.

Понатамошната анализа на поединечните инфективни агенси покажа дека одредени микроорганизми се особено силно поврзани со породувањето во најраната гестациска возраст. Пациентките породени помеѓу 28 и 31+6 гестациска недела значајно почесто имале инфекција со *Gardnerella vaginalis*, *Klebsiella* spp., β-хемолитични стрептококи, *Streptococcus agalactiae*, *Staphylococcus aureus*, *Trichomonas vaginalis*, *Chlamydia trachomatis*, *Mycoplasma hominis* и *Ureaplasma urealyticum*, при што разликите во преваленцата на овие микроорганизми во споредба со групата породена помеѓу 32 и 36+6 гестациска недела беа статистички високо сигнификантни.

Овие микроорганизми се познати по својата способност да предизвикаат асцендентна инфекција, хронично воспаление и активација на инфламаторни патишта кои водат кон предвремена руптура на плодовите обвивки и рано активирање на породувањето. Особено значајна е високата преваленца на атипичните патогени, како *Chlamydia trachomatis*, *Ureaplasma urealyticum* и *Mycoplasma hominis*, кои често се поврзани со супклинички инфекции и тивок, но перзистентен воспалителен одговор.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Врз основа на направената анализа на приложениот докторски труд, актуелноста на темата, како и познавањето на способноста на кандидатот за стручна и научна работа, Комисијата е на мислење дека докторската дисертација на кандидатот д-р Фисник Синани, под наслов: **Влијанието на вагиналните и цервикалните бактериски инфекции врз предвремените породувања на Клиничкиот универзитетски болнички центар на Косово, во Клиниката за гинекологија и акушерство,** според својата актуелност, поставени цели и методологија на истражување, како и добиените резултати, во целост ги исполнува условите и стандардите за квалитетна докторска дисертација. Во истражувањата во докторската дисертација, земени се предвид низа литературни податоци од областа, користени се современи методи и добиените резултати се јасно прикажани, толкувани и дискутирани, а заклучоците се соодветно и конкретно изведени. Докторатот е изработен во согласност со стандардите на научноистражувачката работа.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбрана на докторскиот труд, ги објавил следните рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Sinani F., Georgievska J. THE IMPACT OF GARDNERELLA VAGINALIS INFECTION ON PRETERM BIRTHS IN OUR CLINICAL CASES. Journal of the Macedonian Medical Association. Mac. Med. Preview 2024; 78(3): 164.
2. Sinani F., Georgievska J., Birdaini S. SILENT INTRUDERS: HOW STREPTOCOCCUS AGALACTIAE AFFECTED THE PREGNANCY OF PRETERM BIRTHS. International Journal of Medical Sciences and Research MEDIS 2025; 4(4): 21-25.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Фисник Синани, со своето искуство во научноистражувачката работа, како и со спроведувањето на оваа студија, со објавените научни трудови ќе даде голем научен придонес во научноистражувачката работа. Преку натамошен стручен, научен и академски ангажман, кандидатот своето знаење може да го пренесе и до колегите кои се заинтересирани за проблематиката што е предмет на докторскиот труд.

Резултатите од овој докторски труд ќе најдат примена и во секојдневната клиничка пракса за рана детекција на цервикални и вагинални бактериски инфекции кај бремени пациентки со цел превенција од предвремено породување, што би довело до намалување на стапката на неонатален морбидитет и морталитет во Косово. Добиените резултати во овој докторски труд ги оправдуваат поставените цели и ја потврдуваат потребата од понатамошни истражувања во оваа област. Врз основа на анализата, Рецензентската комисија оценува дека докторската дисертација на кандидатот д-р Фисник Синани, со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ВАГИНАЛНИТЕ И ЦЕРВИКАЛНИТЕ БАКТЕРИСКИ ИНФЕКЦИИ ВРЗ ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПОРОДУВАЊА НА КЛИНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ БОЛНИЧКИ ЦЕНТАР НА КОСОВО, ВО КЛИНИКАТА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО,** ги исполнува бараните критериуми и претставува придонес во научноистражувачката и клиничкомедицинската дејност во РС.Македонија. Трудот ги содржи сите елементи на научен труд со јасно дефинирани цели, материјал и методи, детално прикажани и статистички обработени резултати, дискусија и заклучоци кои даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ВАГИНАЛНИТЕ И ЦЕРВИКАЛНИТЕ БАКТЕРИСКИ ИНФЕКЦИИ ВРЗ ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПОРОДУВАЊА НА КЛИНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ БОЛНИЧКИ ЦЕНТАР НА КОСОВО, ВО КЛИНИКАТА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО,** од кандидатот д-р Фисник Синани, и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на трудот.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Данева Маркова, претседател, с.р.
Проф. д-р Јадранка Георгиевска, ментор, с.р.
Проф. д-р Горан Димитров, член, с.р.
Проф д-р Весна Ливринова, член, с.р.
Проф. д-р Иво Ќаев, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АСОЦИРАНОСТ НА FGF23 СО МИКРОВАСКУЛАРНИТЕ И МАКРОВАСКУЛАРНИТЕ КОМПЛИКАЦИИ, КОСКЕНО-МИНЕРАЛНИОТ МЕТАБОЛИЗАМ И СО СТЕПЕНОТ НА БУБРЕЖНОТО ОШТЕТУВАЊЕ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2 ВО РАНИОТ СТАДИУМ НА ХРОНИЧНАТА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ” ОД Д-Р НАТАША НЕДЕСКА МИНОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на својата редовна **XXIX** седница одржана на **12.3.2026** година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, донесе одлука за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатката **д-р Наташа Недеска Минова** со наслов: **Асоцираност на FGF23 со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и со степенот на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 во раниот стадиум на хроничната бубрежна болест**, во состав: проф. д-р Славица Шубевска Стратрова (претседател), проф. д-р Гоце Спасовски (ментор), проф. д-р Искра Битоска Милева (член), проф. д-р Саша Јовановска Мишевска (член) и проф. д-р Ирена Костовска (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го разгледа доставениот материјал, го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатката д-р Наташа Недеска Минова, со наслов: „Асоцираност на FGF23 со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и со степенот на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 во раниот стадиум на хроничната бубрежна болест”, содржи 138 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman во македонска поддршка, со проред 1,5 и големина на букви 12, со вклучени 139 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси, 32 слики и 47 табели.

Трудот е структуриран во 9 поглавја: Вовед, Мотив за истражувањето, Цели на истражувањето, Хипотези на докторската студија, Материјали и методи, Резултати, Дискусија, Заклучок и Користена литература. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Трудот ги содржи сите составни компоненти на еден научноистражувачки проект, а во почетниот дел е изложена и табела на користени кратенки и акроними. Трудот обработува мошне актуелна клиничко-дијагностичка проблематика, оправдана за истражување, како од клинички, така и од научен аспект. Докторскиот труд е напишан со прецизна научна мисла, со концизен и јасен стил, кој води до конструктивна дискусија и формирани заклучоци на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првиот сегмент од докторскиот труд, кандидатката приложува апстракт на македонски и англиски јазик, по што следува содржината, каде што систематски и последователно се набројани елементите кои се содржани во докторскиот труд.

Апстрактот концизно и јасно дава краток осврт на улогата на fibroblast growth factor 23 (FGF23) како потенцијален рано активиран биомаркер кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 (ДМТ2) и рани стадиуми на хронична бубрежна болест (ХББ), како и на неговата поврзаност со микроваскуларните и макроваскуларните компликации и со нарушувањата во коскено-минералниот метаболизам. Во апстрактот се дефинирани мотивот и целите за изработка на трудот, при што јасно се нагласува потребата од идентификација на нови, сензитивни биомаркери за рано детектирање на бубрежната дисфункција и поврзаните метаболитички нарушувања кај пациентите со ДМТ2. Прецизно се прикажани дизајнот на студијата и користените клинички и лабораториски параметри, како и методите за проценка на микроваскуларните и макроваскуларните компликации и на параметрите на коскено-минералниот метаболизам. Јасно се прикажани добиените резултати од научното истражување, со опис на базалните карактеристики на испитаниците, како и со анализа на поврзаноста на FGF23 со параметрите на бубрежната функција, коскено-минералниот метаболизам, воспалителните и метаболитичките показатели. Во заклучокот се наведува значењето на FGF23 како рано активиран и интегративен биомаркер со потенцијална клиничка вредност во раната идентификација и ризик-стратификација кај пациенти со ДМТ 2 и рана ХББ, што има значајни импликации за навремена дијагноза и подобрување на клиничкиот исход.

Во **воведот** на трудот, кандидатката започнува со сеопфатна обработка на епидемиолошките аспекти на ДМТ2, како хронично и прогресивно метаболитичко заболување кое претставува водечка причина за кардиоваскуларниот, бубрежниот и метаболитичкиот морбидитет и морталитет на глобално ниво. Врз основа на релевантни литературни податоци, кандидатката укажува дека ХББ претставува една од најзначајните и најчести компликации на ДМТ2, која во значителен број случаи напредува тивко и субклинички, што ја прави раната дијагноза исклучително сложена и често задоцнета.

Во понатамошниот тек на воведот, кандидатката детално ги разгледува ограничувањата на традиционалните биомаркери за проценка на бубрежната функција, како што се проценетата гломеруларна филтрациона рата (eGFR) и албуминуријата, нагласувајќи дека овие параметри не секогаш ја детектираат раната тубуло-интерстицијална оштета и често не ја одразуваат комплексноста на раните патофизиолошки промени кај пациентите со ДМТ2. Посебен акцент е ставен на раната појава на нарушувањата на коскено-минералниот метаболизам, кои се јавуваат уште во почетните стадиуми на ХББ и претставуваат составен дел од комплексниот синдром хронична бубрежна болест асоцирано коскено-минерално нарушување (CKD-MBD).

Кандидатката понатаму дава детален осврт на патофизиолошката улога на FGF23 како клучен хормон кој ја поврзува бубрежната функција, фосфатната хомеостаза, коскено-минералниот метаболизам и кардиоваскуларниот систем. Во овој контекст, се разработуваат молекуларните и физиолошките механизми на дејство на FGF23, неговата улога во регулацијата на серумскиот фосфат и активниот витамин D, како и неговото рано зголемување во текот на хроничната бубрежна болест, уште пред појавата на класичните биохемиски абнормалности.

Во завршниот дел на воведот, кандидатката дава опсежен преглед на современата литература поврзана со улогата на FGF23 кај пациенти со ХББ, при што јасно ги нагласува контрадикторните податоци во однос на неговата поврзаност со

албуминуријата, васкуларните структурни промени и кардиоваскуларните исходи. Ваквиот пристап ја истакнува потребата од дополнителни, таргетирани истражувања во оваа област.

Кандидатката соодветно го формулира **мотивот** за изработка на ова истражување, потенцирајќи дека улогата на FGF23 како рано активиран биомаркер кај пациенти со ДМТ2 и рана ХББ, како и неговата асоцираност со микроваскуларните и макроваскуларните компликации и нарушувањата на коскено-минералниот метаболизам, останува недоволно испитана, особено во рамките на локалната клиничка популација. Во таа насока, се нагласува потребата од спроведување на сеопфатно клиничко истражување кое ќе овозможи рана детекција на функционалните нарушувања на бубрежната функција и минералниот метаболизам уште во супклиничка фаза, што има значајно влијание врз понатамошниот тек на болеста и навременото воведување на соодветни терапевтски стратегии. Со ваквиот пристап, логично и аргументирано ја поставува научната основа за спроведување на истражувањето и ја оправдува неговата актуелност и научна релевантност.

Во поглавјето **Цели на истражувањето**, кандидатката јасно ја дефинира главната цел на студијата, која е насочена кон утврдување на асоцираноста на серумските концентрации на FGF23 кај пациенти со ДМТ2 во рана фаза на ХББ (стадиум 2–3А), со повеќе клинички домени на нарушување поврзани со дијабетесот и бубрежната дисфункција.

Во согласност со поставената главна цел, кандидатката таксативно ги формулира следните посебни цели:

- да се утврди асоцираноста помеѓу концентрациите на FGF23 и степенот на хроничната бубрежна болест, проценет преку параметрите на проценетата eGFR и албуминуријата;
- да се испита поврзаноста помеѓу FGF23 и нарушувањата на коскено-минералниот метаболизам, преку анализа на серумските вредности на фосфор, калциум, паратироиден хормон (PTH), витамин D и алкална фосфатаза (ALP) и одредување на коскената густина со DEXA;
- да се процени односот помеѓу FGF23 и појавата на микроваскуларни компликации, со посебен акцент на дијабетичната нефропатија и дијабетичната ретинопатија;
- да се определи асоцираноста помеѓу FGF23 и макроваскуларните компликации, вклучувајќи периферна артериска болест на долните екстремитети и екстракранијална каротидна артериска болест.

Поставените цели се јасно дефинирани, логично структурирани и методолошки оправдани, при што нивната формулација произлегува директно од научниот мотив на истражувањето и од современите сознанија во областа на кардиоренометаболитичкиот континуум. Тие се реално остварливи во рамките на применетиот дизајн на студијата и овозможуваат систематско испитување на улогата на FGF23 како потенцијален рано активиран биомаркер кај пациентите со ДМТ2 и рана ХББ.

Во поглавјето **Хипотези на докторската студија**, кандидатката формулира јасно дефинирани работни хипотези, кои ја одразуваат очекуваната патофизиолошка поврзаност помеѓу FGF23 и различните клинички аспекти на ХББ. Основната хипотеза се однесува на претпоставката дека пациентите со ДМТ2 во рана фаза на ХББ имаат значајно покачени серумски концентрации на FGF23, кои претставуваат ран индикатор и потенцијален предиктивен биомаркер за бубрежна дисфункција и за понатамошен напредок на болеста. Дополнително, кандидатката поставува хипотези кои се однесуваат

на поврзаноста на FGF23 со присуството на макроваскуларни и микроваскуларни компликации, како и со параметрите на коскено-минералниот метаболизам. Со тоа се обезбедува јасна научна рамка за тестирање на улогата на FGF23 како интегративен биомаркер во рамките на ХББ асоцирана со ДМТ2.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа аналитичка, опсервациона, пресечна студија претставуваат пациенти со ДМТ2 и рана фаза на ХББ, кај кои била испитувана улогата на FGF23 како рано активиран биомаркер и неговата асоцираност со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и степенот на бубрежното оштетување. Во студијата биле вклучени вкупно 106 пациенти со дијагностициран ДМТ2, кај кои била утврдена рана бубрежна дисфункција дефинирана преку eGFR во интервал од 45 до 70 ml/min/1,73 m².

Испитувањата биле спроведени во клинички услови, со примена на современи лабораториски и инструментални методи за проценка на бубрежната функција, васкуларниот статус и коскено-минералниот метаболизам. Кај испитуваните пациенти била извршена сеопфатна клиничка и лабораториска евалуација, со посебен акцент на параметрите на бубрежната функција, присуството на микроваскуларни и макроваскуларни компликации, како и на параметрите на коскено-минералниот метаболизам.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд

Предметот на ова истражување е високо актуелен, имајќи ја предвид значителната распространетост на ДМТ2 и ХББ, како и нивната тесна поврзаност со кардиоваскуларниот морбидитет и морталитет. Раната идентификација на пациентите со супклиничка бубрежна дисфункција претставува значаен предизвик во современата клиничка пракса, особено поради ограничувањата на традиционалните биомаркери, како што се eGFR и албуминуријата, кои често не ги детектираат најраните функционални и метаболитички нарушувања.

Имајќи го предвид фактот дека нарушувањата на коскено-минералниот метаболизам и васкуларните промени започнуваат уште во раните стадиуми на хроничната бубрежна болест, современите истражувања се насочени кон идентификација на нови, чувствителни биомаркери, како што е FGF23, со цел подобрување на дијагностичките и прогностичките можности. Испитувањата кои интегративно ја анализираат поврзаноста на FGF23 со бубрежната функција, микроваскуларните и макроваскуларните компликации и нарушувањата на коскено-минералниот метаболизам кај пациенти со ДМТ2 во рана фаза на ХББ се ограничени и делумно контрадикторни во меѓународната литература.

Во таа насока, ова истражување претставува редок систематски пристап во Република Северна Македонија кој ја оценува улогата на FGF23 кај пациенти со ДМТ2 во ран стадиум на ХББ и нивните компликации, со што се надминува значајна празнина во регионалната научна литература.

Со оглед на високата преваленца на ДМТ2 и неговите компликации, како и значајниот товар од ХББ кај оваа популација, ова истражување има значајна научна и практична вредност. Идентификацијата на рани функционални нарушувања преку примена на сензитивни и валидирани биомаркери, како што е FGF23, создава основа за подобра ризик-стратификација на пациентите, навремено препознавање на пациентите

со висок ризик од прогресија на бубрежната болест и унапредување на современите дијагностички и прогностички пристапи кај пациентите со ДМТ2 и рана ХББ.

Краток опис на применетите методи

Во истражувањето биле применети јасно дефинирани инклузиони и ексклузиони критериуми со цел обезбедување на хомогеност на испитуваната популација и минимизирање на влијанието на потенцијални конфундирачки фактори. Во студијата биле вклучени вкупно 106 пациенти со дијагностициран ДМТ2 и рана фаза на ХББ, дефинирана преку eGFR во интервал од 45 до 70 ml/min/1,73 m². Дополнително, била формирана контролна група од 42 испитаници, која била користена за одредување на граничната (cut-off) вредност на FGF23 со примена на ROC-анализа.

Кај сите испитаници била спроведена детална клиничка евалуација, која опфаќа собирање на демографски и анамнестички податоци, антропометриски мерења и физикален преглед. Проценката на бубрежната функција била извршена преку одредување на eGFR и анализа на албуминуријата, согласно со современите клинички препораки.

Микроваскуларните компликации биле анализирани преку проценка на дијабетичната нефропатија и дијабетичната ретинопатија, со примена на стандардизирани лабораториски и офталмолошки методи.

Макроваскуларните компликации биле проценувани со примена на неинвазивни ултрасонографски васкуларни методи, вклучувајќи мерење на дебелината на Intima media thickness (IMT) на каротидните и феморалните артерии и проценка на присуството на периферна артериска болест на каротидните артерии и артериите на долните екстремитети.

Коскено-минералниот метаболизам бил анализиран преку мерење на релевантни биохемиски параметри, вклучувајќи серумски калциум, фосфор, паратироиден хормон (PTH), витамин D и алкална фосфатаза (ALP), како и преку проценка на коскената минерална густина со примена на dual-energy X-ray absorptiometry (DEXA). Концентрациите на FGF23 бил одредувани со примена на ензимски имуноадсорбирачки метод (ELISA) во контролирани лабораториски услови.

Клиничките и лабораториските испитувања биле спроведени во ГОБ „8 Септември“ – Скопје, додека анализата на FGF23 била извршена во Институтот за клиничка и експериментална биохемија.

Статистичката обработка на податоците била извршена со примена на соодветни дескриптивни и инференцијални статистички методи. Корелациските анализи биле користени за проценка на односите помеѓу FGF23 и континуираните варијабли, додека мултиваријантните регресиони модели овозможија идентификација на независните предиктори поврзани со бубрежната дисфункција и компликациите на дијабетесот. Посебно значење има примената на ROC-анализа, која овозможила определување на дискриминаторската способност и оптималната гранична вредност на FGF23 за детекција на рана хронична бубрежна болест.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Испитуваната популација во ова истражување опфатила вкупно 106 пациенти со ДМТ2 и рана ХББ, кај кои беше анализирана улогата на FGF23 како рано активиран биомаркер. Средната концентрација на FGF23 во испитуваната популација изнесувала 118,67 pg/mL, што укажува на значително зголемување на овој биомаркер уште во раните стадиуми на бубрежната дисфункција.

Еден од најзначајните наоди од истражувањето претставува силната негативна корелација помеѓу концентрациите на FGF23 и eGFR што укажува дека зголемувањето на FGF23 е поврзано со прогресивно намалување на бубрежната функција. За разлика од тоа, не била утврдена значајна асоцираност помеѓу FGF23 и албуминуријата, што ја нагласува неговата независност од гломеруларната оштета и укажува на можната поврзаност само со тубуло-интерстицијалната дисфункција. Дополнително, концентрациите на FGF23 биле значајно повисоки кај пациентите со дијабетична нефропатија, што ја потврдува неговата потенцијална улога како биомаркер за рана идентификација на пациентите со зголемен ризик од прогресија на ХББ.

Примената на ROC-анализа покажала исклучително висока дискриминаторска способност на FGF23 за детекција на рана хронична бубрежна болест, при што површината под ROC-кривата (AUC) изнесувала 0,987, а утврдената гранична вредност од 69,5 pg/mL овозможила јасна стратификација на пациентите во однос на степенот на бубрежна дисфункција. Дополнително, мултиваријантната регресиона анализа покажала дека FGF23 претставува независен предиктор за дијабетична нефропатија, што ја зајакнува неговата клиничка релевантност.

Во однос на микроваскуларните компликации, резултатите покажале јасна асоцираност на FGF23 со дијабетичната нефропатија, но не и со структурните промени карактеристични за дијабетичната ретинопатија.

Анализата на макроваскуларните параметри, вклучувајќи ја дебелината на IMT и присуството на периферна и каротидна атеросклероза, не покажале значајна поврзаност со концентрациите на FGF23, што укажува дека овој биомаркер има најголема вредност во фазата на функционални нарушувања, а не кај веќе етаблирани структурни оштетувања.

Концентрациите на FGF23 покажале значајна поврзаност со параметрите на коскено-минералниот метаболизам, особено со паратироидниот хормон и серумскиот фосфор, што ја потврдува неговата централна улога во патогенезата на ХББ асоцирана со коскено-минерални нарушувања. Дополнително, била утврдена позитивна асоцираност на FGF23 со воспалителните и метаболитичките параметри, како што се С-реактивниот протеин и липидниот профил.

Особено значаен наод претставува утврдената негативна асоцираност помеѓу концентрациите на FGF23 и вредностите на хемоглобинот, која била присутна во сите анализирани стадиуми на хроничната бубрежна болест, односно и кај пациентите со пониски, но и кај пациентите со повисоки вредности на eGFR. Овој наод укажува на потенцијална поврзаност помеѓу FGF23 и развојот на анемичниот синдром уште во раните фази на бубрежната дисфункција и отвора можност за дополнителни истражувања во однос на неговата улога во патогенезата на анемијата кај ХББ.

Особено значаен наод од ова истражување била утврдената поврзаност помеѓу терапијата со метформин и пониските концентрации на FGF23, при што метформинот се издвојувал како единствениот терапевтски фактор асоциран со пониски вредности на овој биомаркер. Овој резултат отвора нови перспективи за потенцијалното влијание на метаболитичката контрола и инсулинската сензитивност врз коскено-реналната оска и укажува на можни идни терапевтски импликации.

Вкупно, добиените резултати обезбедуваат сеопфатен увид во улогата на FGF23 како рано активиран, функционален и интегративен биомаркер, кој ја одразува комплексната интеракција помеѓу бубрежната функција, коскено-минералниот метаболизам и системските метаболитички и воспалителни процеси кај пациентите со ДМТ2 и рана ХББ.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатката д-р Наташа Недеска Минова, со наслов: „Асоцираност на FGF23 со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и со степенот на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 во раниот стадиум на хроничната бубрежна болест “, претставува истражување во подрачјето на клиничката медицина, односно нејзините потесни подрачја: интерна медицина, ендокринологија и нефрологија.

Изработката на овој труд имала за цел да утврди постоење и изразеност на рани функционални и метаболитички нарушувања кај пациенти со ДМТ 2 во рана фаза на ХББ, преку проценка на улогата на FGF23 како потенцијален рано активиран биомаркер. За да се поткрепат овие сознанија, направени се анализи на поврзаноста и предиктивната вредност на FGF23 со параметрите на бубрежната функција, микроваскуларните и макроваскуларните компликации, како и со параметрите на коскено-минералниот метаболизам. За таа цел направена е сеопфатна клиничка, лабораториска и инструментална евалуација, која опфаќа одредување на биохемиски параметри поврзани со бубрежната функција, метаболитичкиот и воспалителниот статус и минералниот метаболизам, како и примена на современи методи за процена на васкуларните компликации и коскената минерална густина. Особено значење има определувањето на концентрациите на FGF23 и нивната анализа во однос на повеќе клинички домени, што овозможува проценка на неговата улога како интегративен биомаркер во рамките на кардиоренометаболитичкиот континуум и раната ХББ.

Докторскиот труд на кандидатката д-р Наташа Недеска Минова со наслов: „Асоцираност на FGF23 со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и со степенот на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 во раниот стадиум на хроничната бубрежна болест”, според мислењето на Комисијата за оцена, претставува квалитетен научноистражувачки труд, кој од формален, суштински и етички аспект ги исполнува условите и стандардите за финален докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката д-р Наташа Недеска Минова, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Natasha Nedeska Minova,Goce Hristov, Vesna Velikj Stefanovska, Goce Spasovski „ Association of FGF23 with micro and macrovascular complications and bone mineral netabolism in patients with DMT2 in the early stage of CKD: a pilot study“, објавен: BANTAO Journal 2022; 20(1):6-12

[2]. Автор-и: Natasha Nedeska Minova, Vesna Velikj Stefanovska, Goce Spasovski „Does demographic factors and life style affect Bone-Mineral metabolism in individuals with mild chronic Kidney disease and type 2 diabetes – Lesson for an early Screening “, објавен: BANTAO Journal 2023; 21(2): 29-35

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатката произлегуваат од систематската анализа на улогата FGF23 како рано активиран биомаркер кај пациенти со ДМТ 2 во рана фаза на ХББ и неговата поврзаност со повеќе клинички домени на нарушување. Заклучоците изведени од оваа студија укажуваат дека FGF23 претставува чувствителен показател на раните патофизиолошки промени кај ХББ, со значајна негативна асоцираност со вредностите на eGFR, што укажува на неговата потенцијална улога како ран индикатор на функционалното бубрежно оштетување.

Резултатите од ова истражување потврдија дека FGF23 има исклучително висока дијагностичка точност за детекција на рана ХББ, со висока дискриминаторска способност потврдена преку ROC-анализа и дефинирана гранична вредност, што претставува значаен придонес во насока на подобрување на раната дијагностика и ризик-стратификацијата на пациентите со ДМТ2. Дополнително, беше утврдено дека FGF23 претставува независен предиктор за дијабетична нефропатија, што ја зајакнува неговата клиничка релевантност како рано предупредувачки биомаркер.

Од особена важност е и утврдената поврзаност на FGF23 со параметрите на коскено-минералниот метаболизам, особено со серумскиот фосфор и паратироидниот хормон, што ја потврдува неговата централна улога во раните нарушувања на CKD-MBD оска. Исто така, значаен придонес претставува утврдената негативна асоцираност помеѓу FGF23 и вредностите на хемоглобинот, која беше присутна во сите анализирани стадиуми на хроничната бубрежна болест, односно и кај пациентите со повисоки и кај пациентите со пониски вредности на eGFR, што укажува на потенцијална поврзаност помеѓу FGF23 и раните хематолошки промени кај овие пациенти.

Посебно внимание заслужува и утврдената асоцираност помеѓу терапијата со метформин и пониските концентрации на FGF23, што претставува клинички интересен и ретко анализиран наод со можни терапевтски импликации. Овој резултат отвора нови перспективи за понатамошни истражувања во насока на испитување на потенцијалниот модулаторен ефект на метаболитичката терапија врз минералната хомеостаза и прогресијата на хроничната бубрежна болест.

Подрачјето на примена на резултатите од ова истражување е широко и се однесува, пред сè, на клиничката практика во областа на интерната медицина, поточно кардиоренометаболитичкиот клинички континуум. Утврдениот однос помеѓу концентрациите на FGF23 и параметрите на бубрежната функција, коскено-минералниот метаболизам, микроваскуларните и макроваскуларните компликации, како и воспалителните процеси, овозможува подобро разбирање на раните патофизиолошки механизми кај пациентите со ДМТ2 и рана ХББ.

Практичната вредност на студијата се огледува во можноста за рана идентификација на пациентите со зголемен ризик од прогресија на ХББ, подобра ризик-стратификација и навремено воведување на соодветни превентивни и терапевтски мерки. Особено значајна е примената на интегративен пристап, кој овозможува истовремена анализа на повеќе клинички домени, како и идентификацијата на специфични асоцијации, вклучувајќи ја поврзаноста на FGF23 со вредностите на хемоглобинот и со терапијата со метформин, што отвора нови перспективи за понатамошни научни истражувања и потенцијални терапевтски стратегии.

Во однос на **ограничувањата на студијата**, потребно е да се нагласи дека станува збор за пресечна студија, што не овозможува директно утврдување на причинско-последични односи ниту следење на динамичките промени на FGF23 во

текот на времето. Дополнително, одредени потенцијални модулатори на FGF23, како нутритивните фактори, физичката активност, како и напредни параметри на коскената микроархитектура (како trabecular bone score) и регулаторни фактори како Клото, не беа опфатени во анализата.

И покрај наведените ограничувања, внимателниот избор на испитуваната популација, примената на стандартизирани дијагностички методи и употребата на мултиваријантни статистички модели овозможуваат добивање на научно валидни и клинички релевантни резултати, кои претставуваат значаен придонес во современата медицинска наука и клиничка практика.

Понатамошните истражувања во оваа област би можеле да бидат насочени кон следење на динамичките промени на FGF23 во текот на времето, преку лонгитудинални студии кои би овозможиле подобро разбирање на неговата прогностичка вредност и неговата улога во предвидување на прогресијата на хроничната бубрежна болест и развојот на компликациите. Исто така, идните истражувања би можеле да вклучат анализа на дополнителни модулатори на FGF23, како и испитување на неговата улога во рамките на пошироки популациски групи и интервенциски модели.

Севкупно, резултатите од ова истражување значајно придонесуваат за проширување на современите сознанија за улогата на FGF23 како рано активиран, функционален и интегративен биомаркер кај пациенти со ДМТ 2 и рана ХББ и поставуваат основа за негово потенцијално вклучување во идните дијагностички и прогностички алгоритми.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Наташа Недеска Минова со наслов: „Асоцираност на FGF23 со микроваскуларните и макроваскуларните компликации, коскено-минералниот метаболизам и со степенот на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 во раниот стадиум на хроничната бубрежна болест “.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Славица Шубевска Стратрова, претседател, с.р.
Проф. д-р Гоце Спасовски, ментор, с.р.
Проф. д-р Саша Јовановска Мишевска, член, с.р.
Проф. д-р Искра Битоска Милева, член, с.р.
Проф. д-р Ирена Костовска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОСПЕКТИВНА СТУДИЈА НА ПОСТОПЕРАТИВНО СЛЕДЕЊЕ СО ПРАШАЛНИЦИ ПО ОПЕРАТИВЕН ТРЕТМАН НА ХИПОСПАДИЈА“ („A PROSPECTIVE STUDY OF POSTOPERATIVE FOLLOW-UP WITH QUESTIONNAIRES AFTER OPERATIVE TREATMENT OF HYPOSPADIAS“) ОД КАНДИДАТОТ Д-Р ДЕФРИМ КОЧИНАЈ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXIX редовна седница одржана на 12.3.2026 година, формира Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатот д-р Дефрим Кочинај, под наслов: „A Prospective Study of Postoperative Follow-up with Questionnaires after Operative Treatment of Hypospadias“ (Проспективна студија на постоперативно следење со прашалници по оперативен третман на хипоспадија), во состав: проф. д-р Миле Петровски (претседател), проф. д-р Лазар Тодоровиќ (ментор), проф. д-р Шабан Мемети (член), проф. д-р Марјан Камиловски (член) и проф. д-р Тони Ристески (член).

Комисијата, во наведениот состав, го разгледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Дефрим Кочинај, со наслов: „A Prospective Study of Postoperative Follow-up with Questionnaires after Operative Treatment of Hypospadias“ (Проспективна студија на постоперативно следење со прашалници по оперативен третман на хипоспадија), претставува оригинален, современо конципиран и методолошки уреден научноистражувачки труд од областа на клиничката медицина, поточно од потесната област на детската хирургија, детската урологија и реконструктивната урогенитална хирургија.

Темата што ја обработува кандидатот е од исклучително значење и е високо актуелна, имајќи предвид дека хипоспадијата е една од најчестите конгенитални аномалии на машките надворешни гениталии, со значајни функционални, козметички, психолошки и социјални импликации. И покрај значителниот напредок во современата хирургија, третманот на хипоспадијата сè уште претставува клинички и технички предизвик, не само поради разновидноста на анатомските форми, туку и поради потребата од што пообјективна проценка на постоперативниот исход. Токму во тој аспект се наоѓа и главната вредност на овој труд, бидејќи кандидатот не се задржува само на споредба на хируршките техники, туку ја поставува во фокус и систематската, прашалничка и повеќеслојна постоперативна евалуација.

Докторскиот труд е напишан на англиски јазик, со апстракт на македонски јазик, и е изработен според академските и методолошките стандарди за докторски труд. Текстот е структуриран јасно и логично, во повеќе меѓусебно поврзани глави и потпоглавја, што овозможува лесно следење на тематските целини, аргументите, методолошкиот пристап и добиените резултати. Начинот на изложување е систематичен, научно дисциплиниран и во согласност со природата на проблематиката што се обработува.

Во **воведниот дел**, кандидатот дава темелен и детален приказ на хипоспадијата како конгенитална аномалија. Најнапред е разработен историскиот развој на сознанијата за ова заболување, со соодветен осврт на најраните описи и на еволуцијата на хируршките пристапи. Потоа следува систематски осврт на анатомијата, ембриологијата, етиологијата, патофизиологијата и класификацијата на хипоспадијата. Посебно внимание е обрнато на анатомските особености на хипоспадијачниот пенис, вклучително и положбата на меатусот, конфигурацијата на гланс от, обликот на

препуциумот, ширината на уретралната плоча, присуството и степенот на хордата, торзијата на пенисот и евентуалната скротална транспозиција.

Во воведот, кандидатот правилно укажува дека хипоспадијата не е само анатомски дефект, туку состојба која, доколку не се третира соодветно, може да има долгорочни последици врз мокрењето, сексуалната функција, самодоживувањето и психосоцијалната благосостојба. Со тоа темата е поставена не само како хируршки проблем, туку и како состојба со пошироко медицинско и општествено значење.

Дополнително, современиот пристап кон третманот на хипоспадијата сè повеќе го надминува класичниот хируршки концепт и се движи кон мултидисциплинарен модел, кој ги вклучува уролозите, педијатрите, психолозите и семејството на пациентот. Ова е особено значајно поради фактот што исходот од хируршката интервенција не се мери само преку анатомска корекција, туку и преку функционалната способност, естетскиот изглед и психосоцијалната адаптација на пациентот во подоцнежниот живот.

Во таа насока, современите научни истражувања сè повеќе ја нагласуваат потребата од стандардизирани алатки за евалуација кои ќе овозможат споредливост на резултатите меѓу различни центри и хируршки техники. Отсуството на унифицирани критериуми за проценка претставува една од главните слабости во досегашната литература, што дополнително ја оправдува релевантноста на истражувањето на кандидатот.

Понатаму, кандидатот дава детален осврт на современите принципи на хируршки третман на хипоспадијата, вклучително и подготовката за оперативен зафат, интраоперативната техника, ткивното ракување, хемостазата, уринарната диверзија, аналгезијата, преврските, како и разновидните реконструктивни техники. Во трудот се обработени повеќе методи за корекција на дистална и проксимална хипоспадија, при што кандидатот покажува добро познавање на оперативните индикации, техничките особености и потенцијалните компликации на секоја од нив. Овој дел од трудот е детално изграден и претставува силна теориска и клиничка основа за сопственото истражување.

Како **мотив** за истражувањето, кандидатот јасно укажува дека третманот на хипоспадијата останува сериозен предизвик дури и во современата хируршка практика. И покрај усовршувањето на хируршките техники, материјалите за шиење, инструментариумот и постоперативната нега, сè уште постојат значајни разлики во исходите, честотата на компликации и потребата од повторни интервенции. Дополнително, кандидатот со право истакнува дека во Косово досега не била спроведена проспективна студија која систематски ќе го процени постоперативниот резултат по хируршки третман на хипоспадија преку употреба на стандартизирани прашалници. Со ова истражување се создава можност за објективна споредба со меѓународните искуства и се поставува основа за понатамошно подобрување на локалната клиничка практика.

Кандидатот ги наведува следниве цели за изработка на трудот:

Генерална цел

Истражувањето има за цел да направи детална евалуација на хипоспадијата во сопствената клиника, преку интраоперативна класификација и споредување на постоперативните резултати помеѓу одделни хируршки техники, со примена на прашалници за објективна и субјективна проценка.

Специфични цели:

1. да се направи детална интраоперативна класификација на хипоспадијата;
2. да се споредат постоперативните резултати меѓу различни хируршки техники;
3. да се процени постоперативната болка во зависност од видот и времетраењето на хируршката интервенција;
4. да се примени прашалничка проценка на козметичкиот и функционалниот исход;

5. да се анализираат акутните и хроничните постоперативни компликации;
6. да се процени потребата од повторна оперативна интервенција.

Материјалот и методите се изложени јасно, прецизно и доволно детално. Истражувањето претставува проспективна студија, спроведена во in vivo услови на Универзитетскиот клинички центар на Косово, на Одделот за детска хирургија. Во студијата се вклучени вкупно 60 пациенти постари од една година, кај кои бил извршен оперативен третман на хипоспадија и кои биле следени во текот на првите шест месеци по операцијата. Вклучувањето на проспективен дизајн е особено значајно, бидејќи овозможува поконтролирано и систематизирано прибирање на податоци и намалување на одредени видови пристрасност што често се среќаваат во ретроспективните анализи.

Особено значајно е што ваквиот методолошки пристап овозможува следење на исходите во реални клинички услови, без губење на контролата врз квалитетот на податоците. Со проспективното прибирање на податоците се овозможува навремено бележење на клиничките параметри, постоперативните наоди и компликациите, при што се намалува можноста за непотполност или селективност во документацијата.

Дополнителна вредност претставува и тоа што студијата не се ограничува само на еден аспект од постоперативниот исход, туку го разгледува исходот низ повеќе комплементарни димензии: анатомска, функционална, козметичка и клиничка. На тој начин, методологијата е поставена така што овозможува посеопфатна проценка на успешноста на хируршкиот третман, што е особено важно кај хипоспадијата како комплексна реконструктивна состојба.

Дополнително, изборот на проспективен дизајн овозможува не само систематско следење на пациентите, туку и континуирана контрола на квалитетот на прибраните податоци. Со тоа се намалува ризикот од информациска пристрасност и се овозможува пообјективна проценка на причинско-последичните односи помеѓу избраната хируршка техника и постоперативниот исход. Особено е значајно што следењето е спроведено во повеќе временски точки (1 недела, 1 месец и 6 месеци), што овозможува динамичка анализа на закрепнувањето и појавата на компликации.

Методолошки вреден аспект е и мултидимензионалниот пристап кон проценката на исходите. Комбинацијата на клиничка евалуација, родителска перцепција и независна експертска проценка претставува современ модел кој се препорачува во евалуацијата на хируршките резултати кај педијатриската популација. Со тоа се надминува ограниченоста на традиционалниот пристап кој се базира исклучиво на проценката на хирургот.

Испитаниците биле поделени во две групи. Во првата група биле вклучени 30 пациенти третирани со Snodgrass-техника, односно TIP-incised tubularized plate technique, додека во втората група биле вклучени 30 пациенти третирани со други хируршки техники. Овој компаративен пристап е соодветен и научно оправдан, бидејќи овозможува споредба на резултатите не само според еден технички пристап, туку и во однос на група алтернативни техники што реално се користат во клиничката пракса.

Критериумите за вклучување и исклучување се јасно и прецизно поставени. Во студијата биле вклучени пациенти со глануларна, супкоронална, дистална пенилна и средношафтна пенилна хипоспадија, без претходна хируршка интервенција на пенисот. Исклучени биле пациенти со претходна операција на пенисот, тешка пеноскротална хипоспадија, cripple hypospadias и нарушувања на сексуалниот развој. Со ова, кандидатот обезбедува релативно хомоген примерок и ја намалува можноста резултатите да бидат нарушени од анатомски или клинички екстремни состојби што би барале посебна анализа.

Истражувањето е спроведено во согласност со основните етички принципи на медицинските истражувања, вклучувајќи ги принципите на Декларацијата од Хелсинки. Посебно внимание е посветено на заштитата на

приватноста и доверливоста на податоците на пациентите, како и на информираноста на родителите или старателите за природата и целите на истражувањето.

Со оглед на тоа што станува збор за педијатриска популација, примената на етички стандарди има дополнително значење, што дополнително ја нагласува одговорноста и научната коректност на кандидатот во спроведувањето на студијата.

Посебна методолошка вредност на трудот е употребата на повеќе инструменти за постоперативна проценка. Формуларите за интраоперативна класификација биле пополнувани од хирургот оператор за време на самата операција, што овозможува прецизно документирање на анатомските наоди. Постоперативната болка била проценувана од хирургот во операционата сала и од сестрите на одделот, врз основа на скала за болка. PPPS (Pediatric Penile Perception Score) прашалниците ги пополнувале родителите и хирургот една недела, еден месец и шест месеци по операцијата. HOPE-прашалникот бил применет во модифицирана форма, како HOPE-m, со дополнителен елемент за фистула, а бил пополнуван од четворица независни детски хирурзи надвор од Косово, кои не биле вклучени во третманот на пациентите. Ваквиот пристап значително ја зголемува објективноста на проценката и ја надминува ограниченоста на едностранa хируршка евалуација.

Ваквиот начин на проценка е особено важен во современата педијатриска хирургија, бидејќи овозможува исходот да се согледа од повеќе перспективи, а не само низ призмата на техничкиот успех на операцијата. Родителската проценка носи важна информација за перцепцијата на резултатот во секојдневниот живот, додека независната експертска проценка овозможува дополнителна професионална објективизација на добиениот козметички и функционален исход.

Со тоа, кандидатот покажува јасно разбирање дека постоперативната успешност кај хипоспадијата не може да се сведе исклучиво на присуство или отсуство на компликации, туку мора да се вреднува и преку поширок квалитативен пристап. Ова претставува значајна научна и клиничка предност на трудот.

Статистичката обработка на податоците е извршена со соодветни статистички програми и со примена на соодветни дескриптивни и аналитички статистички методи. Од текстот е јасно дека кандидатот употребил статистички пристап кој одговара на типот на податоците и на дизајнот на истражувањето, што овозможува сигурна интерпретација на резултатите и извлекување валидни заклучоци.

Примената на соодветни статистички методи овозможува не само дескриптивна презентација на податоците, туку и нивна аналитичка обработка, со што се обезбедува подлабоко разбирање на односите помеѓу различните варијабли. Особено е значајно што изборот на статистичките тестови е усогласен со типот на податоците и дизајнот на студијата, што придонесува за валидноста на добиените резултати.

Со тоа се создава основа за сигурно извлекување на заклучоци и нивна примена во клиничката практика, што претставува еден од клучните критериуми за квалитет на едно научно истражување.

Резултатите од студијата се прикажани табеларно и графички, што овозможува нивно јасно следење. Од вкупно 60 пациенти, 30 (50,0 %) биле оперирани со TIP техника, 21 (35,0 %) со MAGPI, 3 (5,0 %) со Pyramide procedure, 4 (6,7 %) со Mathieu, 1 (1,7 %) со Becks и 1 (1,7 %) со Glanduloplasty. Оваа распределба покажува дека TIP-техниката била најчесто применувана, што е во согласност со нејзината современа клиничка примена кај дисталните форми на хипоспадија.

Самата распределба на хируршките техники укажува и на реалната клиничка разноликост на испитуваната група, односно на тоа дека изборот на оперативен пристап бил условен од анатомските карактеристики и тежината на конкретната форма на хипоспадија. Ова е важен аспект при интерпретацијата на резултатите, бидејќи потврдува дека споредбата помеѓу групите треба да се разгледува во контекст на клиничката селекција на пациентите, а не како апсолутна споредба на две целосно идентични групи.

Токму ваквата внимателна интерпретација му дава дополнителна научна тежина на трудот, затоа што кандидатот не ги претставува резултатите изолирано, туку ги става во нивниот реален клинички контекст. Со тоа се избегнува поедноставено толкување и се добива пореална слика за практичната вредност на добиените сознанија.

Особено важен наод е дека кај пациентите оперирани со TIP-техника, 24 (80,0 %) немале потреба од повторна операција, додека 6 (20,0 %) имале потреба од REDO-операција. Кај пациентите третирани со други техники, 28 (93,3 %) немале потреба од повторна интервенција, а 2 (6,7 %) имале потреба од REDO операција. Кандидатот правилно не ја толкува оваа разлика едноставно како предност на другите техники, туку ја поврзува со фактот дека во втората група биле вклучени поблаги случаи, што претставува зрело и критичко толкување на податоците.

Во резултатите е прикажано дека не постои статистички значајна поврзаност помеѓу видот на операцијата, нивото на болка и времетраењето на операцијата. Овој наод е важен, бидејќи укажува дека самата хируршка техника не е единствен определувач на постоперативното болково искуство, туку дека врз него влијаат и други фактори, како што се индивидуалната чувствителност на пациентот, аналгетскиот протокол и општата постоперативна нега.

Анализата на добиените резултати покажува дека исходот од оперативниот третман на хипоспадијата е мултифакторски условен. Иако на прв поглед разликите помеѓу групите може да се интерпретираат како техничка супериорност на одредени методи, кандидатот правилно укажува дека клиничката слика и тежината на аномалијата имаат клучно влијание врз конечниот исход. Ова укажува на потребата од индивидуализиран пристап во изборот на хируршка техника, наместо универзална примена на една метода.

Особено значајно е што студијата покажува дека субјективната проценка (родителска и експертска) не секогаш е целосно во корелација со клиничките параметри. Ова отвора простор за понатамошни истражувања во насока на подобро разбирање на перцепцијата на козметичкиот и функционалниот исход, како и развој на уште попрецизни инструменти за мерење.

Од друга страна, добиена е статистички значајна разлика помеѓу првата и втората група во однос на хроничните компликации и потребата од REDO-операција. Овој резултат е еден од носечките наоди на трудот и има јасно клиничко значење. Кандидатот оправдано го поврзува со распределбата на поблаги случаи во втората група, со што покажува правилно разбирање на ограничувањата на компаративната интерпретација.

Посебна вредност на трудот претставува проценката на постоперативниот исход со примена на два прашалника. Кандидатот покажува дека PPPS е корисен, лесен за употреба и репродуцибилен инструмент за проценка на козметичкиот исход по оперативна корекција на хипоспадија. Исто така, HOPE-m покажува добра сигурност и валидност, што го поддржува неговото користење како објективна мерка за проценка на козметичкиот изглед по операција на хипоспадија. Воведувањето на HOPE-m, како модифицирана форма на претходен инструмент, претставува дополнителен придонес, бидејќи ја проширува објективната проценка со вклучување на фистулата како релевантен постоперативен параметар.

Во **дискусијата,** кандидатот направил споредба на добиените резултати со досега објавените меѓународни студии на истата тема. Притоа, особено е значајно што не се задржува само на потврдување на веќе познати факти, туку критички ги разгледува и потенцијалните причини за отстапувања од резултатите на други автори. Овој пристап укажува на високо ниво на научна зрелост и способност за аналитичко размислување.

Дискусијата е особено вредна и поради тоа што кандидатот не останува само на ниво на дескриптивно споредување на резултатите, туку покажува способност да ги препознае и методолошките разлики помеѓу сопствената студија и студиите од литературата. Таквиот пристап овозможува добиените резултати да бидат поставени во реален научен контекст, со јасно согледување на сличностите, разликите и можните причини за нивното постоење.

На овој начин, дискусијата не служи само како формален осврт кон литературата, туку како суштински аналитички дел во кој се потврдува научната зрелост на кандидатот. Тоа е особено важно кај докторски труд, бидејќи покажува дека кандидатот не само што успешно спровел истражување, туку и знае критички да го позиционира во рамките на современите научни сознанија.

Покрај тоа, трудот ја нагласува важноста на стандардизацијата на постоперативната евалуација. Во современата хирургија, каде што резултатите се сè повеќе предмет на објективно мерење и споредба, употребата на валидирани инструменти како PPPS и HOPE-m претставува значаен чекор напред. Со ова истражување се поставуваат темели за воспоставување унифицирани критериуми кои би можеле да се применуваат и во други клинички центри. Посебна вредност на овој дел е што кандидатот не ги наведува литературните податоци само формално, туку критички ги анализира сличностите и разликите со сопствените резултати. Дава разумни толкувања за добиените наоди, особено во делот на компликациите, повторните операции, болката и клиничката вредност на прашалничката евалуација. Дискусијата покажува способност за синтеза на резултатите, научна зрелост и добро разбирање на значењето на сопственото истражување во поширокиот контекст на современата литература.

И покрај значајните придонеси, трудот поседува и одредени ограничувања кои кандидатот ги препознава и критички ги разгледува. Пред сè, студијата е спроведена во еден клинички центар, што може да влијае врз генерализабилноста на резултатите. Иако проспективниот дизајн претставува значајна методолошка предност, релативно ограниченият број на пациенти и времетраењето на следењето од шест месеци може да не ги опфатат сите долгорочни исходи, особено оние поврзани со функционалната и психосексуалната адаптација.

Дополнително, иако примената на прашалници значително ја зголемува објективноста на проценката, секогаш постои можност за субјективна варијабилност, особено кај родителската проценка. Сепак, токму комбинацијата на повеќе извори на проценка во оваа студија значително го намалува овој ефект и претставува силна страна на истражувањето.

Кандидатот ги наведува следниве **заклучоци**, согласно со добиените резултати од спроведеното истражување:

Студијата е концептуално организирана во две компаративни групи, што овозможува релевантна анализа на исходите во зависност од применетата хируршка техника. Во првата група се вклучени пациенти со хипоспадија третирани со техниката TIP-Snodgrass, која претставува една од најчесто користените и современо прифатени техники за корекција на дисталните форми

на хипоспадија. Во втората група се вклучени пациенти третирани со други хируршки техники, што овозможува поширока клиничка перспектива и реална споредба со алтернативните оперативни пристапи кои се применуваат во секојдневната пракса.

1. Не е утврдена статистички значајна поврзаност помеѓу видот на хируршката интервенција, нивото на постоперативна болка и времетраењето на операцијата. Овој наод има важно клиничко значење, бидејќи укажува дека постоперативното болково искуство не зависи исклучиво од изборот на хируршката техника, туку е резултат на комплексна интеракција на повеќе фактори, вклучувајќи ја индивидуалната болкова перцепција, применетиот аналгетски протокол, интраоперативното ракување со ткивата и постоперативната нега.
2. Прашалникот PPPS (Pediatric Penile Perception Score) се потврдува како корисен, практичен и репродуцибилен инструмент за проценка на козметичкиот исход по хируршка корекција на хипоспадија. Неговата примена овозможува стандардизирана евалуација на естетските резултати, при што се зема предвид и субјективната перцепција на родителите, што е особено важно кај педијатриската популација каде пациентите сами не можат целосно да го изразат сопственото искуство.
3. HOPE-m, како модифицирана форма на постоен инструмент, покажува добра сигурност и валидност и претставува објективна мерка за проценка на козметичкиот изглед по оперативен третман на хипоспадија. Вклучувањето на дополнителни параметри, како што е присуството на фистула, ја зголемува неговата клиничка релевантност и го прави овој инструмент особено корисен за стандардизирана експертска проценка.
4. Утврдена е статистички значајна разлика помеѓу двете групи во однос на појавата на хронични компликации и потребата од повторна (REDO) операција. Кандидатот правилно го интерпретира овој резултат во контекст на клиничката селекција на пациентите, укажувајќи дека во втората група биле вклучени поблаги форми на хипоспадија. Ова претставува зрел и критички пристап кон анализа на податоците, со избегнување на поедноставени заклучоци за супериорност на одредена хируршка техника.
5. Постоперативното следење со употреба на прашалници се потврдува како значајна и корисна алатка за објективизација на исходите по хируршки третман на хипоспадија. Овој пристап овозможува интеграција на клиничката, родителската и експертската проценка, со што се добива покомплетна и пореална слика за успешноста на интервенцијата.

Дополнително, од заклучоците на кандидатот произлегува дека исходот од хируршкиот третман на хипоспадијата е мултифакторски условен и не може да се сведе само на изборот на оперативната техника. Анатомските карактеристики на аномалијата, искуството на хирургот, квалитетот на постоперативната нега и индивидуалните карактеристики на пациентот играат клучна улога во формирањето на конечниот резултат. Ова ја нагласува потребата од индивидуализиран пристап при планирањето на хируршкиот третман.

Особено значајно е што кандидатот не се задржува само на класичните хируршки исходи, туку го проширува концептот на успех преку вклучување на козметичките и перцептивните параметри. Со тоа, трудот придонесува кон современиот тренд во медицината кој се фокусира на пациент-ориентирани исходи и квалитет на живот.

Презентираната и користена **литература** е современа, релевантна и внимателно селектирана, со вклучување на значајни меѓународни научни извори од областа на хипоспадијата, детската хирургија и постоперативната евалуација. Кандидатот покажува добро познавање на актуелните научни текови, при што литературата не е само формално наведена, туку е суштински

интегрирана во анализата и дискусијата на резултатите. Ова дополнително ја потврдува научната зрелост и компетентноста на кандидатот во обработката на истражувачката проблематика.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Дефрим Кочинај, со наслов: „A Prospective Study of Postoperative Follow-up with Questionnaires after Operative Treatment of Hypospadias” (Проспективна студија на постоперативно следење со прашалници по оперативен третман на хипоспадија), претставува истражување од областа на детската хирургија, со јасна научна поставеност, добро дефинирана методологија и значајна практична применливост.

Трудот се одликува со јасна научна структура, логичен тек на изложување и високо ниво на академска дисциплина. Кандидатот покажува способност за синтеза на теоретските знаења и нивна практична примена во клиничко истражување. Особено се истакнува неговата способност да ги препознае ограничувањата на сопственото истражување, што претставува важен индикатор за научна објективност. Дополнително, трудот има потенцијал да послужи како основа за понатамошни мултицентрични студии, со што би се овозможила валидација на добиените резултати на пошироко ниво. Ова ја зголемува не само научната, туку и практичната вредност на дисертацијата.

Иако резултатите се добиени во рамките на еден клинички центар, нивната вредност не е ограничена само на локално ниво. Напротив, методолошкиот пристап, особено примената на стандартизирани прашалници за проценка на исходот, овозможува резултатите да бидат споредливи и применливи и во други клинички средини.

Ова ја зголемува можноста за нивна интернационална релевантност и отвора простор за вклучување на ваквиот пристап во пошироки клинички и истражувачки протоколи.

Воедно, трудот остава впечаток на темелно и внимателно изработено научно дело, во кое сите клучни елементи од поставувањето на проблемот, преку изборот на методологија, па сè до интерпретацијата на резултатите се меѓусебно логички поврзани и конзистентно разработени. Тоа укажува дека кандидатот не пристапил кон темата формално, туку со јасна истражувачка визија и соодветна научна сериозност.

Особено е значајно што резултатите од трудот имаат и директна клиничка импликација, бидејќи можат да придонесат кон подобра евалуација на хируршките исходи, подобро советување на родителите и попрецизно следење на пациентите во постоперативниот период. Со тоа, трудот ги надминува рамките на академска анализа и добива изразена практична вредност.

Изработката на темата на овој докторски труд ја реализира главната цел. Научно и методолошки прецизно, кандидатот д-р Дефрим Кочинај направил евалуација на оперативниот третман на хипоспадија преку современ пристап на постоперативно следење со прашалници, од каде што произлегуваат значајни согледувања и препораки за понатамошно унапредување на хируршкиот третман и евалуацијата на исходите.

Резултатите од ова истражување имаат директни клинички импликации, особено во делот на изборот на хируршка техника и проценката на постоперативниот исход. Трудот укажува дека успешноста на хируршкиот третман не може да се проценува исклучиво врз основа на техничкиот аспект на интервенцијата, туку мора да се земат предвид и функционалните и естетските резултати, како и перцепцијата на пациентот и неговото семејство.

Со тоа се поттикнува промена во клиничката практика, од традиционален хируршки пристап кон холистички модел на евалуација, кој овозможува

поиндивидуализирано донесување на одлуки и подобрување на долгорочните исходи.

Особена вредност на трудот е што кандидатот покажува самостојност во научното размислување, правилен избор на методологија и способност за објективна интерпретација на добиените резултати. Трудот не претставува само локална клиничка анализа, туку и обид за воспоставување стандардизиран модел на постоперативна евалуација, што му дава дополнителна научна и практична вредност.

Докторскиот труд на кандидатот д-р Дефрим Кочинај, со наслов: „A Prospective Study of Postoperative Follow-up with Questionnaires after Operative Treatment of Hypospadias” (Проспективна студија на постоперативно следење со прашалници по оперативен третман на хипоспадија), според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите и стандардите за изработка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Koçinaj D, Todorovic L, Hasani A, Shefkiu A, Çeku G, Statovci S.**
A Review of Follow-Up Questionnaires After Hypospadias Repair.
Kosovo Journal of Surgery. 2023;7(1):76–83.

2. Koçinaj D, Todorovic L, Hasani A, Shefkiu A, Çeku G, Statovci S.
Prospective study on Hypospadias Repair followed-up by Questionnaires after Hypospadias Surgery.
Third Clinical Congress: Congress Book & Abstracts. Prishtina, Kosova; 2023. p. 111–113.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид сите наведени аспекти, може да се констатира дека докторскиот труд на кандидатот не само што ги исполнува формалните и суштинските критериуми за изработка на докторска дисертација, туку претставува и научно засновано, методолошки прецизно и клинички релевантно истражување, кое дава значаен придонес во унапредувањето на современата педијатриска хируршка практика, особено во областа на детската урогенитална реконструктивна хирургија.

Главниот научен придонес на кандидатот се согледува во воведувањето и систематската примена на структуриран, мултидимензионален пристап кон постоперативното следење по хируршки третман на хипоспадија. Со користење на валидирани и дополнително модифицирани инструменти за проценка, како што се PPPS и HOPE-m, кандидатот успева да ја објективизира проценката на исходот, надминувајќи ги ограничувањата на традиционалниот пристап кој се базира исклучиво на субјективната проценка на хирургот. На тој начин, трудот воспоставува практична и репродуцибилна рамка за стандардизирана евалуација, која може да биде применлива и во други клинички центри.

Дополнително, особена вредност на трудот претставува фактот што кандидатот не се задржува само на анализа на хируршките техники, туку го проширува концептот на успех преку интеграција на функционалните, козметичките и перцептивните параметри. Овој холистички пристап е во согласност со современите тенденции во медицината, каде што исходите сè повеќе се оценуваат преку нивното влијание врз квалитетот на живот и психосоцијалната адаптација на пациентот.

Подрачјето на примена на добиените резултати е јасно дефинирано и има значајна практична вредност. Трудот обезбедува основа за подобра стандардизација на постоперативната евалуација, што овозможува пообјективна споредба на различни хируршки техники, подобрување на клиничкото донесување одлуки и оптимизација на третманот. Неговата применливост е особено значајна во клинички средини каде што постои потреба од унифицирани критериуми за следење и проценка на хируршките исходи.

Кандидатот убедливо покажува дека прашалничкиот пристап кон постоперативното следење не претставува само дополнителна алатка, туку суштински елемент во современата евалуација на хируршките резултати. Интеграцијата на клиничката проценка со родителската перцепција и независната експертска евалуација овозможува добивање на објективни, валидни и репродуцибилни податоци, кои значително го зголемуваат квалитетот на проценката и ја намалуваат пристрасноста.

Особено е значајно што трудот има потенцијал да придонесе кон воспоставување на унифицирани стандарди за постоперативна евалуација кај хипоспадијата, што претставува актуелен предизвик во современата литература. Со тоа, резултатите од ова истражување не се ограничени само на локално ниво, туку имаат потенцијал за поширока, вклучително и меѓународна применливост.

Студијата отвора значајни перспективи за идни научни истражувања. Особено е важна можноста за спроведување на мултицентрични студии со поголем број на пациенти, кои би овозможиле подетална анализа и стратификација според типот на хипоспадија, возраста на пациентите и применетата хируршка техника. Вклучувањето на подолг период на следење би овозможило попрецизна проценка на долгорочните функционални, естетски и

психосоцијални исходи, кои често не можат целосно да се евалуираат во краткорочни студии.

Дополнително, интеграцијата на пациент-репортирани исходи (patient-reported outcomes) во подоцнежна возраст би претставувала важен чекор кон целосно разбирање на ефектите од хируршкиот третман. Ваквиот пристап би овозможил подлабока проценка на квалитетот на живот, сексуалната функција и психолошката адаптација, што се клучни аспекти во долгорочниот исход кај пациентите со хипоспадија.

Исто така, резултатите од ова истражување отвораат можност за понатамошно унапредување на клиничките протоколи, како и за развој на национални или регионални препораки за стандарди во постоперативното следење. Со тоа, трудот добива не само научна, туку и организациска и здравствено-политичка вредност.

Имајќи ги предвид научната оправданост на темата, оригиналноста на пристапот, јасната и прецизна методолошка поставеност, објективната и критичка анализа на резултатите, релевантноста на заклучоците и нивната практична применливост, Комисијата оценува дека докторскиот труд претставува значаен и вреден придонес во областа на детската хирургија.

Врз основа на сето наведено, Комисијата едногласно има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка на докторскиот труд и да одобри јавна одбрана на кандидатот д-р Дефрим Кочинај, со наслов: **Проспективна студија на постоперативно следење со прашалници по оперативен третман на хипоспадија**.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Миле Петровски, с.р.
Проф. д-р Лазар Тодоровиќ, с.р.
Проф. д-р Шабан Мемети, с.р.
Проф. д-р Марјан Камиловски, с.р.
Проф. д-р Тони Ристески, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТРАЖУВАЧКИ НАЦРТ СО КОМБИНИРАНИ МЕТОДИ: ВЛИЈАНИЕТО НА РАНОТО ДЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ ЕМОЦИОНАЛНАТА РЕГУЛАЦИЈА, САМОЕФИКАСНОСТА, УЧЕЊЕТО И СОЦИЈАЛНИТЕ ВЕШТИНИ КАЈ УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ“ ОД М-Р АЛБАНА САДИКУ, ПРИЈАВЕНА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата седница одржана на 12 февруари 2026 година, со Одлука бр. 02-113/2 од 12.2.2026, формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација на тема: ИСТРАЖУВАЧКИ НАЦРТ СО КОМБИНИРАНИ МЕТОДИ: ВЛИЈАНИЕТО НА РАНОТО ДЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ ЕМОЦИОНАЛНАТА РЕГУЛАЦИЈА, САМОЕФИКАСНОСТА, УЧЕЊЕТО И СОЦИЈАЛНИТЕ ВЕШТИНИ КАЈ УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ (A MIXED METHODS DESIGN: THE IMPACT OF EARLY CHILDHOOD EDUCATION IN THE EMOTIONAL REGULATION, SELF-EFFICACY, LEARNING, AND SOCIAL SKILLS OF FIRST GRADERS) од м-р Албана Садику, во состав: проф. д-р Флорина Шеху (претседател), проф. д-р Зоран Михајловски (ментор), проф. д-р Татјана Котева Мојсовска (член), проф. д-р Орхидеја Шурбановска (член) и проф. д-р Емиљ Сулејмани (член).

Комисијата, во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација од кандидатката м-р Албана Садику, со наслов „Истражувачки нацрт со комбинирани методи: влијанието на раното детско образование врз емоционалната регулација, самоефикасноста, учењето и социјалните вештини кај ученици од прво одделение“, е изработена во согласност со Упатството за изгледот и содржината на докторски труд. Таа содржи 220 страници компјутерски обработен текст во фонтот Times New Roman, со големина на буквите 12, единечен проред, А4 формат. Содржи 79 табели и 37 графикони, како и 421 наведена библиографска единица – исклучиво странски публикации на англиски јазик, меѓу кои: научни трудови, статии, книги, монографии, извештаи, национални прописи и интернет-извори.

Трудот е структуриран во вкупно 5 глави (не сметајќи го Воведот): (1) Вовед, (2) Теориска рамка на истражувањето, (3) Методологија на истражувањето, (4) Резултати на истражувањето, заклучно со (5) Дискусија и заклучоци. Деловите се уредно систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во исклучително обемниот **вовед** на трудот, м-р Албана Садику потенцира дека, зборувајќи за раното детство, психологијата се референра на суштински сегмент на развојните процеси кај детето, со комплексна, извонредно слоевита и есенцијално важна рефлексија врз натамошен развој на младата личност. Токму таа комплексност наложува висок степен на посветеност и внимание кај родителите и поширокатa општествена заедница, неопходен за детскиот развој да тече правилно и оптимално. Многубројни истражувања, како и цела галерија практични опсервации и искуства во овој контекст, ја потенцираат силната позиција и значењето на воспитните и почетните образовни процеси во раното детство, особено нивната институционална форма, претставена преку почетните воспитно-образовни процеси во предучилишна установа. Темелните меѓународни правни акти (Светска здравствена организаација, 2020) потенцираат дека воспитно-образовните процеси во раното детство се однесуваат на „когнитивниот, физичкиот, јазичниот, моторниот, социјалниот и емоционалниот

развој во периодот до 8 години“, имплицирајќи институционална општествена рамка за нивно одвивање. Она што, меѓутоа, во оваа област често се пренебрегнува, потенцирајќи ја позицијата на предучилишните установи, е улогата и позицијата на родителите. Родителите, во крајна линија, се тие кои одлучуваат дали нивните деца раните развојни години ќе ги минуваат дома или во предучилишна установа. Дури и меѓу различни предучилишни установи, на родителите паѓа одговорноста да се одлучат за профилот на конкретна установа, вреднувајќи ги содржината и филозофијата на воспитно-образовните процеси во неа. Целите на установата, програмата за обука за развој на нејзините воспитувачи и наставници, како и програмата за развој на установата како целина би требало, при тоа, да бидат основните критериуми за избор на конкретно решение (избор на установа), затоа што споменатите фактори можат да резултираат со значајни разлики во квалитетот на воспитно-образовните резултати. Предучилишното воспитание и образование, во генерална смисла, претставува исклучително полезен облик на рана социјализација, неопходна за оптимален социјален, емоционален и когнитивен развој на децата. Тоа сугерира потреба и општествен императив, доколку има можност, во системот на предучилишни установи да биде опфатено секое дете. За децата кои од која било причина не посетуваат предучилишна установа, во развиените образовни средини постои лепеза на достапни програми наменети за родителите, со цел и во насока на систематска домашна подготовка на децата за училиште. Понатаму, м-р Садику наведува дека емоционалните аспекти на детскиот развој, имајќи ги предвид менталната и хронолошката возраст на детето, одразуваат специфичен сегмент на развојни промени, со маркантен одраз врз другите аспекти на развојот. Тоа е чувствителна димензија затоа што, покрај чувствата и сентиментите насочени кон сопствената личност, е тесно поврзана и со потесната и поширока социјална средина, односно подразбира социјализација, тимска работа, адаптација и соработка. Различните емоции, базирани врз изрази и тенденции, се ситуирани и се манифестираат согласно со проценката и вреднувањето на различни настани и ситуации од околината. Причината е во тоа што различните ситуациски „тригери“, т.е. предизвикувачи на дадена емоција, нема да имаат заеднички атрибути, бидејќи се работи за вреднување, т.е. проценка на настанот, а не за самиот настан.

Во рамките на теориската рамка на истражувањето, во првата глава посветена на ***релевантните емпириски истражувања,*** низ екстензивен осврт, на речиси дваесет страници текст, кандидатката презентира куси осврти врз резултатите и нодите од десетици релевантни емпириски студии од тематското подрачје кон кое гравитира дисертацијата, со акцент врз најновите сознанија (доминираат, или се застапени во мошне висока пропорција, библиографски единици од последните 5 години).

Во втората глава, кандидатката м-р Албана Садику дава сеопфатна ***Дефиниција на поимите*** со кои се оперира во тезата:

Поимот на *самоефикасност (self-efficacy),* во принцип, се однесува на степенот на увереност на поединецот во сопствената кадарност да преземе вистински акции и дејства за остварување на специфични цели, што како инстанца на селфот влијае и ги детерминира неговите избори, акции и степенот на упорност. Самоефикасноста на поединецот, онака како што Алберт Бандура содржински ја одредува, се базира врз компоненти како што се претходните успешни лични искуства, опсервацијата на однесувањето и успесите на другите поединци, охрабрувањето и поттикот, како и регулација на стресот (емоционален и физиолошки). Битно, при тоа, е дека самоефикасноста на поединецот селективно се сетира кон специфични задачи, вештини и области: кај една задача може да биде висока (учење математика, на пример), кај друга мошне ниска (јавен настап). Сепак, нагласува м-р Садику, точното и сеопфатно концептуализирање на комплексен поим како што е самоефикасноста подразбира прелиминарен осврт врз неколку други релевантни поими од психологијата на личноста. Генеричкиот поим на *„самоконтрола“ (self-control),* според речникот на АПА (Американска психолошка асоцијација) означува „способност да се управува со своето поведение и да се задржи или потисне сопствениот импулс“. Акцентот, при тоа, се става врз искуството и евалуацијата како интегрални сегменти на селфот, како и врз силата

на волјата, во насока на способноста за супресија и одложување на задоволството. Когнитивната социјална теорија (Cognitive Social Theory, CST) на Алберт Бандура го промовира поимот на *саморегулација (self-regulation),* подразбирајќи интерен процес во кој поединецот го покренува и го насочува сопственото однесување низ комплексна рамка на процеси на самонадзор (self-monitoring), при што ги споредува своите акции со претходно зададени мерила, низ што повратно го насочува своето поведение. При тоа, вели Бандура, поединецот доминантно се потпира токму врз *самоефикасноста* како главен погонски и контролен механизам, со што се комплетира слоевитата меѓуигра на персонални, бихевиорални и амбиентални фактори *(реципрочен детерминизам)*. Кандидатката дава визуелна проекција на идејата на Алберт Бандура (Bandura, 1977) за устројството на концептот на самоефикасноста, во вид на модел базиран врз четири извори: поранешни постигнувања *(performance accomplishment),* посредно искуство *(vicarious experience),* вербално убедување *(verbal persuasion),* и емоционални импулси *(emotional arousal).* Моделот во натамошниот текст е екстензивно елаборирaн, со специфичен осврт врз неговото значење за процесите на учење.

Теоријата на *социјално учење* на американскиот психолог Алберт Бандура е теорија за социјалното однесување во чиешто средиште е начинот/принципот на стекнување на нови облици на однесување, ставови и емоционални реакции кај поединецот. Сите тие нови облици на однесување, според Бандура, се стекнуваат преку еден елементарен образец – преку набљудување и имитирање на другите. Според оваа концепција на учењето, процесот на учење е во суштина когнитивен процес, но се одвива во социјален контекст, и се случува низ процеси на набљудување или преку директна инструкција, дури и без непосредно практично искуство (тренинг) или директно поткрепување (награда). Теоријата на Бандура има неспорни корени во бихевиористичката школа, но во себе носи и очигледна когнитивна и интеракционистичка компонента. Создавањето на навики и вештини преку опсервацијата на другите е есенцијалниот принцип на социјалното учење, потенцира Бандура. Теоријата на социјално учење ја потенцира позицијата на индиректните, на симболичките и на процесите на саморегулација во психолошкото функционирање, при што однесувањето на поединецот е детерминирано од континуиран сплет и меѓусебни интеракции на лепеза когнитивни, бихевиорални и амбиентални фактори. За да се случи учење, набљудувачот мора да се фокусира на моделот, при што вниманието се зголемува ако моделот е престижен, привлечен, сличен на набљудувачот, или пак ако однесувањето е впечатливо/различно. Понатаму, набљудувачот треба да биде во состојба да го процесира, да го складира и, по потреба, да го активира опсервираното однесување. Информацијата за тоа однесување се *помни,* т.е. се складира во меморијата преку вербално или сликовно кодирање. Однесувањето е научено, но набљудувачот мора да има развојно соодветни *физички* (или психолошки) вештини да го репродуцира научениот акт на однесување. Конечно, набљудувачот мора да има причина да го имитира однесувањето, поттикнат од очекуваните награди или казни. *Мотивацијата* е клучна, бидејќи поединецот може да научи акт на однесување, но не мора да го изведе ако за тоа нема причина или повод.

Емоционалната регулација, најкусо кажано, претставува научена способност да се мониторираат, проценуваат и модификуваат сопствените емоционалните импулси, реакции и одговори, а со цел да се контролира анксиозноста и стресот, односно на проблемски ситуации да се одговара рационално и конструктивно наместо импулсивно. Успешна емоционална регулација подразбира рационалност, промисленост, реевалуација и внимание/грижа во поглед на сопствените физички и физиолошки реакции и манифестации во ситуација на интензивни емоции. Во литературата се достапни бројни одредби и дефиниции на овој поим, што дивергираат, главно, во посочувањето на главниот аспект на афективните манифестации, т.е. предметот на регулација. Според речникот на Американската психолошка асоцијација (2015), „емоционалната регулација е способност на поединецот да модулира емоција или сет емоции“. Емоционалната регулација може да се дефинира и како начин на кој

поединецот влијае врз тоа кои емоции има, кога се појавуваат и како ги доживува и изразува, или пак како способност на поединецот да се фокусира кон емоционално обоени дразби од околината и соодветно да го нагоди (тјунира) нивното разбирање, нагласува м-р Садику, осврнувајќи се врз концептуалните основи на поимот на емоционална регулација. Ефективната емоционална регулација не значи суспендирање или потиснување на емоциите, туку се реферира на начин на нивно доживување што ќе овозможи реакција во рамките на конструктивните и соодветни социјални обрасци и конвенции. Регулирањето на сопствените емоции подразбира соочување со проблемската ситуација на начин што е истовремено и спонтан и контролиран, при што спонтаноста се однесува на квалитативната соодветност на реакцијата, а контролата се однесува на степенот на нејзината социјална прифатливост (модалитет, интензитет, траење) во дадената ситуација.

Содржината на третата глава, посветена на **методологијата на истражувањето,** кандидатката м-р Албана Садику ја организира во три целини: (1) генерална методолошка рамка, (2) примерок испитаници, и (3) мерни инструменти.

Во *генералната методолошка рамка,* кандидатката м-р Албана Садику истакнува дека истражувањето е замислено како обид, врз база на податоци од наставниците и родителите како главни чинители на воспитно-образовните процеси во раното детско образование, да се стекне увид во (а) подготвеноста на првачињата за училиште, од аспект на елементите на почетната писменост и на когнитивното и аналитичко расудување (вреднувани од страна на наставниците), и (б) нивните когнитивните вештини и компетенции, како функција на социјалниот и афективниот развој (вреднувани од страна на родителите). Со оглед на неодамна (со почеток од учебната 2023/2024 година) воведеното задолжителното предучилишно образование во Република Косово, проекција на истражувачот е дека една од детерминантите на подготвеноста на првачињата за училиште и на нивните когнитивни вештини и компетенции би можеле да бидат токму влијанијата на предучилишното образование, во позиција на задолжителна подготвителна етапа за натамошното образование во прво одделение. *Предметот на ова истражување* е стекнување на увид во (1) степенот на подготвеноста за училиште кај урбан примерок првачиња од Република Косово (од аспект на елементите на почетната писменост и на когнитивното и аналитичко расудување, вреднувани и проценети од наставниците), и (2) статусот на нивните когнитивните вештини и компетенции, вклучувајќи ја и самоефикасноста (од аспект на нивната релација со социјалните вештини и вештините на емоционална регулација, вреднувани и проценети од родителите), а со претпоставка дека сигнификантна детерминанта на овие две предметни варијабли се влијанијата на предучилишните воспитно-образовни процеси. *Генералната цел на студијата,* следствено, е здобивање со продлабочени сознанија за влијанието на поширок сет релевантни варијабли, земени како претпоставена функција на предучилишното образование во Република Косово, врз способноста за учење кај првачиња, операционализирана низ (1) наставнички проценки на нивната подготвеност за училиште и (2) низ родителски проценки на нивните когнитивни вештини и компетенции. Кандидатката верува во можноста за концептуализирање на добиените сознанија во насока на можен модел за подлабоко разбирање на чинителите и процесите од различни домени од подрачјата на социјалниот (социјални вештини) и на афективниот развој (вештини на емоционална регулација) како детерминанти на когнитивната подготвеност за училиште и за натамошните процеси на учење.

Со оглед на супстанцијалното значење на диференцијалните наоди изведени од анализите на податоците добиени од две различни групи на испитаници (наставници и родители), м-р Садику и листата на истражувачки прашања и хипотези ја организира сепаратно за секоја од двете групи. Кај примерокот наставници наведени се четири истражувачки прашања: (1) Како наставниците ги вреднуваат училиштето во кое работат, соработката со училишната администрација, и наставничката професија воопшто? Дали и во кој степен овие нивни судови се поврзани со демографските фактори? (2) Како наставниците ја проценуваат подготвеноста на првачињата за

училиште, од аспект на усвојувањето на елементите на почетната писменост и на когнитивно и аналитичко расудување? Дали и во кој степен овие проценки се поврзани со демографските фактори? Дали демографските фактори би можеле да послужат како предиктори на овие проценки? (3) Дали проценката на подготвеноста на првачињата за училиште, од аспект на усвојувањето на елементите на почетната писменост и на когнитивното и аналитичкото расудување, дадена од наставникот, е во релација со трите статусни варијабли од првото истражувачко прашање? Дали и до кој степен овие вредносни проценки би можеле да послужат како предиктори на неговата проценка на елементите на почетната писменост? (4) Дали релациите меѓу самите независни варијабли, особено ако при тоа се земе предвид и евентуалната предиктивна позиција на критериумските варијабли кон независните, можат да понудат дополнителни сознанија за структурата на пошироките релации, асоцијации и меѓусебни влијанија, во целиот круг вклучени варијабли (академски очекувања на училиштето, вреднување на соработката со училишната администрација, вреднување на наставничката професија, проценка на елементите на почетната писменост, проценка на когнитивното и аналитичкото расудување кај учениците)? Следи операционализација на наведените истражувачки прашања во листа од вкупно 10 хипотези, чиешто статистичко тестирање треба да даде основа за одговори. Кај примерокот родители, дадени се уште три истражувачки прашања: (5) Како родителите ги проценуваат различните аспекти на социјалниот, на когнитивниот и на афективниот развој кај своите деца, ученици во прво одделение? Дали и во кој степен овие нивни судови се поврзани со демографските фактори? (6) Дали проценката на когнитивниот развој (сет од пет различни когнитивни вештини: самоефикасност, лингвистичка писменост, апстрактно разбирање, експлоративно набљудување, нумеричка писменост) кај првачето, дадена од родителот, е во релација со неговата проценка на социјалниот (сет различни вештини) и на афективниот развој (сет вештини на емоционална регулација)? Дали и до кој степен проценките на социјалниот и на афективниот развој би можеле да послужат како предиктори на родителската проценка на поширокиот когнитивен развој кај детето, но и на поединечните детски когнитивни вештини и компетенции? (7) Може ли мрежата на меѓусебни релации, асоцијации и меѓусебни влијанија кај комбинацијата од наведените предикторски и критериумски варијабли (социјален развој, когнитивен развој, афективен развој во доменот на емоционалната регулација) да понуди сознанија за евентуални дополнителни релации, асоцијации и влијанија кон поединечни критериумски варијабли? Следи екстензивна листа од 23 хипотези (во интерес на просторот, нема да ги наведуваме поединечно во оваа рецензија).

Прецизирањето на листата варијабли во трудот кандидатката го прави невообичаено концизно, но јасно, во вид на табеларен приказ. Во него е видлива широка листа на предикторски варијабли, поединечно за секој од двата примерока, исто како и кај критериумските варијабли, кои кај двата примерока се од подрачјето на когнитивните вештини и компетенции. Кај примерокот наставници, двете критериумски варијабли се однесуваат на подготвеноста на детето за училиште во прво одделение, односно на (1) проценката на елементите на почетната писменост кај првачиња, и (2) проценката на степенот на когнитивно и аналитичко расудување кај првачиња. Кај родителите, централни критериумски варијабли се нивните проценки на неколку различни когнитивни вештини и компетенции кај своите деца: (1) самоефикасноста (со целосна свесност за сигнификантната афективна и мотиваciска компонента, што конструктот на самоефикасноста го издигнуваат над неговиот доминантно когнитивен супстрат), (2) лингвистичката писменост, (3) апстрактното разбирање, (4) експлоративното набљудување, и (5) нумеричката писменост. Планираните статистички процедури за обработката на собраните податоци се сеопфатни и екстензивни. За статистичките анализи користени се два софтверски пакета: (1) IBM SPSS (Statistical Package for Social Sciences) 26, и (2) MPlus Version 8.10. Во IBM SPSS, со оглед на неговата универзалност и општа намена, изведени се дескриптивните анализи (проценти, фреквенции, мерки на централна тенденција), како и инференцијалните тестови (т-тест за независни и повторени примероци, АНОВА,

т.е. едноставна еднонасочна и повторена анализа на варијансата, постапките на линеарна и ранг-корелација, заклучно со мултипла линеарна регресија). Пакетот SPSS е користен и во прелиминарната фаза на изготвување на мерните инструменти (експлоративна факторска анализа и пресметка на Кронбах-Алфа коефициенти за проверка на интерната конзистентност на супскалите). Во пакетот MPlus, имајќи ја предвид неговата специфична намена за анализа на латентни варијабли, користена е постапката на „моделирање во повеќекратни нивоа“ (multilevel modeling), која нуди попрецизни проценки на параметрите со оглед на тоа што собраните податоци се организирани (“nested”) во хиерархиска структура (ниво на поединец, ниво на одделение, ниво на училиште, ниво на град), овозможувајќи увид и во релациите внатре во сетот предикторски варијабли.

Во делот посветен на елаборација на *карактеристиките на примерокот*, кандидатката м-р Албана Садику истакнува дека истражувањето е замислено и реализирано врз два функционално независни примероци. Примерокот наставници опфаќа 19 испитаници, сите учители во основно образование во паралелки од прво одделение. Кандидатката м-р Садику дава опширен приказ на нивните демографски особини, од кои овде ќе издвоиме само дека испитаните наставници доаѓаат од три различни града од Р. Косово (Приштина, Митровица и Вучитрн), од пет различни основни училишта. Примерокот родители е регрутиран од редот на семејствата на учениците во посочените пет основни училишта и три града, вкупно 300 на број. И за овој сегмент на примерокот, кандидатката дава исклучително екстензивен пресек на демографски особини, чиешто детално наведување на ова место не би било во интерес на просторот. М-р Албана Садику потенцира дека опширниот опфат на демографски епитети во двата испитани примерока е од суштинско значење, со оглед на нивната потенцијална предиктивна позиција кон критериумските варијабли.

Исклучително внимание и огромен труд во подготовката, кандидатката м-р Албана Садику посветила на *мерните инструменти*. Врз база на опсежни анализи на мерните инструменти користени во наведените претходни истражувања, кандидатката се има одредено за конструкција на наменски анкетни прашалници, одвоено за двата примерока, односно посебна верзија за наставниците и за родителите. Во текот на подготовката на двата мерни инструменти за ова истражување, користени се напредни статистички процедури за структурна анализа на комплетниот прашалник и, секако, соодветноста на поединечните ајтеми од прелиминарната листа: (1) експлоративна факторска анализа, за утврдување на факторската структура на прашалникот, и (2) тестирање на интерната конзистентност – Кронбах-Алфа коефициенти на издвоените супскали. Прашалникот за наставници е составен од два дела. Воведните 14 прашања се однесуваат на демографските податоци за наставниците (анализата, со наведени 14 поединечни прашања, е презентирана во претходниот сегмент), додека содржинскиот дел на прашалникот содржи вкупно 22 прашања. Содржинскиот дел технички е конципиран во облик на петостепена скала од Ликертов тип (во опсег од 1 „воопшто не се согласувам“ до 5 „целосно се согласувам“), конструирана со селекција на прашања од два достапни тематски соодветни прашалници: (1) Прашалникот за предучилишни наставници (есен 2010), делови А, Б и Ц, од Националниот центар за статистика во образованието, при Министерството за образование на САД (Fall 2010 Kindergarten Teacher Questionnaire, by National Center for Education Statistics, US Department of Education, Parts A, B & C); (2) Прашалник за деца од забавиште и градинка, на Здружението на педијатри на Канада, од 2012 (Preschool/Kindergarten Questionnaire, by Canadian Paediatric Society, 2012). Двата наведени мерни инструменти се достапни онлајн и слободни за користење, без потреба од писмено одобрение од авторите/институциите. Прашалникот за родители, исто така, е составен од два дела. Воведните 27 прашања се однесуваат на збир од податоци за училиштето и семејството, за претходното посетување на предучилишна установа, за користењето на ТВ и ИТ уреди од детето, заклучно со демографските податоци за родителите (анализата, со комплетно наведени 27 поединечни прашања, е презентирана во претходниот сегмент). Содржинскиот дел на прашалникот содржи вкупно 72 прашања кои, исто како и во

прашалникот за наставници, се конципирани во облик на петостепена скала од Ликертов тип (во опсег од 1 „воопшто не се согласувам“ до 5 „целосно се согласувам“). Скалата е конструирана со селекција на прашања од четири достапни тематски соодветни прашалници: (1) Прашалник за социјални вештини кај деца (наменет за родителите), авторство на Консултативната група за Аутизам и Аспергеров синдром од Алабама, САД, од 2012 (Autism Asperger Syndrome Consulting Group, Bessemer (AL), USA, 2012: Parent Social Skill Questionnaire); (2) Скала на детска самоефикасност, (наменета за родителите), авторство на Бурч и соработниците, од 2006 *(Burch et al., 2006: Child Self-Efficacy Scale, Parent Report Version); (3) Прашалник „Пет до петнаесет“ (наменет за родителите) за проценка на АДХД со коморбидитети кај детето, авторство на Кадесјо и соработниците, од 2004 (Kadesjo et al., 2004: 5-15 Parent Questionnaire for assessment of ADHD and comorbid conditions); (4) Прашалник „Пет до петнаесет“ (наменет за родителите) за оценка на детскиот развој и однесување, авторство на Кадесјо и соработниците, од 2017 (Kadesjo et al., 2017: 5-15R Parent Questionnaire for evaluation of development and behavior). И овие* странски мерни инструменти изворно се достапни онлајн, слободни за користење и без потреба од писмено одобрение од авторите/институциите.

Елаборација на наодите на истражувањето (резултати и дискусија)

Содржината на четвртата глава, **Резултати на истражувањето,** кандидатката м-р Албана Садику ја организира во две секции: Емпириска студија (I), за анализа и интерпретација на резултатите собрани од примерокот наставници, и Емпириска студија (II), за анализа и интерпретација на резултатите собрани од примерокот родители.

Статистичките анализи на податоците собрани со прашалникот наменет и зададен на наставниците стриктно ги следат поставените хипотези, а заради полесно следење м-р Садику ги организира во три главни сегменти: (1) Прелиминарни дескриптивни анализи и споредбени тестови на интервалните скали (содржински домени), со натамошно сукцесивно вкрстување на податоците од сите пет содржински домени на прашалникот (поставени во позиција на критериумски варијабли) со демографските атрибути на анкетираните наставници (предикторски варијабли). Демографските варијабли чијашто предиктивна сила е тестирана во овој дел се: (а) степенот на образование, (б) работното искуство (стаж), (в) бројот на ученици во паралелката, (г) редниот број на паралелката, (д) градот во кој се наоѓа училиштето, (ѓ) конкретното училиште во кое работи, заклучно со (е) посетување или не на дополнителни обуки. Овој сегмент пресметки нуди одговори на поставените хипотези X1.1 – X1.7 од наставничкиот примерок. (2) Корелациска и регресивна анализа на релациите што двете критериумски варијабли (наставничката проценка на елементите на почетната писменост кај првачињата и на когнитивното/аналитичкото расудување кај првачињата) ги имаат со интегриран сет предикторски варијабли, составен од демографски (шест на број, наведени погоре) и статусни атрибути (академски очекувања на наставникот од конкретното училиште, соработка со училишната администрација, уживање и вреднување на наставничката професија, воопшто). Овој сегмент пресметки нуди одговори на поставените хипотези X1.8 и X1.9. (3) Постапка на моделирање во повеќекратни нивоа (multilevel modeling), како напредна статистичка техника за детекција на устројството и динамиката на внатрешните релации меѓу застапените пет содржински домени од прашалникот за наставници: академските очекувања на наставникот од конкретното училиште, соработката со училишната администрација, уживањето и вреднувањето на наставничката професија, проценката на елементите на почетната писменост кај првачињата, и проценката на когнитивното и аналитичкото расудување кај првачињата. Овој сегмент пресметки дава одговор на поставената хипотеза X1.10.

Следејќи го образецот од претходниот сегмент, анализите врз податоците собрани со прашалникот наменет и зададен на родителите се исто така распоредени во три сегменти: (1) Прелиминарни дескриптивни анализи и инференцијален тест кај критериумските варијабли, со натамошно вкрстување на податоците од сите шеснаесет

содржински домени (критериумски варијабли) со селектирани демографски и други податоци (во врска со семејството, предучилишна установа, училиштето, комуникацијата со наставникот, заклучно со детето и дигиталната технологија) на анкетираните родители. Посочените демографски и останати податоци се ставени во позиција на предикторски варијабли кон сите шеснаесет содржински домени, кои ќе бидат поставени како критериумски варијабли. Овој сегмент пресметки нуди одговори на поставените хипотези Х2.1 – Х2.20. (2) Корелациска и регресивна анализа на релациите што родителската проценка на когнитивниот развој на детето (најпрво земен како целина, а потоа и парцијално, во вид на сет поединечни когнитивни вештини и компетенции), како критериумска варијабла, ги има со сет предикторски варијабли базиран врз родителските проценки на социјалните вештини и вештините на емоционална регулација. Овој сегмент пресметки нуди одговори на поставените хипотези Х2.21 и Х2.22. (3) Постапка на моделирање во повеќекратни нивоа (multilevel modeling), како напредна статистичка техника за детекција на внатрешните релации меѓу 16-те содржински домени од прашалникот, односно различните поединечни (а) социјални вештини, (б) когнитивни вештини и компетенции, заклучно со (в) вештините на емоционална регулација кај детето. Овој сегмент пресметки треба да понуди одговор на поставената хипотеза Х2.23.

Содржината на петтата глава, **Дискусија на истражувањето,** кандидатката м-р Албана Садику, исто така, ја организира во две секции: дискусија на резултатите од Емпириска студија (I), и дискусија на резултатите од Емпириска студија (II), кон кои како трета секција се придодадени и Заклучните согледувања.

Во наредните редови ќе се обидеме да презентираме селекција од навистина обемните статистички анализи, проследени со сукцесивни коментари за секоја од тестираните истражувачки хипотези, со елементи од дискусијата на резултатите. На овие два сегмента од трудот, м-р Албана Садику им посветила вкупно околу 110 страници од текстот (приближно 90 страници за резултатите и уште 20 страници за нивна дискусија).

Емпириска студија (1)

Во првата од двете емпириски студии, анкетиран е примерок наставници од прво одделение, а истражувачките прашања и изведените хипотези покриваат тематски опсег сетиран во просторот одреден со демографските особини на наставникот, од една страна, академските очекувања од училиштето, соработката со училишната администрација и вреднувањето на наставничката професија, од друга, па сè до подготвеноста на првачињата за училиште од аспект на совладаните елементи на почетната писменост и на математичкото и аналитичко расудување, од трета страна. На дескриптивно ниво, испитаните наставници од овој примерок забележливо најниско ги вреднуваат сопствените академски и наставнички очекувања од училиштето во кое работат. Највисоко се вреднува наставничката професија во целина, а степенот на задоволство од соработката со училишната администрација се наоѓа некаде помеѓу. При тоа, разликите се видливо изразени и статистички сигнификантни. Авторката констатира дека, реално, кога академските и наставнички очекувања од сопственото училиште би биле потврдени за ниски на некое пошироко или дури национално ниво, тоа сигурно не би зборувало убаво за актуелниот момент на пошироките образовни процеси во дадената средина. Предметниот примерок анкетирани наставници, сепак, е само мал дел од пошироки от образовен систем во примарното образование во Р Косово, и како таков не е (ниту тоа е намерата на ова истражување) репрезентативен за пошироките состојби. Од друга страна, се работи за примерок регрутиран од училишта во поголемите урбани центри (во кои, по правило, инфраструктурните услови и кадровската ситуација се подобри од внатрешноста), вклучувајќи ги тука и двата најголеми центри, градовите Приштина и Митровица, што би можело да биде индикатор дека сепак состојбите во училишниот систем на примарно ниво би можеле да бидат оптоварени со одредени проблеми. Во таа смисла, и наодот на вака мал и нерепрезентативен примерок не би требало да се потцени како потенцијално вреден индикатор на одредени состојби и евентуален патоказ кон акција. Наставничките

проценки на степенот на почетна писменост кај првачињата се нешто пониски од проценките на генералното когнитивно и аналитичко резонирање, но разликата не е статистички верификувана за значајна. Овој податок е на линија на пошироките сознанија од други образовни средини, кои велат дека иако раните вештини за писменост генерално заостануваат зад генералната аналитичка логика, тие се главниот колосек преку кој потенцијалот на детето се развива и се реализира.

Тестираните хипотези со вклучени базични демографски атрибути како предиктори во поголем дел не се потврдени. Нема статистичка верификација на разликите во дадените проценки од аспект на степенот на оформено образование на наставникот, неговото работно искуство и посетувањето на дополнителни стручни обуки, а слична е и ситуацијата со проценките кај наставниците со различно работно искуство. Во овој примерок не се евидентирани статистички значајни разлики, но може да се забележи слаба, непотврдена тенденција кај наставниците со најмало работно искуство да даваат нешто пониски проценки во споредба со своите поискусни колеги. Не се евидентирани статистички сигнификантни разлики меѓу оние што посетувале и не посетувале обуки, но дескриптивните податоци сигнализираат стабилен тренд, кај сите пет содржински домени на прашалникот, на повисоки просечни проценки од страна на наставниците кои посетувале дополнителни обуки. Од друга страна, потврдено е присуство на сигнификантни разлики меѓу анкетираните наставници од аспект на бројноста на учениците во паралелката. Кај проценката на почетната детска писменост и на когнитивното и аналитичко расудување, највисоки просечни проценки за првачињата од своите паралелки даваат наставниците во паралелки со оптимална бројност (21 – 30 ученици).

Она што како можна специфика на примерокот и на образовната средина привлекува внимание се потврдените хипотези за влијанието на конкретното училиште и град врз дадените наставнички проценки (за потсетување: анкетираниот примерок наставници е регрутиран од три града и пет различни основни училишта од Р. Косово). Дека локалните амбиентални и економски специфики и разликите во образовните пристапи, искуства и традиции можат да се појават како детерминанти на варијабли како што се академските очекувања на наставникот и неговото вреднување на соработката со училишната администрација, па и пошироко на учителската професија во целост, не би требало да биде изненадување. Добиените резултати на овој примерок, меѓутоа, сугерираат дека посочените локални специфичности имаат одраз и врз наставничките проценки на подготвеноста на првачињата за училиште, како од аспект на елементите на почетната писменост, така и кај когнитивното и аналитичкото расудување. Посочените резултати силно ги потенцираат локалните и регионалните разлики и специфичности, кои очигледно маркантно се рефлектираат врз перцепцијата, доживувањето и вреднувањето на училишната средина, на учителската професија, но и на самите ученици. Тоа, покрај другото, е и порака за заинтересираниот академски истражувач колку драстично појавата од научен интерес може да варира од една микро-средина (училиште, паралелка) до друга, во рамките на истата социокултурна и општествена матрица. Во голема мера, ова важи и за релацијата на демографските фактори со двете критериумски варијабли, односно проценките на почетната писменост и на когнитивното и аналитичкото расудување, каде што само поединечни демографски варијабли (врзани за локалните фактори – град и училиште), заедно со бројката на ученици во паралелката, покажуваат значајна предиктивна моќ. Како релевантни предиктори се наметнуваат конкретното училиште во кое работи наставникот (предиктор на проценката на елементите на почетната писменост) и градот на живеење (предиктор на когнитивното и аналитичкото расудување). За одбележување, при тоа, се мошне високите поединечни интеркорелации, а уште повеќе исклучително високиот процент на варијанса во критериумските варијабли објаснет со двата предиктивни модели (0,544 и 0,666), што не се среќава така често во истражувачката практика. Тоа само ја потврдува констатацијата дека наставничките проценки на подготвеноста на децата за училиште би можеле да се во многу блиска релација со конкретни амбиентални фактори од училишната средина (во едниот случај

комбинација на очекувањата од училиштето и градот на живеење, во другиот очекувањата од училиштето со конкретното училиште во кое наставникот работи). Без оглед на тоа што регресивните анализи, т.е. произлезените предиктивни модели не го потврдуваат вреднувањето на соработката со училишната администрација како релевантен предиктор на двата критериума (проценката на елементите на почетната писменост и на когнитивното и аналитичкото расудување), податоците од интеркорелациската матрица го свртуваат вниманието кон оваа варијабла поради исклучително високите интеркорелации со другите два предиктора, особено со академските очекувања од училиштето (0,824), и делумно со вреднувањето на наставничката професија (0,465), потврдени и со СЕМ-анализата во повеќекратни нивоа. Ако на тоа се додаде и мошне високата поединечна корелација со елементите на почетната писменост (0,612), се комплетира сликата за виталната позиција на вреднувањето на соработката со училишната администрација во поширокаta констелација на податоци и варијабли кај овој примерок наставници. Доживувањето и вреднувањето на соработката со училишните авторитети и служби очигледно влијае врз очекувањата на наставниците, врз доживувањето и вреднувањето на професијата и, во крајна линија, врз нивниот професионален развој.

Емпириска студија (2)

Во втората емпириска студија, анкетирани се родители на ученици од прво одделение, на истражувачки прашања и изведени хипотези што покриваат тематски опсег во просторот одреден со демографските особини на родителите, од една страна, нивните проценки на социјалните вештини (социјален развој) и вештините на емоционална регулација (афективен развој) кај детето, од друга страна, заклучно со родителската проценка на когнитивните вештини и компетенции, вклучувајќи ја и самоефикасноста (когнитивен развој) кај детето, од трета страна. На дескриптивно ниво, заради заштеда на просторот и пофокусирана елаборација, ќе се задржиме примарно на проценките и убедувањата на родителите за степенот на развој на когнитивните вештини и компетенции кај децата. Испитаните родители од овој примерок забележливо најниско ја проценуваат вештината на апстрактното разбирање, додека највисоки проценки се евидентирани кај степенот на развиеност на експлоративното набљудување и кај самоефикасноста. Нумеричката и лингвистичката писменост се сместени некаде помеѓу. При тоа, сите посочени разлики се видливо изразени и статистички сигнификантни. Прашањата опфатени во доменот на апстрактното разбирање се однесуваат на компјутерските вештини на децата, способноста за распознавање на животни модели со диференцирање на своето од туѓото искуство, како и разбирањето на разликите меѓу различните професии. Без оглед на стереотипот за раната иницијација и екстензивното искуство со дигиталните уреди кај модерната генерација мали деца, очигледно е дека анкетираните родители имаат релативно ниска проценка на степенот на компјутерските вештини кај своето дете, реферирајќи се во еден дел веројатно на активна, смислена и целисходна работа со компјутер, каква што, разбирливо, сè уште отсуствува кај деца на предметната возраст. Од друга страна, релативно ниската родителска проценка на детската способност за диференцирање на сопственото искуство од она на другите би можела да има поширока подлога во некои категоријални сознанија од развојната когнитивна психологија, пред сè во концептот на егоцентризам на Жан Пијаже, како базична когнитивно-социјална платформа од раното детство, сè уште присутна на предметната возраст од 6-7 години. Внимание привлекуваат и сразмерно високите проценки на експлоративното набљудување, статистички повисоки од речиси сите други анализирани когнитивни вештини и компетенции (освен од самоефикасноста, кон која разликата е недоволна за статистичка верификација). Прашањата од овој домен се реферираат на високиот степен на љубопитност кај детето на предметната возраст (6-7 години), што се совпаѓа со критичниот когнитивен пресврт во неговото расудување, каде што преминот од конкретното кон апстрактното го поттикнува да ги поставува најсложените прашања, прашувајќи „зошто“ и „како“ за сложени теми како што се времето, моралноста и постоењето. Детската љубопитност во овој период е базичниот „погон“ во развојните

процеси во расудувањето, анализата на информации и поврзувањето на идеи, со константни циклуси на прашување, учење и откривање. Очигледно, родителите од овој примерок високо ја проценуваат посочената форма на појавување на детската љубопитност, која во натамошните фази на когнитивниот развој ќе еволуира кон барање на многу повеќе информации од различни извори (возрасни, дигитални медиуми, книги итн.), заради решавање на проблем, разбирање на појава, или пак подобро запознавање со интересна појава или лик, при што детето често ќе демонстрира способност да генерира повеќе можни идеи и решенија, пред да ја избере најдобрата солуција. Што се однесува на развојниот степен на самоефикасноста на возраста од 6-7 години, детето обично ќе навлезе во метаморфоза на самодовербата каде што неговото доживување на сопствените способности еволуира од „прекумерната самоувереност“ карактеристична за раното детство кон нешто пореалистичен облик, базиран врз позитивно искуство со успешно манифестирана компетенција, најчесто во вид на успешен исход од преземена активност (решена задача, успешна писмена работа, спортски успех и слично).

Во поглед на демографски атрибути како предиктори, полот на испитаните родители, како најелементарна демографска категорија, не се покажува како релевантен предиктор на дадените проценки, кај ниту едно од трите предметни подрачја (социјално, когнитивно, афективно) на детскиот развој. Сепак, кај когнитивните вештини (со исклучок на апстрактното разбирање) се забележува тенденција на минимално повисоки проценки од страна на анкетираните мајки. Образовниот статус на родителите, од друга страна, се покажува како веројатен стабилен предиктор, во највисок степен кон проценките на когнитивните вештини, и делумно кај социјалните вештини. Сродни податоци се добиени и кај предиктивната позиција на образовниот статус на сопружникот (иако тука посилна предикција е евидентирана кон вештините на емоционалната регулација), па може да се констатира дека во добар дел родителските проценки од ваков тип се своевидна „семејна работа“, ако се уважи препоставката дека анкетираните родители главно избрале брачни другари со идентичен или сличен степен на образование. Гледано по поединечни когнитивни вештини, повисок степен на образование кај анкетираниот родител главно подразбира линеарно повисока просечна проценка за лингвистичката писменост, експлоративното набљудување и за нумеричката писменост кај детето, при што релативна аберација е видлива кај доменот на самоефикасност. Интересна е и ситуацијата со предиктивната позиција на професионалниот статус на родителите. Нема разлики, ниту пак посебни забележливи специфичности, во дадените проценки од страна на вработените наспроти невработените родители, но затоа вработеноста на сопружникот се појавува како релевантен предиктор кај два домени од подрачјето на социјалниот развој (социјалните компетенции и тимската работа) и кај когнитивната вештина на апстрактно разбирање (близу до статистичка верификација се и разликите кај лингвистичката и нумеричката писменост). Понатаму, возраста на детето како предиктор на родителските проценки би можела да биде поврзана со разлики кај само два домени од подрачјето на социјалниот развој, односно кај социјалните интереси и ефективната комуникација, при што увидот во дескриптивните податоци покажува генерално пониски родителски проценки кај најмладите деца. Ваквиот резултат може да сугерира дека природната возрасна прогресија кај социјалните и комуникациските вештини веројатно се одвива во рамките на возрасниот опсег на децата од предметниот примерок. Кај редот на раѓањето, родителските проценки на социјалниот (социјални интереси, ефективна комуникација и тимска работа) и на когнитивниот развој (лингвистичка и нумеричка писменост) се највисоки кај првородените деца, и правилно опаѓаат натаму, колку што редоследот на раѓање е повисок. Прашања со кои младите родители често се соочуваат се однесуваат на оптималниот број на години на престој и на изборот најсоодветната возраст за поаѓање на детето во предучилишна установа. Резултатите за релацијата на должината на предучилишниот престој на детето како можен предиктор на родителските проценки на трите предметни подрачја на детскиот развој се инконклузивни. Разликите се мали и без статистичка верификација на

значајност, а квалитативниот увид во дескриптивните податоци не открива некоја постабилна тенденција. Уште едно прашање од интерес за истражувачот е евентуалната предикторска позиција на зачестеноста на детското следење на ТВ и, уште повеќе, количината на време минато со модерните дигитални уреди, кои во современото семејство се неизоставен дел од секојдневието. Добиените резултати на овој примерок, сепак, не сугерираат дека ваква релација постои во значајна мера.

Едно од суштествените прашања на оваа студија е позицијата на родителската проценка на когнитивниот развој во целина (сума од пет различни парцијални когнитивни вештини) на детето како функција на дадените проценки на социјалниот (сет различни социјални вештини) и на афективниот развој (сет вештини на емоционална регулација). Со други зборови: дали и до кој степен родителската перцепција на детскиот социјален и афективен развој би можеле да послужат како предиктори на проценката на когнитивниот развој? Резултатие покажуваат дека социјалните вештини на детето, онака како што ги проценува родителот, се многу солиден „лакмус“ (предиктор) за неговата перцепција на детските когнитивни вештини и компетенции. Од друга страна, предикторската сила на вештините на емоционална регулација кај детето, онака како што ги гледа родителот, е многу послаба. Со други зборови, родителската перцепција на целокупниот когнитивен развој (обединети сите поединечни прашања од когнитивните домени) кај детето може во висок процент да се предвиди ако за почетна ставка се има родителската перцепција на детските социјални вештини. Поконкретно, предиктивниот модел е базиран врз пет варијабли, од кои првите четири се домени токму од подрачјето на социјалниот развој: тимска работа, социјална интеракција, социјална соработка и социјални интереси. Последниот, петти по сила предиктор се негативните емоции, домен од подрачјето на афективниот развој (емоционалната регулација).

М-р Албана Садику го завршува докторскиот труд со концизно презентирани поенти во вид на заклучоци, изнесувајќи ги на крајот и потенцијалните ограничувања на студијата.

ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Албана Садику, со наслов „Истражувачки нацрт со комбинирани методи: влијанието на раното детско образование врз емоционалната регулација, самоефикасноста, учењето и социјалните вештини кај ученици од прво одделение“, претставува истражувачки труд од областа на образованието на наставници (за примарното образование) во подрачјето на општествените науки, поконкретно во научното поле на психологијата и когнитивните науки. Се работи за исклучително екстензивен истражувачки зафат, со долготрајни прелиминарни подготовки на мерниот инструментариум, во кои кандидатката м-р Албана Садику вложила вонредни напори (прелиминарни тестирања, опсежни статистички пресметки за екстракција на најсоодветните прашања од изворните тестовни средства, повторни тестирања заради утврдување на факторската структура на склопените прашалници итн.), кои веќе сами по себе претставуваат еден бележит истражувачки и стручен зафат. Кандидатката во сите фази на докторските студии (задолжителните испити, докторски семинари и академски конференции) се издвојуваше со својата ерудиција од областа на психологијата и образовните науки, со иницијативноста и самостојноста во трасирањето на својот пат низ комплетниот циклус на студии од трет циклус, со течниот англиски јазик, и – за оваа комисија највредно од сè – со референтната експертиза во обработката на податоци и искуството со различни статистички техники и софтверски пакети, нешто што не е одлика што така често се сретнува кај млад истражувач.

Како Комисија за оценка, цениме дека предметната докторска дисертација на м-р Албана Садику, под наслов „Истражувачки нацрт со комбинирани методи: влијанието на раното детско образование врз емоционалната регулација, самоефикасноста, учењето и социјалните вештини кај ученици од прво одделение“, е

зрел академски труд, со сите атрибути за исполнување на условите и стандардите за успешно изработена докторска дисертација.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката м-р Албана Садику, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв и единствен автор, во референтна научна публикација, односно меѓународно научно списание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Наслов на трудот: *The Application of Digital Technology Solutions and Their Impact on Learning Effectiveness: A Pedagogical Challenge.*, автор: *Albana Sadiku*, објавен: *Journal of Education and Training Studies, Vol. 14/1, 2026, pp 226-237. doi:10.11114/jets.v14i1.8139*

[2] Наслов на трудот: *Positive and Negative Impacts of Technology Use in Young Children: The Need for Parents to Learn How to Guide Their Children in Using Technologies*, автор: *Albana Sadiku,* објавен: *Croatian Journal of Education, Vol. 26/3, 2024, pp 1001-1027. https://doi.org/10.15516/cje.v26i3.5488*

[3] Наслов на трудот: *Ethics in Research-Scientific Work in the Field of Education*, автор: *Albana Sadiku,* објавен: *International Journal of Multidisciplinary Research and Analysis*, *Vol. 7/3, 2024, pp 1284-1290. https://doi.org/10.47191/ijmra/v7-i03-51*

[4] Наслов на трудот: *The Impact of Cultural Diversity on the Creation of Social Skills in Children.*, автор: *Albana Sadiku*, објавен: *Educational Administration: Theory and Practice, Vol. 29/4, 2023, pp 5598-5605. https://doi.org/10.53555/kuey.v29i4.6703*

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главниот научен придонес на овој научен труд се состои во утврдените комплексни релации на демографските белези и перцепцијата на статусните атрибути кај наставниците на ученици од прво одделение, од една, и демографските белези и перцепцијата на родителите за социјалните вештини и вештините на саморегулација кај своите деца, од друга страна, како можни предиктивни варијабли во проценката на степенот на когнитивниот развој кај учениците од прво одделение. Комисијата цени дека овој труд го исполнува очекувањето дека елаборацијата на некои аспекти на потеклото на когнитивните вештини и компетенции, пред сè како функција на социјалните вештини и на вештините на емоционална регулација, би можела да фрли дополнително светло врз вештините за учење, кои во комбинација со социјалната и афективната компонента претставуваат база за процесите на учење кај најновата генерација првачиња во Р. Косово. Со оглед на неодамна (со почеток од учебната 2023/2024 година) воведеното задолжителното предучилишно образование во оваа соседна образовна средина, проекција на истражувачот е дека една од детерминантите на подготвеноста на првачињата за училиште и на нивните когнитивни вештини и компетенции би можеле да бидат токму влијанијата на предучилишното образование, во позиција на задолжителна подготвителна етапа за натамошното образование во прво одделение.

Комисијата дополнително ја цени свесноста и самокритичноста на истражувачот за можните ограничувања на оваа студија (недоволно репрезентативен примерок, во случајот на наставничкиот примерок видлива малуброjност, потенцијални проблеми со мотивацијата, знаењето, па и недоволната сериозност кај некои испитаници, што се редовни појави во теренската истражувачка работа), но во крајна линија тие не го компромитираат генерирањето на квалификувани хипотези за натамошни испитувања на посочените релации во рамките на продлабочени тематски студии.

Согласно со наведеното, Комисијата дава позитивна оценка на приложената докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на **м-р Албана Садику** со наслов: **Истражувачки нацрт со комбинирани методи: влијанието на раното детско образование врз емоционалната регулација, самоефикасноста, учењето и социјалните вештини кај ученици од прво одделение.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Флорина Шеху, претседател, с.р.
Проф. д-р Зоран Михајловски, ментор, с.р.
Проф. д-р Татјана К. Мојсовска, член, с.р.
Проф. д-р Орхидеја Шурбановска, член, с.р.
Проф. д-р Емиљ Сулејмани, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУД НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на тема		Име и презиме на менторот	Датум и бр.на Одлука од ННС за прифаќање на темата
		На македонски јазик	На англиски јазик		
1	М-р Мимоза Хоти Колукај	„Повеќејазичноста и предизвиците на усвојување на нормите на стандардниот албански јазик од перспектива на наставниците“	„Multilingualism and Challenges in the Acquisition of Standard Albanian Norms Based on Teachers Perspectives“	Проф.д-р Љуљзим Адеми	02-218/10 од 31.03.2026

П Р Е Г Л Е Д

На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно-научен совет – 03.04.2026 година

Ред. број	Кандидат	Тема (на македонски јазик)	Тема (на англиски јазик)	Комисија	Број и датум на одлука
1.	м-р Влатко Токарев	„Правно уредување, предизвици и искуства во развојот на големи инфраструктурни проекти во македонското и во споредбеното право: со посебен осврт на правни механизми за заштита на јавниот интерес“	„Legal Framework, Challenges and Experiences in the Development of Large-Scale Infrastructure Projects in Macedonian and Comparative Law: with a Special Focus on Legal Mechanisms for Safeguarding Public Interest“	1. проф.д-р Димитар Гелев 2. проф.д-р Горан Коевски (ментор) 3. проф.д-р Дарко Спасевски.	02-427/7 06.04.2026
	м-р Никола Голубов	„Улогата на ООН во заштитата на човековите права во конфликти: предности и предизвици“	„The UN’s role in protecting human rights in conflicts: advantages and challenges“	1. проф.д-р Сашо Георгиевски 2. Елена Михајлова Стратилати (менторка) 3. проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска	02-427/6 06.04.2026

Скопје, 08.04.2026 година

Декан,
Проф. д-р Сашо Георгиевски

Изработил Мелиса Кубур Соработник за магистерски и докторски студии

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА (1.01.00.01) НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 12.3.2026 година, за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научната област математика (1.01.00.01) на Институтот за математика при Факултетот, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-732/3, од 27.3.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Гацовска-Барандовска, редовен професор, ПМФ – Скопје, д-р Весна Манова-Ераковиќ, редовен професор, ПМФ – Скопје, и д-р Весна Целакоска-Јорданова, редовен професор, ПМФ – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по група предмети од наставно-научната област математика (1.01.00.01), во предвидениот рок се пријави Стево Ѓоргиев, магистер по применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економијата, асистент на Институтот за математика при факултетот.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Стево Ѓоргиев ги исполнува основните критериуми за избор во соработничко звање – асистент, со тоа што има: завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити; стекнат назив – магистер по применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економијата; остварен просечен успех од 9,54 на првиот и 10,00 на вториот циклус студии, соодветно; уверение за познавање на англискиот јазик на Б2-ниво според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатот ги исполнува и специјалните услови за избор во соработничко звање – асистент, со тоа што има учество во проекти, печатени научни трудови и учество на конференции.

Стево Ѓоргиев е роден на 1.12.1994 година во Гевгелија. Основно образование завршил во родниот град со континуиран одличен успех. Средното образование го завршил во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија како првенец во својата генерација, за што добил признание и награда од Општина Гевгелија.

Во учебната 2013/2014 година се запишал на додипломски студии на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката Математичка економија. Студиите ги завршил на 2.7.2018 година, со одбрана на дипломската работа на тема: „Математичка теорија на кооперативни игри со примена во економско-политички конфликти“, под менторство на проф. д-р Анета Гацовска-Барандовска, со просечен успех 9,54, како првенец на својата генерација на Институтот за математика. Во 2016/2017 година, се запишал на паралелни студии по Теориска математика, а ги завршил на 26.2.2020 година со одбрана на дипломската работа на тема: „Теорија на случаен примерок со посебен осврт кон стратифициран случаен примерок“, под менторство на проф. д-р Ирена Стојковска и просечен успех 9,49.

Во учебната 2019/2020 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија, кои ги завршил на 23.1.2023 година, со одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Теорија на екстремни вредности и нејзина примена во

определување вредност под ризик“, под менторство на проф. д-р Анета Гацовска-Барандовска, пред Комисијата во состав проф. д-р Весна Манова-Ераковиќ и проф. д-р Ирена Стојковска, со просечен успех 10,00.

Од своето дипломирање до сега, Стево Ѓоргиев работел на повеќе позиции: како демонстратор на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје, како наставник во ОУ „Кирил и Методиј“ – с. Стојаково, како помлад соработник за примерок и помлад соработник за математички и статистички методи во Државниот завод за статистика во Скопје, а во ЕВН Македонија АД работел на позицијата специјалист за планирање и оптимизирање на енергетско портфолио. Од октомври 2021 до септември 2023 работел прво како демонстратор (2 месеца), а потоа како виш лаборант на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 14.9.2023, број 02 – 2240/2, со датум 28.9.2023, м-р Стево Ѓоргиев е избран за асистент по група предмети од наставно-научната област математика, на Институтот за математика (извештај на Рецензентската комисија, Билтен бр. 1287 од 1.7.2023). Од октомври 2023 е докторанд на третиот циклус студии по Математика и примени, на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје.

Добитник е на наградата „Ацо Караманов“ за освоена награда на литературен конкурс во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Има учествувано на повеќе домашни и меѓународни натпревари по математика, историја, македонски јазик и литература, како и натпревари од областа на економската струка, на кои има освоено награди и признанија.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Стево Ѓоргиев изведува вежби на прв циклус студии за предмети кои ги покрива Институтот за математика при ПМФ – Скопје, и тоа: Комплексна анализа, Елементарна математика 1, Математичка анализа 1 (физичари), Математика со биостатистика (биолози), Елементарна математика 2, Математичка анализа 2 (математичари), Случајни процеси, Финансиска математика, Математичка анализа 2 (физичари) и во одреден период Операциони истражувања. Како демонстратор изведувал настава и на Градежниот факултет во Скопје по предметите: Математика 1, Математика 2 на прв циклус и Математика 2 на втор циклус (градежници).

Еден е од авторите на универзитетското помагало:

1. В. Манова-Ераковиќ, **С. Ѓоргиев,** *Збирка решени задачи по комплексна анализа,* УКИМ, 2023, https://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/PMF/Zbirka_reseni_zadaci_po_kompleksna_analiza.pdf

Научноистражувачка и научно-популарна дејност

Во својата досегашна работа, кандидатот м-р Стево Ѓоргиев има објавено повеќе научноистражувачки и стручни трудови (12 труда до првиот избор за асистент). Во изминатиот тригодишен период, во релевантни меѓународни списанија и зборници од меѓународни конференции, објавени се следните трудови:

13. С. Ѓоргиев, А. Гацовска-Барандовска, *Формални математички пристапи кон решавање на натпреварувачки економски задачи*, Зборник на трудови од Петтата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, (во печат)

14. S. Gjorgiev, A. Gacovska-Barandovska, Determining value at risk using extreme value theory on a financial data set, Математички билтен, **47(1)**, 39-48, 2024, doi:10.37560/matbil23471039gj

15. С. Ѓоргиев, *Илустрација на методот на разгледување на случаи во проблеми од комбинаторика*, Зборник на трудови од Четвртата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, стр. 32-37, 2024,

како и повеќе статии од научно-популарен карактер и интернет-статии:

16. С. Ѓоргиев, *Математичко моделирање во економија со помош на линеарна функција*, Нумерус 2025/2026, бр. 51-3, 10-16

17. С. Ѓоргиев, *Елементи од финансиска математика*, Диофант, Година 3, број 3 (во печат), СММ

18. С. Ѓоргиев, *Примерочен тежински фактор*, Сигма 2023/2024, бр. 133, 1–2

19. С. Ѓоргиев, М. Танчевска, *Елементи од теорија на игри*, Сигма 2023/2024, бр. 132, 1–3

20. С. Ѓоргиев, *Скалести броеви*, Нумерус 2023/2024, бр. 49-2, 1–5

21. С. Ѓоргиев, М. Танчевска, *Парадоксот од Санкт Петерсбург*, Сигма 2023/2024, бр. 131, 1–2

22. С. Ѓоргиев, М. Танчевска, *Временската вредност на паричните средства*, Сигма 2023/2024, бр. 130, 1–2

23. С. Ѓоргиев, *Стратифициран случаен примерок*, Научно-популарни трудови од Шеситот семинар „Математика и примени“, Математички омнибус 11, 2024, 29-41

Со свои презентации, учествувал на повеќе конференции, конгреси и семинари (7 до првиот избор за асистент). Во последниот тригодишен период, забележителни се следниве презентации:

8. S. Gjorgiev, E. Stoimenoiva, A. Gacovska-Barandovska, *On estimation procedures of Odd Lindley–Half Logistic model, its properties and applications* - 20th Annual Meeting of the Bulgarian Section of SIAM, Софија, Бугарија, декември 2025.

9. С. Ѓоргиев, А. Гацовска-Барандовска, *Формални математички пристапи кон решавање на натпреварувачки економски задачи,* Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки. Скопје, ноември 2025

10. С. Ѓоргиев, Е. Целакоска, В. Целакоска, *Интуитивен геометриски пристап во решавањето на двојни интеграли кај студенти по математика и машинство* - Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки. Скопје, ноември 2025.

11. С. Ѓоргиев, *Значењето на математичката и финансиската писменост во секојдневното живеење,* Ноември – месец на науката 2024, Скопје, ноември 2024.

12. С. Ѓоргиев, *Некои проблеми од теоријата на веројатност* – Седми семинар за математика и примени, Скопје, март 2024.

13. С. Ѓоргиев, *Илустрација на методот на разгледување на случаи во проблеми од комбинаторика* - Четврта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Скопје, ноември 2023.

14. С. Ѓоргиев, Е. Зеќири, В. Манова-Ераковиќ, И. Стојковска, *Мерење и подобрување на нивото на статистичка писменост на студентите од прва година на додипломски студии по биологија* – VII македонски математички конгрес, Струга, јуни 2023.

15. С. Ѓоргиев, А. Гацовска Барандовска, *Определување вредност под ризик користејќи ја теоријата на екстремни вредности на финансиски множества податоци* – VII македонски математички конгрес, Струга, јуни 2023.

Во текот на својата работа, учествувал во три проекти и повеќе обуки, семинари, школи и олимпијади. Во претходниот тригодишен период, учесник е во еден национален проект, остварил еден студиски престој, а бил дел и од повеќе организирани настани од научен и научно-популарен карактер:

- проект „Оцени за елипсоиди во класични и неевклидови геометрии“, МОН, 2024 – 2026, раководител: проф. д-р Мартин Лукаревски, УГД, Штип (како помлад истражувач);

• престој во рамки на ЕРАЗМУС+ програмата, на Бугарската академија на науките (БАН), јуни 2025, Софија, Бугарија, под менторство на д.м.н Евгенија Стоименова;

• водач и координатор на Математичката олимпијада за студенти од Југоисточна Европа (SEEMOUS 2026), март 2026, Пафос, Кипар;

• 20th Annual Meeting of the Bulgarian Section of SIAM, Софија, Бугарија, декември 2025;

• предавач на Есенската математичка школа 2025, Сојуз на математичари на Македонија, октомври – декември 2025;

• Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки. Скопје, ноември 2025;

• предавач на Обука за интеграција на финансиската едукација во редовната и додатната настава по математика, КОМФСН, ноември 2025;

• водач на Меѓународната економска олимпијада, јули 2025, Баку, Азербејџан;

• водач на Меѓународната економска олимпијада, јули 2024, Хонг Конг, Кина;

• Седми семинар за Математика и примени, Скопје, март 2024;

• водач на Меѓународната економска олимпијада, јули 2023, Волос, Грција;

• Обука за стратегии за поттикнување на креативноста во наставата по математика, 7. Македонски математички конгрес, јуни 2023, Струга;

• Четврта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, Скопје, ноември 2023;

• VII македонски математички конгрес, Струга, јуни 2023.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес:

М-р Стево Ѓорѓиев, од време на своите студии, па до денес, активно членува и учествува во многу активности врзани за популаризација на математиката во нашата држава, во организација на Институтот за математика и Сојузот на математичари на Македонија, а во последниот тригодишен период активно учествува како:

1. член на Сојуз на математичари на Македонија;
2. член на Комисија за избор на задачи и спроведување на натпреварите по математика за учениците од основното образование;
3. член на Комисија за избор на задачи и спроведување на натпреварите по математика за учениците од средното образование;
4. член на Комисија за организирање и избор на задачи за Македонската економска олимпијада;
5. член на Уредувачки одбор на популарното математичко списание „Нумерус“, СММ, Скопје;
6. главен уредник на рубриката „Конкурсни задачи“ во популарното математичко списание „Нумерус“ (2022 – 2024);
7. член на Одбор за организирање и спроведување на натпреварите по математика за учениците од основното образование (2022-денес)
8. член на тимот при СММ за подготовка на предлог проблеми за меѓународните економски олимпијади (2023 – денес);
9. член на тимот при СММ за подготовка на македонскиот тим на Меѓународната економска олимпијада;
10. член на Дисциплинска комисија при Природно-математички факултет – Скопје (2023 – 2024);
11. член на Комисија за самоевалуација при Природно-математички факултет – Скопје (2024 – денес)
12. член на Комисија за оценување на демонстрации на настанот „Ноември – месец на науката“, 2025;
13. член на жири-комисија за оценување на Бизнис студија на Меѓународната економска олимпијада (IEO 2025);
14. член на комисија за оценување на демонстрации на настанот „Ноември месец на науката“, 2024;

15. член на жири-комисија за оценување на Бизнис-студија на Меѓународната економска олимпијада (IEO 2024);
16. член на Комисија за оценување на проекти на спортско-научната манифестација ПРИМАТИЈАДА 2024.

Во последниот тригодишен период, кандидатот бил дел од организацијата и спроведувањето на голем број настани, меѓу кои се следниве: Деветти семинар „Математика и примени“, март 2026; Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, ноември 2025; 29. Јуниорска балканска математичка олимпијада (ЈБМО), Струга, јуни 2025; Осми семинар „Математика и примени“, март 2025; Седми семинар „Математика и примени“, март 2024; Четврта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, ноември 2023; Есенска математичка школа 2023 (ЕМШ 2023); VII македонски математички конгрес 2023.

Со својата посветеност и работа, постигнува успеси и како ментор на учесниците кои ја претставуваат државата на Меѓународната економска олимпијада. За тоа сведочат освоените медали од страна на учениците и наградите за м-р Стево Ѓоргиев како водач на тимовите:

- 2025, ментор на ученици кои освоиле бронзени медали на Меѓународната економска олимпијада 2025 (IEO 2025);
- 2023, ментор на ученик кој освоил бронзен медал на Меѓународната економска олимпијада 2023 (IEO 2023).

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Стево Ванчо Ѓоргиев
(име, татково име и презиме)
Институција: Природно-математички факултет, Институт за математика
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: математика (1.01.00.01)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	**ДА**
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: математика	**ДА**
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,54.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00.**	**ДА**
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 4. Датум на издавање на документот: 13.2.2026	**ДА**

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, како и познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Стево Ѓоргиев во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени со Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Имајќи ги предвид квалитетите на кандидатот, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Стево Ѓоргиев, да биде повторно избран во звањето асистент по група предмети од наставно-научната област математика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Анета Гацовска-Барандовска, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.
Д-р Весна Манова-Ераковиќ, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.
Д-р Весна Целакоска-Јорданова, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ“ ОД М-Р БОЈАНА ДИМОВСКА ГОНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26 март 2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Димовска Гоновска со наслов: МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ, во состав: проф. д-р Марина Стефова (претседател), проф. д-р Билјана Јорданоска Шишкоска (член), проф. д-р Јасмина Петреска Станоева (член), проф. д-р Јулијана Цветковиќ (член) и проф. д-р Трајче Стафилов (ментор).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Димовска Гоновска, со наслов: МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ, содржи 183 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 9 за фусноти, 192 библиографски единици. Трудот е структуриран во 9 поглавја: ВОВЕД, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОЧВИ И ТУТУН, ИСПИТУВАНИ ОБЛАСТИ, ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ, ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРИМЕНЕТИТЕ ТЕХНИКИ, РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, ЗАКЛУЧОЦИ, ЛИТЕРАТУРА и ПРИЛОЗИ. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во ВОВЕДОТ, кандидатката зборува за почвата која е основен столб на земјоделското производство и претставува клучен мултифункционален медиум за одгледување и развој на различни земјоделски култури. И покрај нејзините бројни витални функции, почвата не е отпорна на еколошкиот дисбаланс, што го нагласува значењето на постојаниот мониторинг на нејзините својства. Прецизното утврдување на концентрациите на макро- и микроелементите, како и остатоците од пестициди во почвата и растенијата е клучно за разбирање на нејзините агрохемиски својства. Укажано е дека континуираната контрола на присуството на токсични компоненти во почвата кои можат да ја надминат дозволената граница е од суштинска важност за обезбедување висок квалитет на земјоделските производи. Преку растенијата, токсичните материи можат да се пренесат во синџирот на исхрана, директно влијаејќи на здравјето на животните и луѓето. Затоа, управувањето со почвата и нејзината заштита се неопходни за одржливото земјоделство и заштитата на животната средина. Од своја страна, растенијата претставуваат природни филтри кои ги апсорбираат и акумулираат загадувачите од воздухот, почвата и водата. При тоа, тутунот, како земјоделска култура, се издвојува со својата способност за акумулација на тешки метали и остатоци од пестициди, дури и кога се одгледува на релативно незагадени почви. Ова особено се однесува на ориенталниот тутун, кој поради специфичните климатски и почвени услови, претставува една од најзначајните земјоделски култури во Северна Македонија. Иако неговото производство има огромно економско значење, важно е да се спроведуваат редовни анализи за присуството на тешки метали и резидуи од пестициди со цел да се обезбеди неговата безбедност и да се минимизираат ризиците врз здравјето на луѓето и животната средина. Имајќи го предвид значењето на одгледувањето на тутунот за земјоделскиот и економскиот сектор во Северна Македонија, како и неговата

чувствителност кон акумулацијата на тешки метали и пестициди, оваа докторска работа се фокусира на испитување на застапеноста на тешките метали и резидуите од пестициди во почвите од главните региони во земјата каде што се одгледува тутун. Со тоа ќе се обезбедат податоци за нивното ниво и ќе се придонесе за подобрување на квалитетот на земјоделската почва.

Поглавјето ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОЧВИ И ТУТУН е поделено на четири потпоглавја. Во првото потпоглавје, именувано како „Микро- и макроелементи во почвата“, е даден преглед на значењето на застапеноста на различните хемиски елементи во почвата од аспект на способноста на растенијата да вршат нивна атсорпција од почвата како и од другите медиуми на животната средина. Нагласено е дека одредени видови растенија имаат способност да апсорбираат и акумулираат тешки метали кои немаат значајни биолошки функции во нивната исхрана и развој. Сепак, од аспект на предметот на докторската дисертација, посебно внимание е посветено на способноста на тутунот како познат акумулатор на тешки метали дури и кога се одгледува на незагадени почви. Обработливата почва содржи голем број на органски, неоргански и органометални соединенија. Од друга страна, заради постигнување на стабилен принос, употребата на различни супстанции кои содржат метали значајно е зголемена, а апликацијата на микроелементи како Cu, Zn, Fe, Mn и B е вообичаен агротехнички зафат. Овие елементи се најчесто во составот и формулацијата на разните сложени неоргански ѓубрива кои се користат во земјоделството, со што се врши дополнително загадување на почвите со овие елементи. Во ова потпоглавје, посебно внимание е посветено и на некои од есенцијалните елементи, како што се азотот, фосфорот, калиумот, калциумот и магнезиумот, чие присуство во почвата треба да се проверува и регулира на годишно ниво. Од микроелементите, акцентот е ставен на значењето на следењето на присуството на железото, манганот, бакарот, оловото, цинкот, кадмиумот и други микроелементи.

Во второто потпоглавје под наслов „Агрохемиски параметри на почвата”, детално се опишани најважните агрохемиски параметри на почвата од аспект на успешно земјоделско производство: механички состав на почвата, pH на почвата и присуството на органски материи во почвата. Во третото потпоглавје под наслов „Значење на тутунот како земјоделска култура“, детално е опишано значењето на ориенталниот тутун. Во четвртото потпоглавје под наслов „Пестициди и остатоци од пестициди во почва“, значително внимание е посветено на примената и видовите на пестициди кои се применуваат во тутунопроизводството. При тоа, најголемиот дел од ова потпоглавје се однесува на карактеристиките на дитиокарбаматните пестициди.

Во поглавјето ИСПИТУВАНИ ОБЛАСТИ, даден е детален опис на трите најзначајни региони за производство на тутун во Северна Македонија, а кои се предмет на истражување во рамките на докторската дисертација: Пелагонискиот, Југоисточниот и Вардарскиот Регион. Во ова поглавје, даден е и опис на геолошките карактеристики на испитуваните области, со посебен осврт на карактеристиките на почвите.

Поглавјето ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ е поделено на два дела. Првиот дел, именуван како „Анализа на почвени примероци со масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-MS)“, детално е опишан начинот на земање на примероците од почва од испитуваните региони, нивната подготовка и анализа. Имено, примероците од почвата се екстрахирани со метод ISO 11466, со користење на HCl и HNO_3, во сооднос 3:1 со примена на лабораториски микробранов систем. Анализите со масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-MS) се извршени во Истражувачкиот институт за аналитичка инструментација при Универзитетот во Клуж, Романија. За таа цел е користен масен спектрометар со индуктивно спрегната плазма модел SCIEX Perkin Elmer Elan DRC II (Canada) со единечен квадрупол како детектор. Контрола на квалитетот на мерењата е извршена со методот на стандардни додатоци, при што аналитичкиот принос се движи од 98,2 до 100,8 %. Исто така, проверката е извршена со анализа на сертифицирани референтни материјали од почви. Со оваа техника е определена содржината на 51 хемиски елемент: Ag, Al, As, Ba, Br, Cd, Ce, Co,

Cr, Cs, Cu, Dy, Er, Eu, Fe, Ga, Gd, Hf, Hg, Ho, I, K, La, Lu, Mg, Mn, Mo, Na, Nb, Nd, Ni, P, Pb, Pd, Pr, Rb, Sb, Sc, Se, Sm, Sr, Tb, Ti, Tl, Tm, V, W, Y, Yb, Zn, Zr. Освен овие елементи, со сите примероци се анализирани и поважните агрохемиски параметри како што се: содржина на глина, хумус, калиум, азот и фосфор како и pH во воден раствор и раствор од KCl. Вториот дел од поглавјето ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ со наслов „Анализа на дитиокарбаматни пестициди во почва“, детално е опишан разработениот нов метод за определување на дитиокарбаматни пестициди во почва. Методот се заснова на оптимизација и имплементација на гасно-хроматографска метода за анализа на остатоци од дитиокарбамати во почвени матрици, со примена на фронтално инјектирање (headspace), базирана на претходна киселинска хидролиза и екстракција на јаглерод дисулфид (како примарен продукт на разградба) во изооктан. Методот е валидиран со користење на пестицидот манкозеб за да се оценат неговите аналитички перформанси и соодветноста за реална примена, а потоа е успешно применет за испитување на почвени примероци контаминирани со пестицидите манкозеб и тирам.

Петтото поглавје, ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРИМЕНЕТИТЕ ТЕХНИКИ, поделено е во три потпоглавја. Во првото потпоглавје под наслов „Анализа на резидуи од пестициди во почва“, опишани се најважните постапки во подготовката и обработката на примероците од почва за анализа на резидуи од пестициди во почва (екстракција, пречистување на примерокот, сепарација и детекција на остатоците од пестициди како и опис на современите методи за анализа). Во второто потпоглавје, „Масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-MS)“, детално се опишани принципите на работа на масената спектрометрија со индуктивно спрегната плазма, со посебно внимание на начинот на добивањето и својствата на индуктивно спрегната плазма, процеси во плазмата и основните принципи на масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма. Во третото потпоглавје („Гасна хроматографија”), пак, прикажани се основните принципи на гасната хроматографија, како и на спрегнатата гасна хроматографија со масената спектрометрија.

Шестото поглавје под наслов РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА има три потпоглавја: „Определување на дитиокарбаматни пестициди и GC-MS анализа”, „Определување на агрохемиски параметри на почвите од тутунските полиња од трите производствени региони во Северна Македонија” и „Дистрибуција на хемиски елементи во почви од тутунски полиња од трите производствени региони во Северна Македонија”

Во првото потпоглавје, детално се опишани постапките за оптимизација на постапката за екстракција и определување на остатоци од дитиокарбаматни пестициди во почвени матрици со примена на гасна хроматографија спрегната со масена спектрометрија (GC-MS), со цел да се постигне висока селективност, осетливост, точност и прецизност. Методот се заснова на индиректна анализа на јаглерод дисулфид со GC–MS во режим на следење на селектирани јони (SIM). За таа цел, почвите се третирани со реагенс за хидролиза ($SnCl_2$ во раствор од HCl) и додаден е изооктан со собирање на добиениот CS_2. По одредено време на загревање и ладење, во одреден волумен од екстракот се анализира создадениот CS_2 со применета на фронтално инјектирање (анг. headspace) GC-MS со претходно оптимирани услови на работа. Валидацијата е извршена со пестицидот манкозеб, при што е добиена добра линеарност (R^2 = 0,9935), со граници на детекција и квантификација од 0,6 и 2,0 μg/g почва, соодветно. Аналитичкиот принос е задоволителен (62,8 – 99,9 %), со релативни стандардни девијации пониски од 20 %. Методот е успешно применет за анализа на реални почвени примероци третирани со манкозеб со различни техники на апликација, при што се детектирани концентрации во опсег од 1,94 до 5,40 μg/g почва. Дополнително, неговата применливост е потврдена и за фунгицидот тирам, при што е утврдена значајна деградација во период од 15 дена, од приближно 25 μg/g на 4 μg/g.

Во второто потпоглавје од поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, презентирани се резултатите од определувањето на најважните **агрохемиски и физички параметри на почвата**: содржина на глина, хумус, калиум, азот и фосфор, како и pH во воден раствор и раствор од KCl. Добиените резултати се обработени со дескриптивна статистика за трите региони преку определување на средните вредности,

медијаната, трансформираната средна вредност според Box–Cox, минималните и максималните вредности, како и перцентили (P_{10}, P_{25}, P_{75}, P_{90}), стандардната девијација, средното апсолутно отстапување, асиметријата, ексцесот и нивните соодветните вредности по Box-Cox трансформацијата. Исто така, подготвени и презентирани се и карти на просторна дистрибуција на сите испитувани параметри со детални толкувања на добиените резултати за секој параметар. Утврдено е дека основните агрохемиски својства на почвите од овие региони не покажуваат значајни варијации во текот на двете анализирани години (2021 и 2022). Тие се со изразена просторна хетерогеност, која ја рефлектира комбинацијата од педогенетски процеси, литолошка подлога и долготрајни земјоделски практики и дека текстурата е идентификувана како еден од највлијателните фактори. Така, утврдено е дека лесните, добро аерирани почви во Радовиш – Струмица создаваат поволни услови за развој на ароматични типови тутун, додека потешките иловични почви во Пелагонија и Велес укажуваат на потенцијално поголема способност за задржување на хранливите материи.

Во рамките на третиот дел од поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА, презентирани се резултатите од истражувањата од определувањето на содржината на 52 макро- и микроелементи (Ag, Al, As, Ba, Br, Cd, Ce, Co, Cr, Cs, Cu, Dy, Er, Eu, Fe, Ga, Gd, Hf, Hg, Ho, I, K, La, Lu, Mg, Mn, Mo, Na, Nb, Nd, Ni, P, Pb, Pd, Pr, Rb, Sb, Sc, Se, Sm, Sr, Tb, Ti, Tl, Tm, V, W, Y, Yb, Zn, Zr.) со примена на масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (ICP-MS), при што добиените податоци се обработени со примена на описна статистика, корелациона анализа, мултиваријантни статистички техники и геостатистичко мапирање на просторната распределба. Со факторната анализа се идентификувани четири доминантни геохемиски асоцијации: F1 (Cu, Zn, Ga, Na, K, Ni, Co, Fe, V, Al, Cr, Sc, Mg), која, главно, го одразува литогениот состав со локални индустриски влијанија; F2 (Tl, Cs, Sn, Rb), во која преовладуваат геогени литофилни елементи со висока јонска подвижност; F3 (Pb, Mo, Ba, As, Mn), која укажува на комбинација од природни сулфидни извори и антропогени придонеси; и F4 (HREEs, LREEs, Y), поврзана со магматско-метаморфниот состав на подлогата и локализирани геохемиски промени карактеристични за одредени делови од испитуваните региони. Резултатите од истражувањето покажаа дека содржините на микроелементите во испитуваните почви се значително пониски во однос на националните и европските референтни вредности, при што сите утврдени параметри ги задоволуваат меѓународно утврдените стандарди за квалитет на почвата. Ова укажува на ниско ниво на акумулација на потенцијално токсични елементи и потврдува задоволително ниво на еколошка безбедност на почвите во испитуваните региони. Во целина, добиените резултати ја нагласуваат комплексната интеракција помеѓу природните геолошки фактори и антропогените активности во обликувањето на геохемијата на земјоделските почви и обезбедуваат цврста научна основа за одржлива проценка на квалитетот на почвите, рационална употреба на пестициди и воспоставување на долгорочни програми за еколошки мониторинг во тутунопроизводните системи.

Во поглавјето ЗАКЛУЧОК, сумирани се резултатите кои се изнесени и дискутирани во докторатот. Како најважни заклучоци овде се наведени фактите дека кандидатката разработила и валидирала метод базиран на гасна хроматографија со фронтално инјектирање за определување на остатоци на дитиокарбаматни пестициди во почва. Методот се заснова на контролирана киселинска хидролиза, екстракција на јаглерод дисулфид во изооктан и последователна GC–MS анализа во SIM-режим. Валидацијата, спроведена со манкозеб како репрезентативен дитиокарбаматен пестицид, ја потврди неговата осетливост, точност и прецизност, а успешната примена и кај почви контаминирани со пестицидите манкозеб и тирам ја демонстрира практичната вредност на методот како аналитичка алатка за мониторинг на дитиокарбаматни пестициди во агроеколошки и еколошки студии. Покрај аналитичкиот аспект, во докторската дисертација се презентирани и реултати од агрохемиски испитувања на почвите од трите назначајни региони наменети за производство на ориентален тутун во Северна Македонија (Пелагониски, Вардарски и Југоисточен) во текот на 2021 и 2022 година. Основните својства покажале стабилност

во текот на двете анализирани години, но со изразена просторна хетерогеност која ја рефлектира комбинацијата од педогенетски процеси, литолошка подлога и долготрајни земјоделски практики. Од друга страна, резултатите од геохемиската анализа на застапеноста на голем број макро- и микроелементи покажува дека нивните концентрации во почвите од овие региони се значително пониски од националните, европските и меѓународните референтни вредности, што укажува на минимална акумулација на потенцијално токсични елементи и еколошка безбедност. Со мултиваријантните статистички анализи се идентификувани четири јасни геохемиски асоцијации кои ја рефлектираат доминантната улога на литогените процеси, но и ограничените антропогени влијанија поврзани со индустриски, рударски и земјоделски активности. Просторната дистрибуција дополнително го потврди доминантното влијание на природните геолошки процеси, со локализирани, јасно измерливи антропогени модификации во регионите Пелагонија, Радовиш – Струмица и Велес. Сумирано, ова истражување обезбедува цврста аналитичка, агрохемиска и геохемиска основа за почвите наменети за производство на ориентален тутун во Северна Македонија.

Последното поглавје од докторската дисертација е поглавјето ЛИТЕРАТУРА, во кое се цитирани 192 библиографски единици. Најголемиот дел од овие библиографски единици се однесуваат на оригинална научна литература.

На крајот од докторската дисертација е даден ПРИЛОГ, во кој дополнително табеларно се прикажани податоците за сите локации од кои се земени примероците од почва за секој регион со информации за координатите, надморската височина, како и геолошката и педолошката единица во која припаѓа одредената локација. Во прилогот се дадени и табелите со матриците на корелација на анализираните елементи и клучните педолошки параметри. Исто така, во прилогот се дадени и картите на просторна распределба на содржината на елементите кои припаѓаат на Фактор 1 (Ga, Na, K, Co, V и Sc), Фактор 2 (Tl и Sn) и Фактор 3 (Ba и Mn).

ОЦЕНКА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Димовска Гоновска, со наслов: МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ, претставува оригинално истражување во областа на хемијата (аналитичка хемија и хемија на животната средина). На тоа укажува и фактот што од истражувањата реализирани во рамките на оваа докторска дисертација објавени се два труда, од кои едниот е прифатен за објавување во списание со фактор на влијание.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација од кандидатката бара многу посветено време, знаење и вештини не само на полето на аналитичката хемија, туку и за совладување на вештини од областа на хемијата на животната средина и агрохемијата. Покрај интелектуалниот напор кој кандидатката го вложува за стекнување сознанија за анализите на земјоделските почви, од презентираните резултати се гледа дека кандидатката се оспособила и за развивање, валидирање и примена на методи за определување на дитиокарбаматни пестициди, од една страна, како и на различните агрохемиски параметри и содржина на голем број хемиски елементи со примена на високософистицирани спектрометриски техники, од друга страна. Добиените резултати се темелно обработени и соодветно презентирани и толкувани.

Имајќи го превид претходно кажаното, докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Димовска Гоновска, со наслов: МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ, според мислењето на Комисијата, ги исполнува основните услови и стандарди за квалитет на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, дел од резултатите ги објавила во **два** труда како прв автор, од кои едниот е прифатен за објавување во списание опфатено во базата **Web of Science** (списание со фактор на влијание):

1. **Bojana Dimovska Gonovska**, Biljana Jordanoska Shishkoska, Trajče Stafilov, Valentina Pelivanoska, Claudiu Tănăselia, Soil element analysis in tobacco cultivation areas of the Prilep region: Environmental and agricultural perspectives. *Journal of Agriculture and Plant Sciences*, **23**(1), 33-40 (2025). https://doi.org/10.46763/JAPS2523133dg
2. **Bojana Dimovska Gonovska**, Trajče Stafilov, Biljana Jordanoska Shishkoska, Robert Šajn, Claudiu Tănăselia, Geochemical characterisation of soils in major tobacco-growing regions of North Macedonia. *Bulgarian Journal of Agriculture Science*, **32**(6), (2027); прифатен за објавување на 28.01.2026 (IF=0.5).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Димовска Гоновска, со наслов: МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ, може да се заклучи дека дисертацијата претставува оригинално научно дело во кое кандидатката успешно разработила хроматографски методи за определување на дитиокарбаматни пестициди во почви како и анализа на голем број агрохемиски параметри и различни макро- и микроелементи со цел проценка на квалитетот на почвите од водечките тутунопроизводни региони во Северна Македонија. Повеќето проблеми со кои кандидатката се сретнала во текот на работата успешно ги разрешила, ползувајќи соодветни високософистицирани техники и научни сознанија. Заклучоците се научно издржани и имаат значително научно и практично значење. Дел од резултатите се отпечатени во два труда, од кои едниот е прифатен за објавување во меѓународно списание со фактор на влијание.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да овозможи одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Бојана Димовска Гоновска со наслов: МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марина Стефова, редовен професор, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Скопје, претседател, с.р.

Проф. д-р Билјана Јорданоска Шишкоска, редовен професор, Институт за тутут – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола, член, с.р.

Проф. д-р Јасмина Петреска Станоева, редовен професор, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член, с.р.

Проф. д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор (во пензија), Земјоделски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член, с.р.

Проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор (во пензија), Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 27.2.2026 година, за избор на наставник во сите научни звања во наставно-научната област стоматолошка протетика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1026/1, донесена на 18.3.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Наташа Ставрева, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и д-р Надица Јанева, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Катедрата за стоматолошка протетика, во предвидениот рок се пријави д-р Анета Ангеловска.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Анета Ангеловска е родена на 18.6.1972 година, во Скопје. Средно образование завршила во УСО „Никола Карев“ во Скопје, во 1991 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1997 година. Дипломирала на 28.11.1997 година, со просечен успех 9,80.

Во 1995 година, д-р Ангеловска добила Диплома за најдобар студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за учебната 1994/1995 година од Сојузот на студенти при УКИМ – Скопје. Во 1998 година, по повод Денот на здравјето, Македонското лекарско друштво ѝ доделило Признание за најдобар студент во 1997 година.

Од април 2003 година, се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика. Од октомври 2009 година, се здобила со звањето супспецијалист по реконструктивна виличнолицева протетика.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик – ниво Ц1.

Во учебната 1998/1999 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила на 4.7.2012 година, со просечен успех 10,00. На 4.7.2012 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Евалуација на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен кај носители на тотални протези“.

Докторска дисертација пријавила во 2021 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Евалуација на промените на структурите на орофацијалниот систем при протетичка рехабилитација со имедијатни и конвенционални протези“ ја одбранила на 3.4.2025 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Билјана Капушевска, проф. д-р Гордана Ковачевска, проф. д-р Јадранка Бундевска, проф. д-р Сашо Еленчевски и проф. д-р Јулијана Николовска.

Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошка протетика.

Во март 2004 година е избрана во звањето помлад асистент на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во областа стоматолошка протетика, во 2021 година е избрана за асистент, а реизбрана е во истото звање во 2023 година.

Во моментот е асистент во областа стоматолошка протетика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1294, од 1.11.2023.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 946, бр. 1230 и бр. 1294, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, кандидатката д-р Анета Ангеловска изведува практична настава на прв циклус студии на студиските програми за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и на стручни стоматолошки сестри на Стоматолошкиот факултет. Исто така, активно е вклучена во изведувањето на практичната клиничка едукација на специјалистичка настава за специјализантите по стоматолошка протетика, како и во едукација за реализација на задолжителниот стаж на Клиниката за стоматолошка протетика.

Научноистражувачка дејност

Д-р Анета Ангеловска активно учествувала на бројни домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и стручни состаноци со пленарни, усни и постерски презентации. Полиња на професионален интерес ѝ се промени на алвеоларните гребени кај беззабни пациенти, максилофацијална и реконструктивна протетика и друго.

Д-р Анета Ангеловска има објавено вкупно 39 научни трудови од областа на стоматологијата и стоматолошката протетика, од кои 6 научни труда во научни списанија со фактор на влијание, 6 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во зборник на трудови и 25 труда во зборници од научни собири.

Учествувала како член во реализацијата на еден проект.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Ас. д-р Анета Ангеловска е член на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД Скопје, и активно е вклучена во неговата работа како предавач или модератор на симпозиумите што ги организира. Член е на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ), каде што била активно вклучена во општински регионални одбори. Добитник е на благодарници за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво, по повод 10 и 20 години од неговото осамостојување, како и благодарници од Стоматолошкиот факултет за придонес во развојот и афирмацијата на Факултетот по повод јубилеите 50, 60 и 65 години постоење.

Посетувала стручни, стручно-едукативни и секциски состаноци и учествувала на работилници, симпозиуми, тренинг-курсеви, годишни собранија и конгреси, за што поседува и соодветни сертификати.

Во 2006 година учествувала на Обуката за едукатори во рамките на проектот на Министерството за здравство, за управување со здравствениот сектор и модернизирање на едукативниот дел од процесот на лиценцирање и се здобила со сертификат за едукатор.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Универзитетот Aristotelis во Солун, Република Грција, кај проф. д-р Д. Капари, во траење од три месеци, каде што била активно вклучена во наставната и научноистражувачката работа на стоматолошкиот оддел.

Д-р Анета Ангеловска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ – Скопје, за што има добиено Признаница за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година; исто така, била вклучена во повеќе комисии за изготвување на конзилијарно мислење, како и во комисии за вработување на нови кадри. Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес.

Била вклучена во Комисија за доделување на лиценци за работа за вршење секундарна здравствена дејност на приватни ординации, при Министерството за здравство, како заменик-претседател.

Од 2006 година била член на редакцискиот одбор на информативното гласило на Стоматолошкиот факултет – Стоматолошка ревија, каде што објавила ревијални трудови.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката ас. д-р Анета Ангеловска, во учебната 2024/2025 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Анета Ѓорги Ангеловска
Институција: Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: стоматолошка протетика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,80. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
2.	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: стоматолошка протетика; поле: други медицински науки/дентална медицина; подрачје: медицински и здравствени науки.	да
3.	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: International Organization of Scientific Reserch Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index 3. Наслов на трудот: Oral Tissue Differences Among Conventional and Immediate Dentures. 4. Година на објава: 2024 1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index 3. Наслов на трудот: Evaluation of mandibular alveolar ridge resorption in complete denture wearers.	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	4. Година на објава: 2024 1. Назив на научното списание: Acta Stomatologica Naissi 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Ebsco 3. Наслов на трудот: Comparative analysis of accuracy and precision in complete dentures fabricated using CAD/CAM vs. conventional techniques. 4. Година на објава: 2024 1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index 3. Наслов на трудот: Threatment of patients with pain deriving from musculus masseter. 4. Година на објава: 2025 1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) 2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index 3. Наслов на трудот: Problems of adaptation to complete dentures in completely edentulous patients. 4. Година на објава: 2026	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 6. Назив на зборникот: Abstract book 7. Назив на меѓународниот собир: 29th BaSS Congress, Belgrade 2025 8. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, Америка 9. Наслов на трудот: Changes of oral tissues in patients with conventional and immediate removable dentures 10. Година на објава: 2025 1. Назив на зборникот: Abstract book 2. Назив на меѓународниот собир: 12th BaSS Congress, Istanbul, Turkiye 2007 3. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, Америка 4. Наслов на трудот: Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems 5. Година на објава: 2007 1. Назив на зборникот: Abstract book	да

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	2. Назив на меѓународниот собир: 5th BaSS Congress, Thessaloniki, Greece, 2000 3. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, Америка 4. Наслов на трудот: Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading 5. Година на објава: 2000	
4.	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 5. Странски јазик: англиски Ц1 6. Назив на документот: Уверение за познавање англиски јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 7. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 8. Датум на издавање на документот: 27.2.2026.	да
5.	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Анета Ѓорги Ангеловска
Институција: Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: стоматолошка протетика

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Докторска дисертација: „Евалуација на промените на структурите на орофацијалниот систем при протетичка рехабилитација со имедијатни и конвенционални протези“ Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2025 година.	
	Магистерски труд: „Евалуација на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен кај носители на тотални протези“, Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2012 година.	
1.	**Учесник во национални научни проекти**	
	Меѓународен проект на Министерство за здравство и Стоматолошка комора: Проект за управување со здравствениот сектор, акредитирана програма за обука на клучни тренери: едукатори, испитувачи и ментори, лекари, стоматолози и фармацевти на Република Македонија, 2006 год. (едукатор)	**3**
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание со импакт-фактор, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8)**	
2.1	Petrushevska I, Petrevska M, Bogdanovska B, **Angelovska A.** The influence of orthodontic therapy on periodontal health: a contemporary literature review. GSJ:2026;14(1) Online:2320-9186. **IF=4,1** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38794	4,8 + 4,1 = 8,9
2.2	Gjorgievski V, Jankulovski P, **Angelovska A.**, Sabanov E. Problems of adaptation to complete dentures in completely edentulous patients. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2026;25(2):44-7. **IF=5,164** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38795	4,8+5,164 = 9,964
2.3	Bogdanovski I, Kapusevska B, Pejkovska Shahpaska B, **Angelovska A.** Threatment of patients with pain deriving from musculus masseter, IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2025;24(1):8-13. **IF=5,164** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38792	4,8+5,164 = 9,964

2.4	**Angelovska A.** Oral tissue differences among conventional and immediate dentures. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2024;23(12):1-7. **IF=5,164** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38793	8+5,164 = 13,164
2.5	**Angelovska A.**, Bogdanovski I, Bogdanovska B, Kapusevska B, Bundevska J. Evaluation of mandibular alveolar ridge resorption in complete denture wearers., Journal of Dental and Medical Sciences International Organization of Scientific Research (IOSR-JDMS), 2024;23(12):53-8. **IF=5,164** http://hdl.handle.net/20.500.12188/32255	4,8+5,164 = 9,964
2.6	Janeva N, Elencevski S, Jurukovska SotarovskaV, Stavreva N, Dastevski B, **Angelovska A.**, Sulejmani M, Lazarevska B, Naumovski B, Avramov N. Comparative analysis of accuracy and precision in complete dentures fabricated using CAD/CAM vs. conventional techniques. Acta Stomatol Naiss. 2024;40:2873-83. Scopus, SCImago **IF=0,104** http://hdl.handle.net/20.500.12188/32764	4,8 + 0,104= 4,904
	Вкупно:	**56,86**
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	
3.1	Poposki B, Ivanovski K, Georgieva S, Dirjanska K, Bundevska J, Panchevska S, **Angelovska A.**, Risteska N, Vejslo S. Нестимулирана и стимулирана саливација кај пациенти пред и по тотално протезирање (Unstimulated and stimulated salivation in patients before and after complete denture rehabilitation), Македонски стоматолошки преглед 2023;46(2):55-61.	3
3.2	Dejanoski K, **Angelovska A.**, Pancevska S, Popovska L, Janeva N. Modifications of impressions to prevent supporting tissues overloading. Balk J Stom. 2008;12:106-9.	3
3.3	**Ангеловска А.,** Велески Д, Велеска Д. Примена на акрилок-системите кај скелетирани протези. Македонски стоматолошки преглед 2006;30(2):237-42.	4
3.4	Велески Д, **Ангеловска А.**, Велеска Д. Современи ретенциони системи кај скелетирани парцијални протези, Македонски стоматолошки преглед 2006;30(1):133-8.	4
3.5	Бундевска Ј, Капушевска Б, **Ангеловска А**. Проценка на положбата на оклузалната рамнина во однос на точката Хi. Македонски стоматолошки преглед 2004;28(1-4): 119-22.	4
3.6	Дејаноски К, Велески Д, Спировска А, **Ангеловска А**. Отпечатоци за покровни протези, Journal of dentistry Apolonija 2002;4(7):31-7.	3
	Вкупно:	**21**
4.	**Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа**	

4.1	**Ангеловска А.** Стоматолошка ревија – Информативно гласило на Стоматолошкиот факултет во Скопје 2006;1(1):15-6.	2
4.2	**Ангеловска А.** Стоматолошка ревија – Информативно гласило на Стоматолошкиот факултет во Скопје 2007; 3(2):13.	2
	Вкупно:	**4**
5.	**Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција (1)**	
5.1	**Angelovska A.**, Stavreva N, Bogdanovski I, Pejkovska-Sahpaska B. Changes of oral tissues in patients with conventional and immediate removable dentures. 29th BaSS Congress, Belgrade 2025, Book of abstracts, pg. 326, OP:106.	1
5.2	**Ангеловска А.**, Јанева Н, Богдановска Б, Богдановски И. Разлики помеѓу промените на оралните ткива кај пациенти со класични и имедијатни протези. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 120 ОП:21.	1
5.3	Богдановска Б, **Ангеловска А.,** Лазаревска Б, Даскалова Б, Јусуфи Г, Јанева Н. Видови ретенциони апарати во ортодонцијата. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 156 ПП	1
5.4	Лазаревска Б, Богдановска Б, Даскалова Б, Јусуфи Г, Јанева Н, **Ангеловска А.** Клиничка употреба на конусно зрачна компјутеризирана томографија во споредба со панорамска радиографија при третман на импактиран максиларен канин: приказ на случај. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија, (Книга на апстракти), стр. 158 ПП:08	1
5.5	Ставрева Н, Јанева Н, Кузманоски С, **Ангеловска А.**, Сулејмани М, Игиќ М. Циркониум-оксидни реставрации за функционално естетско згрижување во детска возраст: приказ на случај. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија, (Книга на апстракти), стр. 188 ПП:23.	1
5.6	**Ангеловска А.,** Богдановски С, Бундевска Ј. Превенција на ресорптивни промени на алвеоларните гребени кај беззабни пациенти. 1. Конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 102.	1
5.7	Богдановски С, **Ангеловска А.,** Богдановска Б, Бундевска Ј. Имплантолошко-протетски третман кај пациенти со суптотална беззабност. 1. Конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 160.	1
5.8	Тантуровски Ф, Бундевска Ј, Богдановски С, **Ангеловска А.** Естетиката како фактор за изработка на нови тотални протези. 1. Конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 169.	1
5.9	**Ангеловска А.**, Богдановски С, Серафимовски П. Предоперативно планирање и изработка на максилофацијални протези кај пациенти со потешки	1

	хируршки интервенции во орофацијалната регија. 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год.	
5.10	Богдановски С, **Ангеловска А.**, Грнчаровски А. Демонтирање (отстранување) на дентални импланти без употреба на специјални инструменти за вадење (remover kit) - приказ на случаи. 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год.	1
5.11	**Angelovska A.**, Veleski D, Veleska D. Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems. 12th Congress of the BaSS, Istanbul, April, 2007, Book of abstacts, pg.47,(OP)	1
5.12	**Angelovska A.**, Veleski D, Dejanoski K, Veleska D. Some characteristics of acrylock systems in attachment-based dentures. 11th Congress of the BaSS, Saraevo, May, 2006, Book of abstacts, pg.118	1
5.13	**Ангеловска А.**, Дејаноски К, Панчевска С, Јанева Н. Најчести грешки при одредување на централна релација и можности за нивно избегнување. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 38 стр.	1
5.14	Бајевска Ј, **Ангеловска А.** Психички реакции поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти.	1
5.15	**Angelovska A.**, Dejanoski K, Elencevski S. Dentures fabrication by taking impressions from the neutral zone. 10th Congress of the BaSS, Belgrade, 11-14 May, 2005, Book of abstracts, pg.348	1
5.16	Elencevski S, Veleski D, **Angelovska A.**, Janeva N. Trauma and candidiasis in the ethiology of denture stomatitis and their therapy. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2005, Book of abstacts, pg.50	1
5.17	Костовски П, Боцевска Д, **Ангеловска А**. Отпечатување на неутралниот простор. 12. Меѓународен студентски конгрес, јуни 2005, Година, 35 стр. Книга на апстракти	1
5.18	**Angelovska A.**, Dejanoski K, Bundevska J. Oral rehabilitation in patient treated for oral carcinoma. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg. 277	1
5.19	**Angelovska A.,** Dejanoski K, Pejovska M, Pancevska S. Determination of the pharyngeal edge of complete dentures. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg. 50	1
5.20	Pancevska S, Dejanoski K, **Angelovska A.,** Elencevski S, Gigovski N. Treatment of complete denture problems associated with atrophic mandibular ridge. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg. 50	1
5.21	Elencevski S, Veleski D, Pancevska S, **Angelovska A.**, Veleska D. Reasons for appearance of stomatitis protetica and their removal. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg. 36.	1
5.22	Nedelkovska M, Matovska Lj, Bajevska J, Aleksova P, Miladinovska B, **Angelovska A.** Prosthodontic preventive measures in endodontic treated teeth. IX Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg. 270.	1

5.23	**Ангеловска А.**, Богдановски С, Јанева Н, Петкова С, Велеска Д. Односи на ширината и висината на лицето и на централниот горен инцизив, (Книга на апстракти), III конгрес на стоматолозите на Р Македонија, Охрид, 2002.	1
5.24	**Angelovska A.**, Dejanovski K, Pancevska S, Janeva N. Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading. V Congress of Balkan Stomatological Society, Thesaloniki Balkan Stomatological Society 2000: 12-3, 106-9.	1
5.25	Панчевска С, Дејаноски К, Бојациевска Л, **Ангеловска А.,** Даштевски Бл. Фацијални релации во долниот дел на лицето. Мак. мед. преглед. 1999; 53(supl.39):249	1
	Вкупно:	**25**
6	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
6.1	**Ангеловска А.** Споредбена анализа на имедијатни и конвенционални протези кај целосно беззабни пациенти: клинички промени и задоволство на пациентите. Симпозиум со меѓународно учество на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД Скопје, Скопје, 11.2025 г.	3
6.2	**Angelovska A.** Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading. V Congress of Balkan Stomatological Society, Thesaloniki 2000.	3
	Вкупно:	**6**
7	**Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација (1)**	
7.1	**Angelovska A.**, Stavreva N, Bogdanovski I, Pejkovska-Sahpaska B. Changes of oral tissues in patients with conventional and immediate removable dentures. 29th BaSS Congress, Belgrade 2025, Book of abstracts, pg. 326, OP:106.	1
7.2	**Ангеловска А.**, Јанева Н, Богдановска Б, Богдановски И. Разлики помеѓу промените на оралните ткива кај пациенти со класични и имедијатни протези, ОП:21. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр.120	1
7.3	**Angelovska A.**, Veleski D, Veleska D. Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems. 12th Congress of the BaSS, Istanbul, April, 2007, Book of abstacts, pg. 47, (OP)	1
7.4	**Angelovska A.,** Dejanoski K, Elencevski S. Dentures fabrication by taking impressions from the neutral zone. 10th Congress of the BaSS, Belgrade, 11-14 May, 2005, Book of abstracts, pg.348	1
7.5	**Angelovska A.**, Dejanoski K, Bundevska J. Oral rehabilitation in patient treated for oral carcinoma. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg.277	1
	Вкупно:	**5**
8.	**Учество на научен/стручен собир со реферат – постер (0,5)**	
8.1	**Ангеловска А.,** Богдановски С, Јанева Н, Петкова С, Велеска Д. Односи на ширината и висината на лицето и на	0,5

	централниот горен инцизив, (Книга на апстракти). III конгрес на стоматолозите на Р Македонија, Охрид, 2002.	
8.2	**Angelovska A.**, Dejanoski K., Pejovska M., Pancevska S. Determination of the pharyngeal edge of complete dentures. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg.50	0,5
8.3	Pancevska S., Dejanoski K., **Angelovska A.**, Elencevski S., Gigovski N. Treatment of complete denture problems associated with atrophic mandibular ridge. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.50	0,5
8.4	Elencevski S., Veleski D., Pancevska S., **Angelovska A.,** Veleska D. Reasons for appearance of stomatitis protetica and their removal. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.36.	0,5
8.5	Nedelkovska M., Matovska Lj., Bajevska J., Aleksova P., Miladinovska B., **Angelovska A.** Prosthodontic preventive measures in endodontic treated teeth. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.270	0,5
8.6	Elencevski S., Veleski D., **Angelovska A.,** Janeva N. Trauma and candidiasis in the ethiology of denture stomatitis and their therapy. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.50	0,5
8.7	Бајевска Ј., **Ангеловска А.** Психички реакции поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки. 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти.	0,5
8.8	**Ангеловска А.**, Дејаноски К., Панчевска С., Јанева Н. Најчести грешки при одредување на централна релација и можности за нивно избегнување. 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 38 стр.	0,5
8.9	**Ангеловска А.**, Богдановски С., Серафимовски П. Протетичка, естетско-социјална и функционална рехабилитација на пациенти по хируршки интервенции во орофацијалната регија (приказ на случаи). Симпозиум на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија со меѓународно учество, 3 – 4 јуни 2011 г.	0,5
8.10	Богдановски С., **Ангеловска А.**, Шуков А., Грнчаровски А. Естетско-функционална, имплантно-фиксна рехабилитација кај пациенти со различни типови на беззабност. Симпозиум на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија со меѓународно учество, 3 – 4 јуни 2011 г.	0,5
8.11	**Ангеловска А.**, Богдановски С., Серафимовски П. Предоперативно планирање и изработка на максилофацијални протези кај пациенти со потешки хируршки интервенции во орофацијалната регија, 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год.	0,5
8.12	Богдановски С., **Ангеловска А.**, Грнчаровски А. Демонтирање (отстранување) на дентални импланти без употреба на специјални инструменти за вадење (remover kit) – приказ на случаи. 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год.	0,5
8.13	**Ангеловска А.**, Богдановски С., Бундевска Ј. Превенција на ресорптивни промени на алвеоларните гребени кај беззабни	0,5

	пациенти. Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 102.	
8.14	Богдановски С., **Ангеловска А.,** Богдановска Б., Бундевска Ј. Имплантолошко-протетски третман кај пациенти со суптотална беззабност. Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 160.	0,5
8.15	Тантуровски Ф., Бундевска Ј, Богдановски С., **Ангеловска А.** Естетиката како фактор за изработка на нови тотални протези. Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 169.	0,5
8.16	Богдановска Б., **Ангеловска А**., Лазаревска Б., Даскалова Б., Јусуфи Г., Јанева Н., Видови ретенциони апарати во ортодонцијата. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија, (Книга на апстракти), стр. 156	0,5
8.17	Лазаревска Б., Богдановска Б., Даскалова Б., Јусуфи Г., Јанева Н., **Ангеловска А**. Клиничка употреба на конусно зрачна компјутеризирана томографија во споредба со панорамска радиографија при третман на импактиран максиларен канин: приказ на случај,пп 08. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 158	0,5
8.18	Ставрева Н., Јанева Н., Кузманоски С., **Ангеловска А.,** Сулејмани М., Игиќ М. Циркониум-оксидни реставрации за функционално естетско згрижување во детска возраст: приказ на случај, РР:23. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 188	0,5
	Вкупно:	**9**
	ВКУПНО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:	**129,86**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Експертски активности: стручна ревизија/стручно мислење**	
	Одл. бр. 03-2610/1 од 20.12.2022 година, Комисија за конзилијарен преглед од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје	**1**
2.	**Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството**	
	Специјалист во областа стоматолошка протетика, 2003 година	**2**
3.	**Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството**	
	Супспецијалист по реконструктивна вилично-лицева протетика, 2009 година	**1**
4.	**Студија, физибилити-студија**	

	Одл. бр. 05-265, 23.3.2011 година – член на работно тело за изготвување на елаборат или студија за висината на чинење на студиите за сите три студиски групи програми на Стоматолошкиот факултет во Скопје	**1**
5.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**	
	Утринска програма на ТВ Сител (од областа на стоматологијата)	**0,5**
	ВКУПНО СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ:	**5,5**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

1.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	
	Стоматолошка ревија – информативно гласило на Стоматолошкиот факултет во Скопје	0,5
2.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/ стручен собир**	
	Модератор на Симпозиум со меѓународно учество на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД, „Дигитални технологии и биолошки принципи во стоматолошката протетика“ Скопје, февруари 2026 година	0,5
3.	**Награда за научни постигнувања од струкова организација (3)**	
3.1	Благодарница за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво по повод 10 години осамостојување, 2015 година	3
3.2	Благодарница за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво, по повод 20 години самостојност, 2025 година	3
3.3	Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет по повод 50 години постоење, 2009 година	3
3.4	Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет по повод 60 години постоење, 2019 година	3
3.5	Благодарница за придонес во развојот и афирмацијата на Стоматолошкиот факултет по повод 65 години постоење на Факултетот, 2024 година	3
3.6	Признаница од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје, за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година	3
3.7	Признание од Македонското лекарско друштво за најдобар студент кој ги завршил студиите по стоматологија во 1997 година	3
4.	**Студиски престој во странство до три месеци**	
	Aristotle University of Thessaloniki, Faculty of dentistry, 15.2. – 30.4.2002	0,5
5.	**Член на здружение поврзано со струката**	
5.1	Член на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД Скопје	1
5.2	Член на Македонското стоматолошко друштво (МСД)	1
5.3	Член на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ)	1
5.4	Член на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS)	1
6.	**Учество во комисии и тела на државен и други органи (1)**	
6.1	Член на регионален одбор на РО на СКМ – Кисела Вода, 2018 година (Стоматолошка комора на Македонија)	1

6.2	Одл. бр. 03-1920/1 од 4.9.2023, Комисија за спроведување на селекција на здравствен работник со високо образование – доктор на стоматологија; Комисија формирана од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје	1
6.3	Одл. бр. 03-943/1 од 8.5.2023 година, Комисија за селекција на здравствен работник со ВСС – дипломиран забен техничар; Комисија формирана од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје	1
6.4	Одл. бр. 17-5329/1 од 1.7.2021 година, заменик-претседател на Комисија за доделување лиценци за вршење секундарна дејност стоматолошка протетика на ниво на секундарна здравствена заштита во мрежата на здравствени установи во РСМ; Комисија формирана од Министерство за здравство на РС Македонија	1
	ВКУПНО:	**30,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**129,86**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**5,5**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**30,5**
Вкупно:	**165,86**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, претседател, с.р.
Проф. д-р Наташа Ставрева, член. с.р.
Проф. д-р Надица Јанева, член, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Ангеловска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анета Ангеловска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **научен соработник** во научната област стоматолошка протетика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Анета Ангеловска да биде избрана во звањето **научен соработник** во научната област стоматолошка протетика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, претседател, с.р.
Проф. д-р Наташа Ставрева, член, с.р.
Проф. д-р Надица Јанева, член, с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОТОКОЛОТ НА ИРИГАЦИЈА ВРЗ МИКРОПРОПУСТЛИВОСТА КАЈ ЗАБИ ОПТУРИРАНИ СО РАЗЛИЧНИ ТЕХНИКИ“ ОД М-Р ЕМИРЕ ЧИТАКУ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18.3.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Емире Читаку со наслов: „Влијанието на протоколот на иригација врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники“, во состав: проф. д-р Соња Апостолска (претседател), проф. д-р Василка Ренцова (ментор), проф. д-р Лидија Поповска (член), проф. д-р Марина Ефтимоска (член) и проф. д-р Илијана Муратовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Емире Читаку, со наслов: „Влијанието на протоколот на иригација врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники“, содржи 139 страници компјутерски обработен текст во фонт *Times New Roman*, со единечен проред и големина на букви 12, со 141 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кој ја претставува **првата глава** на докторската дисертација, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката јасно ја дефинира научната и клиничката релевантност на истражувањето, ставајќи акцент на влијанието на иригациониот протокол врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники. Особено се нагласува дека микропропустливоста претставува критичен параметар за проценка на долгорочниот успех на ендодонтскиот третман, бидејќи е директно поврзана со ризикот од реинфекција. Со тоа, кандидатката успешно ја поставува основата на истражувачкиот проблем.

Понатаму, кандидатката убедливо укажува дека квалитетот на иригацијата има суштинско влијание врз крајниот исход. Во овој контекст, посебно внимание се посветува на ултразвучната активација на иригансите, која се претставува како клучен фактор за подобрување на дезинфекцијата преку подобра пенетрација, поефикасно отстранување на *smear layer*-от и нарушување на биофилмот. Со ова, кандидатката јасно ја нагласува улогата на современите иригациони протоколи како предуслов за намалување на микропропустливоста.

Во завршниот дел од воведот, кандидатката логично ја поврзува ефикасноста на иригациониот протокол, особено со примена на ултразвучна активација, со перформансите на различните техники на оптурација. Со тоа, воведот јасно ја оправдува потребата од систематско истражување на влијанието на протоколи за иригација врз микропропустливоста, останувајќи целосно во рамките на дефинираната тема.

Втората глава е насловена „Преглед на достигнувањата во дадената научна област, поврзани со предметот на истражување”. Во оваа глава, кандидатката прикажува обемен, систематски и критички осврт на современата ендодонтска литература, со јасен фокус на влијанието на иригационите протоколи врз микропропустливоста. Литературниот преглед опфаќа релевантни аспекти од морфологијата на коренскиот систем, микробиологијата, хемиската дезинфекција и современите оптурациски техники, при што кандидатката успешно ги интегрира класичните и најновите научни сознанија во кохерентна целина.

Кандидатката особено убедливо ја нагласува ограниченоста на механичката обработка и потребата од ефикасна хемиска иригација, при што посебен акцент се става на улогата на NaOCl, EDTA и нивната интеракција со биофилмот и *smear layer*-от. Во овој контекст, детално се анализира значењето на ултразвучната активација (PUI), која се претставува како клучен фактор

за подобрување на пенетрацијата на иригансите и нарушување на микробните структури во анатомски комплексните региони. Со тоа, кандидатката јасно ја позиционира активацијата како значаен фактор во намалувањето на микропропустливоста.

Покрај тоа, кандидатката критички ги разгледува различните техники на оптурација, вклучително топлата вертикална кондензација, единичниот конус и примената на биокерамички материјали, при што се нагласува дека нивната ефикасност е директно условена од претходната дезинфекција. Посебна вредност на овој преглед претставува интеграцијата на повеќе фактори, иригација, активација и оптурација, во единствен концепт, при што се потенцира нивната меѓусебна зависност. Со тоа, кандидатката убедливо ја оправдува потребата од понатамошно експериментално истражување насочено кон утврдување на оптималната комбинација која ќе обезбеди минимална микропропустливост, подобра клиничка предвидливост и оптимален терапевтски исход.

Третата глава е насловена „Образложение на работните хипотези и тези”. Во оваа глава, кандидатката јасно и логично ги формулира работните хипотези, целосно усогласувајќи ги со поставените цели на истражувањето. Нултата хипотеза (H_0), според која не постои статистички значајна разлика меѓу различните иригациони протоколи во однос на апикалната и коронарната микропропустливост кај заби оптурирани со различни техники, е соодветно поставена и претставува стабилна основа за понатамошна статистичка анализа.

Кандидатката понатаму ги формулира алтернативните хипотези на јасен и насочен начин, при што првата алтернативна хипотеза (H_1) ја истакнува улогата на ултразвучната активација на иригационите раствори како значаен фактор за намалување на апикалната и коронарната микропропустливост, независно од техниката на оптурација. Со ова, истражувањето се позиционира во согласност со современите научни тенденции кои ја потенцираат важноста на активираната иригација во подобрување на дезинфекцијата. Дополнително, втората алтернативна хипотеза (H_2) се однесува на влијанието на техниката на оптурација врз степенот на микропропустливост, со што кандидатката ја проширува анализата и на завршната фаза од ендодонтскиот третман. Ваквата поставеност на хипотезите овозможува сеопфатно испитување на поединечните и комбинираните ефекти на иригационите протоколи и оптурациските техники, обезбедувајќи цврста научна основа за валидно и релевантно експериментално истражување.

Кандидатката јасно ја дефинира основната цел на истражувањето, која се однесува на проценка на влијанието на протоколот на иригација врз апикалната и коронарната микропропустливост кај заби оптурирани со различни техники. Целта е јасно формулирана, научно релевантна и директно поврзана со актуелните предизвици во ендодонтската практика.

Специфичните цели се детално и систематски разработени, при што кандидатката предвидува проценка на микропропустливоста во експериментални услови, вклучувајќи комбинации на иригациони протоколи (NaOCl со или без EDTA), нивна ултразвучна активација, како и примена на различни техники на оптурација (топла вертикална кондензација и единична гутаперка). Ваквата поставеност овозможува директна споредба на влијанието на поединечните фактори, како и нивната меѓусебна интеракција, што претставува значајна методолошка предност.

Дополнително, кандидатката вклучува и цел насочен кон утврдување на корелацијата помеѓу протоколот на иригација и степенот на апикалната и коронарната микропропустливост, што укажува на аналитички пристап кон интерпретацијата на резултатите. Ваквата јасно дефинирана и логички структурирана поставеност на целите обезбедува цврста основа за реализација на истражувањето и создава предуслови за добивање на резултати со висока научна и клиничка вредност.

Четвртата глава е насловена „Применети научни методи и начин на работа”, и во неа кандидатката ги опишува методолошката рамка и дизајнот на истражувањето. Истражувањето било направено по добивање на одобрување од страна на Етичката комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет. Во ова поглавје, кандидатката прикажува јасно дефинирана, логички организирана и методолошки конзистентна структура на истражувањето, поделена во повеќе меѓусебно поврзани фази, од лабораториска подготовка, преку микроскопска евалуација и дигитална анализа, до статистичка обработка на податоците. Истражувањето е спроведено како *in vitro* експеримент на 112 хумани еднокорени заби, што претставува соодветен и репрезентативен примерок за ваков тип на анализа. Ваквиот систематски

пристап овозможува прецизно следење на влијанието на иригационите протоколи и техниките на оптурација врз микропропустливоста.

Кандидатката посветува посебно внимание на изборот и стандардизацијата на примероците, применувајќи јасно дефинирани инклузиони и ексклузиони критериуми, со што се обезбедува хомогеност на испитуваниот материјал и се минимизираат можните биолошки варијации. Дополнително, методите на инструментална обработка, иригација и оптурација се детално опишани и усогласени со современите клинички протоколи, при што особено се издвојува систематската примена на различни иригациони протоколи, вклучително и ултразвучната активација како важен експериментален фактор.

Методолошката вредност на студијата дополнително се зајакнува со јасно дефинирана експериментална поделба на групи и подгрупи, што овозможува директна споредба на ефектите од поединечните и комбинираните варијабли. Примената на валидирана метода за детекција на микропропустливост (метиленско сино), во комбинација со светлосна микроскопија и дигитална анализа со *ImageJ,* овозможува објективно, репродуктивно и квантитативно мерење на резултатите.

Статистичката обработка е адекватно опишана, со примена на соодветни тестови за споредба на групите, што ја зајакнува валидноста на резултатите и обезбедува објективност во нивната интерпретација. Во целина, методолошкиот пристап во дисертацијата е детално презентиран, описот е јасен и во согласност со научноистражувачките стандарди во стоматологијата.

Петтата глава е насловена „Добиени резултати и нивно значење“. Во оваа глава, кандидатата прикажува детална, систематска и статистички поткрепена анализа на добиените резултати, кои се директно поврзани со поставените цели и хипотези на истражувањето. Резултатите се презентирани на јасен и прегледен начин, со користење табели и графички прикази, што овозможува лесна интерпретација и споредба на податоците помеѓу различните експериментални групи и подгрупи.

Кандидатката особено успешно ја анализира апикалната и коронарната микропропустливост во зависност од применетиот иригационен протокол и техниката на оптурација, при што се утврдуваат статистички значајни разлики меѓу испитуваните групи, што дополнително ја потврдува валидноста на поставените хипотези. Добиените резултати јасно укажуваат дека најмала микропропустливост се постигнува при примена на комбиниран протокол со NaOCl и EDTA со ултразвучна активација, особено кога е применета техниката на топла вертикална кондензација. Овие наоди се во согласност со современите научни сознанија и ја потврдуваат важноста на активираната иригација како клучен фактор во подобрување на запечатувањето на коренскиот канал.

Дополнително, кандидатката демонстрира високо ниво на статистичка обработка, со примена на соодветни тестови (Shapiro-Wilk, T-test, Mann-Whitney, Kruskal-Wallis и post hoc анализа), што овозможува валидна и сигурна интерпретација на резултатите. Ваквиот аналитички пристап овозможува не само утврдување на разлики, туку и нивна клиничка интерпретација во контекст на изборот на оптимален иригационен и оптурациски протокол.

Во целина, резултатите се логично структуирани, научно аргументирани и значајни од аспект на клиничката примена, при што кандидатката успешно ја демонстрира поврзаноста помеѓу иригацијата, нејзината активација и техниката на оптурација како меѓусебно зависни фактори кои директно влијаат врз микропропустливоста и долгорочниот исход на ендодонтскиот третман.

Шестата глава е насловена „Примена на резултатите од истражувањето и можни насоки за натамошно истражување“. Во оваа глава, кандидатката прикажува длабока и аналитички аргументирана дискусија за значењето на добиените резултати, интегрирајќи ги со современите научни сознанија од областа на ендодонцијата. Особено се истакнува способноста на кандидатката да ги поврзе сопствените наоди со биолошките и микробиолошките принципи на ендодонтскиот третман, при што микропропустливоста се разгледува како клучен индикатор за успехот на терапијата. Ваквиот пристап овозможува јасно позиционирање на резултатите во рамките на постојната научна литература и ја нагласува нивната релевантност.

Кандидатката убедливо покажува дека ултразвучната активација на иригансите, особено во комбинација со NaOCl и EDTA, претставува значаен фактор за намалување на апикалната и

коронарната микропропустливост. Дополнително, се нагласува дека топлата вертикална кондензација обезбедува подобра адаптација и херметичност во споредба со техниката на единична гутаперка, што е во согласност со современите научни докази. Ваквата синтетизација на резултатите јасно ја потенцира важноста на синергетскиот пристап во ендодонтскиот третман, каде што иригацијата, нејзината активација и техниката на оптурација се меѓусебно зависни фактори.

Дополнително, кандидатката соодветно ги интерпретира резултатите во контекст на клиничката практика, нагласувајќи дека ниту една техника на оптурација не може да ја компензира неадекватната дезинфекција на каналниот систем. Овој заклучок е научно оправдан и има значајни импликации за оптимизација на клиничките протоколи. Истовремено, во поглавјето се препознава потенцијал за понатамошни истражувања, особено во насока на унапредување на иригационите техники и нивната интеракција со современите материјали за оптурација.

Во целина, поглавјето се одликува со висок степен на научна зрелост, критичка анализа и способност за интеграција на резултатите во поширок клинички и научен контекст. Ваквиот пристап значително ја зголемува вредноста на трудот и придонесува кон подобро разбирање на факторите кои влијаат врз микропропустливоста и долгорочниот успех на ендодонтскиот третман.

Седмата глава е насловена „Заклучок“. Во оваа глава, кандидатката јасно и прецизно ги сумира главните наоди од истражувањето, при што заклучоците се логично изведени и директно поврзани со поставените цели и хипотези. Особено се истакнува улогата на ултразвучната активација и комбинираниот протокол NaOCl и EDTA како клучни фактори за намалување на апикалната и коронарната микропропустливост.

Дополнително, се нагласуваат разликите помеѓу техниките на оптурација, при што топлата вертикална кондензација покажува пониски вредности на микропропустливост во споредба со техниката на единична гутаперка, како и значењето на хемиско-механичката обработка. Во целина, заклучоците се јасни, научно оправдани и со значајна клиничка применливост.

Осмата глава е насловена „Список на користена литература“. Оваа глава содржи прегледно и систематски организиран библиографски список. Вклучените извори опфаќаат релевантни научни трудови и литература, како од постари, така и од современи истражувања, што укажува на темелна теоретска подлога на трудот. Наведените референци ја потврдуваат усогласеноста на истражувањето со актуелните научни сознанија и меѓународните стандарди.

Во заклучните согледувања, кандидатката ги сумира клучните резултати и нивното значење во контекст на поставените цели и хипотези. Истражувањето утврди дека протоколот на иригација има значајно влијание врз апикалната и коронарната микропропустливост кај ендодонтски третираните заби. Најниски вредности на микропропустливост се забележани кај групите третирани со комбиниран протокол на NaOCl и EDTA со ултразвучна активација, додека највисоки вредности се утврдени кај контролната група со примена на физиолошки раствор, што ја потврдува важноста на адекватната хемиско-механичка обработка.

Во однос на техниките на оптурација, резултатите покажуваат дека топлата вертикална кондензација обезбедува пониски вредности на апикална и коронарна микропропустливост во споредба со техниката на единична гутаперка, при што овие разлики биле поизразени кај групите со ултразвучна активација. Дополнително, утврдено е дека ултразвучната активација претставува значаен фактор за подобрување на пенетрацијата на иригансите и редукција на микропропустливоста, независно од применетата техника на оптурација.

Резултатите од ова истражување укажуваат дека микропропустливоста не може да се разгледува како изолиран феномен, туку како резултат на интеракцијата помеѓу иригациониот протокол, неговата активација и техниката на оптурација. Кандидатката нагласува дека оптималниот клинички исход се постигнува преку интегриран пристап, при што квалитетната дезинфекција претставува предуслов за успешна оптурација и долгорочна херметичност.

Истовремено, кандидатката укажува на потребата од понатамошни истражувања со проширување на примерокот, вклучување на дополнителни иригациони протоколи и современи оптурациски материјали, како и примена на напредни дијагностички методи, со цел подетално разбирање на факторите кои влијаат врз микропропустливоста и унапредување на клиничките протоколи во ендодонтската практика.Предмет на истражување

Комплексноста на коренскиот канален систем, како и биолошките и техничките фактори кои влијаат врз успехот на ендодонтскиот третман, ја нагласуваат важноста на иригацијата и оптурацијата како клучни терапевтски чекори. Во тој контекст, предмет на истражување во овој докторски труд е влијанието на различните иригациони протоколи, со и без ултразвучна активација, врз апикалната и коронарната микропропустливост кај еднокорени заби, оптурирани со различни техники на оптурација. Дополнително, истражувањето има за цел да ја оцени меѓусебната интеракција помеѓу иригацијата, нејзината активација и техниката на оптурација, со цел утврдување на оптималниот пристап кој обезбедува минимална микропропустливост и подобар клинички исход.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во светската литература постојат бројни истражувања кои укажуваат на значајни разлики во ефикасноста на различните иригациони протоколи и техники на оптурација во однос на микропропустливоста, што најчесто се должи на варијации во методологијата, изборот на примероци и применетите аналитички техники. И покрај тоа, ограничен е бројот на студии кои систематски ја анализираат меѓусебната интеракција помеѓу иригационите протоколи, нивната активација и различните техники на оптурација во однос на апикалната и коронарната микропропустливост.

Со оглед на фактот дека во стручната литература постои недостиг на податоци кои ја разгледуваат оваа проблематика во интегриран контекст, добиените резултати од ова истражување придонесуваат кон збогатување на научните сознанија и обезбедуваат корисни информации за клиничката практика. Овие наоди се особено значајни за избор на оптимален иригационен протокол и техника на оптурација со цел намалување на микропропустливоста и подобрување на долгорочниот успех на ендодонтскиот третман.

Со тоа, трудот на кандидатката се вклучува во современите истражувачки насоки насочени кон унапредување на биомеханичкиот пристап во ендодонцијата, при што иригацијата, нејзината активација и техниката на оптурација се разгледуваат како меѓусебно зависни фактори. Истражувањето придонесува кон подобро разбирање на условите кои обезбедуваат квалитетно тродимензионално запечатување на коренскиот канален систем и може да послужи како основа за оптимизација на клиничките протоколи во секојдневната стоматолошка пракса.

Краток опис на применетите методи

За реализација на поставените цели, кандидатката спровела *in vitro* експериментално истражување на 112 хумани еднокорени заби, внимателно селектирани и стандардизирани со цел минимизирање на биолошките варијации. Сите примероци биле подложени на унифицирана механичка обработка со современи ротациони NiTi-системи, со што се обезбедени контролирани услови за проценка на влијанието на испитуваните варијабли.

Забите биле распределени во експериментални групи според применетиот иригационен протокол и техниката на оптурација. Како иригациони раствори биле користени 2,5 % натриум-хипохлорит (NaOCl) и 17 % EDTA, со и без ултразвучна активација, додека оптурацијата била изведена со техника на топла вертикална кондензација и техника на единична гутаперка. Ваквиот дизајн овозможува систематска анализа на поединечните и комбинираните ефекти на иригацијата, нејзината активација и техниката на оптурација врз микропропустливоста.

Евалуацијата на апикалната и коронарната микропропустливост била извршена со примена на 2 % метиленско сино, по што примероците биле пресечени и анализирани со светлосен микроскоп. Квантитативната анализа била спроведена со ImageJ софтвер, а статистичката обработка со примена на соодветни параметриски и непараметриски тестови (Shapiro-Wilk, t-test, Mann-Whitney, Kruskal-Wallis и post hoc анализа), при ниво на значајност $p<0.05$. Применетата методологија овозможува висока репродуктивност, објективност и научна валидност на добиените резултати.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека протоколот на иригација има значајно влијание врз апикалната и коронарната микропропустливост кај еднокорени заби, оптурирани со различни техники. Групите третирани со ултразвучна активација на иригационите раствори покажале пониски вредности на микропропустливост во споредба со групите со пасивна иригација, што укажува на поефикасна дезинфекција и подобра подготовка на каналниот систем.

Дополнително, комбинираниот протокол со 2,5 % NaOCl и 17 % EDTA, особено кога е ултразвучно активиран, покажа најдобри резултати во однос на намалување на микропропустливоста. Во однос на техниките на оптурација, топлата вертикална кондензација покажа пониски вредности на апикална и коронарна микропропустливост во споредба со техниката на единична гутаперка, при што овие разлики биле поизразени во групите со активирана иригација.

Контролната група, иригирана со физиолошки раствор, покажала највисоки вредности на микропропустливост, што ја потврдува ограничената ефикасност на ова средство. Во целина, резултатите укажуваат дека најдобар ефект се постигнува со комбиниран пристап кој вклучува соодветен иригационен протокол, негова активација и соодветно избрана техника на оптурација.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Емире Читаку, со наслов: „Влијанието на протоколот на иригација врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники“, претставува истражување од областа на ендодонција. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е со цел да се утврди влијанието на протоколот на иригација врз апикалната и коронарната микропропустливост кај еднокорени заби, оптурирани со различни техники на оптурација. Истражувањето дава значаен придонес во разбирањето на улогата на протоколот на иригација, нејзината ултразвучна активација и техниката на оптурација како меѓусебно зависни фактори кои директно влијаат врз квалитетот на запечатувањето и долгорочниот успех на ендодонтскиот третман.

Добиените резултати претставуваат корисна основа за унапредување на клиничките протоколи, овозможувајќи избор на оптимална комбинација на иригациони раствори и техники на оптурација со цел намалување на микропропустливоста и подобрување на клиничкиот исход. Воедно, истражувањето има практична вредност за стоматолошката клиничка пракса, бидејќи обезбедува насоки за поефикасна подготовка и запечатување на коренскиот канален систем.

Со спроведеното истражување, кандидатката остварила релевантен и оригинален научен придонес во областа на ендодонцијата, со значајни импликации и за поширокатa стоматолошка и медицинска пракса.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Емире Читаку, со наслов: „Влијанието на протоколот на иригација врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автор-и: **Emire Çitaku**, Ekrem Çitaku, Rendzova V., Apostolska S., Minovska A.
IN VITRO EVALUATION OF APICAL AND CORONAL MICRO LEAKAGE IN ULTRASONIC AND CONVENTIONAL ENDODONTIC IRRIGATION METHODS. Albanian Dental Journal. 2025; 25(1–2):72–73. ISSN 2308-5290

[2]. Автор-и: **Emire Çitaku**, Ekrem Çitaku, Rendzova V., Minovska A.
COMPARISON OF THE IMPACT OF IRRIGATION PROTOCOLS ON APICAL MICROLEAKAGE IN TEETH OBTURATED WITH DIFFERENT TECHNIQUES: AN IN VITRO STUDY. Journal of dentistry Apolonia 2025; 58–59:18–29. DOI: 10.62636/YPMV5723

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: систематска евалуација на влијанието на различните иригациони протоколи, со посебен акцент на ултразвучната активација, врз апикалната и коронарната микропропустливост; утврдување на значењето на комбинираниот протокол NaOCl и EDTA со ултразвучна активација како најефикасен пристап за намалување на микропропустливоста; анализа на техниките на оптурација, при што топлата вертикална кондензација покажува пониски вредности на микропропустливост во споредба со техниката на единична гутаперка.

Подрачје на примена и ограничувања се: резултатите имаат директна применливост во клиничката ендодонтска практика, особено во оптимизација на иригационите протоколи со ултразвучна активација и изборот на техника на оптурација; сепак, ограничувања претставуваат in vitro дизајнот на студијата, употребата на еднокорени заби и неможноста целосно да се симулираат клиничките услови.

Можни понатамошни истражувања се: спроведување на *in vivo* студии со примена на ултразвучна активација, проширување на примерокот со заби со посложена анатомија, како и испитување на нови иригациони системи, методи на активација и современи биокерамички материјали за оптурација со цел дополнително намалување на микропропустливоста и подобрување на клиничкиот исход.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Емире Читаку, со наслов: „Влијанието на протоколот на иригација врз микропропустливоста кај заби оптурирани со различни техники“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Соња Апостолска, претседател, с.р.
Проф. д-р Василка Ренџова, ментор, с.р.
Проф. д-р Лидија Поповска, член, с.р.
Проф. д-р Марина Ефтимоска, член, с.р.
Проф. д-р Илијана Муратовска, член, с.р.

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – Скопје

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандида-тот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Томе Несторовски	**„Економските предизвици од зимските загуби на пчелни семејства и измамите со мед како закана за квалитетот на медот во Репубика Северна Македонија“.**	Economic challenges of winter honeybee colony losses and honey fraud as a threat to honey quality in the Republic of North Macedonia	Проф. д-р Благица Сековска	Бр. 0202-1420/10 од 12.11.2025 год.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатена тема за изработка на докторски труд
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Студиска програма: Електротехника и информациски технологии

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	М-р Гоце Стеваноски	Рамка базирана на длабоко учење за адаптивна оптимизација на ресурси и откривање напади кај системи за детекција на упади	A Deep Learning-Based Framework for Adaptive Resource Optimization and Attack Discovery in Intrusion Detection Systems	Проф. д-р Александар Ристески	02-532/13 од 18.3.2026 год.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатена тема за изработка на магистерски труд Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии

1. **Автоматика, роботика и системско инженерство**

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Андреј Цветковски	Развој на дигитален близнак за мулти-кооперативни индустриски роботи за заварување	Development of a Digital Twin for Multi-Cooperative Industrial Welding Robots	Вон. проф. д-р Горјан Нацински	02-532/20 од 18.3.2026 год.

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 27.2.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) компјутерско инженерство, информатика и роботика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-582/1, донесена на 26.3.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, д-р Билјана Стојкоска Ристеска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и д-р Смилка Јанеска Саркањац, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) компјутерско инженерство, информатика и роботика, во предвидениот рок се пријави д-р Александар Тенев.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Александар Тенев е роден на 4.2.1988, во Струмица. Средно образование завршил во 2006 година во СОУ „Јане Сандански“, Струмица. Со високо образование се стекнал на Факултетот за електротехника и информациски технологии, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2010 година. Дипломирал со просечен успех 9,86.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2011/2012 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00, а на 29.1.2016 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Тоūолошки каракūеристики на мрежиūе на функционална и анаūомска мозочна конекūивносūт во фаза на одмор кај ūациенūи со биūоларно расūројсūво*.

Докторска дисертација пријавил во 2019 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Дисертацијата на тема: *Примена на нелинеарни меūрики во анализа на ЕЕГ-сиīнали кај деца со аУūизам* ја одбранил на 15.7.2025 година, пред Комисија во состав: проф д-р Игор Мишковски (ментор), проф. д-р Слободан Калајџиски (претседател), проф. д-р Ласко Баснарков (член), проф. д-р Кире Триводалиев (член) и научен советник проф. д-р Силвана Марковска-Симоска (надворешен член). Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област компјутерски науки и инженерство.

Кандидатот бил ангажиран како демонстратор и асистент докторанд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, при Институтот за софтверско инженерство. Бил задолжен за изведба на аудиториските и лабораториските вежби по неколку предмети. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот д-р Александар Тенев учествувал во подготовка на настава, изведувал и изведува аудиториски и лабораториски вежби од прв циклус студии по предметите: Вовед во интернет, Програмски методологии, Структурно програмирање, Објектно ориентирано програмирање, Вовед во информатика, Алгоритми и податочни структури, Интернет-технологии, Бизнис и менаџмент, Маркетинг, Економија за ИКТ-инженери и Е-Влада.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 343 дипломски трудови.

Според извештајот за самоевалуација усвоен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот, кандидатот има добиено позитивна оценка од спроведената анкета на студентите.

Научноистражувачка дејност

Д-р Александар Тенев има објавено вкупно 6 научни трудови наведени подолу, од кои 3 научни труда во научни списанија со фактор на влијание и 3 труда во меѓународни научни публикации и зборници од научни собири.

Листа на публикации:

- [1] A. Tenev, S. Markovska-Simoska, L. Kocarev, J. Pop-Jordanov, A. Müller, and G. Candrian. Machine learning approach for classification of ADHD adults. International Journal of Psychophysiology, 93(1):162–166, 2014.
- [2] A. Tenev, S. Markovska-Simoska, A. Müller, and I. Mishkovski. Entropy, complexity, and spectral features of EEG signals in autism and typical development: a quantitative approach. Frontiers in Psychiatry, 16:1505297, 2025.
- [3] A. Tenev, S. Markovska-Simoska, A. Müller, and I. Mishkovski. Entropy and complexity in QEEG reveal visual processing signatures in autism: A neurofeedback oriented and clinical differentiation study. Brain Sciences, 15(9):951, 2025.
- [4] A. Tenev, S. Markovska-Simoska, and I. Mishkovski. Classification of autism and typical development children based on EEG signals. In International Conference on ICT Innovations, pages 253–260, 2024.
- [5] A. Tenev, T. Delev, G. Madjarov, and D. Gjorgjevikj. Estimation of functional brain connectivity. Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University, 2012.
- [6] A. Tenev, S. Markovska-Simoska, and I. Mishkovski. Higuchi’s Fractal Dimension in EEG signals of Children with Autism and Typical Development. In International Conference on ICT Innovations, pages 239–248, 2025.

Во овие трудови, кандидатот Александар Тенев воспоставува конзистентна истражувачка линија која интегрира: напредна анализа на ЕЕГ-сигнали (спектрални, ентрописки, комплексни и фрактални мерки), методи на машинско учење за класификација и примена во невроразвојни нарушувања. Колективните резултати нагласуваат дека нелинеарната динамика и квантитативните ЕЕГ-карактеристики претставуваат значајни биомаркери за разбирање на мозочната функција и подобрување на дијагностичките системи. Овие придонеси ја поддржуваат разработката на објективни алатки за клиничка проценка и персонализиран третман кај невропсихијатриски состојби.

Истражувањето [1] претставува рамка базирана на машинско учење за класификација на возрасни со АДХД и неговите поттипови, користејќи спектрални карактеристики добиени од ЕЕГ-сигнали. Податоците се собрани од возрасни испитаници во состојба на мирување и при извршување когнитивни задачи. Со комбинирање на повеќе класификатори (support vector machines) и логички оптимизациски пристапи (Карнови мапи), се постигнува подобра дискриминација помеѓу пациентите со АДХД и здравите контроли, како и помеѓу различните поттипови. Резултатите покажуваат дека ЕЕГ-базираните биомаркери, во комбинација со напредни техники на машинско учење, можат да обезбедат објективна поддршка за дијагноза на АДХД.

Научниот труд [2] претставува квантитативна анализа на EEG-сигналите, користејќи ентрописки, комплексни и спектрални мерки со цел да се направи разлика помеѓу деца со аутизам

и типичен развој. Резултатите укажуваат дека аутизмот е поврзан со изменета нерегуларност и комплексност на сигналите, што рефлектира разлики во невралната динамика. Со интеграција на повеќе карактеристики, студијата обезбедува сеопфатна карактеризација на мозочната активност, нагласувајќи ја важноста на нелинеарните метрики во истражувањата на невроразвојни нарушувања.

Во [3] се проширува квантитативната ЕЕГ-анализа со фокус на ентрописки и мерки за комплексност за проблемот на класификација. Резултатите откриваат специфични неврофизиолошки потписи, поврзани со нарушувања во обработката на визуелни информации кај аутизам. Трудот е особено значаен за примена во неурофидбек и клиничка диференцијација, укажувајќи дека овие мерки можат да придонесат за персонализирани интервенции и подобрена дијагностичка прецизност.

Трудот [4] се фокусира на разликување на деца со аутистичен спектар од деца со типичен развој, користејќи ЕЕГ-сигнали. Се применуваат алгоритми за машинско учење врз извлечени ЕЕГ-карактеристики, при што се покажува дека неврофизиолошките разлики помеѓу групите можат успешно да се детектираат.

Трудот [5] прави краток преглед на различни методи за проценка на функционалната конективност на мозокот, користејќи ЕЕГ-сигнали. Се разгледуваат компјутерски техники и техники за процесирање на сигнали за квантификација на интеракциите помеѓу различни мозочни региони. Истражувањето претставува основа за разбирање на организацијата на функционалните мозочни мрежи и обезбедува методолошки алатки кои подоцна се применуваат во разни истражувања.

За крај, во трудот [6] ја испитува примената на Хигучиевата фрактална димензија како нелинеарна мерка за комплексност на ЕЕГ-сигналите кај деца со аутизам и типичен развој. Резултатите од трудот се негативни и студијата елаборира зошто природата на самата метрика не е подобна за истражување на ЕЕГ-сигнали со повеќе канали.

Кандидатот бил раководител на еден национален научен проект, а учествувал како член во повеќе национални и меѓународни научни проекти.

Кандидатот има учествувано на неколку конференции, курсеви, обуки, летни школи, натпревари и работилници.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Од ангажирањето на д-р Александар Тенев како демонстратор на ФИНКИ, па сè до денес, тој редовно учествува на промотивните активности на институцијата кои се одвиваат секоја година преку отворените денови на Факултетот и презентациите низ средните училишта во државата. Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатот д-р Александар Тенев има 282,14 поени од наставно-образовната дејност, 115,8 поени од научноистражувачката дејност и 19,5 поени од стручно-применувачката дејност, или вкупно 417,44 поени. Според ова, д-р Александар Тенев има значително поголем број на поени од потребниот минимален број на поени потребен за избор во звањето за кое конкурира.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Тенев. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Тенев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во сите наставно-научни области од наставно-научното поле компјутерско инженерство, информатика и роботика. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, д-р Александар Тенев да го избере во звањето доцент по сите наставно-научни области од наставно-научното поле компјутерско инженерство, информатика и роботика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.
Проф. д-р Билјана Ристеска Стојкоска, с.р.
Проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: АЛЕКСАНДАР АТАНАС ТЕНЕВ
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Научна област: сите наставно-научни области од наставно-научното поле компјутерско инженерство, информатика и роботика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,86. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: невронаука; поле: компјутерски науки и инженерство; подрачје: техничко-технолошки науки.	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **3.1.1** 5. Назив на научното списание: _Frontiers in Psychiatry_ 6. Назив на електронската база на списанија: _Web of Science_ 7. Наслов на трудот: __Entropy, complexity, and spectral features of EEG signals in autism and typical development: a quantitative approach_ 8. Година на објава: ____2025_ **3.1.2** 1. Назив на научното списание: _Brain Sciences_ 2. Назив на електронската база на списанија: _Web of Science_	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3. Наслов на трудот: __ Entropy and complexity in QEEG reveal visual processing signatures in autism: A neurofeedback oriented and clinical differentiation study._ 4. Година на објава: _2025	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји **3.5.1** 11. Назив на зборникот: _ Communications in Computer and Information Science-Springer 12. Назив на меѓународниот собир: _ICT Innovations 2024. TechConvergence: AI, Business, and Startup Synergy_ 13. Имиња на земјите: _____ 14. Наслов на трудот: ___Classification of Autism and Typical Development Children Based on EEG Signals_ 15. Година на објава: __2025___ **3.5.2** 1. Назив на зборникот: _AI and the digital frontier: Reshaping Modern Society Through Technology and Computer Science 2. Назив на меѓународниот собир: _ICT Innovations 2025. TechConvergence: AI, Business, and Startup Synergy_ 3. Имиња на земјите: _____ 4. Наслов на трудот: _Higuchi’s Fractal Dimension in EEG signals of Children with Autism and Typical Development_ 5. Година на објава: __2026_	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 9. Странски јазик: англиски 10. Назив на документот:____PET_____ 11. Издавач на документот: ___British Council Skopje_____ 12. Датум на издавање на документот: ____2015_____	Да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.
Проф. д-р Билјана Ристеска Стојкоска, с.р.
Проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац, с.р.

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети
Наставник: Александар Тенев

Година	Семестар	Предмет	Часови	Часови ауд. вежби/семин	Часови лаб.	Студенти	Поени	
							Одржување	Консултации со
2011/2012 (ФИНКИ)	З	Вовед во интернет	0	1	4	96	2.25	0.192
		Концепти за развој на софтвер	0	2	4	45	2.7	0.09
		Основи на софтверско инженерство	0	2	2	58	1.8	0.116
	Л	Програмски методологии	0	1	1	50	0.9	0.1
		Напреден развој на софтвер	0	2	8	55	4.5	0.11
2012/2013 (ФИНКИ)	З	Вовед во интернет	0	1	4	148	2.25	0.296
		Концепти за развој на софтвер	0	6	0	213	2.7	0.426
		Основи на софтверско инженерство	0	2	0	63	0.9	0.126
	Л	Програмски методологии	0	1	2	45	1.35	0.09
		Напреден развој на софтвер	0	4	6	114	4.5	0.228
2013/2014 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	4	0	112	1.8	0.224
		Вовед во интернет	0	2	2	154	1.8	0.308
		Вовед во информатика	0	2	2	162	1.8	0.324
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	6	6	187	5.4	0.374
		Интернет-технологии	0	2	0	246	0.9	0.492
2014/2015 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	4	0	129	1.8	0.258
		Вовед во интернет	0	3	4	441	3.15	0.882
		Вовед во информатика	0	2	0	205	0.9	0.41
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	6	2	216	3.6	0.432
		Бизнис и менаџмент	0	0	6	20	2.7	0.04
		Интернет-технологии	0	3	0	354	1.35	0.708
2015/2016 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	2	0	131	0.9	0.262
		Вовед во интернет	0	3	2	580	2.25	1.16
		Маркетинг	0	0	2	40	0.9	0.08
		Вовед во информатика	0	1	8	44	4.05	0.088
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	2	2	137	1.8	0.274
		Бизнис и менаџмент	0	4	0	273	1.8	0.546
		Интернет-технологии	0	1	2	108	1.35	0.216
2016/2017	З	Структурно програмирање	0	2	2	197	1.8	0.394

(ФИНКИ)		Виртуелни општества	0	1	1	45	0.9	0.09
		Вовед во информатика	0	4	0	218	1.8	0.436
		Вовед во интернет	0	4	4	302	3.6	0.604
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	2	2	222	1.8	0.444
		Бизнис и менаџмент	0	6	2	534	3.6	1.068
		Интернет-технологии	0	1	2	140	1.35	0.28
2017/2018 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	2	2	121	1.8	0.242
		Маркетинг	0	0	1	20	0.45	0.04
		Вовед во информатика	0	3	0	339	1.35	0.678
		Вовед во интернет	0	2	4	317	2.7	0.634
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	2	278	2.7	0.556
		Бизнис и менаџмент	0	6	0	669	2.7	1.338
2018/2019 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	2	1	135	1.35	0.27
		Бизнис и менаџмент	0	4	4	228	3.6	0.456
		Маркетинг	0	4	2	382	2.7	0.764
		Вовед во информатика	0	2	0	235	0.9	0.47
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	0	211	1.8	0.422
		Маркетинг	0	6	0	324	2.7	0.648
2019/2020 (ФИНКИ)	З	Бизнис и менаџмент	0	2	4	290	2.7	0.58
		Вовед во информатика	0	3	0	311	1.35	0.622
		Структурно програмирање	0	2	2	159	1.8	0.318
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	4	339	3.6	0.678
		Маркетинг	0	6	3	571	4.05	1.142
2020/2021 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	2	2	129	1.8	0.258
		Вовед во информатика	0	3	0	361	1.35	0.722
		Бизнис и менаџмент	0	3	6	480	4.05	0.96
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	4	275	3.6	0.55
		Маркетинг	0	6	3	557	4.05	1.114
2021/2022 (ФИНКИ)	З	Структурно програмирање	0	2	2	145	1.8	0.29
		Бизнис и менаџмент	0	3	6	499	4.05	0.998
		Економија за ИКТ-инженери	0	0	2	20	0.9	0.04
		Алгоритми и податочни структури	0	2	2	168	1.8	0.336
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	4	285	3.6	0.57
		Маркетинг	0	6	3	521	4.05	1.042
2022/2023	З	Структурно програмирање	0	2	0	139	0.9	0.278

(ФИНКИ)		Економија за ИКТ-инженери	0	6	3	531	4.05	1.062
		Бизнис и менаџмент	0	3	6	563	4.05	1.126
		Алгоритми и податочни структури	0	2	2	195	1.8	0.39
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	2	258	2.7	0.516
		Маркетинг	0	4	4	220	3.6	0.44
2023/2024	З	Структурно програмирање	0	2	2	125	1.8	0.25
		Бизнис и менаџмент	0	2	4	504	2.7	1.008
		Економија за ИКТ-инженери	0	4	2	388	2.7	0.776
(ФИНКИ)		Алгоритми и податочни структури	0	2	2	143	1.8	0.286
	Л	Објектно-ориентирано програмирање	0	4	2	258	2.7	0.516
		Е-влада	0	1	2	417	1.35	0.834
		Маркетинг	0	4	4	220	3.6	0.44
2024/2025	З	Економија за ИКТ-инженери	0	4	2	412	2.7	0.824
(ФИНКИ)		Бизнис и менаџмент	0	3	6	528	4.05	1.056
	Л	Е-влада	0	2	4	346	2.7	0.692
		Маркетинг	0	4	2	426	2.7	0.852
2025/2026	З	Бизнис и менаџмент	0	4	8	551	5.4	1.102
(ФИНКИ)		Економија за ИКТ-инженери	0	4	2	616	2.7	1.232
ВКУПНО:						**200.25**		**42.586**

Подготовка на нов предмет	**Предавања**	**Вежби**
Вовед во интернет – 2011		0.5
Програмски методологии – 2012		0.5
Концепти за развој на софтвер – 2011		0.5
Напреден развој на софтвер – 2012		0.5
Основи на софтверско инженерство – 2011		0.5
Структурно програмирање – 2013		0,5
Вовед во информатика – 2013		0,5
Бизнис и менаџмент – 2016		0,5
Маркетинг – 2018		0,5
Економија за ИКТ-инженери – 2022		0,5
Вкупно		**5**

Дипломски работи, магистерски, докторати – менторства и учество во комисии за одбрана

Менторства и комисии	**Детали**	**Вкупно**
Ментор на докторска дисертација	-	0
Коментор на докторска дисертација	-	0

Ментор на магистерска работа	-	0
Коментор на магистерска работа	-	0
Ментор на дипломска работа	-	0
Ментор на специјалистичка работа	-	0
Ментор и едукатор на здравствена едукација [7]	-	0
Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	-	0
Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	-	0
Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа	-	0
Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	343	34.3

Учество во меѓународни научни проекти					
Ред. бр.	**Финансиран**	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
6	COST ACTION BM0601	Advanced Methods For The Estimation Of Human Brain Activity And Conectivity	2007 – 2011	Учесник	5
				ВКУПНО	**5**

Учество во национални научни проекти					
Ред. бр.	**Финансиран**	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	ФИНКИ	Семантички збогатено урбано планирање - SEUP	2011 – 2012	учесник	3
2	ФИНКИ	Корисничко моделирање во интерактивни интелигентни системи UMIIS	2011 – 2012	учесник	3
3	ФИНКИ	Методи за повеќе-значна и хиерархиска повеќе-значна класификација и рангирање базирани на дрва на одлучување - MULHICAR	2011 – 2012	учесник	3
4	ФИНКИ	Методи за повеќе-значна и хиерархиска повеќе-значна класификација и рангирање базирани на дрва на одлучување MULHICAR	2012 – 2013	учесник	3
5	ФИНКИ	Методи за рударење на масивни структурирани податоци 3MDATA	2013 – 2014	учесник	3
6	ФИНКИ	CODE - напрдна веб-базирана околина за учење програмирање	2013 – 2014	учесник	3
7	ФИНКИ	Продолжување на „CODE - напрдна веб-базирана околина за учење програмирање“ за 2014/2015	2014 – 2015	учесник	3
8	ФИНКИ	Продолжување на „Методи за рударење на масивни структурирани податоци“ за 2014/2015 година 3MDATA	2014 – 2015	учесник	3

9	ФИНКИ	Решавање на проблеми од повеќе-значна класификација со примена на методи за предвидување на структури MUL-SOP	2015 – 2016	учесник	3
10	ФИНКИ	Продолжување на проектот „Решавање на проблеми од повеќе-значна класификација со примена на методи за предвидување на структури“ за 2016/2017 година MUL-SOP	2016 – 2017	учесник	3
11	ФИНКИ	Економија на споделување, интернет и туризмот во Македонија ShEM	2017 – 2018	учесник	3
12	ФИНКИ	Збогатена реалност во образованието на децата во Република Македонија – ARCE-RM	2018 – 2019	учесник	3
13	ФИНКИ	Разбирање на природни јазици во информации од вести преку користење на Трансформер архитектурата и каузални декодери NLU-NT	2020 – 2021	учесник	3
15	ФИНКИ	Сумаризација на финансиски вести, екстракција на ентитетите и нивни релации F-SER	2021 – 2022	учесник	3
16	ФИНКИ	ЕУРОЦЦ **EUROCC**	2021 – 2022	учесник	3
17	ФИНКИ	ЕУРОЦЦ/2 **EUROCC/2**	2022 – 2023	учесник	3
18	ФИНКИ	Анализа на ЕЕГ сигнали кај деца со аутизам и АДХД **QEEG**	2024 – 2025	Раководител	6
19	ФИНКИ	Класификација на компании и нивни релации со користење на граф невронски мрежи CRGNN	2023 – 2024	учесник	3
				ВКУПНО	**60**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Учество во промотивни активности на Факултетот		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Презентации на ФИНКИ во училишта во Македонија (2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2025) 10*0,5	5
2	Презентација на саеми и отворен ден на ФИНКИ (2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019) 9*0,5	4.5
	Вкупно	**9.5**

Член на факултетска комисија		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член на комисија за попис (2011)	1
2	Член на комисија за попис (2012)	1
3	Член на комисија за попис (2013)	1
4	Член на комисија за попис (2014)	1
5	Член на комисија за попис (2015)	1
6	Член на комисија за попис (2016)	1
	Вкупно	**6**

Дизајн или изработка на информациски систем			
Ред. бр.	Назив	Период	Поени
1	Софтверски развој и миграција на податоци за осигурително брокерско друштво Инброкер АД – Скопје	2010 – 2012	1
2	Веб-сервис за пресметување на цена на удел на инвестициски фонд за потребите на ВФП Фонд Менаџмент АД – Скопје	2016	1
3	Софтверско решение за автоматско генерирање на задолжителен квартален, полугодишен и годишен извештај кон КХВ за потребите на ВФП Фонд Менаџмент АД – Скопје	2016	1
4	Софтверско решение за автоматизација при раскнижување на уплати и препишување на удели во инвестициските фондови со кои управува ВФП Фонд Менаџмент АД – Скопје	2020	1
		ВКУПНО	**4**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.
Проф. д-р Билјана Ристеска Стојкоска, с.р.
Проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александар Атанас Тенев
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Научна област: сите наставно-научни области од наставно-научното поле компјутерско инженерство, информатика и роботика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на настава – прв циклус	200,25
2	Консултации со студенти – прв циклус	42,59
3	Подготовка на нов предмет – вежби	5
4	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	34,3
	Вкупно	**282,14**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Учество во меѓународни научни проекти	5
2	Учество во национални научни проекти	60
3	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	32.8
4	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	10,00
5	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа	3,00
6.	Учество на научен/стручен собир со реферат	3,00
7.	Апстракт објавен во зборник на конференција	2.00
	Вкупно	**115,8**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Дизајн или изработка на информациски систем	4,00
2	Член на факултетска комисија	6,00
3	Учество во промотивни активности на Факултетот	9,50
	Вкупно	**19,50**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**282,14**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**115,80**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**0**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**19,50**
Вкупно	**417,44**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.
Проф. д-р Билјана Ристеска Стојкоска, с.р.
Проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандида-тот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	М-р Даниела Петковска	„ТРЕТМАН НА ХРОНИЧНА БОЛКА КАЈ ЛИЦА СО ЦЕРВИКАЛЕН СИНДРОМ “	“Treatment of Chronic Pain in Individuals with Cervical Syndrome”	Проф. д-р Вујица Живковиќ	10.04.2025 година Бр. 0201-526/3

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ,СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Роза Богдановиќ	„Ефекти од различни рехабилитациски протоколи кај хируршки третирани пациенти со дегенеративни промени на колената“	„Effects of Different Rehabilitation Protocols in Surgically Treated Patients with Degenerative Knee Conditions“	Проф.д-р Вујица Живковиќ	08.10.2025 година Бр.0201-1422/8
2.	Николина Мартиновска	„Асиметрија на долните екстремитети и влијанието на линеарната брзина, брзината на промена на насоката на движење и агилноста кај ракометарки од Македонската супер лига“	„Lower limbs asymmetry and the influence on linear speed, change of direction speed and agility in female handball players from the Macedonian Super League“	Проф.д-р Влатко Неделковски	27.01.2026 година Бр.0201-34/8
3.	Елена Ефремова	„Рехабилитациски пристап за подобрување на рамнотежа кај возрасни лица над 65 години“	„A Rehabilitation Approach for Improving Balance in Adults Aged 65 Years and Older“	Проф.д-р Вујица Живковиќ	08.10.2025 година Бр.0201-1422/7

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛЦИТЕ И НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА СО РАЗВОЈНИ ТЕШКОТИИ КОН РАНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО КОСОВО“ ОД М-Р ЃУЛТЕНЕ РЕТКОЦЕРИ-ХОЏА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XIV редовна седница одржана на 14.I 2026 год., донесе Одлука бр. 10-168/1, за формирање Комисија во состав: проф. д-р Горан Ајдински, проф. д-р Александра Каровска Ристовска, проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ и проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, со која нè определи за членови на Комисијата за оцена на докторскиот труд од кандидатката м-р Ѓултене Реткоцери-Хоџа, под наслов: **Перцепциите на професионалците и на родителите на деца со развојни тешкотии кон раната интервенција во Косово.** Комисијата, во наведениот состав, го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Докторскиот труд со наслов: **Перцепциите на професионалците и на родителите на деца со развојни тешкотии кон раната интервенција во Косово** од кандидатката м-р Ѓултене Реткоцери-Хоџа е структуриран и презентиран во десет поглавја. Трудот е претставен на 316 страници. Користената литература содржи 200 библиографски единици од англиско и неанглиско говорно подрачје. Согласно со законската процедура, од страна на менторот, извршена е проверка на оригиналноста на трудот со базата на трудови при Министерството за образование и наука.

Цел на истражувањето

Главната цел на оваа докторска теза е темелно да се истражат перспективите на професионалците и родителите вклучени во интервенциите во раното детство насочени кон семејството, со фокус на откривање на какви било разлики во нивното разбирање, очекувања и искуства. Истражувањето користеше сеопфатен и инклузивен пристап, користејќи анкети и фокус-групи за собирање квалитативни и квантитативни податоци. Понатаму, тезата го нагласи значењето на семејно насочените пристапи во раната интервенција во детството. Целта беше да се илустрира како овие пристапи придонесоа кон позитивни резултати за децата и семејствата, нагласувајќи ги долгорочните придобивки од усвојувањето на холистички и колаборативен модел на интервенција. Тезата имаше за цел да даде значаен придонес во академската и професионалната литература со истакнување на уникатните сознанија и импликации добиени од истражувањето.

СОДРЖИНА НА ТРУДОТ

Овој труд е структуриран во десет поглавја.

Првата глава од дисертацијата, односно воведниот дел, е концептуално поставена врз современите научни и стручни сознанија за значењето на раната

интервенција кај деца со развојни тешкотии, со посебен акцент на семејно насочениот пристап. Во ова поглавје, кандидатката јасно ја истакнува потребата од надминување на традиционалните модели, претежно фокусирани на поддршка на децата, и ја потенцира улогата на семејството како клучен фактор во процесот на рана интервенција. Посебна вредност на оваа глава претставува нејзиното контекстуализирање во општествениот и институционалниот амбиент на Косово, каде што прашањата поврзани со достапноста, координацијата и квалитетот на услугите за рана интервенција имаат особено значење. На тој начин, воведното поглавје претставува солидна теориска и проблемска основа за понатамошната разработка на предметот, целите и истражувачките прашања на дисертацијата.

Втората глава од дисертацијата претставува теориска заднина на истражувањето и е поставена како сеопфатна основа за разбирање на концептот, развојот и современите пристапи во раната интервенција во детството. Во ова поглавје, кандидатката систематски го разработува историскиот развој на раната интервенција, почнувајќи од нејзините почетоци во Соединетите Американски Држави и Европа, при што јасно се прикажува преминот од традиционалните, медицински модели насочени кон децата кон современи, семејно-насочени и интердисциплинарни пристапи. Посебна вредност на ова поглавје е тоа што, покрај теориското разгледување на целите, критериумите за подобност, природните средини, скринингот и проценката, како и моделите на рана интервенција, кандидатката прави и компаративен преглед на состојбите во повеќе земји од регионот. Во таа рамка, особено значајна е анализата на состојбата во Косово, преку која јасно се идентификуваат системските празнини, ограничената достапност на услуги, недоволната меѓусекторска координација и потребата од развој на интегриран и одржлив систем на рана интервенција. Со тоа, втората глава не само што обезбедува релевантна теориска рамка, туку и убедливо го оправдува изборот на проблемот и потребата од спроведување на конкретното истражување.

Третата глава од дисертацијата е посветена на определувањето на истражувачката рамка и претставува јасно структуриран премин од теориската разработка кон емпирискиот дел на трудот. Во ова поглавје, кандидатката прецизно ја формулира целта на истражувањето, насочена кон темелно испитување на перцепциите на професионалците и родителите во однос на семејно насочената рана интервенција во Косово, со посебен акцент на нивните искуства, очекувања и разбирања на услугите. Посебна вредност на оваа глава претставува јасната операционализација на истражувачкиот проблем преку прецизно поставени истражувачки прашања и хипотези, групирани во повеќе тематски блокови.

Кандидатката ги поставува следните истражувачки прашања:

1. Како различните фактори, вклучувајќи ги состојбата на децата, економскиот статус и географската локација, колективно влијаат врз достапноста и влијанието на услугите за рана интервенција, насочени кон семејството за деца под 6 години во Косово?
2. Кои се заедничките перцепции што ги имаат професионалците и родителите во врска со услугите за интервенција во раното детство, насочени кон семејството и како овие перцепции влијаат врз соработката и координацијата помеѓу двете групи на засегнати страни?
3. Кои пречки ги пријавуваат професионалците и родителите во пристапот и користењето на услугите за рана интервенција во детството, насочени кон семејството и како овие фактори влијаат врз резултатите од услугите?

4. Како фреквенцијата, времетраењето и видовите посети на услугите влијаат врз квалитетот на услугите за рана интервенција во детството, насочени кон семејството и до кој степен вклученоста на семејството се смета за клучна за позитивни резултати?
5. Кои се перципираните потреби и очекувања на професионалците во врска со обуката и развојот во интервенцијата во раното детство, насочена кон семејството, и како тие се усогласуваат со преференциите и очекувањата на родителите?
6. Со какви предизвици се соочуваат организациите што испорачуваат услуги за интервенција во раното детство насочени кон семејството и какви препораки предлагаат, и професионалците, и родителите, за подобрување и проширување на овие услуги во Косово?
7. Како професионалците и родителите ги перципираат моменталните нивоа на еднаквост, вклученост и досег во услугите за рана интервенција во детството фокусирани на семејството, особено во однос на ранливите доенчиња, малите деца и оние во оддалечените рурални области?
8. Како се пренесуваат информациите помеѓу професионалците и родителите во контекст на рана интервенција во детството фокусирана на семејството и како ефективната комуникација придонесува за позитивни резултати за децата и семејствата?

Согласно со природата на истражување, кандидатката ги поставува и следните хипотези:

ХИПОТЕЗА БЛОК 1: ПРИСТАП ДО УСЛУГИ

Х1а. Постои статистички значајна поврзаност помеѓу групата на засегнати страни (родител наспроти професионалец) и пријавените пречки за пристап до услуги за рана интервенција во детството.

Х1б. Пристапот до услуги за интервенција во раното детство се разликува според географската локација и економскиот статус.

ХИПОТЕЗА БЛОК 2: СТРУКТУРА И ИНТЕНЗИТЕТ НА УСЛУГИТЕ

Х2а. Нивоата на учество на семејството се разликуваат според фреквенцијата на услугите и интензитетот на посетите.

Х2б. Учеството на семејството се разликува во различните услови за испорака на услуги (дома, центар, мешано).

ХИПОТЕЗА БЛОК 3: ПРОЦЕСИ НА ПРАКТИКА НАСОЧЕНИ КОН СЕМЕЈСТВОТО

Х3а. Учеството на семејството во донесувањето одлуки за Индивидуалниот семеен план на услуги (ИСПУ) не е поврзано со структурата на тимот.

ХИПОТЕЗА БЛОК 4: СКРИНИНГ И ПРОЦЕНКА

Х4а. Нема статистички значајна разлика во возраста на запишување кај групите деца кои добиле скрининг за ран развој.

ХИПОТЕЗА БЛОК 5: КАПАЦИТЕТ НА РАБОТНАТА СИЛА И КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ (професионални)

Х5а. Поголем обем на обука и посеопфатен вид и обем на услуги што ги обезбедуваат професионалците и моделот на испорака на услуги се поврзани со подолго траење на посетата.

ХИПОТЕЗА БЛОК 6: ПРЕДИЗВИЦИ НА СИСТЕМОТ

Х6а. Дистрибуцијата на социоекономскиот статус на семејството е значително предвидена од времетраењето на посетата и профилот на развојните состојби на детето.

ХИПОТЕЗА БЛОК 7: УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Х7а. Постојат разлики помеѓу родителите и професионалците во пријавените приоритетни препораки за подобрување на услугите за ИРД.

Во истото поглавје е претставен и методолошкиот пристап на истражувањето, при што кандидатката аргументирано се определува за комбиниран, односно mixed-methods дизајн, со интегрирање на квантитативни и квалитативни податоци. На тој начин, третата глава обезбедува цврста концептуална и методолошка основа за понатамошната анализа и интерпретација на резултатите, при што јасно се гледа усогласеноста помеѓу предметот на истражување, поставените прашања, хипотезите и избраните истражувачки постапки.

Во четвртата глава се препознава соодветната чувствителност кон етичките аспекти на истражувањето, што е особено значајно ако се има предвид дека истражувањето опфаќа родители и професионалци вклучени во областа на раната интервенција кај деца со развојни тешкотии. Станува збор за чувствителна истражувачка проблематика, која подразбира одговорен пристап во однос на доброволноста на учеството, доверливоста и заштитата на личните податоци, како и почитување на достоинството и приватноста на испитаниците.

Во петтата глава од дисертацијата е разработен научниот придонес на истражувањето. Во ова поглавје, јасно се согледува дека трудот обработува актуелна, општествено и стручно значајна проблематика, односно семејно центрираната рана интервенција во контекст на Косово, разгледана преку перспективите на професионалците и родителите. Научниот придонес се состои во тоа што дисертацијата отвора прашања кои се недоволно истражени во локалниот и регионалниот контекст и овозможува подлабоко разбирање на состојбите, предизвиците и ограничувањата во обезбедувањето услуги за рана интервенција. Воедно, во оваа глава се истакнува дека трудот има и значајна апликативна вредност, бидејќи добиените сознанија и препораки можат да послужат како основа за унапредување на стручната практика, меѓусекторската координација и развојот на политики во областа на раната интервенција.

Шестата глава од дисертацијата е посветена на прикажувањето, обработката и интерпретацијата на резултатите од истражувањето и претставува централно емпириско јадро на трудот. Во ова поглавје, кандидатката систематски ги презентира наодите добиени од квантитативната и квалитативната анализа, при што посебно внимание се посветува на достапноста на услугите за рана интервенција, нивната географска распределеност, влијанието на економскиот статус на семејствата, процесите на скрининг и проценка, структурата и интензитетот на услугите, како и степенот на учество на семејството во интервенцијата. Посебна вредност на оваа глава претставува тоа што резултатите не се прикажани само дескриптивно, туку и аналитички, преку соодветна примена на статистички постапки и тематска анализа, со што се овозможува подлабоко согледување на разликите, поврзаностите и системските бариери во обезбедувањето семејно насочени услуги за рана интервенција во Косово. Преку ваквиот пристап, кандидатката успева јасно да ги идентификува клучните предизвици поврзани со нееднаквиот пристап до услуги, ограничената координација меѓу секторите, недоволното учество на родителите во одредени сегменти од процесот и потребата од понатамошно јакнење на професионалните и институционалните капацитети. Оттука, четвртата глава претставува суштински и добро аргументиран емпириски придонес, врз кој се темелат понатамошната дискусија, заклучоците и препораките на дисертацијата.

Резултатите од истражувањето укажуваат дека во Косово постојат значајни ограничувања во достапноста и рамномерната распределба на услугите за рана интервенција, при што пристапот до поддршка не е подеднакво обезбеден за сите семејства. Наодите, исто така, покажуваат дека економскиот статус и местото на живеење влијаат врз можностите за користење услуги, додека меѓусекторската координација и континуитетот на поддршката остануваат недоволно развиени. Особено е значајно што резултатите упатуваат и на разлики меѓу перцепциите на професионалците и родителите во однос на степенот на семејна вклученост, квалитетот на комуникацијата и реалната семејна насоченост на интервенцијата.

Меѓу поважните резултати се издвојуваат наодите што се однесуваат на ограниченият пристап до услуги за рана интервенција, недоволната системска координација, нерамномерната вклученост на семејствата во процесот на проценка и планирање, како и потребата од јакнење на професионалните капацитети за обезбедување вистински семејно ориентирана поддршка.

Седмата глава од дисертацијата е насочена кон дискусија на резултатите и претставува значаен аналитички сегмент во кој добиените наоди се разгледуваат во однос на современите теориски поставки и релевантните емпириски истражувања од областа на раната интервенција. Во ова поглавје, кандидатката покажува способност за критичка интерпретација на резултатите, при што наодите не се третираат изолирано, туку се стават во поширок научен, професионален и системски контекст. Посебна вредност на главата претставува споредбата меѓу перцепциите на родителите и професионалците, преку која јасно се согледуваат несовпаѓањата меѓу нормативно посакуваниот семејно насочен пристап и реалните практики во обезбедувањето услуги за рана интервенција. Во дискусијата соодветно се истакнуваат прашањата на ограничена достапност, недоволна координација, регионалните и социо-економските нееднаквости, како и потребата од понатамошно јакнење на институционалните и професионалните капацитети. Со тоа, петтата глава успешно ја продлабочува смислата на добиените резултати и дава аргументирана основа за изведување на заклучоците и препораките, што претставува важен квалитет на дисертацијата во целина.

Осмата глава од дисертацијата ги содржи заклучните согледувања и препораките што произлегуваат од теориските и емпириските дел на истражувањето, при што претставува логично и аргументирано заокружување на целокупниот труд. Во ова поглавје, кандидатката јасно ги сумира клучните наоди од истражувањето, укажувајќи дека состојбата во областа на раната интервенција во Косово сè уште се соочува со сериозни предизвици во поглед на достапноста, координацијата, еднаквоста и степенот на семејна центрираност на услугите. Посебна вредност на оваа глава претставува тоа што заклучоците не остануваат на општо ниво, туку се надополнети со конкретни препораки насочени кон унапредување на системот, јакнење на меѓусекторската соработка, развој на професионалните компетенции и обезбедување поконзистентна поддршка за децата и нивните семејства. На тој начин, шестата глава не само што ја потврдува научната и апликативната релевантност на истражувањето, туку и укажува на неговиот потенцијален придонес во креирањето политики и практики за развој на поефикасен и поинклузивен систем на рана интервенција во Косово.

Деветтата глава од дисертацијата се однесува на користената литература и другите придружни елементи на научниот апарат на трудот, при што сведочи за обемна теориска информираност и солидна упатеност на кандидатката во

релевантните научни и стручни извори од областа на раната интервенција. Од приложената библиографија може да се констатира дека во трудот се користени современи, релевантни и тематски соодветни извори, кои овозможуваат цврста теориска и емпириска заснованост на истражувањето.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд со наслов: **Перцепциите на професионалците и на родителите на деца со развојни тешкотии кон раната интервенција во Косово,** поднесен од кандидатката м-р Ѓултене Реткоцери-Хоџа**,** е комплексен научен труд, кој ги истражува перцепциите на родителите и стручните лица во рамките на семејно насочената рана интервенција во детството. Добиените податоци ќе помогнат во градење на современиот систем на рана интервенција во детството во Косово. Во текот на спроведувањето на истражувањето, конципирањето на методолошката рамка и анализата на податоците, кандидатката м-р Ѓултене Реткоцери-Хоџа користи концизен стил на изразување, претставување на содржината и верификација на хипотезите. Овој труд во областа на специјалната едукација и рехабилитација ќе придонесе во унапредување на праксата во специјалната едукација и рехабилитација и слични компаративни анализи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот на Филозофски факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката м-р Ѓултене Реткоцери-Хоџа со наслов: **Перцепциите на професионалците и на родителите на деца со развојни тешкотии кон раната интервенција во Косово.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Горан Ајдински, претседател, с.р.
Проф. д-р Александра Каровска Ристовска, член, с.р.
Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, член, с.р.
Проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, член, с.р.
Проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНКА НА РОДИТЕЛСКИТЕ ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ТЕШКОТИИ И ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ВО КОСОВО“ ОД М-Р КАЛТРИНА ОСМАНИ МУРТАЈ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 14.I 2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Калтрина Османи Муртај со наслов: „Проценка на родителските вештини и компетенциите на наставникот за работа со деца со тешкотии и посебни образовни потреби во Косово“, во состав: проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова (претседател), проф. д-р Наташа Станојковска-Трајковска (ментор), проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска (член), проф. д-р Калина Сотироска Иваноска (член) и проф. д-р Ристо Петров (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Калтрина Османи Муртај претставува обемен, теоретски заснован, методолошки конзистентен и емпириски поткрепен научноистражувачки труд, кој опфаќа 175 страници компјутерски обработен текст, изработен во согласност со утврдените академски стандарди (Times New Roman, 12, проред 1,5), со систематски организирани фусноти и богата библиографија составена од релевантни домашни и меѓународни извори. Особено се истакнува способноста на кандидатката за селекција и критичка анализа на современа научна литература, при што се користат извори од различни дисциплинарни области, вклучително психологија, педагогија, специјална едукација и социјална работа, со што се обезбедува изразен интердисциплинарен пристап кон истражуваната проблематика.

Трудот е структуриран во повеќе логички и содржински поврзани целини, кои ги опфаќаат воведот, теоретската и практичната рамка, методологијата на истражувањето, резултатите, дискусијата и препораките. Ваквата композиција овозможува јасно и постепено градење на научната аргументација – од концептуализација на проблемот, преку теоретско втемелување и емпириска проверка, до синтетички заклучоци и препораки. Структурата на трудот е прегледна, систематична и функционална, што овозможува лесно следење на логиката на истражувањето и обезбедува високо ниво на кохерентност на изложените содржини.

Во воведниот дел, кандидатката прецизно и аргументирано го дефинира научниот проблем, поставувајќи го во поширок контекст на современите тенденции во инклузивното образование и заштитата на децата со развојни нарушувања и посебни образовни потреби. При тоа, се нагласува дека развојот и образованието на овие деца претставуваат комплексен и мултидимензионален процес, кој е условен од повеќе меѓусебно поврзани фактори – индивидуални, семејни, образовни и општествени. Особено е значајно што кандидатката ја истакнува централната улога на родителите и наставниците како клучни актери во процесот на поддршка и инклузија, како и потребата од нивна континуирана едукација и развој на партнерски односи. Воведниот дел на трудот убедливо ја оправдува актуелноста, научната релевантност и практичната значајност на избраната тема.

Првата глава, посветена на теоретската рамка, претставува систематска, аналитичка и критичка елаборација на релевантните научни сознанија. Кандидатката демонстрира високо ниво на теоретска информираност и изразена способност за интеграција на различни концептуални пристапи. Во таа насока, особено се издвојуваат

еколошкиот модел на Бронфенбренер, кој го објаснува развојот на детето како резултат на динамична интеракција помеѓу различни системи (микро-, мезо- и макониво), теоријата на социјално учење на Бандура, која ја нагласува улогата на моделите, набљудувањето и социјалната средина во процесот на учење, како и современите концепти на инклузивно образование, партнерство помеѓу семејството и училиштето и развој на професионални компетенции кај наставниците. Овие теоретски основи не се само дескриптивно презентирани, туку се критички анализирани и функционално поврзани со истражувачките цели, што укажува на зрел научен пристап и изразена способност за концептуална синтеза. Кандидатката успешно ја позиционира својата студија во рамките на постојната научна дебата.

Втората глава се однесува на методолошката поставеност на истражувањето, која е јасно дефинирана, логички конзистентна и во целост соодветна на поставените истражувачки цели и задачи. Кандидатката применува комбиниран (mixed-methods) истражувачки пристап, што претставува значајна методолошка предност, бидејќи овозможува интеграција на квантитативни и квалитативни податоци и подлабоко разбирање на истражуваниот феномен. Истражувањето опфаќа релевантен и соодветно структуриран примерок, кој вклучува родители на деца со развојни тешкотии и посебни образовни потреби, родители на деца од типичен развој, како и наставници, со што се овозможува споредбена анализа и добивање на повеќедимензионален увид во истражуваната проблематика. Применетите инструменти, вклучително прашалници и фокус-групи, се соодветни на целите на истражувањето и овозможуваат прибирање на валидни и релевантни податоци, додека комбинирањето на различни извори на податоци дополнително ја зголемува веродостојноста на добиените резултати.

Во делот на резултатите, податоците се систематски обработени и јасно презентирани преку табели, дескриптивни и компаративни анализи. Кандидатката покажува развиени аналитички вештини и способност за идентификување на клучни трендови и релации, при што интерпретацијата на резултатите е аргументирана и логички поврзана со поставените хипотези и истражувачки прашања. Во дискусијата, добиените резултати се критички анализирани и ставени во однос со постојната научна литература, при што се потврдуваат, надополнуваат или преиспитуваат претходните сознанија. Кандидатката демонстрира високо ниво на критичко размислување и научна рефлексија, што претставува значаен квалитет на докторскиот труд.

Во заклучните согледувања, кандидатката дава јасна и конзистентна синтеза на целокупното истражување, при што ги интегрира главните наоди и формулира конкретни, применливи и научно засновани препораки. Овие препораки имаат потенцијал да придонесат за унапредување на практиката, особено во делот на развој на компетенции кај наставниците, зајакнување на родителските капацитети и унапредување на соработката помеѓу семејството и образовниот систем, со што трудот добива значајна практична и општествена вредност.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е проценката на родителските вештини и компетенциите на наставниците во работата со деца со развојни тешкотии и посебни образовни потреби, со цел да се утврди нивното влијание врз образовниот процес, психосоцијалниот развој и инклузијата на овие деца.

Истражувањето се одликува со интердисциплинарен пристап, кој интегрира теоретски и емпириски аспекти од специјалната едукација и рехабилитација, психологијата, педагогијата и социјалната работа, овозможувајќи сеопфатно и системско согледување на истражуваниот феномен.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Анализата на состојбите покажува дека системот на поддршка за деца со развојни тешкотии и посебни образовни потреби во Косово се наоѓа во процес на постепен развој и трансформација, но и натаму се соочува со повеќе структурни и

функционални предизвици. Меѓу нив особено се издвојуваат недоволната институционална координација помеѓу релевантните сектори, ограничената достапност на ресурси и услуги, како и недоволната обука и континуирана стручна поддршка на наставниот кадар за работа во инклузивни услови.

Покрај тоа, значаен аспект претставува и изразениот емоционален и психолошки товар кај родителите на деца со пречки во развојот, кој се одразува врз нивната способност за ефективно справување со секојдневните предизвици и активното учество во образовниот процес на нивните деца. Овие состојби укажуваат дека постои јасна потреба од интегриран и системски пристап во унапредувањето на поддршката, кој ќе ги обедини образовните, социјалните и здравствените услуги.

Во тој контекст, анализираните состојби ја потврдуваат научната и практичната оправданост на истражувањето, истовремено нагласувајќи ја неговата релевантност за развој на ефективни политики и практики насочени кон унапредување на инклузивното образование и подобрување на квалитетот на живот на децата со развојни тешкотии и посебни образовни потреби и нивните семејства.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е базирано на комбиниран методолошки пристап, кој опфаќа примена на квантитативни методи, вклучително анкетирање и статистичка анализа, како и квалитативни методи преку фокус-групи и интерпретативна анализа на добиените податоци. Ваквиот интегриран пристап овозможува подлабоко и холистичко разбирање на истражуваниот феномен, истовремено обезбедувајќи високо ниво на валидност и доверливост на резултатите.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од спроведеното истражување укажуваат на повеќеслојна и комплексна слика во однос на улогата на родителите и наставниците во процесот на поддршка и инклузија на децата со развојни нарушувања и посебни образовни потреби. Анализата на добиените податоци покажува дека родителите се соочуваат со значителен психолошки и емоционален товар, кој се манифестира преку зголемено ниво на стрес, чувство на вина, несигурност и перцепција на недоволна компетентност во справувањето со предизвиците поврзани со развојот на нивното дете.

Особено се издвојува родовата димензија, при што мајките почесто и поинтензивно пријавуваат повисоко ниво на емоционален товар, што укажува на потребата од родово-сензитивен пристап во креирањето на програми за поддршка на родителите. Овие наоди ја потврдуваат потребата од систематска психосоцијална поддршка и едукација на родителите, со цел зајакнување на нивните капацитети и подобрување на нивната благосостојба.

Во однос на наставниците, резултатите покажуваат варијабилност во нивото на професионални компетенции за работа со деца со пречки во развојот. Се утврдува дека наставниците кои имаат пристап до континуирана стручна поддршка, дополнителни обуки и интердисциплинарна соработка покажуваат повисоко ниво на ефективност во наставниот процес и поголема подготвеност за имплементација на инклузивни практики.

Понатаму, истражувањето ја нагласува клучната улога на соработката помеѓу родителите и наставниците, која се јавува како еден од најзначајните предиктори за успешна инклузија на децата. Кога постои отворена комуникација, заемна доверба и координација помеѓу овие две страни, се создава поддржувачка средина која позитивно влијае врз образовниот и психосоцијалниот развој на детето.

Врз основа на изнесените наоди, може да се заклучи дека добиените резултати имаат значајни теоретски и практични импликации, укажувајќи на потребата од системски пристап во унапредување на инклузивното образование, преку развој на компетенции кај наставниците, зајакнување на родителските вештини и институционализирање на ефективни модели на соработка помеѓу семејството и училиштето.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација претставува значајно научно истражување во областа на специјалната едукација и рехабилитација, со посебен фокус на инклузивното образование.

Изработката на темата има јасно дефинирана научна цел и суштински придонесува кон продлабочување на знаењата за улогата на родителите и наставниците во процесот на инклузија. Трудот се одликува со солидна теоретска заснованост, методолошка прецизност, изразена аналитичка длабочина и значајна практична применливост на добиените сознанија.

Според мислењето на Комисијата, дисертацијата ги исполнува сите критериуми и стандарди за докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката ги исполнува законските услови за одбрана на докторскиот труд, при што има објавено рецензирани научни трудови:

[1]. Osmani, K., & Stanojkovska-Trajkovska, N. (2024). *Assessing teacher competences and their impact on inclusive education for children with developmental difficulties in Kosovo*. Multidisciplinarni pristup u edukaciji i rehabilitaciji. https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=1282152

[2]. Osmani, K., & Stanojkovska-Trajkovska, N. (2024). *Psychological impact on parents and educational strategies for children with developmental disabilities*. International Journal of Management Studies and Social Science Research. https://doi.org/10.56293/IJMSSSR.2024.5324

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката. Главните научни придонеси на кандидатката се огледаат во воспоставувањето на интегриран пристап кон истражувањето на родителските вештини и наставничките компетенции како меѓусебно поврзани фактори во процесот на инклузивно образование, што претставува значаен исчекор во однос на досегашните истражувања кои најчесто ги третираат изолирано. Преку емпириско истражување спроведено во специфичен социјален и образовен контекст, кандидатката обезбедува релевантни и валидни сознанија за состојбите во Косово, кои имаат и поширока применливост. Дополнително, врз основа на добиените резултати се формулирани конкретни и практично применливи препораки насочени кон унапредување на наставничките компетенции, зајакнување на родителските капацитети и подобрување на соработката помеѓу семејството и образовниот систем, што е во согласност и со наодите од претходно објавените трудови на кандидатката.

Подрачјето на примена на резултатите од ова истражување ги опфаќа образовните институции, системите за социјална заштита, како и креирањето и унапредувањето на јавните политики за инклузија. Сепак, одредени ограничувања на истражувањето се поврзани со големината и структурата на примерокот, како и со контекстуалната специфичност на средината во која е спроведено истражувањето, што упатува на потреба од претпазливост при генерализација на резултатите. Во таа насока, можните понатамошни истражувања би требало да се насочат кон развој и евалуација на интервенциски програми, како и кон компаративни анализи во различни образовни и социокултурни контексти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Калтрина Османи Муртај со наслов: „Проценка на родителските вештини и компетенциите на наставникот за работа со деца со тешкотии и посебни образовни потреби во Косово“.

Скопје, 6.IV 2026 г.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, претседател, с.р.
Проф. д-р Наташа Станојковска-Трајковска, ментор, с.р.
Проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска, член, с.р.
Проф. д-р Калина Сотироска Иваноска, член, с.р.
Проф. д-р Ристо Петров, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИФАЌАЊЕТО И ПРАКТИКУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ОД СТРАНА НА МАКЕДОНСКОТО И ДРУГОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО КОРЧА И ОКРУГОТ НА КОРЧА ВО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА XXI ВЕК, Р АЛБАНИЈА“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р КРИСТИНА ТОДОРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 33. редовна седница одржана на 11.3.2026 година, а по предлог на Советот на студиската програма Македонистика на трет циклус студии – докторски студии, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Кристина Тодоровска, со наслов „Прифаќањето и практикувањето на македонскиот јазик од страна на македонското и другото население во Корча и Округот на Корча во првите децении на XXI век, Р Албанија“, во состав: проф. д-р Елена Јованова-Грујовска (претседател на Комисијата), проф. д-р Људмил Спасов (ментор), проф. д-р Искра Пановска-Димкова (член), проф. д-р Агим Пољоска (член) и проф. д-р Весна Костовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Кристина Тодоровска, со наслов „Прифаќањето и практикувањето на македонскиот јазик од страна на македонското и другото население во Корча и Округот на Корча во првите децении на XXI век, Р Албанија“, содржи 230 страници, компјутерски изработен текст со фонт Times New Roman t, со 1,5 проред и големина на буквите 12, со принципи на упатување и цитирање како во современите научни трудови од областа на лингвистиката, поконкретно во областите социолингвистика и современ македонски јазик.

Трудот се состои од следниве седум главни наслови: Вовед, 1. Теориско-методолошки основи на истражувањето, 2. Историски и општествено-политички контекст, 3. Социолингвистичка анализа на македонските говорители во Округот[1] Корча и Република Северна Македонија, 4. Согледување од истражувањето според спроведените анкети, 5. Препораки како треба да се постапи со употребата на македонскиот јазик во Република Албанија, 6. Заклучок, преглед на Користена литература и четири Прилози, како и Биографија на авторот. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата, која е обработена во истражувањето. Целиот труд има и визуелна прегледност со изделувањето на големиот број примери, како и графикони, во контекст на анализираниот материјал.

Докторскиот труд на м-р Кристина Тодоровска започнува со апстракт за обработената тема на македонски и на англиски јазик и детална содржина на докторскиот труд.

Во **воведот** (с.12–33) се изнесени основните податоци за предметот на истражување на оваа докторска дисертација, односно употребата на македонскиот

[1] Се работи за официјалниот администнративен поим, кој кај нас се користи околија.

и на албанскиот јазик од страна на македонското население и другото население, кое живее во Корча (Korçë) и околијата на Корча (Qarku i Korçës), Република Албанија (Republika e Shqipërisë). Целта на ова истражување е да се согледа употребата и чувањето на македонскиот јазик во Мала Преспа[2] од страна на македонското население, но и паралелната секојдневна употреба на албанскиот јазик. Како што знаеме македонскиот јазик е официјално признат како службен јазик во Долна Преспа (Prespa e Vogël), поточно во Општина Пустец (Bashkia Pustec), каде што живее бројно македонско население.

Првата глава (с.34–48) со наслов: *Теориско-методолошки основи на истражувањето*, опфаќа четири поднаслови, во кои најпрвин се опфатени социолингвистичките истражувања, и тоа поими и пристапи, притоа дефинирајќи го јазикот не само како лингвистички систем, туку како клучен социјален факт и детерминанта на националниот идентитет, особено кај македонското малцинство во Република Албанија. Преку анализа на јазичните контакти, билингвизмот и појавите на интерференција, трудот ја нагласува динамичната природа на јазикот во специфичен мултикултурен амбиент.

Во **втората глава** (с.49–59) со наслов: *Историски и општествено-политички контекст на македонското малцинство во Република Албанија,* се укажува на сложената динамика помеѓу традиционалниот идентитет и современите предизвици. Иако македонската заедница поседува вековен историски континуитет на овие простори, нејзиниот статус низ деценииите поминал низ фази на институционална невидливост, рестриктивни политики и постепена демократизација. Донесувањето на Законот за заштита на националните малцинства во 2017 година претставува историска пресвртница во признавањето на Македонците на целата територија на Република Албанија.

Социолингвистичката анализа од **третата глава** (с.60–63) покажува дека македонските говорители во околијата на Корча и доселениците во Република Северна Македонија се соочуваат со сложена јазична динамика. Во Корча се јавува диглосија, каде што македонскиот јазик доминира во приватната сфера, во кругот на семејството, а албанскиот јазик во јавната и институционалната, што доведува до постепена замена и употреба на албански зборови во комуникацијата (како на пример: *чупе*, *газета*, *таким*, *лајмето*, *едукаторка* и др).

Во **четвртата глава** (с.64–195) е опфатена анализата на 150 анкети. Анкетите се спроведени анонимно меѓу население во околијата на Корча, како и меѓу Македонци доселени од Република Албанија и кои живеат на територијата на РС Македонија. Одговорите на испитаниците се пренесени во нивната изворна форма (употреба на дијалектот, потоа на писмо (кирилица и латиница) и употреба на топоними во официјална форма или вообичаена форма и нивните одговори се претставени во табели и графикони. Испитаниците се избрани по случаен избор.

Првата група на прашања ги опфаќа основните податоци на испитаниците, вклучувајќи го полот, годината на раѓање, местото на раѓање, државјанството, како и нивната вероисповед. Во однос на половата структура на испитаниците, доминира женскиот пол со 86 одговори, додека машкиот пол е застапен со 64. Добиените резултати се прикажани со табели и графикони. Во однос на годините

[2] Долна Преспа уште ја нарекуваат и Мала Преспа. Кај нас се именува како Мала Преспа, што не е точно. Повеќето мислат дека овој назив е наметнат и така останал да се користи во секојдневната комуникација. Кога сите зборуваат за Мала Преспа се мисли на Долна Преспа. Во врска со ова прашање се консултирав со Јордана Шемко и м-р Васил Стерјовски, активисти од овој крај и тие го потврдуваат кажаното. (усна информација од Јордана Шемко и м-р Васил Стерјовски на ден 22.3.2026).

на раѓање, испитаниците според годината на раѓањето се поделени во четири категории, и тоа: пред 1950, 1950 – 1969, 1970 – 1989 и по 1990 година. Најбројна е категоријата родени во периодот 1970 – 1989 година со 33 % или 49 испитаници, потоа следуваат испитаниците родени меѓу 1950 – 1969 со 31 % или 46. Помладата категорија на испитаници родени по 1990 година опфаќа 21 % или 32 испитаника, додека најмала е групата родени пред 1950 со 15 % или 23 испитаници.

Според податоците за местото на раѓање, евидентирано е дека најголемиот дел од испитаниците потекнуваат од областа Долна Преспа, Република Албанија, и тоа поточно од Пустец (Pustec), Горна Горица (Gorica e Madhe), Туминец (Kalamas) и Глобочани (Gllboçani). До 2013 година, Општина Пустец официјално го носеше името Ликенас (Liqenas), по што со законските измени беше вратено нејзиното изворно име Пустец. Од нивните одговори може да се согледа дека постои мешање на кирилското и латинското писмо, како резултат на секојдневниот контакт со албанскиот јазик.

Прашањето за државјанството е од исклучително значење, бидејќи директно ги допира правниот статус и идентитетот на испитаниците. Карактеристично е што голем дел од нив поседуваат двојно државјанство, што го потврдува статусот на Македонците во Р Албанија како активни чинители на два општествени системи. Во рамките на второто прашање, кое го опфаќа потеклото на семејството најголемиот дел од испитаниците јасно го дефинираат своето потекло преку селата во областа Долна Преспа, Република Албанија (Пустец (Pustec), Церје (Cerje), Шулин (Djellas), Глобочени/Глобочани (Gllboçeni), Горна Горица (Gorica e Madhe), Зрноско/Зрновско (Zaroshkë), Леска (Lajthizë), Долна Горица (Gorica e Vogël) и Туминец (Kallamas). Се забележуваат дијалектни варијации на топонимите за исти места (на пр.: Глобочени/Глобочани и Зрноско/Зрновско).

Во однос на првото потпрашање за местото на раѓање на таткото, поголем дел од испитаниците 90 % наведуваат дека нивните татковци се родени во следните населени места: Пустец, Туминец, Шулин, Глобочани/Глобочени, Церје, Долна Горица, Горна Горица, Зрноско/Зрновско и Леска. Покрај овие места, се споменуваат и градовите: Корча, Пирг (Pirg), Билишта (Врник (Verniku/Vërnik)) и Кукс (Kukës), а се среќаваат и Битола и Лескоец (Ресен), кое укажува на одржување на прекуграничните семејни врски со Република Северна Македонија. Одговорите се дадени, главно, на македонски јазик на кирилско писмо, со повремена употреба на латиницата, што ја отсликува јазичната писменост и личните претпочитања на испитаниците.

Одговорите на второто потпрашање за мајчиниот јазик на нивните татковци нудат длабок увид во јазичната виталност и идентитетската самосвест на македонското население. Доминантен мајчин јазик на таткото е македонскиот, што потврдува дека македонскиот говор успешно се пренесувал во семејната сфера, и покрај доминацијата на албанскиот јазик како официјален јазик. Се забележува честа употреба на термините *нашки* и *нашински*, кои го означуваат македонскиот мајчин јазик. Испитаниците прецизно ги именуваат своите локални говори (долногорички, горногорички, зрновски, туминечки, преспански), што сведочи дека дијалектите се чуваат и испитаниците комуницираат на дијалект со нивниот татко.

Врз основа на добиените одговори во однос на местото на раѓање на мајката на испитаниците, можат да се извлечат следните заклучоци. Најпрвин од одговорите се гледа дека мнозинството мајки се родени во Пустец, Туминец, Шулин, Глобочени и Церје. Овој податок претставува клучен фактор за зачувување

на македонскиот национален идентитет и континуитетот на македонскиот мајчин јазик низ генерациите во овој регион. Истражувањето потврдува постоење на традиционални брачни врски со населени места од Република Северна Македонија, пред сè со градот Ресен и преспанските села како Брајчино, Крани, Долно Дупени и Болно, како и со охридското село Велгошти.

Во одговорите доминира употребата на кирилското писмо, иако кај дел од испитаниците се забележува и примена на латиницата со албански правопис (на пример, Gllboçani), што е резултат на влијанието на официјалниот албански јазик.

При анализата на одговорите кои се однесуваат на мајчиниот јазик на мајката, се забележува дека кај 90 % од испитаниците, македонскиот јазик е наведен како мајчин јазик. Сепак, карактеристично е што идентификацијата често се врши преку локалните говори (преспански, болнински, дијалект од Брајчино), како и употребата на автонимот *нашки*, што укажува на силна емотивна поврзаност со родното место и нагласената интимност во рамките на заедницата. Кај помал дел од испитаниците се среќава албанскиот јазик како мајчин. Ова сведочи за процесите на јазична асимилација, мешаните бракови или поинтензивната интеграција во доминантното јазично опкружување во Р Албанија.

Анализата на податоците поврзана со местото на престојување на родителите на испитаниците открива сложена мрежа на миграциски движења. Поголем дел од испитаниците се изјасниле дека живееле во селата во Општина Пустец, како Пустец, Туминец, Шулин, Глобочени и Леска. Најчесто поради нивното образование, трговијата или економските потреби мигрирале во Корча, Тирана (Tirana), но оделе и во Битола, Скопје, Охрид и Гостивар поради студии или за професионални ангажмани. Во Грција, а особено градот Лерин, се појавува како честа дестинација за сезонска работа и живеење поради географската близина.

Служењето на воениот рок претставува клучен елемент кој ја рефлектира интеграцијата на испитаниците во државните системи на Албанија и Југославија, а подоцна и во Македонија. Од одговорите на испитаниците се забележува дека најчесто служеле воен рок во Елбасан (Elbasani), Драч (Durrës), Валона (Vlorë), Саранда (Sarandë) и Скадар (Shkodër).

Анализата на податоците ги групира испитаниците според нивото на образование и местата каде што го стекнале образованието. Тоа покажува дека голем дел од испитаниците имаат завршено високо образование, и тоа прв и втор циклус студии. Најчесто доминираат насоките: Педагошки факултет, односно наставници, односно професори по македонски, албански, италијански јазик, економијата, медицината, информатичките технологии и ветеринарната медицина. Најчесто високото образование го завршиле во Прилеп, Битола или во Тирана. Дел од испитаниците имаат завршено средно образование, најчесто во гиманзијата во Пустец, додека кај постарата популација се среќаваат испитаници со завршено четврто одделение, основно училиште или осмо одделение, што е директна последица на економските прилики во времето на нивното школување.

Во однос на местото на раѓање на сопружниците, кај испитаниците се забележува дека најголем дел од испитаниците имаат избрано партнери од Пустец, Глобочени, Туминец и Горна Горица. Ова ја потврдува силната внатрешна кохезија и зачувувањето на традиционалните роднински врски, како и пренесувањето на македонскиот јазик, обичаите и традицијата. Значителен број партнери се родени во РС Македонија, и тоа најчесто во Битола, Ресен, Охрид, Македонска Каменица, Гевгелија, Вевчани, Радовиш и Скопје.

Во однос на третото прашање, што се однесува за употребата на јазикот во детството, во комуникација со нивните баби и дедовци, со родителите, се изнесуваат дека македонскиот јазик е доминантен во семејствата во Долна Преспа. Испитаниците во текот на своето детство комуницирале на македонски јазик со своите родители, баби и дедовци, што докажува дека семејството е клучниот столб за зачувување на јазикот и негово успешно пренесување на јазикот од генерација на генерација. Некои од нив наведуваат дека со своите баби и дедовци понекогаш зборувале на албански јазик или на преспански дијалект. Албанскиот јазик, пак, се користи како *таен код* за приватни разговори за да не бидат разбрани од децата, како и при средби со Албанци и во мешани семејства.

Четвртото прашање се однесува за употребата на јазикот во училиштето, односно на кој јазик се одвивала наставата. Наставата во училиштето, главно, се одвивала на македонски јазик, додека кај дел од испитаниците се користел и албанскиот. Албанскиот јазик често бил мајчин јазик за дел од испитаниците, а во некои случаи се користел како втор или странски јазик за учениците со македонски мајчин јазик.

Резултатите од петтото прашање ја откриваат сложената јазична реалност во Долна Преспа, каде што изборот на јазикот зависи од соговорникот. Со сопружниците, браќата/сестрите, комуникацијата се одвивала на македонски јазик. Со децата и внуците, испитаниците го користат македонскиот јазик за да го осигураат неговото пренесување на помладите генерации, иако кај внуците веќе се чувствува засиленото влијание на албанскиот јазик преку образованието и социјалните медиуми. Кај постарата генерација се забележува потребата да го потиснуваат дијалектот во полза на стандардниот македонски јазик, со цел да бидат подобро разбрани од помладите, односно од нивните внуци (*Со внуците морам на стандарден, оти не разбираат баш нашки.*, *На македонски, тие дијалектот тешко го разбираат*). Податоците покажуваат комбинација на албанскиот и македонскиот јазик. Испитаниците се изјасниле дека изборот на јазикот е флексибилен и зависи од етничкиот состав на групата (*Ако се Албанци албански, ако се Македонци македонски*, *Македонски и албански, во зависност од соговорникот*). На работа, испитаниците, истовремено ги користат македонскиот и албанскиот јазик, често менувајќи ги во зависност од етничката припадност на соговорникот или колегата (*So kolezite koga se makedonci na Makedonski, koga se albanci na albanski*).

Во однос на прашањето поврзано за националноста или нивната етничка припадност, поголемиот број на испитаниците се идентификувале како Македонци, додека тројца се изјасниле дека припаѓаат на албанската националност. Особено, впечатливи се одговорите како (*Македонец, од дедо и прадедо* и *Македонец, со гордост и почит кон корените*), кои укажуваат дека идентитетот во оваа заедница се доживува како наследен завет и морална категорија.

На прашањето кој јазик го познаваат во стандардна форма, испитаниците најчесто го наведуваат македонскиот јазик, додека дел од нив се изјасниле дека ги користат и македонскиот и албанскиот јазик. Одговорите како: (*Македонски за домот, душата и сеќавањата; Албански за надворешниот свет*), претставуваат класичен пример за социолингвистички феномен, каде што едниот јазик, македонскиот се доживува како јазик на емоциите, додека другиот, албанскиот како јазик на инструменталната комуникација и интеграцијата во поширокото општество. Еден од одговорите како: (*Македонски, но дијалектот го чувам за*

душата), ја потврдува јасната граница на употреба на стандардниот јазик, кој се користи за формална комуникација, додека локалниот преспански говор останува за комуникација во рамки на заедницата. Комуникацијата на англискиот јазик со помладите членови во семејството, особено со внуците, како и неговата употреба во професионалниот контекст (*за работа*, *во студии*), укажуваат на почетоците на јазичната смена кај помладите генерации.

Дијалектите во Долна Преспа претставуваат повеќе од јазична варијанта – тие се носители на силен локален и културен идентитет. Нивното именување според селата покажува длабока поврзаност на говорителите со своето потекло и заедница. Дел од испитаниците го наведуваат *нашинскиот*[3], *нашки преспански* или *само на преспански дијалект*, при што македонскиот го доживуваат како свој мајчин јазик. Одговорите откриваат силен емотивен однос кон дијалектот, изразен преку фразите како (*...тоа е мојата душа, не е само зборување, туку историја* и *...Тој е музика за душата и носи спомени од минатото*), што укажува дека дијалектот не се перцепира како (*неправилен говор*), туку значајно духовно наследство.

Македонскиот јазик испитаниците најчесто го користат во домот, во семејството, со соселаните и пријателите од истата етничка заедница. Албанскиот јазик се користи за комуникација во институциите, трговијата и контакти со албанското население или при посета на поголемите градови во Р Албанија како Корча, Тирана, Елбасан. Англискиот јазик е присутен кај помладата популација, особено во дигиталната комуникација (интернет и социјални мрежи) и образованието, додека грчкиот јазик се користи ограничено, главно при работа или престој во Грција.

Јазикот во верските објекти има клучна улога како чувар на духовното и културното наследство на заедницата. Во црквите се практикува комбинација од црковнословенски (старословенски) и современ македонски јазик, додека во џамиите доминира албанскиот јазик. Литургијата (службата) е главно на македонски, но молитвите и читањата се проповедаат и на албански јазик, а за верниците кои не го разбираат јазикот на мнозинството, се обезбедува превод на самото место.

Исто така, испитаниците ги опишуваат меѓуетничката соработка и односите со Албанците, Власите (*Имаме коректен однос со Албанците и Власите во регионот, соработка и пријателство*) и другите етнички групи како одлични и засновани на заемна почит, доверба и човечност. Соживотот се манифестира преку заедничко одбележување животни настани (*си честитаме*[4] *и празник и жалост*), присуство на семејни веселби, меѓусебна помош, а на пазари, на работа, етничките бариери исчезнуваат (*на пазар и на работа, сите сме луѓе*).

Истражувањето покажува дека македонскиот јазик останува главен за комуникација во семејството и со блиски пријатели, додека албанскиот се користи во мултиетнички средини и институции (*Со Македонците на македонски, со Албанците на албански* и *Зависи кој е од другата страна*). Англискиот јазик доминира во дигиталната комуникација и образованието, служејќи како универзално средство за комуникација со помладите генерации. Читањето на македонски јазик за испитаниците претставува суштинска алка за зачувување на културата, родното село и духовното наследство, особено преку книги за историја,

[3] Кога испитаниците употребуваат *нашински* или *нашки* се мисли дека се зборува на локалниот, мајчиниот или народниот јазик, кој означува дијалект кој е различен од стандардниот јазик. (усна информација од Пара Трајко на ден 20.3.2025).

[4] „Си честитаме“ – изразуваме почит за радост и за жалост.

традиции и народни преданија (*сакам приказни и книги за селскиот живот, традицијата и историјата*, *особено стари приказни и весници, понекогаш и весели колумни, да се смееме малку.)* Тие наведуваат дека редовно читаат книги и весници на македонски јазик (*читаат книги, весници на македонски јазик. Имаме наш весник „ПРЕСПА“ на македонски јазик*).

Во однос на јазикот кој се користи при пишување на приватни белешки и писма, истражувањето покажува дека изборот на писмо зависи од тоа каде и како се пишува. Кирилицата останува симбол на македонскиот идентитет и традиција, и најчесто се користи во приватни записи, писма и белешки на хартија (*за да се зачува идентитетот и традицијата*, *за да се зачува идентитетот*). Таа се смета за единствениот вистински начин за пишување на мајчиниот јазик (*ја носи душата на јазикот* и ја рефлектира *носи топлина од старите времиња*, *Кирилица, така го учевме и така ќе го оставам за идните генерации*). Латиницата, пак, се користи само како практична алатка за брзи пораки на мобилен телефон или за е-пошта (*со латиница кога пишувам брзо на телефон*, *латиница за брзи пораки*).

Испитаниците сметаат дека мајчиниот јазик не е само средство за комуникација, туку фундаментален столб на идентитетот (*јазикот е како вода за семето – без него душата суши*, *Јазикот е душата на народот, без него се губи и традицијата и мудроста*, *Јазикот е душа на народот, Ако исчезне јазикот, ќе исчезне и народот.*). Училиштата се клучни институции за зачувување на јазикот, со три модели на изучување, и тоа преку интегрирање во задолжителното образование (основно, средно, високо) (*Пред една година на Универзитетот во Тирана, на Факултетот за странски јазици, почна да се изучува и македонскиот јазик, и добар број студенти избраа да го изучуваат овој јазик*. *Мислам дека ова е добар почеток, но ќе треба многу време за македонскиот јазик да се зборува нашироко во албанската држава. Би било убаво да се изучува и во основни и средни училишта*, *во училиштата и на факултет*), преку изучување како изборен предмет во средини каде што доминира друг јазик (*Да се чува нашинскиот, да се учи во училиштата, да не замине во заборав како изборен предмет*, *барем како изборен предмет, за да не исчезнат*) или како доброволно (факултативно) изучување по желба на учениците и родителите.

Македонското население сè уште ја негува меморијата за тајните јазици како дел од својата култура. Според испитаниците, овој начин на говор е повеќе од шифра – тој е *дел од занаетот и локалната култура*, *тоа е дел од занаетот и работата*, каде што секој збор внимателно *се чува како семе*. Еден од најпознатите примери е т.н. *ластовички јазик* од селото Туминец, кој се базира на лингвистичка инверзија – изговарање зборови наопаку (на пр., мама – амам, вода – адов). Иако речиси исчезнат од секојдневната употреба, овој јазик останува како алатка за меѓусебно разбирање и тајност меѓу локалното население.

Во **петтата глава** (с.196–198) се изнесени препораки за натамошното постапување со употребата на македонскиот јазик во Република Албанија, кои се неопходни за зачувување на македонскиот јазичен идентитет. Врз основа на нашите истражувања, предлагаме мерки за заштита и долгорочна афирмација на јазикот, систематизирани во три клучни области: образование, медиуми и култура.

На крајот следува добро конципиран Заклучок (с.199–201), а потоа следуваат прилози (с.202–216), и тоа за: Прилог 1а се однесува за наставната програма на националните малцинства во основното образовани, додека прилог 1б е прикажана наставната програма на албански јазик. Прилог 2 ја содржи анкетата која се употребуваше при анкетирањето на испитаницте и во прилог 3 се

прикажани одговори од анонимни испитаници. Во прилог 4 се дадени и фотографии од школски тетратки и лични честитки за Нова година, кои претставуваат драгоцени спомени од детството и ученичките денови.

Со тоа и практично е заокружена целината на овој научен труд.

Предмет на истражување

Предмет на истражување е социолингвистичката состојба на употребата на македонскиот дијалектен и стандарден јазик во околијата на Корча, како и надвор од границите на Република Албанија, поточно во Република Северна Македонија. Сакаме да согледаме дали се воспоставува рамнотежа при употреба на нивниот роден долнопреспански македонски говор, македонскиот стандарден јазик, како и современиот албански јазик. Целта на ова истражување е да се дојде до сознанија со кои ќе се види каде се практикуваат и употребуваат македонскиот и албанскиот јазик, дали постои мешање на овие јазици, дали се среќаваат мешани семејни заедници (дали партнерите имаат иста национална припадност), колку се чува македонската култура и традиција, дали ги учат нивините деца да зборуваат на македонски јазик.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Подрачјата во кое е работена дисертацијата се: комуникологија и социолингвистика, која ги проучува разликите и промените на јазикот што се јавуваат како резултат на културните, општествените и економските карактеристики на поединците. Таа се фокусира на јазикот како општествен феномен и ја анализира неговата употреба во различни ситуации.

Краток опис на применетите методи

Овој труд се базира на дескриптивниот метод, поточно анализата е направена врз основа на анкета, односно прашалник. Прашалникот се состои од 20 прашања. Анкетирањето е спроведено кај македонско население коешто живее или потекнува од околијата на Корча, како и на доселеници од Република Албанија кои живеат на територијата на РС Македонија. Ова истажување е квалитативно, бидејќи се опфатени испитаници кои припаѓаат на различни возрасни групи, степен на образование, пол, потекло на семејството – од еднонационално или мешано семејство. При анализирањето на анкетите се користи аналитички пристап.

Кус опис на резултатите од истражувањето

Од спроведеното истражување и анализата може да донесеме повеќе заклучоци за македонското малцинство кое живее на територијата на Република Албанија, поточно во областа Долна Преспа.

Најпрвин, во сите девет села македонскиот јазик е официјален и службен јазик во Долна Преспа, односно во рамки на Општина Пустец, каде што живее бројно македонско население. Населението активно го чува и го негува македонскиот јазик, што придонесува за негово одржување и пренесување меѓу генерациите.

Истовремено, кај локалното население се среќава автонимот *нашки*, кој се користи како назив за македонскиот јазик, особено во контекст на секојдневната комуникација и употреба на долнопреспанскиот дијалект.

Врз основа на анкетите може да се изнесат следниве заклучоци:

- Анкетирани се 150 испитаници. Најголем дел од нив имаат потекло од областа Долна Преспа, поточно од Пустец, Горна и Долна Горица, Туминец, Глобочени.
- Испитаниците користат кирилско писмо, но и латинско, што е резултат на секојдневниот контакт со различни јазични средини и секако влијанието на образовниот систем.
- Поголемиот дел од нив имаат двојно државјанство – македонско и албанско.
- Припаѓаат на православната веросиповед.
- Во однос на образованието се забележува голем процент на испитаници со високо образование.
- Основен јазик за комуникација во семејството е македонски јазик, додека кај мешаните бракови се користат и двата јазика, македонски и албански.
- Испитаниците со нивните родители, баби и дедовци комуницирале на македонски јазик.
- Во училиштето, наставата до четврто одделение се одвива на македонски, а од петто одделение е на албански со одредени предмети на македонски јазик.
- За најголемиот дел од испитаниците македонскиот е стандарден јазик, додека дел од нив ги користат и македонскиот и албанскиот како стандарден јазик.
- Англискиот јазик има значајна улога во дигиталната комуникација, при пишување најчесто се користи латиничното писмо, додека во усната комуникација преовладува македонскиот јазик.
- Се забележува двојазичност и јазична флексибилност кај испитаниците, што е резултат на мултикултурната средина во која живеат.

Оцена на трудот

Анализата спроведена во оваа докторска дисертација претставува сеопфатен и систематски пристап кон истражуваната проблематика, при што се користени соодветни научни методи и релевантни извори. Трудот се одликува со јасна структура, логична поставеност на истражувачките прашања и аргументирана интерпретација на добиените резултати.

Посебна вредност на дисертацијата претставува теренското истражување и обработката на анкетните податоци, кои овозможуваат подлабоко разбирање на јазичните, културните и општествените особености на испитуваната група. Добиените резултати се презентирани прегледно и аналитички, при што авторот покажува способност за критичко размислување и научна интерпретација.

Трудот дава значаен придонес во областа на истражувањето, особено во однос на прашањата поврзани со јазичниот идентитет, двојазичноста и влијанието на образованието и општествената средина врз јазичната употреба. Заклучоците се јасно изведени и засновани врз емпириски податоци, што ја потврдува научната вредност и релевантност на истражувањето.

Врз основа на наведеното, може да се констатира дека докторската дисертација претставува квалитетен, оригинален и научно оправдан труд, што ги исполнува критериумите за ваков вид истражување и дава основа за натамошни научни проучувања во оваа област.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со докторската дисертација „Прифаќањето и практикувањето на македонскиот јазик од страна на македонското и другото население во Корча и Округот на Корча во првите децении на XXI век, Р Албанија“, од кандидатката м-р Кристина Тодоровска, е направена прецизна анализа врз основа на спреведената анкета во однос на употребата на македонскиот јазик од страна на македонското и другото население кое живее во Корча и околијата на Корча.

Списокот на користена литература приложен на крајот претставува заокружување на методски издржаната и прецизно изработена докторска дисертација на м-р Кристина Тодоровска.

Од сето погоре изложено, можеме да заклучиме дека пред нас имаме солиден научен труд од областа на социолингвистиката на македонскиот јазик, поради што Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факулет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов: „Прифаќањето и практикувањето на македонскиот јазик од страна на македонското и другото население во Корча и Округот на Корча во првите децении на XXI век, Р Албанија“, од кандидатката **м-р Кристина Тодоровска**.

Скопје, 7.4.2026 г.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска (претседател), с.р.
Проф. д-р Људмил Спасов (ментор), с.р.
Проф. д-р Искра Пановска-Димкова (член), с.р.
Проф. д-р Агим Пољоска (член), с.р.
Проф. д-р Весна Костовска (член), с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ *5.08.00.05 – МАСОВНИ КОМУНИКАЦИИ* НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173, став 3 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 30 и член 31 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018) и член 49, став 1, точка 33 од Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 449/2019), Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 26.3.2026 година, донесе Одлука со број 02-301/1 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област *5.08.00.05 – масовни комуникации*, врз основа на конкурсот објавен на 16.3.2026 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“, и формираше Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Елеонора Серафимовска**,
- **проф. д-р Маријана Марковиќ**, и
- **проф. д-р Емилија Симоска**.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав внимателно и детално ги разгледа добиените материјали од распишаниот конкурс и, во согласност со тоа, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научи звања во наставно-научната област *5.08.00.05 – масовни комуникации* се пријави еден (1) кандидат: кандидатката **ас. д-р Теа Конеска-Василевска**. Во поглед на пријавата и целокупната поднесена документација од страна на кандидатката, Рецензентската комисија утврди дека е поднесена комплетна и соодветна документација, согласно со условите пропишани со конкурсот.

1. Биографски податоци и образование

Пријавената кандидатка Теа Конеска-Василевска е родена на 11.12.1985 година во Скопје. Основно училиште завршила во ОУ „Браќа Миладиновци“ – Скопје. Средно училиште (општа гимназија) запишала во 2000/2001 година, во ДСУ Гимназија „Орце Николов“ – Скопје, а завршила во 2003/2004 година. Потоа, во 2004/2005 година се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за општа и компаративна книжевност (научна насока), при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала во 2007/2008 година со просечен успех 9,04 и станува дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност, добивајќи и пофалница за постигнат висок успех при студирањето. Во текот на додипломските студии, кандидатката добива и континуирана месечна стипендија од Министерството за образование и наука за студенти со остварен висок просек при студирањето. На постдипломски студии по Комуникации на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, се запишала во 2009/2010 година, а во 2013 година, откако ги положила сите испити и се здобила со просечен успех

од 9,88, ја одбранила магистерската теза: *Анализа на емисиите за деца од воспитно-образовен и забавен карактер од македонска продукција во периодот пред и по осамостојувањето на Република Македонија*, станувајќи магистер по комуникации.

Со научен степен – доктор на науки по комуникологија (културолошки студии и комуникологија), кандидатката се стекнала во 2026 година, по завршувањето на докторските студии на студиската група *Медиуми и општество,* во рамките на Департманот за комуникологија и новинарство при Филозофскиот факултет на Универзитетот во Ниш, Р Србија, со просечен успех 9,58, и по одбранетата докторска дисертација: *Комуникациските стратегии на културните институции и културните практики на постарата публика: компаративно истражување* со оценка 10. Земајќи го предвид предлогот за признавање и еквиваленција на Комисијата за признавање на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во странство од научните подрачја на општествените науки врз основа на записникот бр. 24-3515/1 од 26.2.2026 година, Министерството за образование и наука на РСМ има донесено решение за признавање и еквиваленција на странската високообразовна квалификација на кандидатката од 16.3.2026 година. Во рамките на третиот циклус студии, во 2023 година кандидатката има остварено и студиско-истражувачки престој на Докторската школа за комуникации и уметности на Универзитетот во Роскилд, Данска, при Европската летна докторска школа по комуникации и медиуми, добивајќи грант од Европската асоцијација за комуникациски истражувања и едукација (ECREA), при што добива дополнителни 10 ЕКТС-кредити. Исто така, во 2024 година, таа има остварено пократок студиско-истражувачки престој на Универзитетот „Гете“ во Франкфурт, Германија, на Школата за синтеза на знаења во рамките на КОСТ-акцијата „Партиципативни пристапи со повозрасни лица“ (CA22167: Participatory Approaches with Older Adults – PAAR-net).

Покрај македонскиот, кандидатката има одлични познавања и активно се служи со англискиот и српскиот јазик, а има и солидни познавања од германскиот, францускиот и шпанскиот јазик. Францускиот јазик го изучува во рамките на основното и средното образование, шпанскиот јазик го изучува во рамките на додипломските студии како странски јазик под Б, а германскиот јазик го изучува преку јазични курсеви. За познавањето на англискиот јазик, кандидатката има приложено соодветно уверение издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ, за ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

Од крајот на 2020 година до денес, кандидатката работи како асистент истражувач во областа *50706 – комуникации и мас-медиуми*, односно *5.08.00.05 – масовни комуникации* на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последен пат во претходното звање кандидатката е избрана во 2023 година, по објавувањето на рефератот за избор во Билтенот на УКИМ бр. 1291 од 15.9.2023 година.

Во периодот од 2009 година до денес, кандидатката има работни ангажмани и како уредник, јазичен коректор и рецензент во областа на издаваштвото, а исто така и како координатор, уредник и јазичен коректор во областа на обработката, преводот и адаптацијата на телевизиски емисии и (документарни) филмови, со соработници како од државата, така и од Европа и САД.

2. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, кандидатката е ангажирана во реализирањето вежби на втор и трет циклус студии од полето на медиумите и комуникациите на повеќе задолжителни и изборни предмети: втор циклус – Вовед во комуникациски науки, Теории на масовна комуникација и Комуникологија со комуникациски теории; трет циклус – Комуникологија, Теории на масовна комуникација, Визуелна комуникација и култура, Медиумска историја и култура. Покрај вежбите, кандидатката е активно вклучена во консултации со студенти, обезбедувајќи поддршка и насочување, што претставува мошне важен сегмент од наставно-образовниот процес во рамките на вториот и третиот циклус студии. Особено значаен е придонесот на кандидатката како соработник во развојот и унапредувањето на наставните програми, преку подготовка на нови предмети на втор и трет циклус студии, со цел осовременување и усогласување на студиските програми со современите научни и наставно-образовни текови во полето на медиумите и комуникациите. Во насока на претходното, како и во насока на поддршка на наставниот процес, кандидатката како соработник има учествувано и во подготовка на пакет-материјали за неколку предмети од втор и трет циклус студии.

Дополнително, кандидатката континуирано работи на сопствено наставно-образовно и научно-стручно усовршување преку учество во многубројни домашни и меѓународни работилници, школи и обуки од областа на комуникациите, медиумите и културата, како и од областа на истражувачката методологија и современите теоретски и аналитички пристапи. Овие активности овозможуваат постојано унапредување на знаењето и на вештините, а со тоа и на наставниот процес и примената на современи и релевантни пристапи, методи и алатки во наставно-образовната дејност.

Целосен и детален преглед на наставно-образовната дејност на кандидатката е даден во Образец 2.

3. Научноистражувачка дејност

Во рамките на својата академска кариера и на работното место асистент истражувач на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, кандидатката покажува континуирана и разновидна научноистражувачка активност. Таа има активно учество во значителен број на национални и меѓународни научноистражувачки проекти, во својство на член на истражувачки тим, а во одредени случаи и во својство на секретар. Научноистражувачките проекти опфаќаат актуелни и релевантни општествени теми, а кандидатката во нив активно учествува во сите фази на истражувачкиот процес – од нивната концептуализација и подготовка, преку реализација, до анализа и презентација на резултатите.

Особено важно е учеството на кандидатката во меѓународни научни проекти и истражувачки мрежи од областа на комуникациите, медиумите и културата, со што се потврдува нејзината вклученост во поширокиот европски и меѓународен научен простор. Во таа насока, таа е дел од релевантни меѓународни истражувачки иницијативи и соработки, што придонесува кон вмрежување, унапредување на истражувачките компетенции и интернационализација на научната работа.

Кандидатката има солиден број на научни публикации релевантни за изборот во звање, кои вклучуваат објавени рецензирани научни трудови во домашни и меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор,

дел реферирани и индексирани во релевантни научни бази, како и трудови и апстракти објавени во зборници и книги со апстракти произлезени од меѓународни научни конференции чиј програмски комитет е составен од членови од најмалку три различни земји. Дополнително, таа е автор и коавтор на рецензирани научни монографии и поглавја во монографии. Научните публикации на кандидатката се одликуваат со тематска конзистентност и фокус на современи комуниколошки, медиумски и културолошки прашања.

Во рамките на научноистражувачката дејност, кандидатката активно учествува на домашни и меѓународни научни конференции и собири организирани од релевантни институции/организации, каде што ги презентира резултатите од своите истражувања, со што придонесува кон научната дебата и размената на знаења во областа на комуникациите, медиумите и културата.

Покрај тоа, кандидатката е вклучена и во рецензентската дејност, што дополнително ја заокружува нејзината научноистражувачка ангажираност и посветеност.

Целосен и детален преглед на научноистражувачката дејност на кандидатката е даден во Образец 2.

4. Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Во рамките на стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес, кандидатката покажува континуирана ангажираност преку учество во низа активности поврзани со промоција, развој и афирмација на институцијата во којашто работи, како и преку вклученост во експертски, апликативни и организациски ангажмани. Таа активно учествува во промотивни активности на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, што вклучуваат кампањи за привлекување студенти, саеми за образование и настани од јавен карактер, со што придонесува кон зголемување на видливоста и препознатливоста на институцијата, како и во работата на институционални комисии, со што придонесува кон развојот на институционалното функционирање.

Кандидатката има солидно учество во експертски активности, особено во доменот на евалуација и акредитација на високообразовни институции (како дел од листата експерти на Агенцијата за контрола и обезбедување квалитет на високото образование на Црна Гора – АКОКВО), како и во работата на експертски тела и работни групи во рамките на меѓународни (научни) мрежи и проекти. Таа е член на: Европската асоцијација за комуникациски истражувања и едукација (ECREA), Меѓународната асоцијација за медиумски и комуникациски истражувања (IAMCR), Европската мрежа за културно наследство (EUROPEANA), две КОСТ-акции (CA22167: Participatory Approaches with Older Adults – PAAR-net; CA23105: Language Plurality in Europe’s Changing Media Sphere – PLURILINGMEDIA), што овозможува значајно меѓународно академско вмрежување како на личен, така и на институционален план.

Нејзиниот ангажман опфаќа и изработка на аналитички и стручни извештаи, со што дава конкретен придонес во примената на научните сознанија во општествениот контекст. Дополнително, кандидатката како соработник е активно вклучена во активности поврзани со подготовка и пријавување на научноистражувачки проекти, со што придонесува кон развојот на академските програми. Таа се јавува и како член на организациски одбори на меѓународни научни конференции, а има остварено и неколку студиски престои, што придонесува кон меѓународна академска мобилност и соработка, професионален развој и интернационализација.

Во рамките на стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес, кандидатката има особено важен придонес и во областа на издаваштвото, преку превод на научна и стручна литература и приредување и јазична редакција на повеќе научни и стручни публикации. Од 2022 година до денес, кандидатката е секретар на меѓународното научно списание Годишник на ИСППИ (Annual of ISPJR). Овие активности укажуваат на нејзината активна улога во унапредувањето на научната и стручната продукција, како и во обезбедувањето квалитет на објавените материјали.

Целосен и детален преглед на стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес на кандидатката е даден во Образец 2.

Заклучок и мислење

Рецензентската комисија внимателно и детално ги разгледа пријавата и приложената уредна и обемна документација од страна на кандидатката ас. д-р Теа Конеска-Василевска и утврди дека кандидатката ги исполнува сите услови пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори и други акти на Универзитетот за избор во наставно-научното звање доцент во областа *5.08.00.05 – масовни комуникации*.

Земајќи го предвид севкупниот образовен, академски и научно-стручен профил на кандидатката, професионалните квалитети и искуството, вештините и дејностите, како и констатирајќи континуирано усовршување во рамките на академската кариера и посветеност на научноистражувачката работа, а согласно со потребите за развој на наставно-научната дејност, како и определените области и систематизираните работни места во рамките на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје да ја избере ас. д-р Теа Конеска-Василевска во звањето доцент во областа *5.08.00.05 – масовни комуникации*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елеонора Серафимовска, с.р.
Проф. д-р Маријана Марковиќ, с.р.
Проф. д-р Емилија Симоска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теа Сашо Конеска-Василевска
Институција: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: 5.08.00.05 – масовни комуникации

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус[*] Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,04м** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,88м** Просечниот успех за интегрираните студии изнесува: **9,46**	**Да**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **5.08.00.05 – масовни комуникации** Подрачје: **општествени науки** Поле: **медиуми и комуникации.**	**Да**
3	Објавени најмалку четири научни труда[**] во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**Да** (за повеќе од 4 научни труда, види Образец 2)

[*] На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

[**] За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните трудови ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

3.1/1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Balkan Social Science Review (Vol. 18) 2. Назив на електронската база на списанија: SCOPUS, EBSCO 3. Наслов на трудот: “The challenges of journalism in the Republic of Macedonia during the COVID-19 pandemic” 4. Година на објава: 2021	**Да**
3.1/2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: CM: Communication and Media (Vol. 18, No. 53) 2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO 3. Наслов на трудот: “Prakse onlajn i digitalne komunikacije tokom pandemije koronavirusa: slučaj izdavačkih kuća u Makedoniji” 4. Година на објава: 2023	**Да**
3.2/1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Media Studies and Applied Ethics (Vol. 5, No. 1) (сега Applied Media Studies Journal) 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 21 член (Северна Македонија 1, Србија 11, Црна Гора 1, Босна и Херцеговина 1, Германија 2, Литванија 1, Хрватска 2, Велика Британија 2). 3. Наслов на трудот: “Digital cultural engagement of elderly audiences: concepts, perspectives and examples within academic research” 4. Година на објава: 2024	**Да**

3.3/1	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Sustainable Recovery in Post-Pandemic Era: Green Economy Challenges – Proceedings from International Scientific Conference 2. Назив на меѓународниот собир: International Scientific Conference: Sustainable Recovery in Post-Pandemic Era – Green Economy Challenges 3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Шведска, Белгија, Обединето Кралство, САД, Австралија, Германија, Португалија, Австрија, Индија, Чешка, Полска, Хрватска, Словенија, Романија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина (вкупно: 19 земји) 4. Наслов на трудот: “Journalism and Global Crisis: Challenges during the COVID-19 Pandemic in the Republic of Macedonia” 5. Година на објава: 2022	**Да**
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: **англиски јазик** Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Заедничката европска референтна рамка за јазиците на Советот на Европа (CEFR) Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Датум на издавање на документот: 2.6.2020 г.	**Да**
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**Да**

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теа Сашо Конеска-Василевска
Институција: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: 5.08.00.05 – Масовни комуникации

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување вежби (менторски систем) (неделен број часови x број на работни недели во семестар x бодување 0,03)** **Задолжителен предмет: Вовед во комуникациски науки (втор циклус студии по ПДС Комуникации 3 + 2), ИСППИ** академска 2024/2025 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2025/2026 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** **Задолжителен предмет: Теории на масовна комуникација (втор циклус студии по ПДС Комуникации 3 + 2), ИСППИ** академска 2024/2025 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2025/2026 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** **Задолжителен предмет: Комуникологија со комуникациски теории (втор циклус студии по ПДС Комуникации 4 + 1), ИСППИ** академска 2021/2022 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2022/2023 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2023/2024 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2024/2025 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** **Задолжителен предмет: Комуникологија (трет циклус студии Комуникации и медиуми), ИСППИ** академска 2023/2024 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2024/2025 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2025/2026 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** **Задолжителен предмет: Теории на масовна комуникација (трет циклус студии Комуникации и медиуми), ИСППИ** академска 2023/2024 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2024/2025 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2025/2026 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** **Изборен предмет: Визуелна комуникација и култура (трет циклус студии Комуникации и медиуми), ИСППИ** академска 2023/2024 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45** академска 2025/2026 година: (1 x 15 x 0,03) = **0,45**	**7,2**

2	**Консултации со студенти** **(број на студенти х бодување 0,002)** **Задолжителен предмет: Вовед во комуникациски науки (втор циклус студии по ПДС Комуникации 3 + 2), ИСППИ** академска 2024/2025 година: (2 х 0,002) = **0,004** академска 2025/2026 година: (1 х 0,002) = **0,002** **Задолжителен предмет: Теории на масовна комуникација (втор циклус студии по ПДС Комуникации 3 + 2), ИСППИ** академска 2024/2025 година: (2 х 0,002) = **0,004** академска 2025/2026 година: (1 х 0,002) = **0,002** **Задолжителен предмет: Комуникологија со комуникациски теории (втор циклус студии по ПДС Комуникации 4 + 1), ИСППИ** академска 2021/2022 година: (1 х 0,002) = **0,002** академска 2022/2023 година: (1 х 0,002) = **0,002** академска 2023/2024 година: (3 х 0,002) = **0,006** академска 2024/2025 година: (1 х 0,002) = **0,002** **Задолжителен предмет: Комуникологија (трет циклус студии Комуникации и медиуми), ИСППИ** академска 2023/2024 година: (2 х 0,002) = **0,004** академска 2024/2025 година: (1 х 0,002) = **0,002** академска 2025/2026 година: (1 х 0,002) = **0,002** **Задолжителен предмет: Теории на масовна комуникација (трет циклус студии Комуникации и медиуми), ИСППИ** академска 2023/2024 година: (2 х 0,002) = **0,004** академска 2024/2025 година: (1 х 0,002) = **0,002** академска 2025/2026 година: (1 х 0,002) = **0,002** **Изборен предмет: Визуелна комуникација и култура (трет циклус студии Комуникации и медиуми), ИСППИ** академска 2023/2024 година: (1 х 0,002) = **0,002** академска 2025/2026 година: (1 х 0,002) = **0,002**	**0,044**
3	**Подготовка на нов предмет** **(вежби х 0,5)** 1. Вовед во комуникациски науки (К2-301/2024) – втор циклус студии по Комуникации 3 + 2 (елаборат за реакредитација 2024/2025) **(0,5)** 2. Теории на масовна комуникација (К2-301/2024) – втор циклус студии по Комуникации 3 + 2 (елаборат за реакредитација 2024/2025) **(0,5)** 3. Студии на современ дискурс: теорија и анализа (КИ1-305) – втор циклус студии по Комуникации 4 + 1 (елаборат за реакредитација 2026/2027) **(0,5)**	**4**

	4. Визуелна комуникација (КИ1-306) – втор циклус студии по Комуникации 4 + 1 (елаборат за реакредитација 2026/2027) **(0,5)** 5. Комуникологија (U27S05P03) – трет циклус студии по Комуникации и медиуми (елаборат за акредитација 2023/2024) **(0,5)** 6. Теории на масовна комуникација (U27S05P05) – трет циклус студии по Комуникации и медиуми (елаборат за акредитација 2023/2024) **(0,5)** 7. Медиумска историја и култура (U27S05P06) – трет циклус студии по Комуникации и медиуми (елаборат за акредитација 2023/2024) **(0,5)** 8. Визуелна комуникација и култура (U27S05P07) – трет циклус студии по Комуникации и медиуми (елаборат за акредитација 2023/2024) **(0,5)**	
4	**Настава во школи и работилници (учесник x 1)** 1. “What is Communication? – How Did Mass Become Network?” (University of Oregon/online, 2021) **(1)** 2. What is Communication? – “Understanding and Regulating the Commercial Surveillance System” (University of Oregon/online, 2021) **(1)** 3. “Trending topics in media literacy: The Guardian Foundation: How we develop media literacy programmes for youth” (South East European Network for Professionalization of Media/online, 2021) **(1)** 4. “Trending topics in media literacy: Regulation and self-regulation of social media“ (South East European Network for Professionalization of Media/online, 2021) **(1)** 5. “Uvod u anonimizaciju kvantitativnih podataka” (CESSDA/online, 2021) **(1)** 6. “Per Rspera ad astra: Priprema podataka pomoću programskog jezika R” (CESSDA/online, 2021) **(1)** 7. Работилница за обука за користење на дигиталната платформа iLearn (УКИМ/онлајн, 2021) **(1)** 8. Qualitative Methods Workshop: “Doing Research Creatively” (ECREA/hybrid, 2022) **(1)** 9. “Visual Politics & Protest – Current Methodological Challenges” (ECREA pre-conference workshop/online, 2022) **(1)**	**37**

	10. SUSTAIN course/workshop on multilevel modeling: Introduction to multilevel modeling by Levente Littvay (Central European University, Department of Political Science/online, 2023) **(1)** 11. Workshop on Research in the Field of Disinformation (Институт за комуникациски студии – ИКС, 2023) **(1)** 12. EDMO Training/Workshop on EU Policy to Tackle Disinformation (online, 2023) **(1)** 13. Disinformation and data visualization training/workshop – CMPF (Институт за комуникациски студии – ИКС, 2023) **(1)** 14. Работилница за унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија (АВМУ, 2023) **(1)** 15. Работилница во рамките на истражувачкиот проект „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 16. Работилница за употреба на онлајн-платформа за говор на омраза The European Observatory of Online Hate (EOOH) (Textgain BV и ИКС, 2024) **(1)** 17. Fit4Funding Course/Workshop: Your Training on EU Funding by FFG Academy (FFG Academy, Republic of Austria and the Austrian Federal Economic Chamber/online, 2024) **(1)** 18. COST Action: CA22167 – Participatory Approaches with Older Adults: 1st PAAR-net Training School/Workshop on methods of knowledge synthesis (Goethe University, 2024) **(1)** 19. Workshop: Dialogue between Anthropology and Communication in the study of Aging (ECREA TWG Aging and Communication/online, 2024) **(1)** 20. Трета работилница „Посебноста на македонскиот јазик и политичкиот говор на омраза“, одржана во рамките на проектот на ИСППИ и ИЦАЛ „Божидар Видоески“ (Амфитеатар на МАНУ, 2024) **(1)**	

	21. “Taming the Butterflies: How to write good abstracts and constructively review for Early Career Scholars” (IAMCR/online, 2024) **(1)** 22. Vidljivost, saradnja i edukacija: regionalna radionica za urednike i izdavače časopisa u otvorenom pristupu (DIAMAS/online, 2025) **(1)** 23. Building your Comparative Case-based Research Design: Key options, from smaller-N to intermediate-N to larger-N (MethodsNET Webinar/Workshop Series/online, 2025) **(1)** 24. Qualitative Data Analysis: Challenges and Practical Solutions (MethodsNET Webinar/Workshop Series/online, 2025) **(1)** 25. HOMeAGE Public Lecture and Training/Workshop Session: Advancing Research and Training on Ageing, Place, and Home: Rights and Voice (Open University in Utrecht/online, 2025) **(1)** 26. ERC Webinar/Workshop (Универзитет од Умеа, Шведска, и Универзитет од Лапланд, Финска, Horizon Europe/online, 2025) **(1)** 27. ECREA Workshop Series: Methods for Media and Communication Research – Workshop 3: Designing Research Tools (online, 2025) **(1)** 28. Webinar/Workshop on Horizon Europe: Calls and Consortium Building (Универзитет од Умеа, Шведска, и Универзитет од Лапланд, Финска, Horizon Europe/online, 2025) **(1)** 29. ECREA Workshop Series: Methods for Media and Communication Research – Workshop 4: Research ethics (online, 2025) **(1)** 30. From Screens to Spaces: The Use of Mapping in Media Studies (работилница организирана од Society for Cinema and Media Studies’ Urbanism, Geography, Architecture Scholarly Interest Group/online, 2025) **(1)** 31. Работилница за анкетни методи “Comparing response behaviours between face-to-face and self-completion modes” (City St Georges, ESS and NatCen webinar/workshop series/online, 2025) **(1)** 32. Webex webinar/workshop: “7/9	

	Veštačka inteligencija u Web of Science: Research Assistant i Research Horizon Navigator” (Clarivate trening kampanja – H2/online, 2025) **(1)** 33. Webinar/workshop: “8/9 8. Uvod u InCites Benchmarking and Analythics” (Clarivate trening kampanja – H2/online, 2025) **(1)** 34. Работилница „Хумана комуникација/човечна комуникација: Улогата на психологот во училиштата“, во рамките на проектот „Хумана комуникација кај младите: аспекти, фактори и креативни начини на нејзино развивање“ – комуниколошки аспекти (ИСППИ, 2025) **(1)** 35. MetodsNET Webinar/Workshop Series: Process and Paradigm: “Inductive/Deductive Hybrid Thematic Analysis in Mixed Methods Research” (MethodsNET’s Mixed Methods Community/online, 2026) **(1)** 36. MetodsNET Webinar/Workshop Series: Can AI bring added value to Case-based Research? (MethodsNET’s Mixed Methods Community/online, 2026) **(1)** 37. Европска летна докторска школа по комуникации и медиуми на Европската асоцијација за комуникациски истражувања и едукација (ECREA) (Докторска школа за комуникации и уметности при Универзитетот во Роскилд, Данска, 2023) **(1)**	
5	**Пакет материјали за одреден предмет (x 1)** 1. Пакет материјали за предметот Студии на современ дискурс: теорија и анализа (втор циклус студии Комуникации – едногодишни, ИСППИ) **(1)** 2. Пакет материјали за предметот Визуелна комуникација (втор циклус студии Комуникации – едногодишни, ИСППИ) **(1)** 3. Пакет материјали за предметот Визуелна комуникација и култура (трет циклус студии Комуникации и медиуми, ИСППИ) **(1)**	**3**
	Вкупно	**51,244**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во национални научни проекти (x 3)** 1. „Политичко-правните и културолошките предизвици во справување со пандемијата“, годишен научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од интегративните средства на УКИМ (2020/2021) **(3)** 2. „Анализа на пораките во пропагандните материјали објавени на веб-страниците на домашните официјални и релевантните меѓународни институции за време на пандемијата со КОВИД-19“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ (2021) **(3)** 3. „Компаративна анализа на состојбите во Македонија и селектирани држави од Западен Балкан и ЕУ“, годишен научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од интегративните средства на УКИМ (2021/2022) **(3)** 4. „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“, научноистражувачки проект во соработка со Институтот за комуникациски студии (ИКС), донатор: Британска амбасада во Скопје (2023-2025) **(3)** 5. „Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, нарачател: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2023-2024) **(3)** 6. „Негирањето на посебноста на македонскиот јазик и политичката легитимност на македонската нација како форма на политички говор на омраза“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, во соработка со Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ (ИЦАЛ) при МАНУ (2023-2026) **(3)** 7. „Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија“, годишен научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од интегративните средства на УКИМ (2023/2024) **(3)** 8. „Анализа на парламентарните и претседателските избори 2024“,	**33**

	научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ (2024) **(3)** 9. „Хумана комуникација кај младите: аспекти, фактори и креативни начини за нејзино развивање“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од Министерство за образование и наука (2025-2026) **(3)** 10. “HR Development Strategy of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje”, ИСППИ – УКИМ (2025) **(3)** 11. „Мапирање на креативните индустрии“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, нарачател: Министерството за култура и туризам (2025-2026) **(3)**	
2	**Учесник во меѓународни научни проекти (x 5)** 1. “Gaming Disorder and related psychological aspects among adolescents influenced by family, peers, culture and COVID-19 pandemic” / „Улогата на семејството, врсниците, културата и КОВИД-19 пандемијата врз зависноста од играње видеоигри и со неа поврзаните психолошки аспекти кај адолесцентите“, Психолошка лабораторија при ИСППИ, Оддел за психологија, Факултет за уметности, Универзитет „Палацки“ во Оломоуц, Чешка (2022/2023) **(5)** 2. European Social Survey – ESS, 10th round / Европско општествено истражување – ЕОИ, 10-ти бран, ИСППИ, поддржано од Министерство за образование и наука (2019-2022) **(5)** 3. “Mental health resilience in the journalism curriculum” / „Отпорност на менталното здравје во наставната програма по новинарство“, ЈЕТРЕГ (Journalism Education and Trauma Research Group – JETREG), УНЕСКО, ИСППИ (2022-2023) **(5)** 4. CA22167 – Participatory Approaches with Older Adults (PAAR-net) (2023-2027) **(5)** 5. CA23105 – Language Plurality in Europe’s Changing Media Sphere (PLURILINGMEDIA) (2024-2028) **(5)** 6. Превод и адаптација на тест – тест на креативност: истражувачки и имплементациски активности поврзани со Тестот за креативност Цебечи (Cebeci Test of Creativity – CTC) и поширокатa платформа за учење Рензули тест на интелигенција, ИСППИ (партнер во проектот: Renzulli Learning, LLC) (2026-2027) **(5)** 7. Превод и адаптација на тест на интелигенција: Intelligence and development scales – 2nd edition (IDS 2), ИСППИ (партнер во проектот: Hogrefe Publishing Group) (2026-2027) **(5)**	**35**

3	**Монографија (x 8)** 1. *Визуелна здравствена комуникација во време на глобална здравствена криза: Дигиталниот постер како средство за комуникација меѓу здравствените власти и јавноста во Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19* (ИСППИ, 2023) **(8 x 0,6 = 4,8)** 2. *Родот во медиумите 2023: Истражување за начинот на известување за родово засновано насилство на националните телевизии* (АВМУ, 2023) **(8 x 0,6 = 4,8)** 3. *Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија* (ИСППИ, 2025) **(8 x 0,6 = 4,8)** 4. *НАРАТИВНА СТАПИЦА – Откривање на штетните наративи кај политичарите и медиумите* (ИКС, 2025) **(8 x 0,6 = 4,8)**	**19,2**
4	**Монографија дел (x 4)** 1. „Издаваштвото и издавачките куќи во Македонија во време на пандемијата со КОВИД-19“, во: *Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата* (ИСППИ, 2022, стр. 39-51) **(4)** 2. „Новинарството и медиумите во Македонија во услови на пандемија“, во: *Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата* (ИСППИ, 2022, стр. 113-144) **(4 x 0,8 = 3,2)** 3. „Состојбите во новинарството и во медиумите и предизвиците на професијата новинар во услови на глобална криза во Македонија и во земјите од регионот“, во: *Компаративна анализа на општествени состојби и предизвици на Балканот* (ИСППИ, 2023, стр. 169-191) **(4)**	**11,2**
5	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (x 5)** 1. Serafimovska, E., Markovikj, M., & Koneska-Vasilevska, T. (2021). The challenges of journalism in the Republic of Macedonia during the COVID-19 pandemic. *Balkan Social Science Review, 18*, 345-367. https://doi.org/10.46763/BSSR2118345s (индексирано во EBSCO и SCOPUS) **(5 x 0,8 = 4)** 2. Koneska-Vasilevska, T. (2023). Prakse onlajn i digitalne komunikacije tokom pandemije koronavirusa: slučaj izdavačkih kuća u Makedoniji. *CM: Communication and Media, 18*(53), 101-126. https://doi.org/10.5937/cm18-39048 (индексирано во EBSCO) **(5)**	**9**

6	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (x 5)** 1. Конеска-Василевска, Т. (2022). Онлајн презентација и промоција културних садржаја у доба пандемије коронавируса на примеру двеју националних установа Републике Македоније. *Баштина 32*(57) 521-533. https://doi.org/10.5937/bastina32-39235 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 23 члена (Србија 6, Русија 4, Австрија 1, САД 1, Франција 2, Швајцарија 2, Италија 1, Германија 1, Бугарија 2, Полска 1, Босна и Херцеговина 2) **(5)** 2. Koneska-Vasilevska, T. (2024). Digital Cultural Engagement of Elderly Audiences: Concepts, Perspectives and Examples within Academic Research. *Media Studies and Applied Ethics, 5*(1), 27-39. https://doi.org/10.46630/msae.1.2024.02 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 21 члена (Северна Македонија 1, Србија 11, Црна Гора 1, Босна и Херцеговина 1, Германија 2, Литванија 1, Хрватска 2, Велика Британија 2) **(5)** 3. Markovikj, M., Serafimovska, E., Blazhevski, I., & Koneska-Vasilevska, T. (2025). The role of parental psychological control and video game addiction among 15- to 18-year-old adolescents. *Annual of ISPJR, 48*(1), 9-27. https://doi.org/10.55302/ISPJR2448109m Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 14 члена (Северна Македонија 7, Србија 2, Обединето Кралство 1, Чешка 1, САД 1, Канада 1, Полска 1) **(5 x 0,6 = 3)** 4. Koneska-Vasilevska, T. (2019). Theoretical model of popular educational children's TV programmes for early and mid-childhood. *Annual of ISPJR, 43(2)*, 47-56. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 18 члена (Северна Македонија 7, Полска 2, Обединето Кралство 1, Чешка 1, Австрија 1, Босна и Херцеговина 1, Бугарија 1, Германија 1, Србија 1, САД 1, Канада 1) **(5)**	**23**

	5. Конеска-Василевска, Т. (2022). *Хомо конзуменс* у друштву (медијског) спектакла. *Годишњак за социологију, 18*(29), 11-18. https://doi.org/10.46630/gsoc.29.2022.01 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 7 члена (Италија 3, Словенија 1, Полска 1, Хрватска 1, Бугарија 1) **(5)**	
7	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (x 5)** 1. Koneska-Vasilevska, T., Serafimovska, E., & Markovikj, M. (2022). Journalism and Global Crisis: Challenges during the Covid-19 Pandemic in the Republic of Macedonia. Proceedings of International Scientific Conference “Sustainable Recovery in Post-Pandemic Era: Green Economy Challenges”, 41-54. https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/isppi/print/konferencii/1-sustainable-recovery.pdf Имиња на земјите: Македонија, Србија, Шведска, Белгија, Обединето Кралство, САД, Австралија, Германија, Португалија, Австрија, Индија, Чешка, Полска, Хрватска, Словенија, Романија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина (вкупно: 19 земји) **(5 x 0,8 = 4)** 2. Серафимовска, Е., Марковиќ, М., и Конеска-Василевска, Т. (2022). Војна, инвазија или (воена) интервенција? – социјална конструкција на реалноста за нападот на Русија врз Украина во медиумите на македонски јазик. *Зборник на трудови од Деветтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 2*(9), 553-574. https://doi.org/10.46763/SCGW222553s Имиња на земјите: Северна Македонија, Словенија, Белгија, Србија, Русија, Бугарија, Италија, Хрватска, САД, Полска, Албанија, Романија, Обединети Арапски Емирати, Турција (вкупно: 14 земји) **(5 x 0,8 = 4)** 3. Serafimovska, E., Markovikj, M., & Koneska-Vasilevska, T. (2023). Visual health communication during the COVID-19 pandemic: The case of the Republic of Macedonia. *Proceedings of the International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, 2*(10), 579-596. https://doi.org/10.46763/SCGW232579s Имиња на земјите: Северна Македонија,	**12**

	Словенија, Белгија, Србија, Русија, Бугарија, Италија, Хрватска, САД, Албанија, Босна и Херцеговина, Романија, Обединети Арапски Емирати, Турција (вкупно: 14 земји) **(5 x 0,8 = 4)**	
8	**Рецензија на научен труд (x 0,2)** 1. Рецензент на научен труд со наслов „Hate Speech: A pragmatic-stylistic reading of some online Cameroonian activists“ за научното списание *Education Research Journal* (2021) **(0,2)**	**0,2**
9	**Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација (x 1)** 1. Осма меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Штип: „Предизвиците на новинарството во Република Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19“, 2 – 3 септември 2021 година (онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 2. European Conference on Health Communication (ECHC2021): “The use of digital posters in health communication during COVID-19 pandemic, case: Macedonia”, 4-5 ноември 2021 година (онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 3. International Scientific Conference “Sustainable Recovery in Post-Pandemic Era: Green Economy Challenges”: „Journalism and global crisis: Challenges during the COVID-19 pandemic in the Republic of Macedonia“, 7-8 декември 2021 година (онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 4. World Press Freedom Day Global Conference 2022 (UNESCO): “Mental health resilience in the journalism curriculum”, 2-5 мај 2022 година (Монтевидео, Уругвај, и онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 5. Деветта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“: „Војна, инвазија или (воена) интервенција? – социјална конструкција на реалноста за нападот на Русија врз Украина во медиумите на македонски јазик“, 1 и 2 септември 2022 година (Штип) **(1 x 0,8 = 0,8)** 6. IAMCR Lyon 23: “Urban visual communication and culture: Graffiti and street art”, од 26 јуни и 9-13 јули 2023 година (Лион и онлајн) **(1)** 7. Научен собир: „Презентација на резултати од Европското општествено истражување – ЕОИ, 10-ти бран“:	**12,8**

	„Употреба на интернет и дигитални социјални контакти“, 14 март 2023 година (Ректорат, УКИМ) **(1)** 8. Меѓународна научна конференција „Медији и изазови современог друштва 2023“ / International Scientific Conference “Media and the Challenges of Contemporary Society 2023”: “Digital cultural engagement of elderly audiences: Concepts, perspectives and examples in research and in practice”, 2 јуни 2023 година (Ниш и онлајн) **(1)** 9. International Conference “Communication in times of (poly)crisis and digital disruptive transformations”: “The challenges of traditional journalism in dealing with disinformation during the COVID-19 pandemic”, 22-23 јуни 2023 година (Букурешт и онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 10. Десетта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“: “Visual health communication during the COVID-19 pandemic: The case of the Republic of Macedonia”, 28-29 септември 2023 година (Штип) **(1 x 0,8 = 0,8)** 11. 10th ECREA Conference “Communication & social (dis)order”: “Protective and risk factors for disordered gaming in adolescents aged 15 to 18 years”, 23-27 септември 2024 година (Љубљана) **(1 x 0,6 = 0,6)** 12. Меѓународна научна конференција „Медији и изазови современог друштва 2024“ / International Scientific Conference “Media and the Challenges of Contemporary Society 2024”: “Television news reporting on gender-based violence in Macedonia”, 30-31 мај 2024 година (Ниш и онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 13. The Montenegrin Political Science Association Conference: “Democracy in Distress: The Psychological Consequences of Political Crises in Macedonia”, 29-30 мај 2025 година (Подгорица и онлајн) **(1 x 0,8 = 0,8)** 14. Научен собир: „Наративна стапица: откривање на штетни(те) наративи кај политичарите и медиумите“: „Штетните наративи во рамките на комуникациските пристапи и практики на политичките актери во Македонија“, 27 март 2025 година (Скопје) **(1)** 15. Научна среда: Презентација на резултати и промоција на монографија *Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија*: „Комуниколошки импликации од	

	проблематичната употреба на интернет и играњето на дигитални (онлајн) игри кај адолесцентите“, 14 мај 2025 година (Скопје) **(1)**	
10	**Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна (x 1)** 1. “The use of digital posters in health communication during COVID-19 pandemic, case: Macedonia”, Book of Abstracts *Health communication dynamics in turbulent times* of the European Conference on Health Communication (2021), p. 90 **(0,8 x 1 = 0,8)** 2. “Digital Cultural Engagement of Elderly Audiences: Concepts, Perspectives and Examples in Research and in Practice”, Book of Abstracts of the International Scientific Conference “Media and the Challenges of Contemporary Society 2023” (2023), p. 8 **(1)** 3. “The challenges of traditional journalism in dealing with disinformation during the COVID-19 pandemic”, Book of Abstracts of the International Conference “Communication in times of (poly)crisis and digital disruptive transformations” (2023), p. 33 **(0,8 x 1 = 0,8)** 4. “Urban visual communication and culture: graffiti and street art”, Book of Abstracts *Visual Culture Working Group Abstracts of papers presented at one or both of the 2023 conferences of the International Association for Media and Communication Research* (2023), pp. 91-92 **(1)** 5. “Television news reporting on gender-based violence in Macedonia”, Book of Abstracts of the International Scientific Conference “Media and the Challenges of Contemporary Society 2024”, pp. 10-12 **(0,8 x 1 = 0,8)** 6. “Protective and risk factors for disordered gaming in adolescents aged 15 to 18 years”, Book of Abstracts of the 10th ECREA Conference “Communication & social (dis)order” (2025), pp. 76-77) **(0,6 x 1 = 0,6)** 7. “Democracy in Distress: The Psychological Consequences of Political Crises in Macedonia”, Book of Abstracts of the Montenegrin Political Science Association Conference (2025), pp. 32-33 **(0,8 x 1 = 0,8)**	**5,8**
	Вкупно	**161,2**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (x 0,5)** 1. Учество во промотивни активности во рамките на кампањата за привлекување студенти на ИСППИ: „Запиши се на ИСППИ“ (2021) **(0,5)** 2. Учество во промотивни активности во рамките на Денот на кариерен развој на УКИМ (2023) **(0,5)** 3. Учество во промотивни активности во рамките на Саемот за образование (2025) **(0,5)** 4. Учество во разни активности за организација на 60-годишниот јубилеј на ИСППИ (2025) **(0,5)** 5. Учество во промотивни активности во рамките на Саемот за образование (2026) **(0,5)** 6. Учество во разни активности околу воспоставувањето соработка и при процесот на потпишување меморандум за соработка меѓу ИСППИ со Универзитетот на Западна Каролина (Western Carolina University – WCU) (2022) **(0,5)** 7. Учество во разни активности околу воспоставувањето соработка и при потпишување меморандум за соработка меѓу ИСППИ и Институтот за српска култура Приштина-Лепосавиќ, КиМ (2022) **(0,5)**	**3,5**
2	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија… (x 1)** 1. Член на експертска комисија за евалуација и (ре)акредитација на Филолошкиот факултет, Универзитет на Црна Гора, Никшиќ (2022) **(1)** 2. Член на експертска комисија за евалуација и (ре)акредитација на Филозофскиот факултет, Универзитет на Црна Гора, Никшиќ (2022) **(1)** 3. Член на експертска комисија за евалуација и (ре)акредитација на Факултетот за спорт и физичко воспитување, Универзитет на Црна Гора, Никшиќ (2022) **(1)** 4. Член на работна група WG 3 Technology and Innovation, во рамките на КОСТ-акцијата CA22167 – Participatory Approaches with Older Adults (PAAR-net) **(1)** 5. Член на работна група WG 1 Audience and content-creator habits, во рамките на КОСТ-акцијата CA23105 – Language Plurality in Europe’s Changing Media Sphere (PLURILINGMEDIA) **(1)** 6. Член на работна група WG 3 Language Vitality, во рамките на КОСТ-акцијата CA23105 – Language Plurality in Europe’s Changing Media Sphere (PLURILINGMEDIA) **(1)** 7. Член на работна група WG 4 Journalism, во рамките на КОСТ-акцијата CA23105 – Language Plurality in Europe’s Changing Media Sphere (PLURILINGMEDIA) **(1)**	**25**

	8. Член на експертски тела и работни групи во Европската асоцијација за комуникациски истражувања и едукација (ECREA) **(1)** 9. Член на експертски тела и работни групи во Меѓународната асоцијација за медиумски и комуникациски истражувања (IAMCR) **(1)** 10. Член на Мрежата на експерти во областа на дигиталното културно наследство (EUROPEANA) **(1)** 11. Мерење на политички штетни наративи: прв извештај (период: септември – октомври 2023) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 12. Мерење на политички штетни наративи: втор извештај (период: ноември – декември 2023) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 13. Мерење на политички штетни наративи: трет извештај (период: јануари – февруари 2024) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 14. Мерење на штетни политички наративи: Шестмесечен извештај (период: септември 2023 – февруари 2024) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 15. Мерење на штетни политички наративи: Месечен извештај (март 2024) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 16. Мерење на штетни политички наративи: Месечен извештај (април 2024) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 17. Мерење на штетни политички наративи: Месечен извештај (мај 2024) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење	

	на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 18. Мерење на штетни политички наративи: Тримесечен извештај (март – мај 2024) во рамките на „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ (ИКС, 2024) **(1)** 19. Извештај: Annex 1 – Report on the results of a questionnaire survey of the HR Development Strategy of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje project, Reg. No. CZ.02.2.69/0.0/0.0/18_054/0014620 (УКИМ, 2025) **(1)** 20. Член на експертска работна група за подготовка на упатство за изработка на магистерски труд во рамките на ИСППИ **(1)** 21. Стручна ревизија на апстракти во рамките на Деветтата меѓународна научна конференција “Rethinking impact” на ECREA (2022) **(1)** 22. Стручна ревизија на апстракти во рамките на меѓународната научна конференција “Inhabiting the planet: Challenges for media, communication and beyond” на IAMCR (2023) **(1)** 23. Стручна ревизија на апстракти во рамките на меѓународната научна конференција ARS 2023: “Disrupted or disruptive audiences? From reception to participation in a post-truth era” на ECREA (2023) **(1)** 24. Стручна ревизија на апстракти во рамките на Десеттата меѓународна научна конференција “Communication & social (dis)order” на ECREA (2024) **(1)** 25. Стручна ревизија на апстракти во рамките на 11-тата Меѓународна научна конференција “Shifting Grounds: Paths, Connections, and Futures” на ECREA (2026) **(1)**	
3	**Превод – дел од книга (x 1)** 1. Chapter 4 – “Says What: Research on the Content in Visual Communication” (од англиски на српски јазик) (книга: *Visual Communication Theory and Research: A Mass Communication Perspective*; автори: Shahira Fahmy, Mary Angela Bock, & Wayne Wanta; издавач и година: Palgrave Macmillan, 2014) **(1)**	**1**
4	**Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик – книга (x 1)** 1. Јазична редакција: *Бариери на општествениот развој* (ИСППИ, 2021) **(1)** 2. Јазична редакција: *Политичко-правните и културолошките предизвици во справување со пандемијата* (ИСППИ, 2022) **(1)** 3. Јазична редакција: Транскрипт на дискусијата по презентираните резултати од истражувачкиот проект „Може ли нестабилни општества да поддржуваат стабилни држави – случаи на Босна и Херцеговина,	**10**

	Црна Гора, Косово и Северна Македонија“ (ИСППИ, 2022) **(1)** 4. Јазична редакција: *Компаративна анализа на општествени состојби и предизвици на Балканот* (ИСППИ, 2023) **(1)** 5. Јазична редакција: *Визуелна здравствена комуникација во време на глобална здравствена криза: Дигиталниот постер како средство за комуникација меѓу здравствените власти и јавноста во Македонија за време на пандемијата со КОВИД-19* (ИСППИ, 2023) **(1)** 6. Јазична редакција: *Компаративно истражување на изборните системи: Првични национални наоди за Република Северна Македонија што се однесуваат на изборите од април и мај 2024 година* (ИСППИ, 2025) **(1)** 7. Јазична редакција: *Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија* (ИСППИ, 2025) **(1)** 8. Јазична редакција: Јубилејна монографија *60 години Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) 1965-2025* (ИСППИ, 2025) **(1)** 9. Јазична редакција: Зборник на трудови од научно-стручната дебата *Предизвиците и очекувањата од редефинирањето на балансот на силите во рамките на системот на меѓународните односи – македонска перспектива* (ИСППИ, 2025) **(1)** 10. Приредувач и јазична редакција: Научно-популарна книга *Градот и идентитетот – филмски репрезентации* („Чудна шума“, 2022) **(1)**	
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
5	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание (x 1)** 1. Секретар во рамките на УО на Годишникот на ИСППИ (Annual of ISPJR) **(1)**	**1**
6	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (x 1)** 1. Член на Организациски одбор на Меѓународната конференција „Sustainable Recovery in Post-Pandemic Era: Green Economy Challenges“ (ИСППИ, ИДН и МОТ, 2021) **(1)**	**1**
7	**Студиски престој во странство (до три месеци x 0,5)** 1. Осумдневен студиски престој на Универзитетот во Роскилд, Економски факултет, Данска, при Европска докторска летна школа за медиуми и комуникации поддржана од Европската асоцијација за комуникациски истражувања и едукација (ECREA) (6 – 14 август 2023 година) **(0,5)** 2. Тридневен престој во Универзитетот „Гете“ во Франкфурт, Германија, во рамките на КОСТ-акцијата	**1,5**

	CA22167 – Participatory Approaches with Older Adults: 1st PAAR-net Training School on methods of knowledge synthesis (4 – 6 септември 2024 година) **(0,5)** 3. Докторски студии: *Медиуми и општество* на Департманот за комуникологија и новинарство, Филозофски факултет, Универзитет во Ниш, Србија – вкупно до три месеци во времетраењето на тригодишните докторски студии **(0,5)**	
8	**Член на институтска комисија (x 0,5)** 1. Член на Комисија за попис на основните средства, извори на средства и ситен инвентар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (2020 за 2021) **(0,5)** 2. Член на Комисија за попис на основните средства, извори на средства и ситен инвентар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (2021 за 2022) **(0,5)** 3. Член на Комисија за повторна акредитација на студиската програма од втор циклус студии – Комуникации (едногодишни) (2025) **(0,5)** 4. Член на Комисија за подготвување на елаборат на студиската програма од трет циклус студии: Комуникации и мас-медиуми (2022) **(0,5)** 5. Член на Комисија за уредување на веб-страницата на Институтот (2021) **(0,5)** 6. Член на Комисија за уредување на веб-страницата на Институтот (2023) **(0,5)** 7. Член на Комисија за попис на парични средства во благајна, состојба на трансакциски сметки, состојба на благајна за бензин, бонови и побарувања и обврски на Институтот (2022) **(0,5)** 8. Член на Комисија за спроведување на постапката на избор на кандидат за засновање работен однос на работното место соработник за библиотечно работење во Стручно-административната служба на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (2024) **(0,5)**	**4**
9	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – соработник (x 0,5)** 1. „Политичко-правните и културолошките предизвици во справувањето со пандемијата“, годишен научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од интегративните средства на УКИМ (2020/2021) **(0,5)** 2. „Компаративна анализа на состојбите во Македонија и селектирани држави од Западен Балкан и ЕУ“, годишен научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од интегративните средства на УКИМ (2021/2022) **(0,5)** 3. „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Мерење на политички штетни наративи	**3,5**

	(ШТЕТ-НА)“, научноистражувачки проект во соработка со Институтот за комуникациски студии (ИКС), донатор: Британска амбасада во Скопје (2023-2024) **(0,5)** 4. „Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, нарачател: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2023-2024) **(0,5)** 5. „Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија“, годишен научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од интегративните средства на УКИМ (2023/2024) **(0,5)** 6. „Граѓаните во фокус на изборната регулатива“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, проектна апликација до Министерство за образование и наука (2025) **(0,5)** 7. „Хумана комуникација кај младите: аспекти, фактори и креативни начини за нејзино развивање“, научноистражувачки проект во рамките на ИСППИ, финансиран од Министерство за образование и наука (2025-2026) **(0,5)**	
	Вкупно	**50,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**51,244**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**161,2**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**50,5**
Вкупно	**262,944**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елеонора Серафимовска, с.р.
Проф. д-р Маријана Марковиќ, с.р.
Проф. д-р Емилија Симоска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БИБЛИОГРАФИЈА, ДОКУМЕНТАЦИЈА, БИБЛИОТЕКА И ИНФОРМАТИКА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Koha” од 23.2.2026 година, за избор на истражувач во сите научни звања во научната област **6.02.02.01 – македонска книжевност**, и врз основа на Одлуката на Советот на ИМЛ (бр. 02-51/3 од 4.3.2026) е формирана Рецензентска комисија во состав: д-р Мишел Павловски, научен советник во Институтот за македонска литература, д-р Наташа Аврамовска, научен советник во Институтот за македонска литература и д-р Соња Стојменска-Елзесер, научен советник во Институтот за македонска литература.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на истражувач во сите научни звања во научната област македонска книжевност, во предвидениот рок се пријави д-р Тамара Ќупева, научен соработник во Одделението за библиографија, документација, библиотека и информатика, при Институтот за македонска литература во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Тамара Ќупева е родена на 27.9.1972 во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Додипломските студии од подрачјето на хуманистичките науки ги завршила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности во 1995 година, со просечен успех 8,91. Во учебната 1995/1996 се запишала на втор циклус (магистерски) студии, на студиската програма Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, на истиот факултет. На 23.11.2004 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Методички постапки за интерпретација на книжевно-уметничкиот текст во наставата во средно образование“. Студиите од втор циклус ги завршила со просечен успех 9,87. Во учебната 2007/2008 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на студиската програма Македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 16.11.2010 година ја одбранила докторската дисертација на тема: „Воспитно-образовниот процес во наставата по литература – методи за развој на критичкото и креативното мислење“. Од 1995 до 2020 година била професорка во СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје, по предметите Македонски јазик и литература и Говорење и пишување. Од 2000 година е надворешен соработник на Македонскиот институт за медиуми – Скопје и на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, во рамки на кои активно учествува во проекти за имплементација и развој на медиумската писменост во образованието. Во рамки на овие активности била обучувач на наставници, ментор и креатор на едукативни содржини.

Во периодот 2020 – 2021 година била кабинетски советник во Министерството за образование и наука. Во рамките на овој ангажман била координатор на неколку работни групи за реформи во средно гимназиско образование и државна матура.

Во 2021 година е избрана за научен соработник/доцент во Одделението за библиографија, документација, библиотека и информатика при Институтот за македонска литература во Скопје (Билтен бр. 1242, од 15.7.2021), каде што работи до денес. Во рамки на работниот и академски ангажман, кандидатката е активно вклучена

во работата на Институтот, во рамки на Одделението, како член на Советот на Институтот и како учесник во комисии и одбори за организација на настани.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР

Научноистражувачка дејност

Д-р Тамара Ќупева има објавено петнаесетина научни трудови од хуманистичката област во списанија со меѓународен уредувачки одбор, од кои две монографии, еден прилог – монографија. Била дел од авторскиот тим на Речникот на медиумската писменост, како и коавтор на едукативен прирачник, „Дигиталниот свет на генерација Алфа“.

Во рамки на активностите на Одделението за библиографија, документација, библиотека и информатика, работела на подготовка на библиографски материјали на меѓународните списанија „Спектар“, „Контекст“ и „Филолошки студии“, како и на повеќе теми од областа на дигиталната култура.

Научноистражувачката дејност на д-р Тамара Ќупева се карактеризира со континуитет и тематска конзистентност во неколку области, и тоа: библиографија, дигитална хуманистика, теорија на литературата и вештачка интелигенција во хуманистичките науки.

Во дел од нејзините трудови („Раскажувачката проза во мрежата на алгоритмите“, објавен во списанието *Спектар,* год. XLII, бр. 84, стр. 255–329; потоа научниот труд „Литературни архетипови на новата когнитивна револуција – од античкиот мит до дигитална утопија“, објавен во списанието *Контекст / Context,* бр. 32; научниот труд ‘Folklore and Tradition Through Expressive Forms of Digital Media’, објавен во *Македонски фолклор*, бр. 84; научниот труд *Од Мисирков до современите предизвици – нова технолошка револуција*, во Зборникот „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања I“), таа воспоставува теориска рамка за разбирање на архетипските структури во современата дигитална култура и карактеристиките на современите наративи.

Во трудот „Раскажувачката проза во мрежата на алгоритмите“, д-р Ќупева развива теориски заснован и методолошки утврден пристап кон трансформациите на раскажувачката проза во услови на дигитална култура и интеграција на алатките на вештачката интелигенција. Истражувањето се поставува во поширока, интердисциплинарна рамка што ги поврзува книжевната теорија, медиумските студии и дигиталната хуманистика. Трудот нуди историско-теориска синтеза на клучните парадигми – од формализмот и Нова критика, преку структурализмот, постструктурализмот и теоријата на читателски одговор (Fish), до концептите на авторска функција (Foucault) и деконструкција (Derrida) – со цел да покаже дека современата дигитална текстуалност и алгоритамската медијација не претставуваат прекин, туку радикализација и проширување на веќе воспоставените теориски дилеми за авторството, значењето и рецепцијата. Особен научен придонес претставува тезата за трансформацијата на тријадата *автор – текст – читател* во проширена комуникациска мрежа, во која алгоритмите и платформите стануваат активни посредници, па дури и кокреатори на значењето. На овој начин авторката утврдува дека овие комуникациски канали, ја редефинираат естетиката на делото и ја условуваат интерпретацијата која е тесно поврзана со степенот на дигитална и оперативна писменост на читателот. Преку анализа на хипертекстуалната проза (Michael Joyce), концептот на сајбертекст, како и современите алатки базирани на големи јазични модели (LLM), д-р Ќупева аргументира дека новата раскажувачка проза се обликува во „мрежа на алгоритми“, каде што читањето е посредуван, интерактивен и технолошки условен процес. Истражувањето се одликува со критичка актуелност, јасна теориска позиционираност и способност за синтетичко поврзување на класичните книжевно-теориски постулати со најновите технолошки предизвици. Заклучокот на нејзиниот

труд го задржува ставот дека јазикот останува суштинска и универзална основа на литературноста, и покрај трансформациите на медиумот и формата.

Во трудот „Литературни архетипови на новата когнитивна револуција – од античкиот мит до дигитална утопија“, авторката развива теориски засновано истражување што го поставува митот како универзална наративна матрица и когнитивно-културна „вертикала“ преку која се читаат најактуелните егзистенцијални дилеми на современиот човек, во контекст на новата (дигитална и когнитивна) револуција. Појдовната теза е дека современите прашања за смислата на постоењето - наместо да се исцрпуваат со футуролошки претпоставки – се појаснуваат преку историското паметење на митовите како колективни и споделени наративи што ги артикулираат конфликтите, желбите и архетипските структури на човечкиот живот (Jensen). Таа ги аргументира теориските основи преку концептот на Кемпбеловиот „магичен прстен“, каде што митот се интерпретира како рамка што интегрира религии, филозофии, уметности, социјални форми и научно-технолошки откритија. Истражувањето систематски ги синтетизира *компаративните и историските пристапи* (вклучително и перспективата на Грејвс, за митот како религиозно-политичка историја), *психоаналитичките толкувања* (Фројд/Јунг и поимот колективно несвесно и архетипови), како и *наративно-структурните модели* на „мономитот“ и „патувањето на херојот“, за да покаже дека митските приказни репродуцираат повторливи мотиви на потрага, недостаток и трансформација што носат морална и етичка димензија. Врз таа теориска основа, кандидатката изведува оригинална аналитичка паралела меѓу митските архетипови и современите технолошки феномени: вештачката интелигенција се чита како нов „дигитален оган“ во прометејска перспектива (знаење како моќ и истовремено, како одговорност), како „когнитивно огледало“ (екстензија што ја обликува мислата), и како предупредувачки наративи од препознатливи во симболиката на *летот на Икар* и *Пандорината кутија* (ризик од хибрис и неконтролирани последици). На тој начин трудот не само што ги актуализира класичните митолошки и книжевно-теориски увиди, туку и отвора релевантни современи научни и етички прашања за управувањето со импликациите на човечката инвентивност, позиционирајќи го митот како продуктивна метафора и аналитичка алатка за разбирање на новите егзистенцијални наративи што ги создава вештачката интелигенција и дигиталната култура.

Во континуитет со истражувањата што ја проблематизираат трансформацијата на наративните и културните форми во дигиталната ера и улогата на технолошките медијации во редефинирањето на значењето и рецепцијата, научниот труд „Folklore and Tradition Through Expressive Forms of Digital Media“ го проширува истражувачкиот фокус кон фолклорот и традицијата, разгледувајќи ги нивните стратегии на видливост, опстанок и реинтерпретација во глобалниот алгоритамски комуникациски простор. Во трудот, кандидатката аналитички ја разгледува трансформацијата на фолклорот и традицијата во услови на глобална дигитална комуникација, аргументирајќи дека заканата за малите култури не се состои во физичко исчезнување на наследството, туку во нивна информациска невидливост во алгоритамски управуваниот дигитален простор. Истражувањето ја позиционира дигитализацијата како амбивалентен процес: таа создава вредни „дигитални траги“ и нови истражувачки ресурси, но истовремено наметнува методолошки и етички предизвици поради масовноста и комерцијалната логика на содржините. Посебен придонес претставува концептот на „хибриден фолклор“, преку кој традиционалните жанрови (митови, легенди, обичаи) се реинтерпретираат во дигитални форми – социјални мрежи, хаштагови, подкасти и видеоигри – што ја продолжува логиката на усното пренесување во нов медиумски контекст. Преку примери како иницијативата #FolkloreThursday и видеоиграта „Never Alone”, трудот покажува дека дигиталните платформи можат да функционираат како мост меѓу генерации и како алатка за зајакнување на културната видливост и идентитет. Резимирајќи, авторката аргументира потреба од стратешки и научно заснован пристап за зачувување и анализа на културното наследство во сајбер-културата, со цел

одржување на автентичноста и одбраната на „невидливите“ култури во глобалната мрежа.

Со истиот истражувачки фокус, таа го проширува полето на интерес на културните карактеристики на новите генерации, во трудот „The culture of Generation Z – the path for creating new educational concept“, објавен во меѓународното списание *KAIROS*. Овој текст ги артикулира основните карактеристики на генерацијата Зет (Gen Z) – родена во време на експоненцијален технолошки развој, како хетерогена група со специфични дигитални практики, очекувања за интерактивност и пристап кон знаење и социјални односи, што е длабоко обременет со ефектите на глобализацијата и медиумската експанзија. Во центарот на анализата е поставена медиумската и комуникациската култура како клучни структурни одредници за разбирање на нивниот секојдневен живот, идентитетски форми и начинот на кој тие ги интернализираат, критички обработуваат или репродуцираат медиумските пораки. Овој приод е во согласност со актуелните научни дебати кои ја нагласуваат потребата од интегрирање на социокултурните теории со студиите на медиуми и технологија, со што се обезбедува целовита рамка за анализа на динамичните трансформации на општествените практики, хиерархии на вредности и форми на активно учество во дигиталните заедници. За кандидатката, која го проучува влијанието на технолошките медијации врз културата на живеење, овој извор претставува теоретски и емпириски релевантна поддршка за аргументирање на тезата дека технологијата активно ги редефинира начинот на кој младите конструираат значење, воспоставуваат социјални врски и учествуваат во јавниот и приватниот дискурс. Таквиот аналитички фокус ја истакнува важноста на интердисциплинарното проучување на дигиталната култура како клучен сегмент на современите хуманистички и општествените истражувања, потврдувајќи ја потребата за натамошни теоретски и методолошки развои во оваа област.

Во нејзините трудови „Автобиографија на траумата – *На почетокот на крајот* од Даниел Јанев“, објавен во списанието „Спектар“ (год. 43, бр. 86), и „Бунтот на тишината на новата македонска поетска генерација“, во истото списание (год. 43, бр. 85), кандидатката го поместува истражувачкиот фокус во однос на претходните анализи на дигиталните медијации и алгоритамската култура, насочувајќи се кон интерпретација на конкретни книжевни феномени во современиот македонски контекст: поетиката и културната мисија на најмладата македонска поетска генерација и наративното обликување на личната траума како етичко и општествено релевантен дискурс. Во трудот „Бунтот на тишината на новата македонска поетска генерација“, кандидатката нуди аналитички и теориски втемелено читање на т.н. генерација „Бета“ како специфичен поетски и културен феномен во современата македонска литература. Потпирајќи се врз класичните поетички концепти (Frye, Eliot, Coleridge), таа ја позиционира поезијата како континуитет на архетипски и симболички обрасци, но истовремено ја интерпретира како чувствителен регистар на актуелните општествени состојби што ја обликуваат оваа генерација – постиндустриско и дигитално општество, пандемиско искуство, мобилност и културна флуидност. Анализата ја истакнува поетиката на „тивкиот бунт“ како централна одредница на генерацијата „Бета“: бунт што не се манифестира декларативно, туку преку интимна, меланхолична и егзистенцијално засегната лирика, во која хронотопот на градот, мотивите на дом/туѓина, отуѓеноста и сомнежот стануваат клучни семантички јадра. Посебна вредност на трудот е согледувањето на оваа генерација и како културно движење што создава нови платформи и комуникациски модели, со што се редефинира односот автор – публика и се проширува функцијата на поезијата од естетски чин кон општествена и културна интервенција. Трудот убедливо ја аргументира тезата дека генерацијата „Бета“ претставува нов, самосвесен глас во македонската поетска традиција, кој ја продолжува наследената нишка, но ја преобликува во согласност со духот и противречностите на времето во кое настанува.

Во „Автобиографија на траумата – *На почетокот на крајот* од Даниел Јанев“, кандидатката се насочува кон наративниот пристап кон личната траума и болеста, при што го истражува начинот на кој книжевниот текст станува сведоштво и „документ“ за

страдањето, но и процес на интерпретативно и афективно вклучување на читателот. Теориската рамка е поставена врз класичните студии за траума, каде фрагментацијата, повторувањето и нарушената линеарност се читаат како формални симптоми на трауматската меморија што не може целосно да се интегрира (Caruth; LaCapra), а не само како стилска одлука. Особен придонес претставува анализата на автобиографскиот „пакт“ (Lejeune) и дијалогичната адресираност кон читателот, преку кои личната болка излегува од приватната сфера и се преобразува во општествено значаен разговор, односно во „заедничко создавање значење“ меѓу автор/наратор и читател. Кандидатката аргументира дека „На почетокот на крајот“ функционира како хибриден текст што ги надминува жанровските граници на автобиографија и дневник: интегрира документарни материјали, медицински упатства, шематски прикази, интертекстуални упатувања и постмодерни стратегии, со што траумата станува не само тема, туку и организациски принцип на структурата. Во оваа перспектива, едноставниот и директен јазик се интерпретира како етичка поетичка стратегија која го префрла тежиштето од „естетска автономија“ кон перформативната и социјална функција на текстот – сведочење, јавен апел и активирање на емпатија и солидарност. Дополнително, преку концептите на ангажирана литература (Sartre) и наративна медицина (Charon), трудот ја истакнува двојната позиција на авторот како сведок и толкувач на сопствената болест, што го отвора прашањето за одговорноста на дискурсот и за книжевноста како простор на морално посредување меѓу индивидуалното страдање и колективната свест.

Овие два научни труда се поврзуваат преку интересот за книжевноста како динамичен систем што реагира на современите искуства, но нивниот истражувачки фокус се генерациските поетики и културните практики на младата македонска поезија како форма на интимен и општествен отпор и наративните механизми преку кои личната траума се претвора во етичко-општествена порака. Со тоа, кандидатката демонстрира методолошка флексибилност – од поетолошко-културолошка синтеза до прецизна наративно-теориска анализа и јасна способност да ги артикулира книжевните текстови како релевантни сведоштва за современата психосоцијална состојба и културна саморефлексија.

Еден од поважните нејзини стручни придонеси во документацијата и научната валоризација на македонската филолошка и книжевно-научна продукција, претставуваат библиографските трудови: „Библиографија на списанието ‘Спектар’ (1983 – 2022)“, „Библиографија на списанието ‘Филолошки студии’ (2002 – 2022)“ и „Библиографија на списанието ‘Context / Контекст’ (1995 – 2024)“, со кои е извршена систематизација и научна обработка на повеќедецениска академска продукција. Овој библиографски материјал е темелна архивска база од исклучително значење за националната и регионалната филолошка наука. Со систематско евидентирање, класифицирање и хронолошко организирање на трудовите создадени во распон од две, три и повеќе децении, овие библиографии се истражувачка инфраструктура која овозможува следење на развојните линии на литературната мисла, методолошките пристапи и тематските поместувања во одделни историски периоди. Архивирањето на ваков обемен корпус претставува предуслов за долгорочна компаративна анализа на литературни и критички трендови, за идентификација на доминантни и маргинализирани теми, за проучување на промените во стиловите на научна обработка, како и за мапирање на рецепцијата на одредени автори, дела и поетики во различни временски контексти.

Во таа насока, како логично продолжение на нејзиниот интерес за архивската систематизација и мапирање на научната продукција, се вклучува и трудот „Македонската литература во фокус – теми и автори во академските трудови на Универзитетот во Љубљана“, објавен во *Philological Studies / Филолошки студии* (Vol. XXIII, No. 2, 2025). Овој прегледен и аналитички научен прилог претставува продлабочена студија за рецепцијата и присуството на македонската литература во рамките на словенечкиот академски простор, поточно на Одделот за славистика при Универзитетот во Љубљана. Преку систематско истражување и библиографска обработка на академските трудови (дипломски, магистерски и други академски

трудови), кандидатката ги идентификува доминантните тематски насоки, теориските пристапи и авторските интереси што ја обликуваат сликата за македонската книжевност во оваа средина. Особено значајно е што оваа анализа не се задржува на дескриптивно набројување, туку нуди критичка рефлексија за изборот на автори и дела, за застапеноста на одредени литературни периоди и поетики, како и за методолошките модели преку кои македонскиот литературен корпус се интерпретира и вреднува во меѓународен контекст. На тој начин, овој нејзин труд функционира како мета-аналитичка студија за академската рецепција, кој истовремено потврдува како една универзитетска средина во континуитет гради дијалог со македонската културна традиција и ја вклучува во пошироките словенски и европски книжевни хоризонти. Овој нејзин прилог ја потврдува важноста на долгорочната архивска и библиографска работа, како алатка за следење на трансформациите на критичките перспективи и еволуцијата на тематските фокуси низ повеќегодишен академски континуитет.

Во рамки на овие активности, а поврзани со студискиот престој на Универзитетот во Љубљана (24 – 28.3.2025), на Одделението за славистика, кандидатката реализирала и предавање на тема „Вештачката интелигенција и македонскиот јазик и литература – предизвици и перспективи“. Со ова предавање, таа ги става македонскиот јазик и современата македонска книжевност во поширок словенски и европски контекст, отворајќи актуелни прашања за односот меѓу јазичната политика, дигиталните технологии и хуманистичките науки. Комисијата оценува дека ваквиот ангажман има особено значење за афирмацијата на македонската филолошка и културна традиција во регионалниот академски простор, бидејќи ја позиционира македонистиката како релевантен чинител во современите дискусии за вештачката интелигенција, дигиталната писменост и иднината на малите јазици. Притоа, кандидатката настапува не само како предавач и промотор на македонската култура, туку и како истражувач што ги поврзува националните филолошки прашања со глобалните технолошки и културни процеси, придонесувајќи кон зголемување на видливоста и научната релевантност на македонските јазични и книжевни студии во регионот.

Покрај индивидуалните научни прилози и библиографските истражувања, значаен сегмент од академскиот профил на кандидатката претставува нејзиното активно учество во повеќе национални и меѓународни научни проекти, кои имаат долгорочно културно и образовно влијание. Нејзиниот ангажман во националниот проект „Македонска книжевна енциклопедија“ опфаќа учество во систематизација и научна верификација на релевантни податоци за автори, дела и поетики, со што таа дава свој придонес кон создавање трајна референтна база од капитално значење за националната книжевна историја.

Во рамки на проектот реализиран меѓу двата института (Институтот за македонска литература и Институтот за наука и уметност во Белград, Србија), со тематски наслов „Тајните на човечката душа низ призмата н а книжевноста“, кандидатката била активно вклучена во програмските и промотивните активности, вклучително и во подготовката и реализацијата на промоцијата на списанието „Филолошки студии“. Со оваа активност, таа дава непосредна поддршка на зголемување на видливоста на научните резултати и за афирмација на филолошките истражувања во поширокаа академска и културна јавност.

Дополнително, кандидатката била дел од организациониот одбор на меѓународната научна конференција „Книжевни проекции“, каде што активно учествувала во конципирањето на програмата, координацијата со домашни и странски учесници, како и во организациската и логистичката реализација на настанот. Со оваа ангажираност, таа придонесува и во успешна меѓународна видливост на институцијата и јакнење на научната соработка.

Во актуелниот проект на Институтот за македонска литература – „Траумата во литературата“, ја обработува темата за патографиите во македонската литература, на начин што отвора интердисциплинарен простор меѓу книжевна теорија, културна меморија, наративни студии, и дигитално архивирање, како медиум за интерпретација и симболичка обработка на индивидуалните и колективните трауматски искуства. Во

рамки на овој сегмент, кандидатката работи на подготовка и систематизација на архива на македонски патографии – книжевни дела што обработуваат искуства од различни медицински состојби и форми на телесна и психичка ранливост. Трудот, по завршувањето на проектот, ќе биде прва систематска архива од ваков тип во македонскиот книжевен и културен простор.

Наставна, стручно-апликативна и организационо-развојна дејност

Како научен соработник, во изборниот период, кандидатката д-р Тамара Ќупева реализирала наставно-образовна дејност на студиската програма од втор циклус студии, во рамки на наставната програма по предметот Медиуми: теорија и практика и Медиумска писменост. Во периодот од 2022 до 2024 била ангажирана во реализацијата на наставата по предметот Македонски јазик, на прв циклус студии, на Интернационалниот балкански универзитет (International Balkan University) во Скопје.

Во рамки на нејзините дополнителни, стручни активности, таа била дел од авторите на материјалите на првиот „Речник на медиумска писменост“. Со работата на создавањето на овој речник, кандидатката придонесува кон развојот на јазична (терминолошка) и едукативна инфраструктура во областа на современите медиумски и културни студии, што е од особено значење во современите процеси на дигиталната трансформација и потребата од критичко читање на информациите. Дополнително, нејзината вклученост во меѓународниот проект DECODE, реализиран под покровителство на Европскиот центар за современи јазици при Советот на Европа, ја потврдува нејзината интегрираност во европските истражувачки текови и нејзиниот придонес во унапредувањето на јазичната, културната и образовната соработка на транснационално ниво. Севкупно, овие проекти го потврдуваат нејзиното научно портфолио, како конзистентна научна стратегија насочена кон архивирање, интерпретација и современа реартикулација на книжевното и културното знаење и наука.

Во контекст на истражувачката ориентација на кандидатката кон современите културни трансформации предизвикани од технолошкиот развој е и нејзиниот прирачник (како коавтор) „Дигиталниот свет на генерација Алфа: Водич за медиумска писменост за родители и старатели“. Ова издание претставува логично продолжение и применета димензија на нејзиниот научен интерес за влијанието на дигиталните технологии врз културата на живеење, комуникациските практики и обликувањето на идентитетот кај новите генерации. Во ова издание, медиумската писменост е концептуализирана како клучна културна компетенција на 21 век – не само како техничка способност за користење дигитални алатки, туку како критичка, етичка и когнитивна рамка за разбирање на алгоритамските структури, информациските екосистеми и симболичките модели што го посредуваат секојдневието на генерацијата Алфа. Посебната вредност на прирачникот се огледа во тоа што темата за дигиталната социјализација ја поставува во интердисциплинарен контекст, поврзувајќи ги образовните политики, семејната педагогија и културолошките студии, при што дигиталната средина се третира како нов социјален простор што активно ги трансформира поимите за учење, авторитет, заедница и припадност. На тој начин, делото не само што има значајна применета вредност во образовната практика, туку отвора и релевантни академски прашања за долгорочните ефекти на технолошката медијација врз културните навики, вредносните системи и когнитивниот развој на младите. Вклучувањето на оваа тема во научниот опус на кандидатката ја потврдува нејзината насоченост кон актуелни, општествено чувствителни и стратешки важни прашања, со што придонесува кон развојот на современата хуманистика во дијалог со дигиталната култура и трансформациите на генерациските идентитети. Треба да се истакне дека овој прирачник е показен пример на примената на теоретските и научни истражувања во практиката.

Во рамките на програмските активности по повод одбележувањето на јубилејот „80 години од кодификацијата на македонскиот јазик“, кандидатката остварила значаен и содржински осмислен ангажман во реализацијата на настани за

популаризација на науката, со едукативен и културно-промотивен карактер. Нејзиното учество во овој проект, ја потврдува нејзината научна, образовна и општествена одговорност. Во рамки на овие активности, кандидатката била дел од тимот за реализацијата на креативни работилници организирана во просториите на Институт за македонска литература и на која учествувале ученици од неколку средни и основни училишта од Скопје. Работилницата била осмислена како интерактивна образовна платформа што ги поврзува историските аспекти на кодификацијата на македонскиот литературен јазик со современите јазични практики и комуникациски навики на младата генерација.

Во рамки на стручно-апликативната дејност, кандидатката неколку пати учествува во реализација на наставата по предметот Македонски јазик и литература, како гостин-предавач во неколку скопски средни училишта. На овие активности, таа ги афирмира и реактуализира темите од историјата и развојот на македонскиот стандарден јазик, процесите на неговата нормираност и институционализација, улогата на книжевноста во обликувањето на културната меморија, како и современите јазични трендови поврзани со дигиталната комуникација, социјалните мрежи и новите форми на писменост.

Комисијата оценува дека ваквиот тип активности претставуваат значаен пример за успешен трансфер на научни сознанија кон поширокатa образовна заедница. Преку прилагодување на научноистражувачките резултати кон возраста и интересите на учениците, кандидатката демонстрирала високо ниво на педагошка компетентност и способност за посредување меѓу академскиот дискурс и јавниот образовен простор. На овој начин таа се обидува да поттикне и да ја зајакне видливоста и општествената релевантност на научната институција, а истовремено се и да влијае на интересот за филолошките и хуманистичките науки кај младата популација. Со овој ангажман, кандидатката придонесува кон континуирана афирмација на македонската литература во образовниот систем и кон зацврстување на врската меѓу научноистражувачката дејност и наставната практика.

Врз основа на севкупната анализа на научноистражувачката, проектната, публицистичката и општествено-образовната дејност на д-р Тамара Ќупева, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката остварува континуирана, систематска и високо релевантна научна продукција, со јасно профилиран истражувачки идентитет. Нејзиниот научен опус се одликува со интердисциплинарен пристап и одговорност во обработката на клучни прашања од областа на книжевната теорија, културната меморија, автобиографската и документарната проза, како и медиумската писменост во современиот дигитален контекст. Особено значаен сегмент од нејзината работа претставуваат библиографските трудови и архивските истражувања, со кои се воспоставува долгорочна и научно верифицирана база за следење на развојните текови на македонската книжевна и филолошка мисла. Со систематизацијата на повеќедецениска академска продукција, кандидатката придонесува кон конституирање на стабилна истражувачка инфраструктура што овозможува компаративни анализи на тематските трендови, методолошките пристапи и стилските трансформации во различни историски периоди. Ваквиот пристап ја надминува дескриптивната рамка и се издигнува на ниво на мета-аналитичка и документарна научна практика.

Комисијата ја истакнува и нејзината активна вклученост во национални и меѓународни научни проекти. Овие ангажмани ја потврдуваат нејзината интегрираност во поширoки истражувачки мрежи и нејзиниот придонес во унапредувањето на научната соработка и културната размена на национално и европско ниво. Дополнително, Комисијата ја вреднува и нејзината способност за трансфер на научните сознанија во образовната и јавната сфера, што претставува пример за успешно поврзување на академската експертиза со современите општествени потреби и образовни предизвици.

Заклучок на Рецензентската комисија

Врз основа на изнесеното, Комисијата заклучува дека наведените активности се во целост усогласени со критериумите за избор во звање во делот на наставно-образовната и стручната дејност, како и во сегментот на јавна ангажираност и промоција на научните резултати. Ангажманот на кандидатката во одбележувањето на јубилејот и во придружните едукативни активности претставува значаен придонес во остварувањето на мисијата на Институтот за македонска литература, во афирмацијата на македонскиот јазик и литература и во јакнењето на општествената улога на хуманистичките науки. Комисијата го вреднува овој сегмент од нејзината дејност како особено значаен придонес во доменот на наставно-образовната и јавната активност, кој суштински ја надополнува и ја заокружува нејзината научноистражувачка работа, потврдувајќи ја нејзината подготвеност за повисоки академски одговорности.

Комисијата оценува дека наведениот разновиден и интердисциплинарен проектен и организациски ангажман јасно ја потврдува институционалната одговорност, организациската компетентност и научната зрелост на кандидатката, како и нејзината подготвеност за преземање повисоки научни и академски одговорности. Активното учество во национални и меѓународни проекти, организација на научни настани и промоција на научни резултати, сведочи за нејзина способност за работа во поширок професионални и истражувачки рамки, со јасна ориентација кон соработка, интердисциплинарност и европска интеграција на македонската филолошка и хуманистичка наука. Овие активности суштински ја надополнуваат и ја заокружуваат нејзината научноистражувачка работа, укажувајќи на континуиран, систематски и активен придонес во развојот, промоцијата и меѓународната афирмација на научната дејност на Институтот, како и во јакнењето на неговата видливост и релевантност во домашниот и европскиот академски простор. Сумирајќи ги наведените факти и оценувајќи ја научната релевантност, квалитетот и континуитетот на трудот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Тамара Ќупева во целост ги исполнува законските и статутарните услови за избор во соодветното наставно-научно звање.

Имајќи го предвид сето наведено, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, д-р Тамара Ќупева да ја избере во научното звање виш научен соработник/вонреден професор во научната област **6.02.02.01 – македонска книжевност**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мишел Павловски, с.р.
Проф. д-р Наташа Аврамовска, с.р.
Проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Тамара Кирил Ќупева**
Институција: **Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
Научна област: **македонска книжевност**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,91. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,73. Просечниот успех изнесува /за интегрираните студии.	Да
2.	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: Подрачје: 6 – **хуманистички науки**, Поле: 6.02 – **јазици и книжевност** Потполе: 6.02.02 – **книжевност** Област: 6.02.02.29 – **методика на наставата по книжевност**	Да
3.	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. **Назив на научното списание**: *Philological Studies / Филолошки студии* 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2025) ‘Македонската литература во фокус – теми и автори во академските трудови на Универзитетот во Љубљана’, *Philological Studies / Филолошки студии*, vol. 23, no. 2, pp. 189–210.	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	4. Година на објава: 2025 1. **Назив на научното списание**: *Context / Контекст* 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 5 члена (Холандија, 1 член;, Словачка 1 член; , Словенија 1 член; , Хрватска 1 член; , Македонија 1 член) 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2025) ‘Литературни архетипови на новата когнитивна револуција – од античкиот мит до дигитална утопија’, *Контекст / Context*, бр. 32, стр. 57. 4. Година на објава: 2025 1. **Назив на научното списание**: *Македонски фолклор* 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2023) **‘**Folklore and Tradition Through Expressive Forms of Digital Media**’**, *Македонски фолклор*, бр. 84, стр. 123–128. Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје. 4. Година на објава: 2023 1. **Назив на научното списание**: *Philological Studies / Филолошки студии* 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2023) **‘**Библиографија на списанието „Филолошки студии“ (2002–2022)**’,** *Филолошки студии*, Vol. XXI, No. 1, стр. 25–137. Скопје: Институт за македонска литература 4. Година на објава: 2023 1. **Назив на научното списание**: ***Context / Контекст*** 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 5 члена (Холандија, 1 член; Словачка, 1 член; Словенија, 1 член; Хрватска, 1 член; Македонија, 1 член) 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2021) ‘Уметничкиот текст како комуникациски феномен’, Context / Контекст, стр. 35–43. 4. Година на објава: 2021	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. **Назив на научното списание**: ***Спектар*** 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11 члена (Македонија 4	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	члена; Словачка 1 член; Хрватска 1 член; Полска 1 член; Србија 1; Русија 1 член; Турција 1 член; Словенија 1 член) 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2025) ‘Бунтот на тишината на новата македонска поетска генерација’, *Спектар*, год. 43, бр. 85, стр. 75. 4. Година на објава: 2025 1. **Назив на научното списание**: **KAIROS** 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 10 члена (Македонија 2 члена; Хрватска 1 член; Србија 1 член; САД 1 член; Австрија 1 член; Чешка 1 член; Босна и Херцеговина 1 член; Шведска 1 член; Оман 1 член;) 3. Наслов на трудот: Kjupeva, T. (2023) ‘The culture of Generation Z – the path for creating new educational concept’ *KAIROS*, no.1, pp. 45-54 4. Година на објава: 2023 1. **Назив на научното списание**: ***Спектар*** 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 11 члена (Македонија 4 члена; Словачка 1 член; Хрватска 1 член; Полска 1 член; Србија 1; Русија 1 член; Турција 1 член; Словенија 1 член) 3. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2024) ‘Раскажувачката проза во мрежата на алгоритмите’**,** *Спектар*, год. XLII, бр. 84, Скопје, стр. 255–329 4. Година на објава: 2024	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1.Назив на научното списание: _____ 2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	Не
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____	Не
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: *Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања* I, Скопје: Институт за македонски јазик.	Да

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	2. Назив на меѓународниот собир: 70 години – Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје 3. Имиња на земјите: Полска, САД, Турција, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Австрија, Хрватска, Финска, Северна Македонија 4. Наслов на трудот: Ќупева, Т. (2023). *Од Мисирков до современите предизвици – нова технолошка револуција*. Во: Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања I, стр. 149-160. Скопје: Институт за македонски јазик. 5. Година на објава: 2023 1. Назив на зборникот: *Зборник трудови од 52. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*. 2. Назив на меѓународниот собир: *Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*. 3. Имиња на земјите: Србија, Полска, Русија, Северна Македонија 4. Наслов на трудот: Ќупева, Т (2025). *Дијалогот во нов концепт – македонскиот јазик и големите јазични модели* 5. Година на објава: 2025 (во печат)	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Година на објава _____ 3. Издавач, место на издавање и година _____	Не
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **15.7.2021, бр. 1242**	
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

****** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Тамара Кирил Ќупева**
Институција: **Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
Научна област: **македонска книжевност**

	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ	Поени	
		во земјата	во странство
	Монографија/научна книга[5]	8	12
1.	Ќупева, Т. (2022) **‘Библиографија на списанието „Спектар“ (1983–2022)’,** *Спектар*, год. XL, бр. 80, стр. 15–285. Скопје: Институт за македонска литература.	8	
2.	Ќупева, Т. (2023) **‘Библиографија на списанието „Филолошки студии“ (2002–2022)’,** *Филолошки студии*, Vol. XXI, No. 1, стр. 25–137. Скопје: Институт за македонска литература	8	
	Дел од монографија/научна книга[6]	4	6
1.	Ќупева, Т. (2024) **‘Библиографија на списанието „Context / Контекст“ (1995–2024) / Bibliography CONTEXT / КОНТЕКСТ (1995–2024)’,** *Context / Контекст*, 30, стр. 119–158.	4	
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење	6	
1.	**Ќупева, Т.** (2023) **‘Folklore and Tradition Through Expressive Forms of Digital Media’**, *Македонски фолклор*, бр. 84, стр. 123–128. Институт за фолклор, „Марко Цепенков“, Скопје.	6	
2.	Kjupeva, T. (2023) ‘The culture of Generation Z – the path for creating new educational concept’ *KAIROS*, no.1, pp. 45-54	6	
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати или објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор[7]	6	

[5] Монографија е научно или критичко издание кое целосно обработува одредена проблематика врз основа на сопствени и податоци од други автори.

[6] Делот претставува заокружена целина (на пример, глава во научна книга).

[7] Меѓународен уредувачки одбор е одбор во кој учествуваат експерти од соодветната научна област од најмалку 5 земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40 % од вкупниот број членови.

1.	Ќупева, Т. (2025) ‘Автобиографија на траумата – „На почетокот на крајот“ од Даниел Јанев’, *Спектар*, год. 43, бр. 86, стр. 187.	6	
2.	Ќупева, Т. (2025) ‘Бунтот на тишината на новата македонска поетска генерација’, *Спектар*, год. 43, бр. 85, стр. 75.	6	
3.	**Ќупева, Т.** (2024) **‘Раскажувачката проза во мрежата на алгоритмите’,** *Спектар*, год. XLII, бр. 84, Скопје, стр. 255–329.	6	
4.	Ќупева, Т. (2025) ‘Литературни архетипови на новата когнитивна револуција – од античкиот мит до дигитална утопија’, *Контекст / Context*, бр. 32, стр. 57.	6	
5.	Ќупева, Т. (2021) ‘Уметничкиот текст како комуникациски феномен’, Context / Контекст 23, стр. 35–43. УДК 81`22:316.77; УДК 801.73.	6	
6.	Ќупева, Т. (2025) ‘Македонската литература во фокус – теми и автори во академските трудови на Универзитетот во Љубљана’, *Philological Studies / Филолошки студии*, vol. 23, no. 2, pp. 189–210.	6	
	Трудови со оригинални научни резултати во зборник на трудови од научен/стручен собир	2	3
1.	**Ќупева, Т.** (2023) *Од Мисирков до современите предизвици – нова технолошка револуција*. Во: **Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања I**, стр. 149-160. Скопје: Институт за македонски јазик.		3
2.	Ќупева, Т (2025) *Дијалогот во нов концепт – македонскиот јазик и големите јазични модели*. Во Зборник трудови од 52. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во процес на печатење).		3
3.	Ќупева, Тамара (2025). *Поетика на внатрешниот свет: гласот, телото и тишината во поезијата на Бистрица Миркуловска*. Во Зборник трудови „Книжевни проекции“, Институт за македонска литература – Скопје (во процес на печатење).		3
4.	Ќупева, Тамара (2025). *Душата како алтер-его во расказите на Јелена Ленголд и Румена Бужаровска („Панаѓурскиот магионичар“ од Јелена Ленголд и „Мојот маж“ од Румена Бужаровска)*. Во Зброникот трудови од конференцијата „Тајните на човековата душа“ – Институт за наука и уметност – Белград,		3

	Србија и Институтот за македонска литература (во процес на печатење)		
	Секциско предавање на научен/стручен собир	2	3
1.	„Media Literacy and Education“, California State University, Chico, U.S. Institutes Follow-on Workshop in Athens, Greece, October 10-14, 2022		3
	Одржано предавање по покана од научна институција/Универзитет	2	3
1.	Универзитет во Љубљана, Одделение за славистика, 26. 3. 2025 Предавање на тема: *„Вештачката интелиīенција и македонскиот јазик и литературa – предизвици и перспективи“*		3
	Учество на научен/стручен собир со реферат (постер/усно)	1/1,5	1,5/2
	„Myth and Drama as a Metaphor of AI“, International Conference on *Myth and Drama: Contemporary Interpretations*, Skopje, 29-30 November 2024		2
	Одбранета докторска дисертација	8	8
	Докторска дисертација: „Воспитно-образованиот процес во наставата по литература – методи за развој на критичкото и креативното мислење“ – Филолошки факултет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Република Северна Македонија, 16.10.2010	8	
	Одбранет магистерски труд	5	5
	Магистерски труд: „Методички постапки за интерпретација на книжевно-уметничкиот текст во наставата во средно образование“- Филолошки факултет, „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Република Северна Македонија, 23.11.2024	5	
	Учесник во научен проект (најмногу во 3)	Национален 2	Меѓународен 3
1.	*Македонска книжевна енциклопедија* (2021-2023), Институт за македонска литература, Скопје https://mke.iml.edu.mk/Home/Index	2	
2.	*Траумата во литературата* (2025 – 2026), Институт за македонска литература, Скопје	2	
3.	*Речник на медиумска писменост* (2023 – 2025), Институт за комуникациски студии, Скопје	2	
4.	*DECODE (Developing competences for democratic culture for young learners through language education) (2025 – 2026).* Носители: ECML (European Centre for Modern Languages of the Council of Europe)		3

5.	Inclusive and Creative Media Education (ICME) (2023 – 2024) ЕУ-проект https://icmeproject.eu/			3
	Одржување на настава по задолжителен/изборен предмет[8]	прв циклус	втор циклус	трет циклус
		0,04	0,05	0,06
1.	Македонски јазик, International Balkan University (Интернационален балкански универзитет) (6 x 12x 0,04) x 3 семестри	8,64		
2.	Медиуми: Теорија и практика		1,2	
	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)[9]	0,03		
	Македонски јазик, International Balkan University (Интернационален балкански универзитет) 2022/2023 3 x12 x0,03 x 2 семестри = 2,16 2023/24 3 x12 x0,03 = 1.08	3,24		
	Консултации со студенти[10]	0,002		
	3 семестри 142+133 (2022/2023 и 2023/2024)	0,834		
	Научно-популарна книга	Автор		коавтор
		6		4
	Ќупева, Т., Христовска, И. и Попризова, А. (2023). *Дигиталниот свет на генерација алфа: Водич за медиумска писменост за родители и старатели*. Скопје: Младински образовен форум.			4
	Рецензент на учебник	0.5		
1.	Рецензент на *Буквароt на Биби: буквар за учење на печатните и ракописните букви* (р. 140 стр.) – автори Црвенковска, Б. С., & Димитриевски-Тхе Мичо, М. (2021).	0.5		
	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ	**Поени**		
		во земјата		**во странство**
	Речник	Автор		коавтор

[8] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,05 (поени за предавања од задолжителен предмет од втор циклус студии) = поени

[9] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,03). Пример 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,03 (поени за часови вежби) = поени

[10] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниот начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поена

		6	7
1.	**Речник на медиумската писменост**. *Редакција*. https://recnik.medium.edu.mk/redakcija/ (Accessed: 9 February 2026).		7
	Учество во промотивни активности на Институтот	0,5	
2.	Реализација на **2** гостински предавања во средни училишта на тема • Литературата во ерата на вештачката интелигенција; • Еволуција на приказните – од народната приказна до современите трендови - Storytelling; • Двосмисленоста на јазикот како основа на јазичните модели – Chat Gpt (јазикот и вештачката интелигенција). СУГС гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“, 20.11.2024 СУГС Гимназија „Јахја Кемал“, 4.12.2024.	1	
3.	Реализација на наставни предавања • Романтизмот во македонската литература – писатели и дела • Константин Миладинов – живот и дело • Анализа на поезијата на Константин Миладинов гимназија ,,Орце Николов“ во неколку класови од трета година (15 – 17 декември 2025) (12 часа x 0,5)	6	
4.	Член на Комисија за национален натпревар во раскажување приказни за ученици од основни и средни училишта – соработка на Институтот за македонска литература и Фондацијата „Ѓорѓе Марјановиќ“, 2024, 2025	1	
5.	Панелист на трибината „Како да се поттикне и поддржи читателскиот интерес кај децата и младите?“ (Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје при УКИМ и Фондација „Ѓорѓи Марјановиќ“, 1 март 2024)	0,5	
	Член на уредувачки одбор на научно /стручно списание СЦИ/ЦА/останати	2/0,5	
1.	Член на Уредувачки одбор на списанието „Спектар“ (2023 – 2024)	1	
2.	Член на Уредувачки одбор на списанието „Спектар“ (2025 – 2026)	1	
	Член на организационен одбор на научен/стручен собир	1	2
1.	Член на Организациски одбор на меѓународната конференција „Книжевни	1	

	проекции“ – Институт за македонска литература			
2.	Член на Организациски одбор на стручниот собир „Гане Тодоровски (95 години) и Петре М. Андреевски (90 години)“ – Институт за македонска литература	1		
	Студиски престој во странство	до 3 мес.	до 6 мес.	Повеќе
		0,5	1	2
	Студиски престој на Универзитетот во Љубљана, Словенија, Одделение за славистика (24 – 28. 3.2025)	0,5		
	Член на Советот на Институтот	2		
	Член на Совет на Институтот за македонска литература (2024 -)	2		
	Член на институтска комисија	0,5		
	Член на Комисија за јавни набавки (2021 – 2023)	0,5		
	Претседател на Комисија за јавни набавки (2024 – 2025)	0,5		
	Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)	2		
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	1		
1.	Член на Координативно тело за изготвување на Програмата за одбележување на 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик (2025)	1		

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ	131,414
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ	26
Вкупно	**157,414**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мишел Павловски, с.р.
Проф. д-р Наташа Аврамовска, с.р.
Проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КНИЖЕВНА И ВИЗУЕЛНА АДАПТАЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ (ОД ФОЛКЛОРЕН ОБРАЗЕЦ ПРЕКУ ЛИТЕРАТУРНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ДО АНИМИРАН ФИЛМ)“ ОД М-Р ЖАРКО ИВАНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 24. редовна седница одржана на 6.3.2026 г., формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов: „Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот (од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм)“, изработена од м-р Жарко Иванов. Комисијата е во состав: проф. д-р Ана Мартиноска (претседател), проф. д-р Александар Прокопиев (ментор, член), проф. д-р Ермис Лафазановски (член), проф. д-р Дарин Ангеловски (член) и проф. д-р Александар Трајковски (член).

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов: ***Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот (од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм)*** од М-р Жарко Иванов содржи 321 страница компјутерски обработен текст во А4-формат, фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 298 библиографски единици, кои, главно, претставуваат научни изданија, интернет-извори поврзани со истражуваната проблематика, научни трудови, статии, книги, сценарија, филмови и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во вовед, **седум** основни поглавја, заклучни согледби и библиографија. Основните поглавја се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, што овозможува систематично, прегледно и научно аргументирано следење на материјата што е предмет на обработка во оваа докторска дисертација. Дисертацијата се потпира врз релевантна домашна и странска литература од областа на фолклористиката, книжевната теорија, наратологијата, филмологијата, теоријата на адаптацијата и интермедијалните студии, при што библиографијата сведочи за широка истражувачка подготвеност и за сериозно консултирање на извори потребни за обработка на темата.

Темата на оваа докторска дисертација е научно актуелна, методолошки сложена и во домашни рамки недоволно истражена во ваква широчина и со ваква интердисциплинарна насоченост. Кандидатот се зафаќа со прашањето за преминот на фолклорниот материјал од усна традиција во книжевна и визуелна уметничка форма, но притоа не се задржува на вообичаеното споредување меѓу еден книжевен текст и неговата филмска преработка. Напротив, дисертацијата поставува поширока и попрецизна истражувачка рамка, во која трансформацијата се следи низ повеќе стадиуми: од фолклорен образец, преку литературна обработка, до сценарио и анимиран филм. Токму оваа постапка ја прави тезата особено вредна, затоа што отвора можност сказната и фолклорниот материјал да се мислат не како затворени и завршени облици, туку како подвижни структури што продолжуваат да живеат преку преработка, реактуализација и премин во нови медиумски услови.

Во оваа смисла, трудот покажува јасна истражувачка амбиција: да понуди не само опис на одделни книжевни и филмски случаи, туку и теориски заснован модел за разбирање на трансформацијата на фолклорот во современите уметнички практики.

Ваквата амбиција е особено значајна затоа што темата го поврзува традициското културно наследство со современите книжевни и визуелни форми, а тоа значи дека дисертацијата истовремено има и историска, и теориска, и аналитичка, и културолошка вредност. Комисијата оцени дека кандидатот правилно го согледал значењето на ова поле и успеал да го разработи со потребната научна одговорност и со соодветна методолошка прецизност.

Во **воведниот дел** од дисертацијата се изложени проблематиката, целите и методолошкиот пристап на истражувањето. Особено е значајно што кандидатот уште во почетните страници јасно ја определува теориската позиција од која поаѓа трудот: адаптацијата не се разбира како секундарна и зависна постапка, ниту како едноставна проверка на степенот на верност кон изворот, туку како креативен, интерпретативен и интермедијален процес. На тој начин, во воведот се поставува основната претпоставка на дисертацијата дека фолклорната матрица не се губи при секој нов премин, туку се преструктурира, реактуализира и поинаку се организира во согласност со барањата на различни жанровски, историски и медиумски контексти. Воедно, воведот јасно ги назначува и главните истражувачки патеки на трудот: од една страна, модернистичките преобликувања на сказновниот материјал кај Виктор Шкловски, а од друга, постмодернистичките трансформации кај Александар Прокопиев. Со тоа, воведот не е само информативен почеток на тезата, туку и концептуално јадро што ја најавува целокупната научна аргументација во внимателно обмислена и цврсто структурирана истражувачка целина.

Првата глава, **Фолклорот како теоретски и методолошки концепт**, ја поставува основната поимовна и истражувачка рамка на дисертацијата. Во неа, фолклорот се разгледува како културна форма што не може да се сведе како архива на стари текстови, туку се обмислува како жива, варијантна, историски менлива и изведбено условена комуникациска практика. Ваквата поставеност е од суштинско значење за целиот труд, затоа што му овозможува на кандидатот да покаже дека адаптацијата не е насилно надворешно интервенирање врз стабилна форма, туку продолжување на една подвижна традиција која и самата функционира преку прераскажување, варирање и ново обликување. Во ова поглавје се разгледуваат прашања што се од првостепено методолошко значење: изведбената природа на фолклорот, неговата варијантност, односот меѓу колективното и индивидуалното во неговото создавање, како и историчноста на фолклорните форми. Кандидатот убедливо покажува дека токму овие особини го прават фолклорниот материјал погоден за понатамошни литературни и медиумски преобразби.

Особено треба да се нагласи дека првата глава не останува на рамништето на општ и механички преглед на поимите. Напротив, таа има јасна аргументативна функција во рамките на целата дисертација. Тезата дека фолклорот е процес, а не само збир од текстови, понатаму овозможува сказната да се согледа како жанр што по својата природа е подготвен за трансформација. Во таа смисла, ова поглавје ја врши клучната подготвителна работа за сите следни анализи. Тоа не само што ја поставува поимовната мрежа на трудот, туку и ја оправдува неговата методолошка насока. Ваквата поставеност е особено значајна за предложениот докторски труд, бидејќи сведочи за зрела научна перспектива и за способност да се управува со сложен истражувачки материјал.

Втората глава, **Сказната — жанровска морфологија и историски трансформации**, претставува една од централните теориски и историски оски на дисертацијата. Во оваа глава, кандидатот ја следи историската генеза на сказната, нејзиното теориско и научно проучување, институционалната улога на запишувачите и собирачите, местото на Марко Цепенков, како и транзицијата од фолклорна кон авторска сказна. Ваквата внатрешна структура е внимателно осмислена и им овозможува на читателот и на научната аргументација да се движат од поширокатa жанровска рамка кон сè поконкретни проблеми на трансформација. Ова поглавје е важно и поради тоа што во него сказната не се третира само како фолклорен жанр, туку како форма чија историска судбина сведочи за постојаното преминување меѓу усноста, записот, авторството и новите уметнички артикулации.

Потпоглавјето за теориското и научното проучување на сказната е особено значајно, бидејќи ги вклучува морфолошките, структуралистичките и компаративните пристапи и ги доведува во директна врска со главниот предмет на трудот. На тој начин, сказната не се разгледува само описно, туку низ научни модели што овозможуваат да се разбере нејзината структурна препознатливост и истовремено нејзината способност да биде преработувана. Исто така, потпоглавјата за запишувачите и собирачите, како и за Марко Цепенков, ѝ даваат на оваа глава продлабочена културноисториска перспектива на досегашните проучувања на оваа тема кај нас. Особено е значаен изборот Цепенков да биде согледан „меѓу записот и авторството“, затоа што токму оваа гранична позиција овозможува да се проблематизира односот меѓу верноста кон изворниот кажан текст и неизбежната редакциска, посредничка, а понекогаш и авторска интервенција. Со тоа, дисертацијата не останува само во општо теориско поле, туку покажува чувствителност и за достигнувањата на полето на истражувањето на македонскиот фолклористички материјал и за неговата специфична културна тежина.

Значењето на овој дел се согледува и како подготовка на преминот кон понатамошните делови на истражувањето. Тој покажува дека сказната не е само наследен жанровски образец, туку и форма со изразена адаптивност, која може да влезе во индивидуална книжевна поетика и, понатаму, во сценаријална и филмска обработка. На тој начин, историското и теориското разгледување на сказната не останува само информативна подлога, туку станува вистински носечки аргумент на дисертацијата.

Третата глава, **Виктор Шкловски и фолклорниот материјал — формалистичка теорија во дијалог со усната традиција**, го отвора влезот во истражувањето на модернистичкиот поетички хоризонт на трудот и претставува значаен чекор во преминот од општотеориската подготовка кон авторски заснованата анализа. Во оваа глава, теориските поставки на Шкловски се разгледуваат не само како едни од клучните постулати на руската формална школа, туку и како поставки кои го проучуваат фолклорот, на филмот и на анимацијата. Токму во ваквата тројна поставеност се наоѓа големата вредност на ова поглавје. Кандидатот не го задржува Шкловски во тесниот простор на книжевната теорија, туку го воведува во поширока расправа за трансформацијата на сказновниот и книжевниот материјал при неговиот премин во нов медиум.

Потпоглавјето за Шкловски и фолклорот убедливо покажува дека формалистичката мисла е важна за оваа дисертација не само поради теоријата на книжевната постапка, туку и поради начинот на кој таа ја обмислува преобразбата како услов за обновена перцепција. Потпоглавјето за кинематографијата, пак, има посебна тежина затоа што го внесува филмот како семиотички систем со сопствени закони и со сопствена поетика, а не како технички канал за пренос на книжевна содржина. Најпосле, делот посветен на влогот на Шкловски во промислувањето на анимацијата како автор на анимирани сценарија, а со тоа и на анимацијата како интермедијален жанр, е меѓу најоригиналните сегменти на целата дисертација затоа што го подготвува теренот за натамошната апликативна анализа на сценаријата и филмовите, покажувајќи дека анимацијата е особено плодна средина за преобразување на сказновниот материјал, зашто нејзината поетика природно комуницира со чудесното, со метаморфозата и со визуелната стилизација.

Во четвртата глава насловена **Александар Прокопиев и постмодерната трансформација на фолклорниот образец**, се отвора вториот главен теориски лак на дисертацијата. Ако третата глава го поставува модернистичкиот хоризонт преку Шкловски, четвртата го поставува постмодернистичкиот преку Прокопиев. Ова тежиште му дава на трудот посебна вредност, затоа што овозможува фолклорниот материјал да се следи низ две различни, но подеднакво продуктивни естетски стратегии. Во оваа глава, кандидатот најнапред ги разгледува основните поими и теориски поставки на постмодернизмот, потоа неговите манифестации во македонската литература, за да го определи специфичното место на Александар Прокопиев, во поетиката на фантастичното како структурен систем во односот на авторот со фолклорот. Особено е значајно што фантастичното кај Прокопиев е сфатено како

длабински организирачки принцип. На тој начин, фолклорот и сказната кај овој автор се покажуваат како продуктивни јадра на современ авторски текст, а не како музејски елементи.

Со тоа, преку ова поглавје се создава рамнотежа во структурата на трудот: модернистичкиот и постмодернистичкиот пол не се поставени само како хронолошки различни, туку како две различни поетики на оживување на традицијата. Токму тоа му дава на трудот аналитичка длабочина и го прави споредбено поамбициозен.

Петтата глава, **Теорија на адаптацијата и филмската трансформација на сказната**, претставува централна синтеза на теориското јадро на дисертацијата како една од најважните истражувачки целини на трудот. Во оваа глава се разгледуваат основните прашања поврзани со адаптацијата, како што се односот меѓу верноста и автономијата, спецификите на адаптацијата на сказната во филмскиот медиум и местото на сказната во идеолошки контекст. Особено е важно што кандидатот успева да ги надмине старите вредносни модели во кои адаптацијата се оценува според критериумот на она што го „изгубила“ во однос на книжевниот извор. Наместо тоа, трудот ја третира адаптацијата како продуктивна културна и естетска операција, во која смислата се реорганизира, а не пасивно се пресликува.

Потпоглавјето за теориските осврт на филмската адаптација покажува јасна теориска упатеност и способност да ја согледува литературата во функција на сопствениот проблем. Не станува збор за општ преглед од учебнички тип, туку за внимателно издвојување на оние аспекти што се релевантни за сказната и за нејзините медиумски премини. Потпоглавјето за адаптацијата на сказната во филмскиот медиум, пак, ја разработува специфичната сродност меѓу сказновното и визуелното, меѓу чудесното и анимациската можност за метаморфоза, што е од суштинско значење за предметот на тезата. Третото потпоглавје, посветено на сказната во идеолошки контекст, дополнително ја продлабочува анализата, зашто укажува дека сказната не е само поетички неутрална форма, туку и културен материјал што во различни историски околности може да биде инструментализиран, преобликуван или идеолошки пренасочуван.

Во шестата глава, **Анимираните адаптации на Шкловски: сценарио, поетика и визуелна реализација**, вниманието се задржува врз анализата на трите обрасци преку примерите на „Три мечки“, „Сказна за златното петле“ и „Три дебелковци“. Притоа, секој случај се разгледува низ јасно поставена триетапна анализа: фолклорен или книжевен образец, сценарио на Шкловски, анимиран филм. Оваа постапка овозможува прецизно следење на процесот на креативна трансформација и покажува како на секое рамниште се менуваат наративниот ритам, изборот на мотиви, обработката на ликовите, симболичките акценти и визуелната организација.

Во делот посветен на анализата на сказната „Три мечки“ е особено важно што кандидатот не започнува веднаш со анализата на сценариото на Шкловски, туку претходно го разгледува англискиот образец „Златокоса и трите мечки“ и потоа верзијата на Толстој на оваа сказна. Така се добива јасна трансформациска линија, во која приказната најнапред преминува во друг јазик, друга култура и друга педагошка рамка, за потоа да стане материјал за анимирана сценаристичка обработка. Во делот за „Сказна за златното петле“ убедливо се покажува како Пушкиновата поема се отвора кон идеолошки и поетички слоеви што сценариото на Шкловски потоа ги преуредува и ги нагласува на поинаков начин. Во обработката на „Три дебелковци“, кандидатот со право ја истакнува сложеноста на изворниот материјал, неговата жанровска хибридност, циркуската и политичката алегоричност, како и потребата сценариото да избира, да редуцира и да згуснува богат книжевен материјал за да го направи анимациски изводлив.

Според мислењето на Комисијата, особена научна вредност на шестата глава е во тоа што сценариото се третира како самостојно аналитичко јадро, а не само како техничка станица меѓу книгата и филмот. Токму тука дисертацијата прави значаен исчекор во однос на многу други истражувања на адаптацијата. Таа покажува дека најкрупните преобразби често се случуваат токму во слојот на сценариото, каде што се

реорганизираат настаните, визуелните потенцијали, композицијата и наративната динамика. Затоа, Комисијата ја оценува оваа глава како еден од најоригиналните и најпродуктивните сегменти на докторската теза.

Во исто време, шестата глава сведочи и за аналитичка сигурност во работата со разнороден материјал. Кандидатот умее да ја поврзе книжевната анализа со визуелната логика на анимираниот филм, без едната перспектива да ја потисне другата. Тоа покажува зрелост во пристапот и вистинско владеење со интермедијалниот предмет на истражување.

Седмата глава, **Александар Прокопиев: од постмодерна сказна до анимиран филм**, претставува логично продолжување и заокружување на вториот голем аналитички блок во дисертацијата. Во неа се анализираат „Кружно патување на сенката“, „Загадочноста на најблиското“ и „Змијулче“, повторно низ линијата текст – сценарио – анимиран филм. Оваа глава е особено значајна затоа што покажува како постмодерната авторска сказна, која веќе е сама по себе преработка на традицијата, потоа повторно се трансформира при нејзиниот премин во визуелен медиум. Така дисертацијата добива втор, мошне важен доказен материјал за својата основна теза дека фолклорниот образец не престанува да живее по првата книжевна обработка, туку продолжува да се преобразува и да создава нови уметнички слоеви.

Во анализата на „Кружно патување на сенката“, правилно е поставен односот меѓу урбаниот хронотоп, ритуалот на тагата, симболиката на сенката и понатамошната анимациска отвореност на текстот. Кај „Загадочноста на најблиското“, кандидатот внимателно ја следи сказновната матрица на скривањето и покажува како таа, кога ќе премине во сценарио и филм, добива нов визуелен распоред и поинаква поетичка густина. Во случајот со „Змијулче“, на преден план стапуваат архетипските наслаги, немуштиот јазик, постфолклорната осаменост и визуелните метаморфози преку кои значењето се проширува. Овие анализи, земени заедно, сведочат дека кандидатот поседува сигурност во читањето и на книжевниот текст и на сценариото и на филмската визуелност.

Поставките изнесени во ова поглавје имаат особено научно значење и поради домашниот контекст што тие го активираат. Тие не само што го вклучуваат Александар Прокопиев во интермедијална и адаптациска перспектива, туку и го отвораат и поширокиот простор за натамошни истражувања на врските меѓу современата македонска литература, фолклорот и анимираниот филм. Воедно, ова поглавје успева да покаже дека анимацијата не е зависен завршен продукт, туку автономен визуелен свет што ги прима, ги преработува и поинаку ги организира претходните симболички и наративни слоеви.

На тој начин се потврдува и едно од најсилните обележја на целата дисертација: способноста да се покаже дека македонскиот материјал не е периферен, туку теориски плоден и аналитички значаен. Ова ѝ дава на тезата и поширока културна важност.

Во **заклучните согледби,** кандидатот ги синтетизира главните научни резултати на трудот. Заклучокот е добро изведен затоа што не претставува просто повторување на претходно кажаното, туку ја собира во една јасна формула основната теза на дисертацијата: дека интермедијалната адаптација на фолклорот не значи губење на традицијата, туку нејзино продолжување преку преобразба. Особено јасно се подвлекува дека сценариото има клучна посредничка улога меѓу книжевниот и визуелниот план и дека модернистичките и постмодернистичките стратегии не ја укинуваат поетиката на сказната, туку ја доведуваат до нови форми на уметничка продуктивност. Кандидатот во заклучниот дел достоинствено ја заокружува дисертацијата и ја потврдува нејзината внатрешна кохерентност.

1.1. Применети методи и научна заснованост на трудот

Од методолошка гледна точка, докторската дисертација покажува високо ниво на научна дисциплина и добро избрани истражувачки постапки. Кандидатот комбинира компаративен, наратолошки, поетички, интертекстуален и интермедијален

пристап, а притоа не паѓа во методолошка нејасност или во произволно натрупување на перспективи. Напротив, секој од овие методи е ставен во функција на конкретен аналитички проблем. Формалистичката анализа е употребена таму каде што треба да се објаснат постапките на преобразба и очудување; компаративниот пристап е нужен таму каде што се следи ист материјал низ повеќе културни и медиумски контексти; интермедијалната анализа е неопходна за да се објасни преминот од текст во сценарио и филм.

Дополнителна вредност е што теориската литература не е внесена декларативно, туку функционално. Дисертацијата покажува способност да ја активира теориската подготвеност на кандидатот во корист на сопствената аргументација. Ова е особено видливо во деловите каде што се поврзуваат фолклористичките согледби со теоријата на адаптацијата, како и во деловите каде што се поставува односот меѓу книжевната постапка, сценаријалната композиција и визуелната реализација. Според мислењето на Комисијата, методолошката изведба на трудот е една од неговите значајни доблести.

Комисијата, исто така, оценува дека избраниот методолошки пристап е сосема соодветен на сложеноста на предметот. Темата по својата природа бара преминување меѓу повеќе дисциплинарни подрачја, но тоа преминување во оваа дисертација е направено со контрола, со јасна терминолошка свест и со почитување на научните стандарди. Ова е важен квалитет, бидејќи токму кај интердисциплинарните теми најчеста опасност е развлекување на предметот или нејасност во методот. Во овој труд, таква слабост не е забележлива.

1.2. Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од ова истражување ја потврдуваат поставената почетна теза дека сказната и пошироко фолклорниот материјал опстојуваат не преку непроменливост, туку преку својата способност за преобразба. Дисертацијата покажува дека преминот од усна традиција кон книжевна обработка, а потоа кон сценарио и анимација, не е низа од помалку или повеќе верни копии, туку процес на постојано преобликување во кое се менуваат жанровската организација, медиумските можности, симболичките акценти и начинот на рецепција. Особено важен резултат е јасното издвојување на сценариото како централна и клучна интермедијална форма. Понатаму, во трудот се покажува дека модернистичките стратегии кај Шкловски и оние постмодернистичките кај Прокопиев претставуваат две различни, но подеднакво плодни поетики на работа со фолклорниот образец. Истражувањето, конечно, придонесува и за потемелно разбирање на местото на анимираниот филм во рамките на книжевните и културните студии.

Како дополнителен резултат треба да се истакне и тоа што дисертацијата отвора понатамошни насоки за истражување. Таа сугерира дека фолклорот може да се проучува не само како наследство, туку и како активен ресурс во современата уметничка продукција. Во таа смисла, трудот има и поттикнувачка вредност: тој не затвора едно поле, туку напротив, го отвора за натамошни научни продлабочувања.

2. Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов: „Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот (од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм)“ од м-р Жарко Иванов, според мислењето на Комисијата, ги исполнува основните и повисоките услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Станува збор за самостојно, оригинално и методолошки доследно научно истражување, кое обработува комплексна и во голема мера недоволно истражена проблематика. Нејзината посебна вредност е во тоа што со сигурна теориска подлога и со добра аналитичка разработка поврзува повеќе научни подрачја: фолклористика, книжевна наука, поетика, филмологија и интермедијални студии.

Комисијата смета дека главниот научен придонес на оваа дисертација се состои во воспоставувањето на јасен модел за следење на трансформацијата на фолклорниот

образец низ повеќе фази и медиуми. Наместо адаптацијата да се сведе на бинарниот однос книжевен текст – филм, трудот покажува дека меѓу овие две рамништа стои сценариото како суштинска креативна и структурирачка меѓуформа. Втор важен придонес е споредбеното поставување на Шкловски и Прокопиев, преку кое се осветлуваат две различни поетики на работа со традицијата. Трет придонес е вклучувањето на македонскиот материјал во една современа интердисциплинарна расправа, со што дисертацијата дава значаен влог во македонската научна средина.

Трудот се одликува и со добра композиција, со јасно определен корпус, со соодветно избрана методологија и со истражувачка сериозност видлива и во изборот на литература и во начинот на кој таа е применета. Комисијата, исто така, оценува дека кандидатот покажува зрелост во теориското размислување и сигурност во аналитичката работа. Поради сето тоа, може да се констатира дека оваа докторска дисертација претставува значаен придонес за македонската книжевна наука, фолклористиката и интермедијалните истражувања.

Во службена смисла, за одбележување е и тоа што трудот ги исполнува очекувањата за докторска теза не само поради обемот на обработената материја, туку и поради степенот на научна самостојност што го покажува. Во него е видлива способност за формулирање на истражувачки проблем, за избор на соодветен корпус, за критичка употреба на литературата и за изведување сопствени заклучоци врз основа на аргументирана анализа. Тоа е особено важно за оцената на дисертацијата како докторски труд, а не само како добар прегледен или аналитички текст.

3. Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот м-р Жарко Иванов, пред одбраната на докторскиот труд, ги има исполнето законските и статутарните услови предвидени за пристапување кон јавна одбрана на докторска дисертација, односно:

- „Критичката рецепција и влијанието на документарниот филм Медена земја“ – 51. Меѓународна научна конференција при Меѓународниот семинар за македонски јазик, култура и литература при УКИМ;
- „Страста на Андреј Тарковски за Андреј Рубљов“: Значењето на духовноста за Тарковски во создавањето на филмот Андреј Рубљов, Контекст/Context, ИМЛ;
- „Малиот човек во големиот книжевен свет – рецепцијата на „Човечулец“ од Александар Прокопиев во европскиот книжевен контекст“, Зборник од 48. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура;
- „The Unremembered Golden era: Macedonian animated film 1971-1991“, Филолошки Студии/Philological Studies, ИМЛ, 2022;
- „Постмодерна обрада бајке Снежана у причи Ловац А. Прокопиева“, Зборник радова „Словенске бајке код Срба“, Београд, Алма, 2023;
- „Македонскиот филм во транснационалните кинематографски процеси“, Контекст/Context, ИМЛ, 2023;
- „Креативната трансформација на Скопје: од *Кружно патување на сенката* на Д. Солев преку уметничката бајка до анимиран филм“, Зборник Урбаниот профил на Скопје во современата проза, ИМЛ, 2023;
- „Синеастичката преобразба на митот за Медеја во филмот на Пазолини“, Систасис, 2023.

4. Меѓународна мобилност

Кандидатот м-р Жарко Иванов реализираше научноистражувачки престој во странство во периодот од 15 до 19 септември 2025 година во институцијата АСИФА Хрватска, во Загреб, Република Хрватска.

Заклучок и предлог

5.1. Подрачје на примена

Резултатите од оваа докторска дисертација имаат пошироко подрачје на примена, како во научноистражувачка, така и во наставна и културолошка смисла. Пред сè, трудот може да послужи како релевантна основа и богат извор за натамошни истражувања од областа на фолклористиката, науката за литературата, компаративната книжевност, теоријата на адаптацијата, филмологијата и интермедијалните студии, затоа што нуди јасно поставен модел за следење на трансформацијата на фолклорниот образец низ повеќе жанровски и медиумски рамништа. Особено е значајно што дисертацијата не ја сведува адаптацијата на едноставен однос меѓу изворен текст и филмска преработка, туку ја разгледува како процес на креативно и интермедијално преобликување, во кој книжевниот текст, сценариото и анимираниот филм функционираат како различни, но меѓусебно поврзани уметнички облици.

Трудот има своја примена и во високото образование, особено во рамките на наставните содржини поврзани со фолклорот, сказната, книжевната теорија, сценариото, филмот и анимираниот филм. Поради јасната композиција на материјалот и доследно спроведената методологија, оваа дисертација може да послужи и како пример за интердисциплинарен пристап кон проучувањето на односите меѓу усната традиција и творештво, авторската книжевност и визуелната уметност. Покрај тоа, нејзините согледби имаат значење и за поширокиот културен контекст, бидејќи придонесуваат за афирмирање на анимираниот филм како сериозно поле на уметничко создавање и научно проучување, како и за потемелно вреднување на македонскиот книжевен и анимациски материјал во рамките на современите културолошки истражувања.

5.2. Можни понатамошни истражувања

Оваа докторска дисертација, покрај тоа што претставува заокружено научно истражување, отвора и повеќе можни насоки за понатамошни истражувања. Најнапред, нејзините резултати можат да бидат поттик за проширување на компаративните и интермедијалните анализи врз поширок корпус од фолклорни, книжевни и филмски текстови, особено во насока на вклучување и на други авторски сказни, сценарија и анимирани филмови од македонската, словенската и европската традиција. Таквото проширување би овозможило понатамошно продлабочување на сознанијата за различните поетики на трансформација на фолклорниот образец и за различните начини на негово обликување во конкретни културни и медиумски контексти.

Особено плодна насока за идни истражувања претставува повдлабоченото проучување на сценариото како самостојна интермедијална форма меѓу книжевниот текст и визуелната реализација. Исто така, трудот отвора можност и за натамошни истражувања на односите меѓу македонската авторска сказна, современата проза, фолклорот и анимираниот филм, како и за продлабочување на одделни сегменти од дисертацијата во форма на посебни научни трудови, студии или монографски целини. Во таа смисла, дисертацијата не го затвора истражувачкото поле, туку, напротив, претставува поттик за негово понатамошно развивање.

Имајќи го предвид сето погоре изложено, Комисијата оценува дека докторската дисертација „Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот (од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм)“ од м-р Жарко Иванов претставува самостојно, оригинално, методолошки засновано и научно релевантно дело, во кое е обработена современа и сложена проблематика со јасно изразена интердисциплинарно толкување и вредност. Дисертацијата покажува високо ниво на теориска информираност, аналитичка разработеност, аргументирана ерудиција и

научна зрелост и како таква дава значаен придонес во проучувањето на фолклорот, сказната, книжевната трансформација, сценариото и анимираниот филм.

Комисијата смета дека трудот во целина ги надминува критериумите за позитивна оцена, зашто во него се остварени и научната релевантност на темата, и оригиналноста на истражувачката поставка, и аргументираноста на аналитичките увиди, и доследноста на методолошката изведба. Во таа смисла, докторската дисертација претставува резултат на сериозна, долготрајна и научно продуктивна работа, со јасна можност делови од неа понатаму да се развиваат и како самостојни научни трудови, студии или монографски целини. Поради тоа, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка на докторската дисертација ***Книжевна и визуелна адаптација на фолклорот (од фолклорен образец преку литературна трансформација до анимиран филм)*** и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Жарко Иванов.

Скопје, 6.4.2026 г.

Комисија

Проф. д-р Ана Мартиноска, претседател, с.р.
Проф. д-р Александар Прокопиев, ментор, член, с.р.
Проф. д-р Ермис Лафазановски, член, с.р.
Проф. д-р Дарин Ангеловски, член, с.р.
Проф. д-р Александар Трајковски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА МИГРАЦИЈА (1962 – 1991): ДВИЖЕЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р МАРЈАН ГИЈОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „*Св. Кирил и Методиј“* во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020) и член 52 од Статутот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, на предлог од Советот на студиската програма *Историја на Македонија* на трет циклус – докторски студии, Научниот совет на Институтот, на седницата одржана на 12.3.2026 г., донесе Одлука бр. 10-110/4 за формирање Комисија за одбрана на докторскиот труд со наслов: *Македонската политичка емиграција (1962 – 1991): Движење за ослободување и обединување на Македонија*, изработен од кандидатот м-р Марјан Гијовски, во состав: проф. д-р Марјан Иваноски, претседател, проф. д-р Марјан Димитријевски, ментор, проф. д-р Невен Радически, член, проф. д-р Катерина Мирчевска, член, и проф. д-р Габриела Топузовска, член.

Откако приложениот ракопис детално го прочита и проанализира, Комисијата го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Првиот впечаток на Комисијата е дека при конципирање на ракописот на докторскиот труд, кандидатот избраната тема ја обработил со сериозна научна задлабоченост. Комисијата при оформувањето на мислењето го имаше предвид сознанието дека и досега во македонската историографија оваа тематика била предмет на обработка. Таа, исто така, го ценеше и фактот дека е мал бројот на истражувачи кои во своите дела во сублимирана форма пројавиле интерес за неа и од тука е на мислење дека секој научен труд посветен на овој проблем е прилог кон македонската историографија, како што тоа е случајот со оваа докторска теза.

Централно место во доставениот ракопис, кандидатот дава на историската генеза на македонската политичка емиграција (МПЕ), во временскиот период по нејзиното создавање кон крајот на 40-тите години од XX век. Натаму, ракописот детално ја следи кулминација на активноста на МПЕ, која зенитот го достигнала во 70-тите години под водството на тогашниот дисидент Драган Богдановски.

Во тезата, преку користење и консултирање на бројни библиографски, архивски, биографски податоци и прилози, кандидатот детално ги анализира идеите и целите на Драган Богдановски во турбулентните 90-ти години на минатиот век. Тоа е период кога тој по долгогодишниот престој во дијаспората, конечно се изборува за слободно и јавно презентирање на своите цели и идеи по однос на иднината на македонскиот народ и на Македонија.

Во почетните делови, кандидатот се задржува на процесот на појавата на емигрирања на политичките неистомисленици со властите во Народна Република Македонија (НРМ), подоцна Социјалистичка Република Македонија (СРМ). Овој процес временски се совпаднал по завршувањето на Втората светска војна, кога оваа појава се интензивирала. Имено, по конституирањето на НРМ, се формирале повеќе конспиративни политички групи и организации, како форма на незадоволство од докрај нерешеното македонско национално прашање, неможноста од територијално

обединување, но и против статусот на Македонија во југословенската федерација. Овие групи и организации најчесто го користеле името на старата револуционерна организација ВМРО. Според користената и приложена архивска документација, само во првите повоени години властите откриле 46 тајни групи на целата територија на НР Македонија и уапсиле вкупно 767 лица. Дел од овие групи и поединци, по излегувањето од затворите, но и дел од оние кои не биле осудени, а биле незадоволни од постојната ситуација, не можејќи да се помират со новата фактичка состојба во која се нашла НРМ, започнале да ја напуштаат ФНР Југославија и да се населуваат во Западна Европа, Северна и Јужна Америка, Австралија и други места.

Така започнала да се создава МПЕ, која, главно, била ориентирана и се залагала за интегрално решавање на македонското национално прашање. Но, како што се зголемувал бројот на политички емигранти од Македонија во дијаспората, се наложувала и потребата за обезбедување на потребните услови за нивно организирање.

Комисијата при анализата забележува дека кандидатот поголем дел од своето внимание во ракописот го насочува кон најмасовната и највлијателната МПЕ, на просторот на Западна Европа, Северна Америка и Австралија. Таа првобитно била позната по своето име Движење за ослободување и обединување на Македонија (ДООМ). Организацијата делувала во континуитет со Ослободителниот комитет на Македонија (ОКМ), формиран во 1962 година и кој егзистирал до крајот на 60-тите години. Натаму, на иницијатива на Драган Богдановски, организацијата по извесна стагнација, во 1971 година повторно била обновена, а подоцна и преименувана во Движење за обединување на Македонија (ДОМ), потоа во Движење за ослободување и обединување на Македонија (ДООМ), за конечно да се именува како Народноослободителен фронт на Македонија (НОФМ).

Така, под водството на Богдановски, организацијата развила широка мрежа и влијание меѓу извесен дел на македонски емигранти. Тоа е период кога организацијата идеолошки била хетерогена, со раширена мрежа на огромно територијално подрачје распослана на три континенти. Но, набргу потоа организацијата успешно се самоорганизирала низ решавање на бројните предизвици и балансирања меѓу различните идеолошки струи, отежнатата комуникација и информирање на членството, нивното анимирање и мотивирање за активност, но и одбрана од најголемата опасност од инфилтрација на југословенската Служба за државна безбедност (СДБ), попозната како Управа за државна безбедност (УДБ-а).

Во следните делови, ракописот детално ја следи историската генеза на подемот и падот на МПЕ, олицетворена во: ОКМ, ДОМ, ДООМ и НОФМ, што е и сржта на интересот на кандидатот м-р Марјан Гијовски.

Анализирајќи го користениот методолошко-концепциски приод на насловената докторска дисертација, Комисијата констатира дека таа се состои од: Вовед – Методолошка рамка на истражувањето, осум глави и Заклучок, распоредени на 210 страници.

Па така, дисертацијата започнува со *Вовед – Методолошка рамка на истражувањето,* во кој е поставен мотивот и е формулиран истражувачкиот проблем. Натаму, тезата продолжува со анализа на предметот и поставување на хипотези и методи на истражувањето. Тука, во овој дел, кандидатот детално и аргументирано ги образложува целите и општествената и научната оправданост на тезата.

Во првата глава под наслов: *Тријада на познатото, непознатото и определеното,* фокусот е ставен на видовите на делувањето на македонската политичка емиграција и се прави обид за дефинирање на поимот политичка емиграција.

Судирот на „макеата“ и надворешните Југословени е насловот на втората глава, каде што се презентирани некои особености на поствоената македонска политичка

емиграција. Воедно, во овој дел е даден и осврт на реакцијата на државните и партиски југословенски и македонски институции како одговор на засилената политичка активност на емигрантите од Југославија и Македонија.

Во третата глава, *Ослободителниот комитет на Македонија, аспекти на развојот на непријателската емиграција,* се говори за раширената мрежа на СДБ во Европа и нејзините обиди за подлабока инфилтрација во ОКМ. Во овој дел, кандидатот зборува и за аспектите на пропагандното делување на организацијата преку печатениот орган „Македонија“.

Во четвртата глава со наслов: *Личните архиви зборат за Ослободителниот комитет на Македонија,* кандидатот го опишува расколот во ОКМ, кој бил формиран во 1964 година. И покрај недоразбирањата во ОКМ, во 1967 година во градот Кил во Сојузна Република Германија (СРГ), бил одржан: *Уставотворниот конгрес во Кил,* на кој биле донесени: Политичка платформа, Манифест до македонскиот народ и Статут на ОКМ. Во оваа глава се говори и за ширењето на организацијата и на другите континенти, како и за појавата на весникот „Македонска нација“, орган на Ослободителниот комитет (ОКМ), на ДОМ и НОФМ, а потоа како независно списание за општествени прашања и култура, како двомесечник печатен во Минхен (197 1г.,).

Во петтата глава под наслов: *Ослободувањето и обединувањето во името, СДБ заѕ петици (1972 – 1977),* се опишува организацијата на Третиот конгрес на ДООМ *Бременскиот конгрес (Бремен – СРГ),* (13 – 14 април 1974), попознат уште како Општ конгрес. Имено, на тој конгрес за прв пат учествувале делегати не само од Европа, туку и од прекуокеанските земји САД и Австралија. Конгресот изгласал кратка Програмска декларација на целите, задачите и насоките на идната активност на ДООМ. Воедно, тука се става акцент на делувањето на ДООМ, опишано преку досието на Драган Богдановски и преписките меѓу челниците на организацијата.

Македонското емигрантско движење до крајот на 80-тите години на XX век е насловот на шестата глава, во која се дава осврт на превирањата во организацијата по киднапирањето во 1977 г., на нејзиниот претседател Драган Богдановски. Консолидирањето на организацијата била главна цел на новото раководство во услови на меѓусебните недоверби и конфронтации. Главата завршува со активностите на организацијата во последните години од нејзиното егзистирање.

Седмата глава, *Македонската политичка емиграција учествува во политичкиот живот во Републиката*, се фокусира на улогата на МПЕ во формирањето на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, која е основана на 17 јуни 1990 година во Скопје, како наследник на историското ВМРО, и кое се залагаше за независна и самостојна Македонија.

Етаблирањето на ВМРО-ДПМНЕ во јавноста се заокружува со одржувањето на Првиот конгрес во Прилеп (6 – 7.4.1991 г.,), кој се одвивал под мотото: *Самостојна и независна Македонија – воскреснување на идејата за самостојност.* Во овој дел од ракописот, кандидатот посветува посебно внимание на заклучоците на конгресот и на изборот на Драган Богдановски за почесен претседател.

Во последната осма глава, под наслов: *Друга перспектива на утврдени наративи за Драган Богдановски,* се говори за гледиштата на кандидатот и, според него, за најекспонираниот македонски политички емигрант Драган Богдановски. На оваа тематика, кандидатот ја посветил оваа глава во која ги анализира бројните есенцијални постулати на оваа личност, укажувајќи при тоа на неговата основна мисла дека: *Македонскиот народ, иако во еден дел е носител на државноста, сепак тој сè уште целосно ја нема реализирано својата национална цел... “.*

Дисертацијата завршува со заклучок и сумарни заклучни согледувања на кандидатот и користени и консултирани извори и литература.

Во поглед на методолошко-концепциски пристап, кандидатот се одлучил, главно, за користење на методот на емпириска аргументација и на индуктивен и дедуктивен метод. Доста често, кандидатот ги користи и методите: анализа, синтеза, дескрипција, споредба, историски метод на пишана и усна историја и други. Од нив, во трудот доминираат неколку научноистражувачки методи кои во трудот се суштествени, како што се: аналитичкиот метод, методот на синтеза, споредбениот и дескриптивниот метод и др.

Од изнесеното во ракописот на темата на докторската дисертација, Комисијата констатира дека тој ги задоволува научните критериуми, водејќи се од премисата дека овој проблем посветен на повоената македонска политичка емиграција сè уште претставува недоистражен простор од страна на македонските историчари.

Вака обликуван, доставениот ракопис на споменатата докторска теза, концепциски и методолошки, ги исполнува предвидените услови за следната фаза на одбрана.

Кандидатот со изборот на насловите и со поставените тези, нè води низ периодот на поствоената историска генеза во редовите на МПЕ, со нужна фактографска поткрепа и со обилна изворна документација, која само го збогатува и го зголемува опусот на мислењата, синтезите и анализите кои кандидатот ги пласира низ нив.

Всушност, овој ракописен труд посветен на оваа проблематика е прилог и значајно збогатување на македонската историографија за оваа тема.

На крајот, видно е дека кандидатот, преку презентираниот ракопис и примената на научни методи и принципи, ги исполнува потребните услови за еден ваков труд кој пледира на одбрана при УКИМ – ЈНУ Институт за национална историја – Скопје.

Земајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на ценетиот Научен совет на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, ракописот под наслов: *Македонската политичка емиграција (1962 – 1991): Движење за ослободување и обединување на Македонија*, од студентот на трет циклус – докторски студии м-р Марјан Гијовски, да го ОДОБРИ ЗА ОДБРАНА како докторска дисертација.

Скопје, 30.3.2026 г.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Иваноски, претседател
Проф. д-р Марјан Димитријевски, ментор, с.р.
Проф. д-р Невен Радически, член, с.р.
Проф. д-р Катерина Мирчевска, член, с.р.
Проф. д-р Габриела Топузовска, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
па прифатени теми за изработка на докторски труд

ЈНУ Институт за национална историја – Скопје
Студиска програма Историја на Македонија

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	ментор	одлука бр.
1	**Амир Јакупи**	Административно-територијалната реформа во Османлиската Империја во XIX век: формирање на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает“	*Administrative-Territorial Reform in the Ottoman Empire in 19th century: Formation of the Thessaloniki, Bitola and Kosovo Vilayets*	Акад. д-р Драги Ѓоргиев	10- 110/5 12.3.2026